УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКО - ИСТОРИСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА
И АРХЕОЛОГИЈА

- ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА -

# ПЕЛАГОНИСКАТА РЕГИЈА ВО ДОЦНАТА АНТИКА

Ментор:
Проф. Д-р. Микулчиќ Иван

Кандидат:
М-р. Тодоровски Стевче

Скопје 2007

**Содржина**

**I. Вовед**

1. Состојба на истражувања на доцната антика во пелагониската регија .. 9
2. Значењето на Пелагонија во доцната антика .................................... 13
3. Извори ........................................................................................... 15
4. Историја на регионот (осврт) ............................................................ 17
5. Географски осврт на регионот; околни зависни регии ..................... 18

**II. Историски настани од III - VI век, одразени во Пелагонија**

1. Историјат ........................................................................................ 21
2. Населени места во раната антика, кои преживеале и во доцната антика ............................................................................................ 23
2. 1. Хераклеја ...................................................................................... 23
2.2.С.Бучин,БучинскиРид,Пачкоец,Алкомена(Αλκομεναι)...................24
2.3.С.Граиште,Градиште-Бријанион(Βρυανιον)........................................24
2.4.С.Железнец,Градиште(Κυδραι-Кидрае?)..........................................24
2.5.С.Црнобуки,Градиште(Персеида?)...................................................25
2.6.Пелагонија(Πελαγονια).....................................................................25
2.7.С.Варош,МарковиКули,Поткули-Керамије(Keramiae)................26
2.8.С.Дебреште,Градиште,Кале-(Pisaion?)............................................26
2.9.С.Живојно,Забрдо(Linco?)..............................................................27
2.10.С.Зовиќ-Манастир,Чебрен,Тумба,Антанија...................................27
2.11.С.Дабница-манастир"Св.Богородица"-Трескавец(Κολοβαισα).....27
2.12.С.Браилово-Кале(Μαδεχέφρων)......................................................27
2.13.С.Пештани-Пештера,ман."Св.Илија"-Достонеи(Δοστονεοι)..........28
2.14.С.Витолиште-Перивол,Грамаѓе,Лачник-Geneatosи(Еу)ксини.......28
3. Духовна култура во паганскиот период; преживување во доцно римско време ..................................................................................................... 28
3.1. Некрополи ..................................................................................... 39
3. 1. 2. Гробници во карпа ..................................................................... 43
3.2. Раноантички храмови во доцната антика ........................................ 44

**III. Историска појава на доцната антика и нејзината култура**

1. Времето на Диоклецијан и неговите наследници ............................. 48
2. Константиновиот пресврт ................................................................. 49
3. Јулије Отпадник ............................................................................... 51
4. Неоплатонизам ................................................................................. 51
5. Христијанството и новите материјални промени .............................. 52

**IV. Доаѓање на "варварите"**

1. Историски материјални траги ........ 54
2. Готи ........ 56
3. Хуни ........ 57
4. Кутригури, Авари и Бугари ........ 57
5. Словени ........ 58
6. Вклопување или губење во новата средина ........ 61
7. Влијанија ........ 62
8. Нивна етничка припадност ........ 62
8. 1. Готи ........ 62
8. 2. Хуни ........ 62
8. 3. Авари ........ 62
8. 4. Словени ........ 63
9. Нивната духовна и материјална култура ........ 63

**V. Доцноримски период во Пелагониската регија**

1. Доцноримска патна мрежа ........ 65
2. Градежни материјали и нови фортификациски елементи ........ 69
3. Доцноримско градежништво и начин на градење ........ 71
4. Типови куќи ........ 72
5. Градска архитектура ........ 73
6. Доцноримски градови ........ 74
7. Војска ........ 76

**VI. Населби** ........ 78

**А. Укрепени населби** ........ 80
- Градови ........ 80
- Укрепени села ........ 80
- Рударски населби ........ 81
- Рударски тврдини ........ 81
- Укрепени збегови (refugium) ........ 82
- Каструми и кастели ........ 82
- Воени укрепенија ........ 83

**1. Доцноантички градови - цивилни укрепенија**
1. 1. Хераклеја Линкестис ........ 84
- Градски ареал ........ 85
- Водовод ........ 86
- Градско обсидие ........ 87
- Доцноантички градби ........ 89
*1. Градска вила - вила урбана* ........ 90
*2. Базилика А* ........ 90

*3. Крсшилница* ... 91
*4. Голема базилика Ц* ... 92
*5. Епископска резиденција* ... 93
*6. Базилика Д* ... 94
*7. Други ранохристијански цркви во Хераклеја* ... 94
*8. Куќи врз порикош, урнашинише од шеашарош, надвор од градскиише бедеми, базиликише и еиископскиош двор* ... 95
*9. Терма* ... 95
*10. Фоншана* ... 96
- Т.Н. "Микро - станбена целина врз театарот" ... 97
1. 2. Никеја ... 102
1. 3. Антанија? ... 102
1. 4. Пелагонија ... 103
1. 5. Стари Град - Neapolis ... 104
2. Утврдени села (vici murati) ... 105
2. 1. Битолска регија ... 105
2. 2. Прилепска регија ... 105
3. Рударски населби ... 107
3. 1. Прилепска регија ... 109
3. 2. Регија на Порече ... 110
3. 3. Крушевска регија ... 110
4. Руднички тврдини ... 110
4. 1. Битолска регија ... 110
4. 2. Регија на Порече ... 112
4.3.РегијанаДемирХисар ... 116
4. 4. Крушевска регија ... 118
4. 5. Прилепска регија ... 121
4. 6. Ресенска регија ... 121
5. Укрепени збегови (refugia) ... 121
5. 1. Битолска регија ... 121
5. 2. Прилепска регија ... 124
5. 3. Ресенска регија ... 126
6. Кастели и каструми ... 126
6. 1. Битолска регија ... 126
6. 2. Регија на Порече ... 128
6.3. Крушевска регија ... 129
6. 4. Прилепска регија ... 129
7. Воени утврдувања ... 135
7. 1. Битолска регија ... 135
7. 2. Регија на Порече ... 138
7. 3. Регија на Демир Хисар ... 140
7. 4. Прилепска регија ... 142
7. 5. Ресенска регија ... 143

**Б. Неукрепени населби** ........................................................................ 146

Отворени населби (viculi) ............................................................................ 148
1. Битолска регија ........................................................................................ 148
2. Регија на Порече ...................................................................................... 153
3.РегијанаДемирХисар.............................................................................155
4. Крушевска регија ..................................................................................... 157
5. Прилепска регија ...................................................................................... 157
6. Ресенска регија ......................................................................................... 164

**VII. Доцноантичко рударство и рудници** ............................................... 167

1.Битолскарегија.........................................................................................168
2.Прилепскарегија.......................................................................................169
3. Регија на Порече......................................................................................170
4.РегијанаДемирХисар.............................................................................171
5.Крушевскарегија.......................................................................................173

**VIII. Ранохристијански цркви**

1. Историја на Христијанството во регионот ........................................... 174
2. Истраженост ............................................................................................. 175
3. Типологија на цркви ................................................................................ 176
4. Битолска регија ........................................................................................ 178
5. Регија на Порече ...................................................................................... 190
6.РегијанаДемирХисар.............................................................................191
7. Крушевска регија ..................................................................................... 193
8. Прилепска регија ...................................................................................... 194
9. Ресенска регија ......................................................................................... 206

**IX. Некрополи со наоѓалишта од доцниот III до VI век** ................. 208
*1. Саркофази и ѕидани ӣробници* ................................................... 208
*2. Гробови во вид на ѿесен ров, со водорамен или двосливен ӣокрив од ѿеӣули* ........................................................................ 208
*3. Гробови од ѿеӣули во вод на цисѿа* ......................................... 209
*4. Засводени ӣробници* ..................................................................... 209

1. Битолска регија ........................................................................................ 209
2. Прилепска регија ...................................................................................... 216
3.РегијанаДемирХисар.............................................................................221
4. Крушевска регија ..................................................................................... 222
5. Регија на Порече ...................................................................................... 223
6. Ресенска регија ......................................................................................... 225

**X. Движни наоди**

1. Монети од III до VI век ... 228
2. Метални делови од опрема, оружје и накит ... 230
2. 1. Фибули ... 230
2. 1. 1. Луковичести фибули ... 230
2. 1. 2. Фибули со подвиена нога ... 234
2. 2. Појасни украси ... 235
2. 2. 1. Токи и јазичиња од типот Сучидава ... 235
2. 2. 2. Бубрежни токи ... 236
2. 2. 3. Други типови на токи и јазичиња ... 237
2. 2. 4. Апликации (украси заковани на кожа, за појасен колан) ... 238
2. 3. Обетки ... 240
2. 4. Белегзии ... 242
2. 5. Ѓердани ... 243
2. 6. Прстени ... 245
2. 7. Опрема и оружје ... 246
3. Други метални предмети ... 248
3. 1. Светилки ... 248
3. 2. Стригил ... 249
3. 3. Игли за коса ... 250
3. 4. Клучеви ... 251
3. 5. Појасни торбички ... 252
3. 6. Метални садови ... 252
4. Фигура од слонова коска ... 252
5. Керамика ... 253
5. 1. Светилки ... 253
5. 2. Македонска сива грнчари... 254
5. 3. Доцноримска црвена керамика ... 255
5. 4. Словенска керамика ... 258
5. 5. Фрагменти од трпезна и кујнска керамика ... 260
5. 6. Печати ... 260
6. Стакло ... 260
7. Епиграфија ... 262

**Заклучок** ... 266

**Скратеници** ... 275

**Цитирана литература** ... 277

**Прилози:** ........................................................................................................ 284

*Карта 1 - Продорите на "варварите" во Источното римско царство*
*Карта2 - Населени места во раната антика кои преживеале и во доцната антика; Доцноримска патна мрежа*
*Карта 3 - Доцноантички градови; Утврдени села; Рударски населби; Руднички тврдини*
*Карта 4 -Укрепени збегови; Кастели и каструми; Военi утврдувања*
*Карта 5 - Отворени населби; Доцноантички рудници*
*Карта 6 - Ранохристијански цркви; Доцноантички некрополи*

## I. Вовед

### 1. Состојба на истражувања на доцната антика во пелагониската регија

Уште во XIX век меѓу учените (патеписци) кои поминале низ некои делови на Македонија, објавени се материјали со епиграфски содржини. Ова е време кое во литературата и историјата на уметноста е наречено "Романтизам". Интелектуалците на Западна Европа почнале да се интересираат за антиката инспирирајќи се од делата на античките класичари. Но територијата каде зачнала европската култура се наоѓала под турска власт. Самите султани се уплашиле од нивниот интерес сметајќи дека е загрозена нивната положба, така се уништени голем број на споменици со цел да се прикаже дека Турците се неприкосновени господари на Балканот. Вакво "бришење на сеќавањата" наиде на осуди од тогашниот културен свет. Со таков пристап, Велика Британија спаси дел од спомениците од Акрополот во Атина, кои денес се наоѓаат во Британскиот Музеј во Лондон.

Иако овие учени не правеле голема разлика меѓу рана и доцна антика или разлики меѓу постарите периоди, сепак некои треба да се споменат. Во 70-тите години на XIX век Хан опишал две патувања од Белград за Солун и по долината на реките Дрим и Вардар. Во второто патување ја посетил Битола и во куќата на англискиот конзул препишал доцноантички епиграфски натписи[1]. При крајот на XIX век се појавуваат двете книги на М. Димица "За старата географија на Македонија" I - II, Атина 1870 - 1871 и неговиот општо познат зборник на натписи и други споменици на Македонија, Атина 1896.[2] Голем број на антички натписи се собрани од М. Димица во споменатото дело, од кои само 3 (натписи од с. Крстоар) се однесуваат на периодот од доцната антика во пелагониската регија.

Дури во XX век, школата во Атина има посериозен (понаучен) пристап кон археологијата. Сепак за археологијата како наука не може да се направи учебник - бидејќи сознанијата и исправките на "вистината" многу брзо и

1. Ф. Папазоглу 1970, 91-92.
2. М. Δήμητσας, 1896, ред. бр. 239, 240, 241.

постојано се менуваат. Доцната антика во пелагониската регија пред II Светска војна го свртува вниманието на културниот свет со значајни откритија, кои денес со новите ископувања ги потврдија поновите истражувачи. Ние со голема почит сакаме поединечно да го спомнеме секој автор кој придонесол за овој регион на Македонија, било тенденциозно или не (на пр. периодот пред Втората светска војна во Македонија, која окупирана го носи името Јужна Србија).

По азбучен редослед ќе бидат наброени авторите кои ја проучувале доцната антика во пелагонискиот регион. Со нив ќе спомнеме и некои од нивните позначајни трудови, а останатите ќе бидат цитирани понатаму во оваа дисертација.

1. Апостол Керамитчиев. Некои од неговите трудови се карактеристични по тоа што ги обработуваат старите рудници во Мариово, Пореч, Демир Хисар и другите региони низ Македонија. За прв пат кај него се наоѓа и економската страна како причина за постоење на пренаселеност на овој регион во доцната антика.

2. Аница Георгиевска се обидува да изврши реконструкција на социјалниот живот во периодот на раното христијанство во *Хераклеја* Линкестис помогната со материјалните докази кои се наоѓаат на теренот, потврдени со историски контекст. Читајќи ги нејзините трудови внесен е и еден нов момент на објаснување во продолжение на менливоста на просторот и времето. Во ново време се појави заедничкиот труд со Весна Калпаковска под наслов: "Животот во Heraclea Lyncestis преку епиграфски споменици", Битола, 2003, кои се еднаш објавени во "Inscriptiones Graecoe". Во овој труд се додадени 2 нови натписи од просторот на *Хераклеја* Линкестис. Сепак во овој труд е прикажано едно ново видување кон минатото на овој локалитет и општ преглед на сите досегашни епиграфски трудови објавени за овој локалитет од периодот на раната и доцната антика.

3. Блага Алексова. Во 1970 год. врши истражувања на потегот с. Претор - с. Курбиново каде открива една доцноантичка населба и траги на поголем црковен објект. Ја обработила декоративната пластика од овој предел.

4. Бошко Бабиќ работел и живеел во Прилеп. Тој е основач на Институтот за старословенска култура и особено е заслужен за истражувањата на средновековната археологија во пелагониската регија, но ни оставил информации и за наоди од доцната антика. Значаен труд е објавувањето на локалитетот Дебреште каде учествуваат и полски научници (Витолд Хензел и Јадвига Раухутова).

5. Вера Битракова - Грозданова. Со нејзините археолошки истражувања во преспанскиот регион ни ја долови сликата од минатото на ова подрачје, како и на островот Голем Град (единствен остров во Македонија) кој се наоѓа во Преспанското Езеро. На овој локалитет се откриени наоди од доцна антика која е дел од пелагониската регија бидејќи е во подрачјето на Macedonia prima.

6. Виктор Лилчиќ напишал бројни трудови за Пелагонија и нејзината регија (всушност сè што е дел од оваа дисертација). Неговата систематичност

се огледа во неговите теренски истражувања и популаризација на археологијата како научна сфера во Македонија.

7. Гаврил Кацаров во периодот на I Светска војна, (меѓу македонците позната како прво бугарско), во 1918 година со регуларната војска за време на борбените дејствија врши истражувања (во Прилепско и Мариово), испратен од Бугарската Академија на Науки, како што вели самиот. Од тој престој произлегоја делата: "Прилог към археологията на Мариово, Македония" кн. 10, София, 1922; "Inscriptions et antiquites de la Macédoine occidentale", 47, BCH 1-6 (region de Moriovo et de Prilep), 1923.

8. Гордана Томашевиќ ја истражува во *Хераклеја Линкестис* Епископската палата и Портикот со почесни и вотивни споменици. Особено голем е придонесот за презентирање на подните мозаици на овој локалитет кои со нивната убавина и изработка се едни од најубавите во Македонија.

9. Горица Гагиќ остави еден многу значаен труд, на кој треба да му се обрни внимание. Нејзината работа е предизвикана од рекогосцирањето на општината Демир Хисар. За прв пат е објавена и првата археолошка карта на ова подрачје, обележувајќи ги сите затекнати локалитети, секако и доцноантичките.

10. Елица Манева, истражувач на локалитетот *Хераклеја Линкестис* со бројни трудови од доцна антика е и прв пронаоѓач на средновековната некропола во овој локалитет. Неприкосновен е нејзиниот придонес за средновековна *Хераклеја Линкестис* која се надоврзува на периодот од доцната антика. Оваа карика која недостигаше во преминот од доцната антика во среден век е финализирана со откривање на базилика Д и потрагата по средновековна Битола.

11. Иван Микулчиќ од 1959 до 1963 работи и живее во Битола. Во 1966 година излегува неговата дисертација "Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od egejske seobe do Avgusta", Белград. Во овој труд, за прв пат е прикажана картата на *Хераклеја* со моменталната ситуација на ископини. Во 1974 година излегува трудот "За големината на античките градови во Македонија", Скопје. Во него е дадена топографијата на градот *Хераклеја* со историските настани. Во 1999 год. излегува трудот: "Античките градови во Македонија", Скопје, каде е застапен целиот пелагониски регион, со сите доцноантички населби. Тука се објаснети посодржајните настани и наоди. Во 2002 год. излезе трудот на германски јазик "Spätantike und Frünbyzontinsche befestigungen in Nord Makedonien", München. (Доцноантичките и рановизантиските тврдини во Северна Македонија). Во ова дело е прецизирана топографијата и картографијата на тврдините во регионот со нивната функција. Другите трудови ќе бидат цитирани понатаму.

12. Костадин Кепески. Уште на почетокот да кажеме за неговото истражување на Villa Rustica на локалитетот *Пештерица*. Неговата работа ја следиме и со локалитетот *Грмајште - Задна Река*. Понатаму низ текстот ќе бидат цитирани и други негови трудови.

13. МАНУ (Македонска академија на науките и уметностите) од Скопје ја издаде обемната археолошка карта на Р. Македонија во два тома, том I -

1994 година и том II - 1996 година, во кои голем број на соработници имаат претставено повеќе - стотини локалитети од регионот кој е застапен во ова дело. На сите нив би сакал да им оддадам признание за нивната теренска работа.

14. Милан Ивановски. Секако треба да го споменеме со ископувањата на мали некрополи во Здуње - Подградец и Македонски Брод - Рајчаница. Овие некрополи потврдени се со накит од доцна антика.

15. Милка Чанак - Медиќ и Миле Медиќ го обработиле ансамблот на базилика А во *Хераклеја Линкестис*, давајќи ни ја хронологијата и архитектурата на базиликата.

16. Миодраг Грбич, во 1936 год. почнал со ископувањата во локалитетот *Хераклеја Линкестис*, кои ги превзел од локални аматери-археолози, кои започнале да ископуваат во 1935 год. Ископувањата траеле до 1938 год. по месец дена. Отворил 3 инсули. Првото било на самата градска тврдина (Калето), која се наоѓа северно од двете базилики. Другото место било под тврдината, на југоисток каде ја открил ранохристијанската трибродна базилика. Третата инсула била на североисток во близина на базиликата Ц и палатата. Тука бил откриен градскиот ѕид заедно со еден влез.[3]

17. Никола Вулиќ комплетно го пропатувал овој регион од 1924 до 1936 и при тоа го потврдил Димица со стотици грчки и римски споменици (записи, статуи, релјефи, голем број на антички монети и повеќе траги од антички населби), со кои приложил и фотографии. Објавени се во "Антички споменици наше земље", Белград, 1931 - 1948. Во 1937 ја издава археолошката карта "Blatt Prilep - Bitolj" на германски јазик, во суштина тука ги објавува пак спомениците за пошироката светска културна јавност. Обработени се регионите на Прилеп со Мариово и Битола. Но сепак во спомениците има извесни пропусти. Ова го констатира П. Лисичар[4] .

18. Сигрид Дил во 1977 год. ја издала книгата "Култовите на боговите во Северна Македонија во римско време", објаснувајќи го преживувањето на паганските богови до IV век во Македонија и во просторот на пелагонискиот регион. Оваа книга ја запозна европската јавност со локалитетите во Македонија и нивното богатство. Со тоа се експонира македонската археологија како сериозен предизвик во научниот свет.

19. Томе Јанакиевски е заслужен за целосно ископување на античкиот театар во *Хераклеја* со неговата "доцноантичка микростанбена целина над театарот" која веќе во науката станува спорна во однос на опусот на ѕидарија, местоположба, континуитетот на времето и материјали од среден век кои не се објавени.[5] При крајот на неговиот живот направи тенденциозен обид за убикација на средновековна Битола, за што не постои документација од ископувањата, освен дневник[6]. Во 6 трудови и 4 монографии се занимавал со "доцноантичката микростанбена целина", која ќе биде понатаму тема за обработување и цитирање во научната литература.

---

3 М. Грбиќ 1939/40, 232 - 233.

4. П. Лисичар 1954, 602.

5 Е. Манева 1992, 114.

6 Од археолозите во Завод и Музеј - Битола, кажано ми е дека постои само дневник.

20. Фанула Папазоглу во 1957 ја издава нејзината докторска дисертација "Македонски градови во Римско време" во која покрај другото се обработува и доцната антика. Постојат и други трудови кои ќе бидат цитирани. Интересно е да се забележи дека познавањето на грчкиот јазик ѝ овозможи овој труд, кој е и денес често цитиран, да се смета за еден од најдобрите епиграфичари на просторите од бивша Југославија. Ф. Папазоглу за локалитетот *Хераклеја* е децидна: "Античката населба кај Буково (околу 2 км. јужно од Битола - се мисли на *Хераклеја*) не е систематски истражувана".[7] Тоа се гледа и по фотографиите кои се останати од тоа време, а и од педесеттите години. Зад наодите лежат купови ископана земја - се чини дека се одело само ѕидовите да се откријат.



*Сл. 1 - Хераклеја, ископување во базилика Ц, мозаичен под - јарец. Во позадина се гледаат купови ископана земја.*

21. Франце Месенел врши истражување во 1934 год. кај селото Суводол кое денеска е уништено со коповите на РЕК - Битола. Обработува една ранохристијанска базилика која ја ископале селаните и од неа произлегува неговиот траен труд "Старо хришћанска базилика у Суводољу код Битоља", Годишњак Музеја Јужне Србије, Скопље, 1937 год.

**2. Значењето на Пелагонија во доцната антика**

Во овој период Пелагонија била најмногу населена. Комуникацијата на тоа население со останатите делови на царството се одвивала преку Егнатиовиот пат, војничкиот пат *Хераклеја - Оеск* на Дунав и патот кој е откриен од страна на археолозите е караванскиот трговски пат кој ја по-

7. Ф. Папазоглу 1957, 191.

врзува висорамнината Мариово со Егејско море преку превојот на планината Ниџе. Истиот овој пат на север преку Порече продолжува кон Јадранско море[8]. Примарна економска дејност се развива во рудоносните периферии на Мариово, Порече и Железник и оттука се допремало железото и останатите метали. Рудокопите ги користеле или индивидуални или групи на закупци кои морале да плаќаат порез кон државата.[9] Овој простор станува интересен за империјата кога во 409 година Вандалите, Аланите и Свевите ги преминуваат Пиринеите и влегуваат во Шпанија.[10] Со тоа престанува главниот доток на метали во царството. Единствен најблизок регион до центарот останува провинцијата Македонија со областа Пелагонија, каде што во овие рудници има железо и останати метали во кои квалитетот на рудата не е во висок процент. Но римската империја немала избор, железото морало да се вади и преработува за опстанокот на империјата. Огромната маса на народ ја видела шансата за опстанок на овој простор. Со потребите за руда се јавиле и занаетчии, како крупни така и ситни: сопственици на купатила, бербери, шивачи, мајстори за обувки, кожари, дрводелци и катранџии (луѓе кои правеле катран од смолата на иглолисните дрва), кои подлежеле на одредени прописи. Покрај рударството помислуваме и на сточарството, земјоделието, ловот и риболовот кои несомнено биле продуктивни. Од рударството како економка гранка се развило фортификациското градежништво. Градежните дејности создаваат услов за нови ѕидарски градби кои ќе бидат прифатени од ова подрачје во преостанатиот дел на Царството. Во V и VI век христијанството ги зафаќа овие краишта, а со него се појавуваат и ранохристијанските цркви, кои се градат врз старите сакрални објекти. Затоа голем број сполии од разурнати антички градби, поставени се како градежен материјал во базиликите[11]. На овој мал простор се наоѓаат голем број базилики (на моменти човек помислува дека тука започнало христијанството, што донекаде е и точно, ако се земе предвид фактот дека Македонија е прва европска земја каде стапнал Апостол Павле). Ова ни кажува дека голем бил бројот на верници кои имале потреба и од духовен водач, со тоа владејачкиот сталеж нашол начин за контролирање на широките народни маси. Понатаму нештата се движат по инерција, духовен лидер станува епископот.

Во доцноантичко време *Хераклеја* станува и епископско седиште кое е многу значајно, бидејќи го сретнуваме името на градот во вселенските собири. Во овој град, главната извршна власт взаемно со духовната ја имал епископот, особено во времето на царот Јустинијан, кој тврдел дека "сето добро на светот дошло од христијаните". Нему му требало и помошник за толку голема популација, па се основаат нови бискупии во регионот - во гратчињата Никеа, Анталија и Пелагонија.[12] Така сретнуваме бискупи во овие гратчиња. Царот Јустинијан покрај духовната власт на епископите им ја предаде и световната. Тоа го гледаме во *Хераклеја* во примерот кога како главен преговарач со Готите е епископот.[13]

8 Б. Бабиќ 1971, 55; B.Babić 1972, 21; Б.Бабиќ 1981, 27 Б. Бабиќ 1986, 12;
9 R. Kanlif 1980, 237.
10 Ibidem 1980, 236
11 Б. Алексова 2003, 15.
12 Hierocl. Syn. 639, 641.
13 Ф. Папазоглу 1957, 193.

## 3. Извори

За периодот од III и IV век единствени извори ни се итинерариите (опис на патот, список на станици...). Една од главните сообраќајни артерии на Римското Царство бил Егнатиевиот пат кој бил забележан во сите итинерарии и Табула Појтингерана.[14] Итинерариите низ вековите биле препишувани (со текот на времето тие пропаѓале, во зависност од материјалот кој го користеле и она место кое било обележано а уништено, препишувачите неможеле добро да го прочитаат и погрешно ќе го препишеле, па затоа имаме поместување на попатните станици). Табула Појтингерана (името го добила во XV век по нејзиниот прв сопственик Конрад Појтингер 1465 - 1547)[15] била препишана од географот Равенски.[16] По се изгледа оваа карта ја користеле аџиите кои оделе да се поклонат на гробот на Христос во Ерусалим или да ги посетат светите места на Блискиот Исток.

Сепак најдобар итинерар е Ерусалимскиот. На него местата се обележани како civitates - град, mansiones - населба, mutationes - обична станица, без населба. Градот *Хераклеја* на овој итинерар е обележан како civitas.[17]

Хиерокловиот Синегдем, е препис од званичните пописи на провинцијата и градовите, со што се зголемува вредноста на овој извор. Македонија овде се појавува поделена во две провинции. Македонија I со вкупно 32 градови и Македонија II со 8 градови. Хиерокле продолжува со неговиот географски список на 64 провинции и 923 (првобитно 935) градови на целото царство. Го пишувал делото во 526/27 година, а изворите му биле од времето на Теодосие II.[18] Неговиот список на градови се однесува на крајот од V и почеток на VI век. За Македонија I, од пелагонискиот регион, запишани се 3 градови:

Ἐπαρχία Ἰλλυρικοῦ - ᾱ Μακεδονία ὑπό κονσυλάριον, πόλεις λβ (32)

5ȷ 639 1. Ἡρακλεία λαόυκου (-λαόκου)

2. Αντανία Γεμίνδου ( ʼαταγνία)

3. Νικέδησ[19]

*Хераклеја* е позната, градот Никедес сигурно е Никеја кај с. Доленци - Битолско, а Антанија е градот кој сѐ уште не е со сигурност лоциран.

Во Македонија II се споменува само градот Пелагонија:

Ἐπαρχία Μακεδονίας β̄ ὑπό ἡγεμόνα πολεισῆ под реден број 5 е градот Πελαγονία,[20] што значи градот постоел во почетокот на VI век.

Во овој синегдем се запишани градовите што ги променија имињата. Меѓу нив се наоѓа и *Хераклеја*: Ἡρακλεία ἡ νῦν Πελαγονία.[21]

---

14 Ibidem 23 - 24.

15 И. Петрушевски 1992, 42.

16 Ф. Папазоглу 1957, 218, 221, 270.

17 Ibidem 24.

18 Ф. Папазоглу 1957, 25

19 Hier. 5, 639, 1,2,3.

20 Ibidem 6, 641, 5

21 Ibidem, Appendix I 61.62

Црквените документи (notitia episcopatuum), присутните потписници на листите (acta conciliorum), даваат непотполна слика, но сепак се корисни за односот на *Хераклеја* и Пелагонија.[22]

Зосим (Zosimos), прва половина на V век, роден најверојатно во Газа, Палестина. Бил висок државен службеник под царот Теодосие II. Ја напишал историјата на Рим, во која ја прикажува во кратки црти историјата од цар Август до Диоклецијан. За збиднувањата во Источното римско царство бил повеќе информиран отколку за оние во Западното, па така ги опфатил и нашите краишта, користејќи ја проверената историја на Дексип за Херулите 267/69. Запишал за пустошењето на Пелагонија од страна на Готите во 268 година, но не знаеме дали се однесува за градот Пелагонија или регијата. Но сепак, ако се гледа континуитетот на текстот ќе се дојде до констатација дека зборува за градот, така мисли и Ф. Папазоглу.[23]

Малхо (Malchos) од Филаделфија во Палестина, V/VI век ја напишал Византиската историја (Βυξαντιακά) во седум книги. Во седмата книга, по воведот во историјата за Константин Велики, го обработил периодот од 479 до 480 год. Малхо се смета за објективен и реалистичен историчар. За нас е посебно значаен заради тоа што ги објаснува дејствијата кои се случиле во *Хераклеја* за време на Готските пљачкосувања на чело со Теодорих кон крајот на V век.[24]

Јордан (Jordanes), VI век, Гот или Алан бискуп во Кротон (Јужна Италија), потоа во Цариград. Автор е на драгоцената историја на Готите (De origine octibusque Getorum). Во Getica et Romana, Јордан зборува за походот на Готите во 479 год. во Илирик и ја споменува *Хераклеја* како опљачкана.[25]

На крајот да ги споменеме и епиграфските натписи кои се пронајдени при археолошките ископувања. Од доцната антика има неколку кои ги забележале Димица, Месеснел, Вулиќ, Папазоглу, Микулчиќ и Јанакиевски. Обично се надгробни споменици кои ако добро се систематизираат по стил, орнаментика, јазик и текст ќе ни ги откријат културните граници на провинциите и склопот на менталните промени кои настанале на поедини територии или подрачја.

---

22 Ф. Папазоглу 1954, 308
23 Ф. Папазоглу 1957, 208
24 Ibidem 1957, 193
25 Ibidem 1957, 192

## 4. Историја на регионот (осврт)

Појавата на ПАТОТ,[26] (првото име на Христијаните), проповедаше нов морал, етика и поглед на светот.[27] Христијанството го подигнало човекот од античкиот морал на едно посовршено ниво. Материјалната база (робовладетелството) почнало да се распаѓа. Христијанството ги откри и ги отфрли човечките богови (идолите). Спознавањето на христијанството донело ментална и физичка слобода, луѓето сфатија дека се исти. Во основа христијанството ја скрши раната антика, човечкиот авторитет станал релативен.

Границите на Царството (limes) немало кој да ги брани, останале незаштитени. Преку Дунав навлегле бројни варварски групи.[28] Хаосот траел половина век, од 235 до 284 год. Во 267, 268 и 269 год. забележано е дека Херули и Готи продреле во Македонија, од денешна Јужна Русија и Украина. Готите живееле на островите во Балтичко Море пред Шведска, оттаму се спуштиле во Украина и подрачјата на денешна Полска и таму станале дел на черњаковската култура. Со кораби стигнале до Егејско Море, ги освоиле и ограбиле малоазиските крајбрежни градови, ја ограбиле Атина, потоа тргнале по копно, ги опседнале Солун и Касандреа. За ова разбрал царот Галиен и со голема војска тргнал на помош. Херулите и Готите се повлекле на север и по патот тешко ја опустошиле Пелагониската област.[29]

Во овој период Готите се сретнуваат со христијанството во Мала Азија, Јонија (денешна Турција). Оваа област била земја со многу цркви и христијани. Заробените ориенталци со добриот христијански пример ги навеле и Готите на христијанска вера. Еден од овие заробеници бил дедо на човекот по име Улфило (311-383), кој станал апостол на Готите оставајќи ја старата германска Валхала. Улфило бил Ариевец и неговиот народ до VI век биле Ариевци.[30] Во доцната антика *Хераклеја* станала седиште на епископот кој учествувал на собирот во Сердика во 347 год. Се потпишал со епископ, "Evagrius o Macedonia de Heraclia Linco". *Хераклеја* се наоѓала во провинцијата I Македонија.[31]

Во 447 година Атила ги повел Хуните во Цариград, но во последен момент се откажал од него и почнал да го пљачка Источниот и Средниот Балкан. По Мезија и Тракија на ред дошле Македонија и Тесалија. Поминал низ областа Пелагонија за што доказ се наодите од *Хераклеја* во овој период.[32] И денес нивната земја, Hungaria, остана од името "Hunoguri".

26 Дела Апостолски 19:9.

27 Денеска светот е поделен историски: пред Исус и по него. Тој го забрани неморалот и сите ужаси со него, кои беа секојдневие во античкиот свет и стил на живот меѓу паганите на грчката и римската култура. Неговото доаѓање создаде нов начин на живот.

28 И. Микулчиќ 1999, 190.

29 Ф. Папазоглу 1957, 208 (го цитира Зосим); И. Микулчиќ 1995, 240; И. Микулчиќ 1999, 194;

30 John Foster 1986, 119 tl.

31 Ф. Папазоглу 1957, 192.

32 Е. Манева 1985/87, 49 - 59.

По три децении, во 479 година, Теодорих Амал со своите Готи тргнал кон Драч и стигнал пред *Хераклеја*. Тој во прво време го поштедил градот, бидејќи хераклејскиот епископ го снабдувал со храна и вино. На крајот, се скарале бидејќи тој одбил да им даде вино и жито за патот. Тој се засолнил со своите луѓе во една блиска тврдина, а Готите за одмазда го запалиле градот. [33] Малх пишува дека Теодориховата сестра тука умира, (во *Хераклеја*) и тука ја закопал.

Во актите на Цариградскиот собир од 553 година, *Хераклеја* ја сретнуваме со името Пелагонија (Pelagoniae) наместо Linci. Меѓу учесниците бил и Benignus ep. Heracleotane civitatis quae est prima Macedoniae, кој на друго место се потпишал Benignus ep. Heraclene Pelagoniae.[34]

Во VI век, 517 година, доаѓаат нови варвари во Македонија, Кутригурите од долно подунавје, провалиле до Македонија на југ.[35]

Следниот продор до Илирија се случил можеби во 578 година, а поверојатно во 580-581 година. При тоа Словените продреле на југ до Грција и таму останале 4 години (од 581 до 584) според Јован Ефески.[36] Во 584/85 Аварите од Влашката Низина (Романија) придружени од Словените го поминале долен Дунав и движејќи се кон запад покрај Егнатиевиот пат, на 22 септември 586 година, стигнале до Солун.[37] Со сигурност знаеме дека Словените, по неуспешното опседнување на Солун, сѐ до крајот на VIII век живееле на Пелопонес и во околината на Солун.

За време на продорот на Словените во VI век, селското население најмногу страдало, бидејќи живеело во отворени населби, а и оние кои биле со обѕидија, биле лесно освоиви. Тоа, на подрачјето на Северен и Среден Балкан почнало да гради или да ги обновува старите фортификации. По продорот од 538, 540 до 554 година, работите околу утврдувањата биле намалени и се ограничиле само на акрополите.[38]

## 5. Географски осврт на регионот; околни зависни регии

Најголема котлина во Македонија е Пелагонија. Од југозапад е ограничена со планината Баба, од северозапад со областа Демир Хисар и Бушава Планина. На југ е отворена спрема Егејска Македонија (Грција) каде е оградена со огранок на планината Нерецка и Нице, со врвот Кајмакчалан. На исток ја оградуваат планините Козјак и Дрен, а на североисток - Бабуна.

33 И. Микулчиќ 1995, 249; И. Микулчиќ 1999, 202 (со исцрпен коментар, превземен од Малхо и Јордан).

34 Ф. Папазоглу 1957, 193.

35 В. Поповић 1981, 111 - 126.

36 И. Микулчиќ 1996, 252.

37 Miracula S. Demetrii I 175 - 184 (коментар на Ф. Баришић во "Византиски извори за историју народа Југославије" том I, Београд 1955.

38 Е. Манева 1992, 113. Смета дека средновековниот град Хераклеја - Битола започнува да се обновува на просторот од акрополата.

Со тополчанската преграда Пелагонија е поделена на два дела, северен (повисок, Прилепско поле) и јужен (Битолско поле). Во грчкиот дел се простира Леринското поле[39] .

Во Пелагонија се наоѓа античкиот град *Хераклеја*, кој во континуитет од доцната антика до среден век го носи името Пелагонија, а потоа Битола.[40]

Мариово има површина од 1.390 км$^2$ и надморска висина од 1.050 м, го зафаќа јужниот дел од Македонија или по етничката карта средишниот дел. За изолираноста на Мариово придонесле и неговите природни граници. Високите планински вериги како венци го опкружуваат од сите страни, со еден единствен тесен излез кон Битолскиот крај, над селото Новаци. Реката Црна, длабоко под Битола влегува во Мариово од неговиот југозападен дел, поминува низ средиштето на оваа висорамнина и ја дели на два дела, мало и големо Мариово (меѓу тамошното население попознато како Старо и Ново Мариово). Селата во Мариово административно се поделени помеѓу 3 општини: Прилеп, Битола и Кавадарци.

Северозападно на ивицата на Пелагонија се наоѓа областа Порече, која исто така влегува во Пелагониската регија. Оваа област се протега по средината на реката Треска, по што го добила името. Порече зафаќа површина од 92.378 ха. Опкружена е со планините Јакупица и Караџица од север, а од исток со планинскиот венец Даутица, кој заедно со реката Бабуна го дели Порече од Велешката котлина, а на југ од Прилепската котлина го одделуваат Бушева Чешма и Чусулица. На запад се наоѓа планината Сува Гора која го дели Порече со Полошката котлина, а во продолжение планинскиот венец со познатите врвови Добра Вода и Песјак го дели Порече од Кичевската котлина.

Во Пелагониската регија припаѓа и Крушевската област. Таа има исклучителна географска положба, во тешкопристапна планинска конфигурација. Високо во масивот на Бушава Планина, на надморска височина од преку 1200 метри, градот Крушево зафаќа еден терен како котел или голем амфитеатар. Единствено пристапен правец е оној кој води од Прилеп по рамнината кај село Кривогаштани, од каде патот се качува по стрмите планински падини, со многубројни серпентини. Нема сомнение дека ова е единствената насока на старата караванска комуникација, која во минатото го поврзувала Крушево со останатиот свет. На северозапад областа е оградена со Бушава планина, на југ се ридовите на Ставрако, а на исток се наоѓа Прилепското пелагониско поле.

Следна област од оваа регија е областа Демир Хисар, како периферен западен дел на Пелагонија. Тешко може да се разграничи, кон север се издига возвишението Баба Сач, источно е планината Бушава, а од јужната страна се наоѓаат североисточните огранци на планината Бигла. На запад се венците на Илинска Планина, која е дел од Плакенската Планина.[41] Од овој крај извира реката Црна (Еригон), кај селото Железнец. Нејзиното корито одело до

39 М. Панов 1976, 35
40 С. Тодоровски 2002, 71.
41 В. Костовски 1960 71

селото Бучин а од таму се излевало во долината на Пелагонија и го создавало Пелагониското Езеро во битолскиот атар.[42]

Преспанската котлина, која источно се граничи со Пелагонија, е дел од оваа регија. На исток се планините Горбец, Нередска Баба со врвот Пелистер и преминот Ѓавато, (Ѓато меѓу народот), која ги поврзува Преспа и Пелагонија. На запад се планините Сува Гора, Галичица и Петринска, на север котлината допира до планината Бигла, а на југ до Ореовска и Иван Планина. Така заградена Преспанската котлина зафаќа површина од 1.030 км². Преспанското Езеро го зафаќа јужниот дел од Преспа со површина од 315,68 км² или 1/3 од површината на котлината. Во 1913 година езерото е неприродно разделено на три дела. Северниот, најголемиот дел или Голема Преспа (218,75 км²) ѝ припаѓа на Р. Македонија, југозападниот дел на Голема Преспа и сосем мал дел од малото езеро (Мала Преспа), со површина од 49,4 км² и припаѓа на Р. Албанија. Остатокот на Голема Преспа, со поголемиот дел на Мала Преспа и малото езеро ѝ припаѓа на Р. Грција.

Познато е дека водата на Преспанското Езеро може значително да осцилира. Постојат стари податоци за високиот и нискиот водостој. Така, на пример, кон крајот на X век и почетокот на XI век водостојот бил многу низок, а таков бил и кон крајот на XVIII век. Во 1916 година водостојот се зголемил дури за 5 метра преку нормалата и ги потопил крајбрежните населби Перово, Стење и Наколец.[43]

42 С. Тодоровски 2002, 72
43 М. Панов 1976, 84

## II. Историски настани од III - VI век, одразени во Пелагонија

### 1. Историјат

Директно поврзано со пелагониската регија се настаните кои ни ги дава историчарот Зосим. Дел од Готите и Херулите во 267/68 година под притисок на Галиен ја прекратиле опсадата на градот Касандра и Тесалоники и тргнале на север. По патот ги опустошиле областите Добер и Пелагонија (битолско - прилепската рамница)[44]. Ова е првото навлегување на овие народи во пелагонискиот регион. Во овој поход настрадал и градот Стибера, на кого историјата му ја пратиме од 190, 203, 206 и 223 год. Во III век[45] *Сшибера* бил значаен град на северот од Пелагонија.[46] Статуата на Тит Флавие Орест која била во *Сшибера*, постои и во *Хераклеја* (во последновремеобезглавена).[47]Датирана е по македонската провинциска ера на преод од првата во втората деценија на



*Сл. 2 - Хераклеја, обезглавени сшашуи на Тиш Флавие Ореси и Немеза*

44 И. Микулчиќ 1995, 240-241.

45 Н. Вулиħ 1941-48, 148; Ф. Папазоглу 1957, 220 - 221.

46 Ф. Папазоглу 1957, 221.

47 До ден денес, во јавноста, не е објаснето каде се наоѓа главата од скулптурата на Тит Флавие Орест. Во фотографијата на која е прикажано како е откриена статуата, се гледа дека главата е фиксирана за телото.

II век.[48] Траги на истовремено уривање имаме и во локалитетот кај селото Мојно и секако во *Хераклеја.* Во 322/23 година западното готско племе Тервинги предводено од Раусимод ја преминале границата Дунав каде што царот Константин I со неговиот наследник Константин II решил да ја прифати масата бегалци од 300.000 луѓе, Готи и Сармати, и да ги насели во балканските провинции, меѓу кои и во Македонија. Од ова масовно населување на варварите кај нас ги среќаваме во локалитетите Варош - Прилеп и повеќе мали села и некрополи околу Битола, поврзани се археолошки со пондскиот културен круг.[49] За присуството на готите во нашиот регион во доцниот V век имаме голем број силно зголемени кастели (тврдини), со укрепени населби кои ни зборуваат за готската опасност.[50] Во V век еден друг народ, Хуните, разурнале околу 70 градови внатре во римската империја, а меѓу нив бил и градот *Хераклеја Линкестис.* Тие сметале дека римскиот император неправедно ги ставил луѓето да живеат во куќи, наместо, како нив, да живеат на отворен простор. Најдено е нивно оружје, коскен рефлексен лак и трореБрести стрели, карактеристични за азиските номади.[51]

Театарот во *Хераклеја Линкестис* престанува да работи неколку години по забраната на гладијаторските игри од страна на Хонорије во 404 год.[52]

Во 479 година Остроготите незадоволни од третманот на царот како негови војници, на чело со нивниот крал, Теодорих Амал, сами ја превзеле наплатата на војничките плати, ограбувајќи ги градовите во Илирик стигнале до *Хераклеја* каде што се задржале за храна и вино, бидејќи оделе да се населат во околината на Дирахион (Драч).[53] На пат за Драч настанало едно недоразбирање меѓу епископот на *Хераклеја* и Теодорих, па тој го запалил градот и ги убил мажите.

Да ги спомнеме податоците од актите на Сердичкиот и Цариградскиот собир од 347 и 553 год. кои ни кажуваат, со сила на документ, дека *Хераклеја* од провинцијата Македонија I е истиот град со Heraclia Lynci и Heraclea Pelagoniae.[54]

Во VI век, доаѓаат Словените, кои исто како и претходните варвари, пљачкале и уривале населби. Тоа го знаеме преку пронајдените депоа на монети.[55] По овие уривања сиот живот замрел. Во писмата на папата Григориј I Велики (590-604) испратени до епископите од Илирик, тој апелирал да им се пружи несебична помош на епископите кои бегале од словенската наезда во провинцијата Праевалитана.[56] Најверојатно, со христијанизација на Словените полесно била наметната власта над нив, а домородното население слободно можело да тргува и се движи меѓу нив. Лесно се губи идентитетот на етносот

48 Г. Томашевиќ 1965, 20.
49 И. Микулчиќ 1974, 132-141.
50 И. Микулчиќ 1995, 247.
51 Е. Манева 1985/86/87, 49-55.
52 Т. Јанакиевски 1998, 30.
53 И. Микулчиќ 1999, 202-203.
54 Ф. Папазоглу 1954, 340.
55 К. Кепески 1977, 181 - 192.
56 М. Панов 1995/96, 71-72.

во христијанската злоупотребена сеопфатност, која Грците добро знаеле да си ја свртат во своја корист, со наметнување на суеверие и нивната добро скриена паганска религија под плаштот на христијанството. Веројатно, затоа се појавило богомилското движење[57] (во средниот век), во еден крајно развиен духовен центар, како одговор на разумот. Областа Пелагонија може да се изедначи по развојот на христијанството со областа Кападокија во доцната антика, врз основа на голем број пронајдени доцноантички базилики.[58]

Покрај изворите кои се поврзани со настани, историјата на овој крај можеме да ја следиме и со материјални показатели, кои или ги потврдуваат или ги негираат случувањата во времето.

## 2. Населени места во раната антика, кои преживеале и во доцната антика

Населените места биле одредени од општествено - економскиот развој на Македонија и географската положба, заедно со рудните богатства.[59] Растурањето на родовско - племенските односи, развојот на занаетчиството и трговијата и прастарата балканска сообраќајница, Via Egnatia,[60] создаде добра основа да Пелагониската регија биди најнаселена област во поедини периоди на Балканот.[61]

Од населените места во раната антика, кои преживеале и во доцната антика, најпрво ќе ги наведиме оние познати од пишани извори од поранешните векови. Нивните имиња останале да се користат и во доцната антика.

### 2. 1. Битола - Хераклеја

Во јужната периферија на Битола се развил раноримскиот град. Првото живеалиште било на ридот - акрополата. Тоа место е најнизок планински изданок на работ од големото поле. Ритчето е високо околу 30 м. Под него, градот продолжил да се шири на запад, југ и исток, добивајќи изглед на издолжена правоаголна форма.[62] Одбрамбените ѕидови се поправаат и обновуваат низ доцноантичкиот и средниот век. Површината на римскиот град *Хераклеја Линкестис* (Heraclea Lyncestis) опфаќала 8 ха. а јужното предградие имало површина од 5 - 8 ха. или сè вкупно околу 16 ха. Во III век градот станал важен центар што се дознава од натписот: "Σεπτίμιοι Αὐρήλιο ι Ἡρακλεῶται"[63] Ова династичко, царско гентилно име дадено како додаток на името на градот ни сведочи за специјална почест која *Хераклеја* ја имала во тој период. Во

57 В. С. Киселков 1921, 50 - 74.
58 В. Лилчиќ 1997, 21 - 38.
59 Н. Проева 1994, 124
60 Ibidem 124.
61 N. Vulić 1937, 8
62 И. Микулчиќ 1974, 357; И. Микулчиќ 1999, 41.
63 Ф. Папазоглу 1961, 14.

доцната антика *Хераклеја* станува епископско седиште, а како континуитет, во среден век била царска престолнина.[64]

Доцната антика на овој локалитет е потврдена со базиликите, некрополите и археолошкиот материјал, кои ќе бидат посебно обработувани понатаму во текстовите.

### 2. 2. С. Бучин - Бучински рид, Пачкоец - Алкомена (Αλκομεναι)

Бучинскиот рид, Пачкоец, се наоѓа на северниот исфрлен карпест гребен, до јужниот крај на селото. Името е најдено на два натписи вградени во црквата во с. Бела Црква, Селска црква" Св. Богородица", земени како градежен материјал за црквата.[65] Најстарото обѕидие постои на највисоката средна тераса. Југозападно од обѕидието на планинските благи ридови сè уште се гледаат старите рударски копови,[66] кои мештаните ги викаат римски рудници. Во доцна антика акрополата била обновена како и збегот на високиот рид, јужно од населбата.

### 2. 3. С. Граиште - Градиште - Бријанион (Βρυανιον)[67]

Овој град се наоѓа на рид во рамнина, која е продолжение на Пелагониската регија, над селото Граиште, кое денес скоро е соединето со гратчето Демир Хисар. Самиот рид како да изникнал сред поле, доминантен е и ја контролира целата околина.

Населбата се наоѓа на врвот кој е неприродно зарамнет и е изградена во хелинистичко време. На самото место можат да се видат уште три одбрамбени појаси кои се максимално прилагодени на конфигурацијата на теренот. Во доцната антика биле обновени ѕидовите околу акрополата и како силна рударска тврдина таа егзистирала до крајот на антиката.

### 2. 4. С. Железнец - Градиште (Κυδραι - Кидрае?)

На запад од селото Железнец, на еден рид со варовнички срт, зарамнет, издолжен врв се наоѓа античка населба. Денес на теренот се гледаат остатоци од доцно античките ѕидови.[68]

Ѕидините се изградени во должина, самиот терен ги водел кон таква градба, постариот ѕид кој е граден од грубо изделкани камени блокови.[69] Во рударската населба се наоѓаат бројни парчиња на згура и "пити", полу фабрикати, топено олово и монети од IV до VI век.

---

64 В. Златарски 1970/72, 745; С. Тодоровски 2002, 55.

65 N. Vulić 1937, 11 - 12; I. Mikulčić 1966, 67; B. Josifovska, I. Mikulčić TIR 1976, 13 - 14; И. Микулчиќ 1999, 72.

66 И. Микулчиќ 1999, 75; В. Лилчиќ 2001, том I, 167.

67 I. Mikulčić 1966, 64 - 65; исто 1996, 195 - 197; исто 1996, 195 - 197.

68 Ф. Папазоглу 1957, 196; И. Микулчиќ 1999, 78.

69 И. Микулчиќ 1999, 79.

**2. 5. С. Црнобуки - Градиште (Персеида)?**

Локалитет *Градиште*. Населбата била изградена одеднаш и плански. Можно е ова место да е изградено од Филип V, кој го нарекол по името на својот син Персеј.[70] Терасата е зарамнета, подѕидана со камен ѕид без малтер и еден предѕид, околу овој простор. Пронајдени се монети од IV век. Населбата била збег.

**2. 6. Пелагонија (Πελαγονια)**

За градот Пелагонија постојат историски пишани документи.[71] Civitas - Пелагонија, посведочена е во неколку војнички натписи од времето на раното царство[72]. За местото каде бил лоциран градот во раната антика, предложени се неколку локации од предримско време.

1. Мојно[73]

Кај с. Мојно лежи голем концентрат на наоѓалишта, од предримско време до VI век. Зарамнетото плато се наоѓа во мојнската долина. Затворена е од север со кос рид. На зарамнетото плато се развило значајно утврдување. Римскиот период е датиран со бројни наоди, мермерни статуи од официјален карактер, меѓу нив и на божицата Нике која седела на висок столб, посветен на императорот Галиен. Денес од тој столб се гледаат само тамбурите, со тоа многу археолози грешат гледајќи ги тамбурите, сметаат дека тука бил некој антички храм). Римскиот период е датиран со бројни монети од раноримско време.[74] Во доцноантичкиот период на тврдината се изградени цврсти бедеми ѕидани со варов малтер. Во внатрешноста на кастелот најдени се големи питоси што ни укажува дека се работи за збег. Сретнуваме и монети од IV до VI век.[75]

2. Безименото гратче кај с. Путурус[76], локалитет *Шипур*.

На теренот се сретнуваат маркантни остатоци од градби и монументални капители од ранохристијанска базилика. Археолошки не е проучено.

3. Прилепец, локалитет *Долиште*, со некрополата *Безистен*.[77]

Покрај античката грнчарија најдени се и монети од римскиот и доцноантичкиот период.

---

70 Liv. XXXIX, 53.

71 Strabon VII 326 - 327; Livie 26, 25, 7, 45, 30; Plinie IV, 35.

72 Ф. Папазоглу 1957, 205

73 N. Vulić 1937, 32; И. Микулчиќ 1970, 325 - 347; И. Микулчиќ 1999, 83 - 84.

74 И. Микулчиќ 1970, 39.

75 Ibidem 40.

76 Н. Вулић 1931, 146; N. Vulić 1937, 40; I. Mikulčić TIR 1976, 87; И. Микулчиќ 1999, 84-85; В. Лилчиќ 2002, 769.

77 М. Кокић 1929, 295 - 298; Н. Вулић 1931, 174, 175, 176; N. Vulić 1937, 39, 40; Д. Вучковиќ 1958, 213 - 255; I. Mikulčić 1966, 57, 61, 62, 66; В. Josifovska, I. Mikulčić TIR 1976, 99; F. Papazoglu 1988, 288; В. Лилчиќ 1996, 41 - 43; И. Микулчиќ 1999, 85 - 86; В. Лилчиќ 2001, 409 т.415.

4. Т. Јанакиевски се обидувал да го убицира градот Пелагонија. Прво претпоставувал дека е локалитетот *Ќерамидница* во археолошкиот комплекс Суводол.[78] Потоа, повикувајќи се на импресии од другите колеги, се откажува[79] иако самиот запишал дека Ф. Папазоглу смета дека овој локалитет е Коме - село.[80] Во 1999 год. се обидува на друг локалитет да го убицира градот Пелагонија. Претпоставува дека во месноста "Рупка",[81] с. Црничани - Битолско се наоѓал толку бараниот град Пелагонија.

Географски гледано, тоа била регија на Линкестида, односно на провинцијата Македонија I, а градот Пелагонија се наоѓал во провинцијата Македонија II.

**2. 7. С. Варош - Маркови Кули, Поткули - Керамије (Keramiae)**

Локалитетот се наоѓа на Маркови Кули - Прилеп. Под средновековните и доцноантичките ѕидови ископани се слоеви на предримски населби.[82] Зафаќа површина од 5 - 6 ха. Во римскиот период, кога населбата се шири, на југозападното подножје се оформило село (коме) без ѕидини. Во доцната антика повторно била активирана старата тврдина.[83] Можеби населбата го променила името во Пелагонија во V - VI век?

**2. 8. С. Дебреште - Градиште, Кале (Pisaion)?**

Локалитетот *Градишѿе*, *Кале* лежи 1,5 км. југоисточно од с. Дебреште. Тоа е мала тумба, висока 2 - 3 м. сред мочурливиот терен. На тумбата се гледаат остатоци од малтерно обѕидие од доцната антика, под нив лежат остатоци од римски каструм,[84] а под него и остатоци од хеленистички градби.[85] Значајна е позицијата на локалитетот пред преминот Барбарос. Во IV век бил изграден цврст кастел, од камен со малтер во правоаголна основа, за да во VI век обѕидието претрпи целосна обнова, со тоа што одделни партии од ѕидовите посебно се трасирани, а некои кули се срушени. До источната порта откриена е крипта и крстилница од овој период.[86]

---

78 Т. Јанакиевски 1979, 75 - 82.
79 Т. Јанакиевски 1999, 189.
80 Ф. Папазоглу 1957, 197.
81 Т. Јанакиевски 1999, 189 - 190.
82 И. Микулчиќ 1999, 87.
83 В. Лилчиќ 2001, т.I, 383.
84 И. Микулчиќ 1996 , 255; истиот 1999, 94.
85 I. Mikulčić 1966, 79, 81, 82. белешка 43.
86 I. Mikulčić 1966, 64 - 65; Б. Бабиќ, В. Хензел, Ј. Раухуд 1979, 141-145; И. Микулчиќ 1996 , 255; В. Лилчиќ 1997, 50 - 51.

## 2. 9. С. Живојно - Забрдо (Lynco)?

1 км. југоисточно од с. Живојно и на 1 км. јужно од денешната државна граница, на ридот "Забрдо" се наоѓа локалитетот *Забрдо*. Под него течат изворишните краци на Живојнска река. Платото е со простор од 2 ха. Оградено е со одбрамбени ѕидови кои водат потекло од почетокот на античката епоха. Потврдени се со бројни движни наоди од населбени слоеви, како и со 10 некрополи во околината од различни временски периоди. Очигледно е дека населението живеело од експлоатација на железна руда, која тука се топела со јаглен од површинскиот коп во околината. Во доцната антика било изградено цврсто обѕидие со малтер, на истиот простор. Најдени се монети од: Максимин I, Диоклецијан, Константин I, Констанције II, Лициниј I, Валентијан I, Грацијан, Анастасие, Јустинијан, Јустин I и Тибериј Маврикиј.[87]

## 2. 10. С. Зовиќ - Манастир, Чебрен, Тумба, Antanija

Се наоѓа на еден рид, околу 3 км. северозападно од селото. Највисокиот дел лежи на еден издвоен вулкански куп. Под него е кањонот на реката Црна. Железната згура која е најдена во внатрешноста на населбата, непосредно до манастирскиот комплекс "Св. Димитрија", зборува за рударско-металуршката дејност во доцната антика.[88]

## 2. 11. С. Дабница - манастир "Св. Богородица" - Трескавец (Κολοβαισα)

4 км. северно од Варош, Прилеп, се издига карпестиот рид Трескавец. Приодот кон локалитетот е од север и југ. Видливи се ѕидови од камен и малтер со различна временска припадност. Утврдената населба е од доцната антика, а постои и ранохристијанска базилика. Пронајден е натпис на ара кој води потекло од доцен II или ран III век. Во доцната антика арата била преработена во прозорско мено.[89]

## 2. 12. С. Браилово - Кале (Μαδεχέφρων)

На 2,8 км. североисточно од селото се наоѓа доминантно возвишение со површина од 1,5 ха. Утврдениот простор граден е во цврста малтерна техника. Во близина пронајдени се 5 надгробни стели, датирани во II и III век.[90] Пронајдени се и монети од Јулија Мамеа, Анастазие и Јустин II.

---

87 B. Josifovska; I. Mikulčić TIR 1976, 136; V. Popović 1980, 230 - 265; Г. Микулчиќ 1987, 180; И. Микулчиќ 1996, 144

88 Н. П. П. 1996, 32 - 33; Г. Филиповска-Лазаревска 1999, 125 - 126.

89 B. Josifovska I. Mikulčić TIR 1976, 72; V. Popović 1980, 230 - 265; В. Лилчиќ 2001, т. I, 393, 395.

90 А. Керамитчиев 1961, 48 - 49; В. Лилчиќ, Н. Марковска 1992/93, 228 - 231;

## 2. 13. С. Пештани - Пештера, манастир "Св. Илија" - Достонеи (Δοστονεοι)

На северниот крај од Мариовската висорамнина, во манастирот во с. Пештани лежат повеќе антички споменици со натписи од кои го читаме името на гратчето[91], кое се наоѓало на 1 км. југозападно од селото, на карпестиот срт "Кале". Од север и југ населбата има природна бариера, а населената површина (околу 4 ха.) била оформена на терен на кој не постојат траги од одбрамбени ѕидови. Само источната тераса била подѕидана со висок сувоѕид.[92] Во доцната антика во околината се експлоатирала руда.

## 2. 14. С. Витолиште - Перивол, Грамаѓе, Лачник - Geneatos и (Eu)ksini

Во близината на селата Витолиште и Полчиште, кои се наоѓаат на југоисточниот крај од Мариово, забележани се повеќе антички споменици со натписи. Се зборува за повлекување на граница помеѓу двете гратчиња. Во доцната антика овде се експлоатирала руда. Откриена е остава од римски републикански монети, како и повеќе мермерни споменици во природна големина.[93]

Останатите населби кои немаат траги во пишани извори, околу 100 населени места, ќе бидат прикажани во делот од доцна антика.

## 3. Духовна култура во паганскиот период; преживување во доцно римско време

Со доаѓањето на Римјаните во овие краишта затекната е религија на населението кое живеело на овие простори. Во времето на Републиката преземени се многу грчки митови, кои се помешани со домашните. Јупитер (грчки Зевс) бил најдобар и најголем бог. Во основа мешањето на боговите помеѓу Грците и Римјаните создало религија на митови и култови. Митовите биле во нивниот пантеон, кој бил поистоветен само со сменати имиња, а иста символика и значење. Култовите обично биле тајни бидејќи со тајноста полесно се привлекувале кандидати. Најпознати култови биле на Изис и Серапис (од Египет), Кибела (од Мала Азија) и култот на Митра (од Персија). Култот на Митра бил посебно омилен меѓу римските војници[94] и бил пренесен сè до Британија[95]. М. Димица и Н.Вулиќ имаат објавено околу 90 камени споменици со пагански божества. Најинтересен е споменикот на божицата Пасикрата од Суводол (3 натписи од 3 страни на споменикот кој е во об-

91 Н. Вулиќ 1948, бр. 354; Ф. Папазоглу 1957, 210 - 211.

92 В. Лилчиќ 2005, 6 - 7, 12.

93 И. Микулчиќ 1967, 46 - 53; А. Керамитчиев 1978, 114 - 117; Љ. и К. Кепески 1986, 152-153.

94 J. Babelon 1970, 107

95 E. Yomoushi 1985, 62.

лик на ара) датирана во IV век.[96] Тоа е божица која ги ослободува робовите. Ова ни докажува дека паганската религија постоела сè до овој период и во нашиот регион. Воедно доаѓаме до заклучок дека сè уште не биле населени дојденци од блискиот исток, а со тоа да го донесат влијанието на христијанството на овие простори. Од друга страна се отвора прашањето на недостиг на христијански цркви во IV и средината на V век. Малубројните Евреи кои живееле во цивилните градови сè уште не биле хритијанизирани или пак во нивните премногу затворени заедници не се впуштале во проповедање на новата вера. Секогаш, Евреите се резигнирани и одделени од останатиот народ како народ кој е избран и посебен од другите, така да некаде во крајот на V век ги сретнуваме првите заедници со нивните ранохристијански базилики. Неуништувањето на натписите од паганските богови и вклопување во ранохристијанските базилики, како што е примерот на Аполон од с. Дабница - *Трескавец*, ни докажуваат дека сè уште биле почитувани во доцната антика[97]. Другиот натпис со името "Колобаиса" е откриен близу црквата "Св. Богородица" - *Трескавец*, потоа вграден во врвот на куполата каде го придржува крстот. Тој документира постоење на храм посветен на Артемида Ефеска.[98] Во 1977 година излезе книгата на Дил "Култовите на боговите во северна Македонија во римско време". Во оваа книга се прикажани верувањата и култовите во римско време преку натписите, тркалезната пластика, релјефите и претставите на боговите на монети. Во 1999 год. излезе најнова студија за спомениците кои се значајна потврда на античките култови во Македонија на Вера Битракова - Грозданова "Религија и уметност во антиката во Македонија". Во преден план е претставена ликовно - стилската и иконографската анализа, а потоа следат можните толкувања на религиозните содржини или симболичното значење.

Иако христијанството се јавува во I век како ново верско движење, тоа во почетокот било прифатено само од широките народни маси. Апостол Павле запишал "Сиромасите ќе останат со вас до крајот на светот". Како секта на јудеизмот, христијанството се ширело меѓу Евреите на блискиот исток и европското тло, утеха и надеж со текот на времето станало за обичниот свет. Го прифаќале и некои од богатите слоеви, но сепак христијанството сè уште немало поголем успех, сè додека царот Константин во 313 год. не го признал христијанството како религија меѓу останатите. Тој се залага христијанството да биде единствена религија во неговото царство, сфаќајќи ја неговата моќ. Значи работите се менуваат од врвот. Затоа се направил компромис, во христијанските да се вментат и некои пагански обичаи. Идолите од слики и скулптури, паганите ги сочувале, само им ставале христијански имиња а атрибутите останувале исти. Антихристијанскиот римски цар Јулијан (кој владеел од 361 - 363 год.) ја врати старата паганска религија, а со тоа се вратија и сите стари богови. Без да бараме индиции, ова е најдобриот

96 F. Mesesnel 1937, 43; Н. Вулић 1941, 48; S. Düll 1977, 257; С. Бабамова 2005, 108 - 109.

97 Н. Вулић 1931, 489 - 490.

98 В. Лилчиќ 2001, т.I, 393.

аргумент за преживување на паганските богови во доцниот период. Особено материјално е докажано со гробот во *Пештерица*.[99]

Доцниот III и IV век живее во паганството. На овие простори имало малку христијани. Спомениците од богатиот грчко - римски Пантеон се потврдени со преку 100 камени икони, бисти, статуи, ситна пластика од метал и ќерамика, низа од нив се протегаат и во доцно римско време.

Ќе ги наброиме грчко - римските божества како наоди на скулптури во вид на мермер, теракота или метал, релјефи, барелјефи - општо како вотивни споменици, по локалитети во Пелагонија и нејзината околна регија:

**Афродита - Венера**[100]

*Афродита*, с. Десово - Прилеп, од прва половина на III век, гробен релјеф. Можно е нејзиниот култ да живеел и подоцна.

*Афродита*, с. Горно Радобље - Прилеп, од почеток на III век, гробен релјеф.

*Афродита*, Хераклеја, почеток на III век, почесен релјеф со натпис на посветување.

*Афродита*, Хераклеја, царско време, статуета.

*Ерос и Хераклес*, Хераклеја, прва половина на III век, гробен релјеф со посвета.

*Афродита, Ерос и Херакле*, с. Могила - Прилеп, прва половина на III век, гробен релјеф.

*Афродита*, с. Подмол - Прилеп, прва половина на III век, релјеф со натпис на посветување.

*Афродита и Хераклес* - Прилеп, прва половина на III век, гробен релјеф.

*Афродита*, с. Прилепец - Прилеп, прва половина на III век, група статуети.

**Аполон**[101]

*Аполон*, с. Градешница - Мариово, околу 200 година, релјеф со натпис на посвета.

*Аполон*, локалитет Колобаиса - Трескавец - Прилеп, 112 година, натпис со посвета.

*Аполон Етеуданиски (Отеуданис)*, локалитет Колобаиса - Трескавец, во црквата, Прилеп, прва половина на II век, натпис со посвета. Светилиштето продолжува и во доцната антика.[102]

*Аполон и Артемида со змии*, с. Мренога - Демир Хисар, втора половина на II век, релјеф со посвета.

---

99 Б. Бабиќ 1965, 132 - 133. Гробот под бр. 16 е на дете на кое во устата му било ставено обол - сребрен од Јулијан Апостата. Начинот на погребување на детето бил со принесување на жртва и ритуално искршени садови што се поврзува со фаворизирање на паганството во времето на Ј. Апостата, а пронајден е и стригилот како дел од паганската машкост.

100 S. Düll 1977, 228 - 229.

101 Ibidem 229 - 231.

102 Б. Битракова - Грозданова 1999, 158.

**Артемида - Дијана**[103]

*Артемида*, Беловодица - Прилеп, средина на III век, релјеф со посвета. Имаме индиции дека нејзиниот култ продолжува и во доцната антика.
*Артемида*, Хераклеја, II век, статуа на основа.
*Артемида*, Kynagogos, Ephesias, Patronisse, с. Кокре - Прилеп, почеток на III век, натпис со посвета.
*Артемида*, локалитет Колобаиса - Трескавец, во црквата, Прилеп, 200 година, натпис за ослободување.
*Артемида*, с. Крушевица - Прилеп, прва половина на III век, релјеф со посвета (исчезнат).
*Артемида*, с. Мојно - Битола, III век.
*Артемида и Аполон со змии*, с. Мренога - Демир Хисар, втора половина на II век, релјеф со посвета.
*Артемида* (Храм), с. Путурус - Битола, 216 година, натпис со посвета, олтар.
*Артемида*, Стибера, с. Чепигово - Прилеп, околу 200 година, релјеф со посвета, теракота.
*Артемида*, с. Суводол - Битола, II век, статуета.
*Артемида*, с. Штавица - Прилеп, втора половина на II век, релјеф со посвета.
*Артемида*, с. Вашарејца - Битола, прва половина на III век, почсен натпис (изгубена).
*Артемида Ефесија* - божица, с. Живојно - Битола, 160 година, почесен релјеф со натпис.
*Артемида*, с. Живојно - Битола, околу 200 година, гробен релјеф.
*Артемида*, с. Бучин - Крушево, III век пр.н.е. претстава на релјеф.[104]
*Артемида,* с. Дебреште - Прилеп, втора половина од II век пр.н.е.[105]

**Атена - Минерва**[106]

*Атена (победничка)*, с. Буково - Битола, прва половина од III век, статуета.
*Атена и Хераклес*, с. Небрегово - Прилеп, средина на II век, гробен релјеф со натпис.
*Атена и Хераклес*, с. Небрегово кај црквата, Прилеп, прва половина на III век, релјеф со посвета.
*Атена*, околината на Прилеп (непознато место на наоѓање), втора половина на II век, релјеф со посвета.
*Атена*, с. Тројаци - Прилеп, средина на III, гробен релјеф. Индикации дека култот преживеал и во почетокот на доцната антика.

**Деметра**[107]

*Деметра божица*, с. Беранци - Битола, IV век, статуета.

103 S. Düll 1977, 231 - 236.
104 Б. Битракова - Грозданова 1999, 170.
105 Ibidem, 172.
106 S. Düll 1977, 236 - 238.
107 Ibidem, 238.

*Деметра*, с. Буково - Битола, статуета - релјеф, царски период (изгубена)
*Деметра*, с. Суводол - Битола, прва половина на III век, седната статуа.

**Дионис - Бакхос**[108]

*Дионис*, Хераклеја, прва половина на II век, статуа базис.
*Легнат Дионис*, с. Дабница - Прилеп, околу 200 година, гробен релјеф со натпис.
*Дионис со змии на покривот*, Хераклеја, прва половина на III век, гробен релјеф.
*Дионис*, с. Leниште - Прилеп, втора половина на II век, релјеф со посвета.
*Слободна слобода*, с. Пештани кај црквата, Прилеп, втора половина на II век, релјеф со посвета.
*Дионис со змии на покривот*, с. Прилепец - Прилеп, втора половина на II век, гробен релјеф (приватна колекција).
*Дионис*, с. Суводол - Битола, втора половина на II век, релјеф со посвета.
*Дионис*, с. Тројаци - Прилеп, III век, релјеф со посвета (релјефот се наоѓа во Белград).
*Дионис*, с. Зрзе кај црквата, Прилеп, втора половина на III век, гробен релјеф.

**Херакле - Херкул**[109]

*Херакле јавач на коњ*, с. Брод кај црквата, Битола, прва половина на III век, гробен релјеф.
*Херакло*, с. Долиште - Прилепско, прва половина на III век, почесен релјеф.
*Херакле Ерос*, Хераклеја, прва половина на II век, гробен релјеф со натпис.
*Херкулес*, Хераклеја, царски период, почесен натпис.
*Херакле*, локалитет Керамеија - Прилеп, прва половина на III век, гробен релјеф.
*Херакле*, локалитет Колобаиса - Трескавец кај манастирот, Прилеп, доцен III век, гробен релјеф.
*Херакле*, с. Костинци - Прилеп, прва половина на III век, релјеф со посвета.
*Херакле*, с. Крушевица - Прилеп, време на Тетрархија, околу 300 год.[110]
Легнатиот *Херакло* се поврзува со статуата на Тетрарсите (околу 300 год. која е вѕидана во црквата Св. Марко во Венеција). И Тетрарсите и Херакло се изработени во камен порфир кој доаѓа од египетскиот рудник Порфирит, а се обработувал во Александрија. Во класичниот период овој камен исклучително се користел за изработка на скулптури за божества или владари.[111] Здрвениот поглед и набубрените очи се обележја на сите владетели од времето на првата Тетрархија. Телото е мускулесто, а во десната рака држи суровица со дебел завршеток (боздоган). Косата му е стилизирана, а можи да претставува венец околу главата. Целото негово тело како да лежи под некоја подлошка од козино влакно (козина кадела).

108 Ibidem, 238 - 241.
109 Ibidem, 241 - 244.
110 И. Микулчиќ 1970, 334 б. 50.
111 I. Borovac 2004, 120.

 

*Сл. 3 - Легнат Херакло и статуата на Тетрарсите*

*Херакле*, с. Кудрени кај црквата, Прилеп, втора половина на II век, релјеф со посвета.
*Хераклес*, с. Мелница кај манастирот, Прилеп, втора половина на II век, статуа.
*Хераклес, Афродита и Ерос*, с. Могиле кај манастирот, Прилеп, прва половина на III век, гробен релјеф.
*Хераклес Kounagides*, с. Мојно - Битола, прва половина на II век, натпис со посвета.
*Херакле и Атена*, с. Небрегово - Прилеп, прва половина на III век, гробен релјеф.
*Хераклес*, с. Пештани - Прилеп, прва половина на III век, релјеф со посвета.
*Хераклес*, Прилеп, во околината, втора половина на II век, гробен релјеф.
*Хераклес и Афродита*, Прилеп, прва половина на III век, гробен релјеф.
*Херакле*, околина на Прилеп, втора половина на II век, релјеф со посвета.
*Херакло*, локалитет Стибера - Прилеп, крај на I век, глава на мала статуа.
*Херакло Kounagides*, с. Чепигово, Стибера - Прилеп, почесен натпис, олтар од 191 год.
*Херакло*, с. Шилево - Прилеп, втора половина на II век, бронзена статуета.
*Херакло*, с. Ташачица - Прилеп, втора половина на II век, статуета од бронза.
*Херакло*, с. Живојно - Битола, прва половина на III век, релјеф со посвета.
Херакло, с. Српци, *Грмадиште* - Битола, втора половина од II век.[112]

**Хермес - Меркур[113]**
*Хермес*, локалитет Алкоменаи - Прилеп, III век, статуета од бронза.
*Хермес*, с. Беравци - Прилеп, III век, статуета од бронза.
*Хермес*, од околината на Битола, втора половина од III век, релјеф со посвета (изчезнат).

112 Т. Јанакиевски 1976, 197.
113 S. Düll 1977, 245 - 248.

*Хермес*, с. Долиште - Прилеп, III век, статуета.
*Хермес*, локалитет Градиште (?), Прилеп, III век, статуета од бронза.
*Хермес*, с. Долиште - Прилеп, трет век, статуета од бронза.
*Хермес*, Хераклеја, почеток на III век, релјеф со посвета и натпис со посвета.
*Хермес*, Хераклеја, прва половина на III век, статуета од бронза.
*Хермес*, локалитет Крајни Рид, с. Кривогаштани - Прилеп, III век, статуета од бронза.
*Хермес*, с. Крушевица - Прилеп, II век, бронзена статуета
*Хермес*, Крушевица - Прилеп, III век, бронзена статуета.
*Хермес*, с. Локвени - Прилеп, III век, бронзена статуета.
*Хермес*, локалитет Маркови Кули - Прилеп, III век, бронзена статуета.
*Хермес,* с. Мојно - Битола, прва половина на II век, статуа.
*Хермес*, с. Мојно - Битола, прва половина на II век?, статуета.
*Хермес*, околина на Прилеп, прва пол. на III век, релјеф со посвета на олтар.
*Хермес*, околина на Прилеп, прва половина на III век, статуета во бронза.
*Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуета во бронза.
1. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки.
2. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
3. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
4. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
5. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
6. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
7. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
8. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
9. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
10. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
11. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
12. *Хермес*, околина на Прилеп, III век, статуетки во бронза.
13. *Хермес*, околина на Прилеп, II век, статуетки во бронза.
*Хермес*, с. Прилепец - Прилеп, II век, статуета во бронза.
*Хермес*, с. Прилепец - Прилеп, III век, статуета во бронза.
*Хермес*, с. Прилепец - Прилеп, III век, статуета во бронза.
*Хермес*, локалитет Селечка Река - Прилеп, III век, статуета во бронза.
*Хермес*, с. Волково - Прилеп, прва половина на III век, релјеф теракота, светилка.

**Хестија**[114]
*Хестија Булаја*, Хераклеја, прва половина на III век, натпис со посвета (исчезната).

**Посејдон - Нептун**[115]
*Посејдон?*, Хераклеја, царски период, релјеф со посвета (исчезната).

114 Ibidem, 248.
115 Ibidem, 249.

*Посејдон Еригон Нимфа*, локалитет Стибера - Прилеп, околу 200 година, натпис со посвета (пронајдена инситу).

**Зевс и Хера - Јупитер и Јунона**[116]

*Зевс Агораиос (заштитник на собрание) и Хера*, Алкоменаи, с. Бела Црква кај црквата, Прилеп, 192 година, натпис на подарување.
*Зевс Агораиос*, Алкоменаи, Бела Црква кај црквата, околу 200 година, натпис на подарување.
*Зевс*, с. Бач - Битола, почеток на III век, релјеф со посвета.
*Зевс Агораиос*, с. Црнилиште - Прилеп, 211 година, посветен релјеф и посветен натпис.
*Афродита, орел на кука*, с. Десово - Прилеп, прва половина на III век, гробен натпис (приватна збирка).
*Adler* ? Хераклеја, втора половина на II век, релјеф со посвета.
*Зевс*, Хераклеја, прва половина на III век, натис со посвета (исчезнат).
*Зевс Олимпски*, Керамеја - Прилеп, почеток на III век, почесен натпис.
*Јупитер optimus maximus*, Хераклеја, прва половина на III век, почесен натпис.
*Зевс Агораиос*, с. Плетвар - Прилеп, 167 година, почесен релјеф и почесен натпис.
*Молња Зевсова*, локалитет Стибера - Прилеп, втора половина на II век, почесен релјеф на база.

**Асклепие, Хигија и Телесфорос**[117]

*Телесфорос и Тракијски коњаник*, Хераклеја, средина на III век, гробен релјеф.
*Телесфорос*, Хераклеја, прва половина на III век, статуета теракотна.
*Асклепие и Хигија*, с. Ореовец - Прилеп, втора половина на II век, почесен релјеф, релјеф со посвета.
*Асклепие Спасител*, локалитет Стибера - Прилеп, 208 година, почесен натпис на олтар.
*Асклепие*, локалитет Стибера - Прилеп, почеток на III век, статуа.
*Асклепиос, Лета и Диоскури*, локалитет Тројкрсти, Стибера - Прилеп, прва половина на III век, почесен натпис со почесен релјеф.

**Диоскури**[118]

*Диоскури богови*, с. Дуње - Прилеп, 232 година, почесен релјеф и почесен натпис.
*Диоскури богови*, Хераклеја, околу 200 година, почесен релјеф.
*Диоскури богови спасители*, с. Крушевјани кај црквата, Прилеп, прва половина на III век, почесен натпис и почесен релјеф.
*Диоскури*, околина на Прилеп, средина на III век, почесен релјеф.

---

116 Ibidem, 249 -253.

117 Ibidem, 253 - 255.

118 Ibidem, 255 - 256.

*Диоскури Асклейие Леда*, локалитет Трајкрсти, Стибера - Прилеп, прва половина на III век, почесен релјеф и почесен натпис.
*Диоскури*, с. Волково - Прилеп, околу 200 година ?, почесен релјеф.
*Диоскури Арйемида, Ефеска*, с. Живојно - Битола, 160 година, почесен релјеф, почесен натпис.

**Пан - Сатир**[119]
*Пан Дионис*, Хераклеја, прва половина на II век, статуета на база.
*Пан*, Хераклеја, II век, статуета од бронза.

**Пасикрата - ослободителка на робови**[120]
*Божица сйасийелка*, Хераклеја, 128?, натпис за ослободување, капител (изгубена).
*Божица Пасикрайа*, с. Суводол - Битола, 281 година, натпис за ослободување;
*Божица Пасикрайа*, с. Суводол - Битола, 286, натпис за ослободување;
*Божица Пасикрайа*, с. Суводол - Битола, 307 година, натпис за ослободување, ара со 3 натписи, гаранција за ослободување на робови.
*Божица*, с. Суводол - Битола, крај на III век?, натпис за ослободување, на столб.

**Моира - судбина**[121]
*Моира*, с. Ореовец - Прилеп, доцен II век, почесен релјеф.

**Немеза**[122]
*Божица Немеза - Тихе*, заштитничка на градот, Хераклеја, ран II век, статуа со почесен натпис.
*Немеза*?, Хераклеја, прва деценија на II век, глава на статуа.
*Божица Диаскура (йерсонификација на йравда, йошйеносй, законийосй)*, Хераклеја, втора деценија на II век, почесен натпис на олтар.
*Немеза*?, околината на Прилеп, прва половина на III век, почесен релјеф.

**Тихе**[123]
*Изис - Тихе*, локалитет Грмадиште, с. Српци, околина на Битола, II век, статуета во бронза.
*Тихе Полеос (заштийник на градой) Немеза Божица*, Хераклеја, прва половина на II век, почесен натпис, статуа, пронајдена инситу.
*Изис - Тихе*, Хераклеја, II век, биста, бронза.
*Тихе*, Хераклеја, прва половина на III век, статуета во бронза.
*Изис - Тихе*, Хераклеја, прва половина на III век, две статуетки во бронза.
*Изис - Тихе*, локалитет Керамеија - Прилеп, I век, статуета во бронза.

119 Ibidem, 256 - 257.
120 Ibidem, 257.
121 Ibidem, 258.
122 Ibidem, 258 - 259.
123 Ibidem, 261 - 262.

*Изис - Тихе*, Прилеп, втора половина на II век, статуа во бронза (исчезната).
*Изис - Тихе*, Прилеп, I век, статуета во бронза.
*Изис - Тихе*, локалитет Керамеија - Прилеп, прва половина на II век, две статуетки.
*Тихе*, локалитет Стибера - Прилеп, Хадријаново време, во ѕидот на храмот Тихе.
*Божица Тихе*, локалитет Стибера - Прилеп, 126 година, почесен натпис, инситу.

**Нимфи - божици - духови на природата**[124]
*Нимфа*, Хераклеја, втора половина на II век, почесен релјеф.
*Нимфи, Ериѓон и Посејдон*, локалитет Стибера - Прилеп, околу 200 година, почесен натпис, инситу.

**Змии**[125]
*Змии*, локалитет с. Чашка - Прилеп, прва половина на III век, почесен релјеф.
*Змии на калкан*, Хераклеја, прва половина на III век, гробен релјеф.
*Змии со Дионис*, Хераклеја, прва половина на III век, почесен релјеф.
*Змии, Аӣолон, Арӣемида*, с. Мренога - Демир Хисар, втора половина на II век, релјеф со посвета.
*Змии*, с. Ореовец - Прилеп, прва половина на III век, почесен релјеф.
*Змии*, Прилеп, прва половина на III век, почесен релјеф.
*Змии на калкан, Дионисиус*, с. Прилепец - Прилеп, втора половина на II век, гробен релјеф.
*Змиии*, Прилеп, прва половина на III век, почесен релјеф.[126]
*Змеј - змии*, с. Тројаци - Прилеп, втора половина на II век, почесен релјеф со почесен натпис.

**Мани - души и сенки на мртвите**[127]
*Мани*, Хераклеја, втора половина на II век, гробен натпис.
*Мани*, Хераклеја, почеток на IV век, гробен натпис.
*Мани боѓови демони, Тракиски коњаник*, локалитет Рувци кај црквата, Прилеп, 59 година, гробен релјеф, гробен натпис.

**Египетски богови**[128]
*Сераӣис*, локалитет Грмадиште - Битола, трета четвртина на II век, глава, статуа од бронза.[129]
*Изис - Forӣуна*, локалитет Грмадиште - Битола, II век, статуета во бронза.[130]

---

124 Ibidem, 263 - 264.
125 Ibidem, 264 - 265.
126 Н. Вулић 1931, 161, сл. 417; Б. Битракова - Грозданова 1999, 164.
127 S. Düll 1977, 266.
128 Ibidem, 266 - 267.
129 Т. Јанакиевски 1976, 193 - 194; В. Битракова - Грозданова 1999, 64.
130 Т. Јанакиевски 1976, 194 - 196; В. Битракова - Грозданова 1999, 78, 80.

*Изис - Регина*, локалитет Грмадиште - Битола, II век, биста во бронза.[131]
*Harpokrates*, Хераклеја, прва половина на I век?, статуета во бронза.
*Изис - Тихе*, локалитет Керамие - Прилеп, прва половина на III век, две статуи во бронза.
*Изис - Фортуна*, Прилеп, прва половина на I век, статуета во бронза.[132]
*Изис - Фортуна*, околина на Прилеп, втора половина на III век, статуета во бронза.[133]

## Ориентални богови

*Кибела*, с. Ново Село - Прилеп, втора половина на II век, седната статуета.[134]
*Кибела,* Варош-Прилеп,тритеракотниликови,датираниводоцнохеленистички период.[135]
*Митра*, под Маркови кули - Прилеп, втора половина на III век, почесен релјеф во пештера - Митреум. Спрема податоците на Г. Кацаров под "Маркови Кули" открил еден релјеф на персискиот бог *Митра*. Релјефот бил издлабен на стена, во една мала пештера.[136] За култната икона истите податоци ги споменува и Б. Сарија и Н. Кокиќ. Единствено Н. Вулиќ покрај споменувањето на пештерата тој регистрирал само змија под телото на бикот и кучето. Под релјефот, на мазната површина стоел натпис од кои биле видливи само неколку букви.[137] За време на I Светска војна, пештерата била минирана.[138] Култот на *Митра* е посветен на сонцето и во него постои бесмртност на душата, исповед и воскресение.[139] Дури и римските цареви, Диоклецијан, Галерије и Лициние обновиле Митрино светилиште,[140] а Јулијан бил склон на овој култ.[141] Кај нас, во прво време култот веројатно го донеле трговци од исток, за потоа брзо да го прошират ориенталните војници кои служеле во римските легии кон крајот на III и почетокот на IV век. Најверојатно со населувањето на римските ветерани, култот е пренесен и на домородното, романизирано население. Богот е роден од стена што е симбол на земјата. Митриното име и денеска сè уште живее во ограноците на зороастризмот во

131 Т. Јанакиевски 1976, 196; В. Битракова - Грозданова 1999, 86.
132 П. Лисичар 1961, 125 - 135; В. Битракова - Грозданова 1999, 70.
133 В. Битракова - Грозданова 1999, 74.
134 Н. Вулиќ 1931, 164, сл. 426; Б. Јосифовска 1961, 68 - 69; S. Düll 1977, 268; В. Битракова - Грозданова 1999, 134.
135 В. Битракова - Грозданова 1999, 124 - 128.
136 Г. Кацаров 1924, Н. 1377.
137 N. Vulić 1937, 38; Б. Јосифовска 1961, 68 (стои пештера Прилепец, но најверојатно е грешка бидејќи пештерата била под Маркови Кули, патче кое води кон карпата наречена Слон); Љ. Зотовиќ 1973, 12, 43 - 44.
138 И. Микулчиќ, кон крајот на 50-тите год. од XX век го видел олтарот со кратенката D. S. I. M. (Deo Soli Invicto Mithrae).
139 Љ. Зотовиќ 1973, 135.
140 Д. Срејовиќ, А. Цермановиќ-Кузмановиќ 1987, 271.
141 E. Yomauchi 1985, 62.

Иран и Индија. Исклучувањето на жените од обредите, му ја одзеде на ова идолопоклонство широката поддршка, за разлика од христијанството каде е вклучена целата фамилија.[142]

Од приложениов материјал можеме да заклучиме дека мешањето на грчките и римските "богови" било дел од верувањето на повисоките сталежи, особено *Хермес* (римски *Меркур*), заштитник на Трговците.[143] Но, сепак, изворната религија на простите маси било гатањето, така што со време било прифатено и во римската религија. Ниту еден поголем настан во животот на римскиот човек не можел да помине без гатање (пророкување на денот - денес "хороскоп"). Сето тоа им е превземено од Етрурците.[144]

За сите божества кои се наброени, иако датирањето ни кажува дека потекнуваат од II и III век, имаме индиции дека биле користени и понатаму во доцната антика.

### 3.1. Некрополи

Во раната антика, исто како и денес, гробовите се наоѓаат надвор од населбите. Богатите сметале дека најценети се оние гробишта кои се веднаш зад градскиот ѕид или пак долж патиштата што излегуваат од градот.[145] Во зависност од функцијата на населбата, било да е civitas, vikus, pagus, или пак социолошката структура на населението, имаме различна поставеност на некрополите (Долен Град). Ќе се задржиме на некои во областа на Линкестида, Пелагонија и Деуриоп.

1. С. Бач, Битолско - на локалитетот *Некропола - Самовили* најдени се скулптури и фигури од бронза (Пан, Хермес, Фортуна).[146]

2. С. Беранци, Битолско - локалитет *Воден Дол*, некропола од римско време, пронајдени се пари од Каракала и Јулија Маеса.[147]

3. С. Беранци, Битолско - локалитет *Плочи*, над селото, некрополи од римско време, датирани со пари од Ј. Цезар, О. Август, Тибери.[148]

4. С. Будаково, Битолско - локалитет *Арапски гробишта*, некропола од римско време.[149]

5. С. Градешница, Мариово - локалитет *Маркојца*, некропола од римско време. Гробовите се градени од камени плочи, се наоѓа на блага падина, непосредно до селото.[150]

---

142 I. Borovac 2004, 124.
143 D. Srejovi}, A. Cermanovi} 1987, 262.
144 Ibidem 124 - 125.
145 И. Микулчиќ 2003, 48.
146 N. Vulić 1937, 10; М. Грбић 1954, 121; Д. Г. 1996, 17.
147 I. Mikulčić TIR 1976, 24; Д. Г. 1996, 17.
148 I. Mikulčić 1966, 75; I. Mikulčić TIR 1976, 25; Д. Г. 1996, 18.
149 N. Vulić 1937, 22; I. Mikulčić TIR 1976, 31; Д. Г. 1996, 25.
150 Н. Вулић 1931, 32; I. Mikulčić TIR 1976, 60.

6. С. Делбеговци, Битолско, локалитет *Батаци*, некропола од римско време, откриени се камени плочи и тегули од гробна конструкција.[151]

7. С. Живојно, Битолско, локалитет *Keралот*, некропола од римско време, пронајдени се пари од Константин I и Валенс.[152]

8. С. Лопатица, Битолско, локалитет *Коритница*, некропола од римско време, откриени се гробови од типот на две води, градени од големи тегули.[153]

9. С. Цапари, Битолско, локалитет *Патрица - Герани*, некропола од римско време, откриени се повеќе гробови, градени од тегули.[154]

10. С. Црничани, Битолско, локалитет *Рупка*, некропола од римско време, градени гробови од камени плочи.[155]

11. С. Ковче, Македонски Брод, локалитет *Грамадиште*, некропола од римско време. На источниот крај од локалитетот откриени се неколку гробови градени од големи камени плочи со различна ориентација.

12. С. Крапа, Македонски Брод, во селото, некропола од римско време, на горниот крај од селото откриени се неколку гробови градени од големи камени плочи. Откопан е надгробен споменик од мермер со претстава на 4 луѓе, лежи во месноста викана "Грмаѓе", 1 км. јужно од селото. Пронајдени се и римски монети.[156]

13. С. Тажеви, Македонски Брод, локалитет *Брчка*, некропола од римско време, на горниот крај на локалитетот се откопани неколку гробови.[157]

14. С. Црешнево, Македонски Брод, локалитет *Брест*, некропола од римско време.[158]

15. С. Црешнево, Македонски Брод, некропола од римско време. На 500 метри од маалото Старовци, при обработување на земја со површина од три до четири декари, биле откриени гробови со ќерамички садови во нив.[159]

16. С. Мренога, Демир Хисар, локалитет *Боричино*, некропола од римско време, откопан е гроб со конструкција од камени плочи, во кој е најден ќерамички сад, белегзија од бронза и прстен.[160]

17. С. Алинци, Прилеп, локалитет *Бостаништа*, некропола од римско време. На 500 метри југоисточно од патот Прилеп - Битола биле откриени 14 гроба со остатоци од кремирани покојници. Во гробовите имало прилози од стаклени и ќерамички садови и накит од бронза, а пронајдени се и монети.[161]

18. С. Беловодица, Прилеп, локалитет *Грамадина*, некропола од римско време. Јужно од селото откопана е надгробна стела, а исто така и други материјали кои се вѕидани како сполии во селската црква и во училиштето.[162]

---

151 Т. Ј., Г. Ф. 1996, 27.

152 I. Mikulčić TIR 1976, 136; Д. Г. 1996, 32.

153 Т. Ј. 1996, 35.

154 Т. Ј., Г. Ф. 1996, 46.

155 Н. Вулић 1931, 24, 26; Т. Ј., Г. Ф. 1996, 46.

156 А. К. 1996, 50.

157 Ibidem, 51.

158 Ibidem, 51 - 52.

159 Ibidem,, 52.

160 Г. Гагиќ 1980/81, 95; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 139.

161 Н. Вулић 1931, 140; Б. Бабиќ 1971, 67; Б. Б., Б. К. 1996, 280.

162 Н. Вулић 1931, 142 - 143; Н. Вулић 1941-48, 146; Б. Б., Б. К. 1996, 281.

19. С. Беловодица, локалитет *Селиште*, Прилеп, некропола од римско време. На два километри северозападно од селото, непосредно кај старата траса на патот Прилеп - Скопје се најдени гробови од мермерни плочи и монети во нив.[163]

20. С. Бонче, Прилеп, локалитет *Старо Бонче*, некропола од римско време. Јужно од селото, на нива, се откриени гробови во кои се најдени римски монети од бронза.[164]

21. С. Браилово, Прилеп, локалитет *Тумба*, некропола од римско и доцноантичко време, откриени се неколку мермерни плочи, подот на гробот бил со печени тули.[165]

22. С. Љубојно, Ресен, локалитет *Граишта*, некропола од римско време. На 1 км. од селото, покрај патот за с. Брајчино, мештаните откопале повеќе гробови во кои се најдени ќерамички садови.[166]

23. С. Подмочани, Ресен, локалитет *Св. Ѓорѓи*, некропола од римско време. На 500 метри југозападно од селото, во правец на езерскиот брег биле откопани и уништени повеќе гробови со конструкција од камени плочи. Зачувана е надгробна стела со релјефи, претстава на бисти на маж, жена и коњаник.[167]

24. С. Витолиште, Мариово, локалитет *Гробишта*, до црквата Св. Илија, некропола од римско време. На северниот раб од селото откопани се гробови со надгробни стели од мермер.[168]

25. С. Витолишта, локалитет *Задна Река Грмајте*, некропола датирана од II век, според монетите и други наоди. Во близина е и локалитетот Волачник со некропола од римски период на кој се откриени повеќе гробови.[169]

26. С. Горно Село, Мариово, локалитет *Асаница*, некропола од римско време. Локалитетот е во близина на селото, на него се пронајдени гробови и во нив римски монети, делови од накит и статуета со претстава на Меркур, изработена во бронза.[170]

27. С. Горно Село, Мариово, локалитет *Ризоец*, некропола од римско време. На околу 300 м. северно од селото е откриен гроб со богати прилози: садови од ќерамика и бронза.[171]

28. С. Дабница, локалитет *Караташ*, некропола од римско време. Во близина на селото пронајдени се надгробни стели со грчки натпис и повеќе гробови.[172]

---

163 Б. К., Л. К., К. К. 1996, 281.

164 К. Кепески 1987, 41; Б. Б., Б. К. 1996, 282.

165 Н. Вулић 1931, 144; А. Керамитчиев 1961, 45 - 46; I. Mikulčić TIR 1976, 29; Б. Б., Б. К. 1996, 28.

166 В. Битракова 1988, 187; С. С., В. С. 1996, 339.

167 С. С., В. С. 1996, 340.

168 I. Mikulčić TIR 1976, 132; И. Микулчиќ 1967, 47; Г. М. 1996, 289.

169 N. Vulić 1937, 49; I. Mikulčić TIR 1976, 132; Л. Кепеска, К. Кепески 1989, 281; Л. Кепеска, К. Кепески 1990, 181; Л. К. 1996, 289 - 290.

170 N. Vulić 1937, 26; Б. Б.; Б. К. 1996, 293.

171 Б. Б., Б. К. 1996, 293.

172 Н. Вулић 1931, 148 - 149; Б. Бабиќ 1971, 67; Б. Б., Б. К. 1996, 294.

29. С. Дуње, Мариово, локалитет *Боево Трло*, некропола од римско време. Во близина на селото откриен е гроб циста со конструкција од камени плочи и ориентација исток - запад.[173]

30. С. Дупјачани, локалитет *Гробишта*, некропола од римско време. На североисточниот крај на селото откриени се два гроба, а на површината имало повеќе надгробни плочи.[174]

31. С. Дупјачани, локалитет *Гробишта I*, некропола од римско време. На неколку стотини метри југоисточно од селото, во урнатините на мала гробна црква најдена е четвртаста урна без капак. Украсена е со гирланди и букромиони. До неа е најдена ара од мермер и фрагменти од мермерна пластика.[175]

32. С. Кален, Мариово, локалитет *Грмаѓе*, фрагменти од мермерни плочи со релјефни претстави и натписи.[176]

33. С. Крушевица, Мариово, локалитет *Досело*, некропола од римско време. Во близина на селото, локалитетот Страгата и патот за село Чаништа пронајдени се остатоци од некропола, откопани се надгробни стели, статуета со богот Меркур од бронза, ламби и др.[177]

34. С. Манастир, Мариово, локалитет *Грамаѓе Белило*, некропола од римско време на 200 метри источно од селото, со локалитетот Камен Крст - Присој на северозапад од селото пронајден е гроб со големи камени плочи, тип - циста.[178]

35. С. Никодин, Мариово, локалитет *Глоговица*, некропола од римско време. На еден километар источно од селото најдена е надгробна стела со релјефи без натпис, како и монети на Хадријан и Антониј Пиј.[179]

36. С. Ореовец, Мариово, локалитет *Далов Гроб*, некропола од римско време. На просторот помеѓу селото и црквата откриена е надгробна плоча со калкан, а под него во двојна едикула се претставени по две фигури во два реда, а под нив има грчки натпис во шест реда.[180]

37. С. Пештани, Прилеп, локалитет *Грамаѓе (Пештера, Св. Илија)*, на еден километар јужно од селото и источно од позиција на локалитетот се протегаат остатоци од главната градска некропола со над 100 гроба и хронолошки дијапазон од рана антика до доцен VI век .[181]

38. Прилеп, локалитет *Караташ*, некропола од римско време. На околу 500 метри северозападно од касарната, во лозје се пронајдени неколку гробови со ќерамички садови и еден постамент на стела со грчки натпис од осум реда и релјеф на претстава на жена, како и уште еден релјеф на девојка која држи птица и венец.[182]

---

173 Н. Вулић 1931, 152, 153, 154; N. Vulić 1937, 25; I. Mikulčić TIR 1976, 47; Б. К., Л. К., К. К. 1996, 298.

174 Н. Вулић 1931, 148; N. Vulić 1937, 26; I. Mikulčić TIR 1976, 49; Б. К., Б. Б. 1996, 299.

175 Н. Вулић 1931, 148; I. Mikulčić TIR 1976, 49; Б. Б., Б. К. 1996, 299.

176 Н. Вулић 1931, 156; Н. Вулић 1941-48, 169; Б. К., Л. К., К. К. 1996, 300.

177 Н. Вулић 1931, 157 - 158; N. Vulić 1937, 28; Б. К., Л. К., К. К. 1996, 302.

178 Б. К., Л. К., К. К. 1996, 303.

179 N. Vulić 1937, 33; I. Mikulčić TIR 1976, 91; Б. Б., Л. К.. 1996, 305.

180 Н. Вулић 1931, 164, 165, 166, 167; Б. Б., Б. К. 1996, 305.

181 В. Лилчиќ 2005, 14, 16.

182 Н. Вулић 1941-48, 175; Б. Б., Б. К. 1996, 308.

39. Прилеп, локалитет *Силос*, некропола од римско време. Во близина на железничката станица, кај стариот силос за жито откриени се конструкции од камени плочи и тегули, а најдена е и бронзена статуета Херакле.[183]

40. С. Слепче, Прилеп, локалитет *Бара*, некропола од римско време. Во близина на железничката пруга најдена е надгробна стела од мермер со релјефна претстава на биста од жена.[184]

41. С. Слепче, локалитет *Крсш*, некропола од римско време. Во близина на атарот на селото Браилово покрај патот се најдени надгробни стели од мермер со релјефни претстави.[185]

42. С. Слепче, локалитет *Сшаро Гумно*, некропола од римско време. Југозападно од манастирот Слепче, во нива, откриени се неколку гробови градени од камени плочи со ориентација север - југ.[186]

43. Манастир Трескавец, локалитет *Гумење*, Прилеп, некропола од римско време. На околу 300 м. јужно од манастирот Трескавец има плато од 1 ха. и откриени се гробови IV век пр.н.е. до доцно римско време.[187]

44. С. Тројаци, локалитет *Василички ѓробишша*, Прилеп. Некропола од римско време. На 1 км. северо-источно од селото, покрај патот за с. Топлица се откриени гробови со ориентација исток - запад. Најдена е мермерна стела со претстава на три листа во плиток релјеф.[188]

45. С. Царевиќ, локалитет *Римски Габер*, Прилеп, некропола од римско време во близината на селото пронајдени се мермерни плочи со грчки натпис и дел од надгробни плочи со релјефно претставена биста.[189]

### 3. 1. 2. Гробници во карпа

С. Суводол, Битола, хеленистички гробници, сечени во карпа (датирани II век пр.н.е.). Најдени се голем број на мермерни статуи и релјефи со претстава на божества од римско време, *Дионис, Кибела, Форшуна - Тихе* или *Демешра, Парки - Мојри, Пасикраша* и др.[190]

Долж источниот трап на Пелагонија се наоѓаат изделкани гробници во карпи. Во Прилепскиот дел откриени се во месноста Гумење, под манастирот Трескавец,[191] Бонче Подмол,[192] Горно Село, Сурун Тумба, Испраена Плоча,

183 Б. Б., Б. К. 1996, 309.
184 TIR 1976, 116; Б. Б., Б. К. 1996, 311.
185 TIR 1976, 116; Б. Б., Б. К. 1996, 312.
186 TIR 1976, 116; Б. Б., Б. К. 1996, 312.
187 TIR 1976, 72; Б. Б., Б. К. 1996, 313 - 314.
188 Б. Б., Б. К. 1996, 314.
189 N. Vulić 1937, 22; I. Mikulčić TIR 1976, 33; Б. Б., Б. К. 1996, 315.
190 Ф. Месеснел 1935, 201 - 205; N. Vulić 1937, 42, 43, 44; I. Mikulčić TIR 1976, 123; Т. Јанакиевски 1993, 194 - 161; И. Микулчиќ 1999, 81 - 82.
191 Н. Вулић 1941-48, 193 - 194; Б. Бабиќ 1959, 52; Б. Б., Б. К. 1996, 313.
192 I. Mikulčić 1966, 62, 63.

Големи Камења, Тумба,[193] Дабојиќ и Крклари кај населба Варош (Прилеп).[194] Во поново време откриени се нови и непознати примери на вакви гробници на месноста Грло кај Горно Село, Разбојничка Дупка југозападно од Кале Алданци (с. Подвис) и локалитет *Караташ*, северно од Прилеп.[195] Во с. Крушевија, Прилепско се наоѓаат корита длабени во карпа, кои најверојатно биле гробови. Локалитет *Каве*, Прилепско, исто гробови - корита, издлабени во карпа.[196] Констатираме дека овие гробови, изделкани во карпа, содржат и римски наоди за кои не знаеме дали во гробниците се римски импорт или се пак романизирани благородници од локалното население. Оставаме на понатамошните истражувања и сметаме дека со нив ќе се открие правиот идентитет на мртвите.

### 3.2. Раноантички храмови во доцната антика

Храмот е градба подигната во чест на некое или повеќе божества, поточно за култни дејства посветени на тие божества (обично церемонијални или обредни). Од раната антика, остатоци од храмови во Пелагонискиот регион со помешани божества (македонски и римски, со исти атрибути а различни имиња), пронајдени се на овие поважни локалитети:

- Во *Хераклеја Линкестис* постои статуа на божицата Немеза која се наоѓа во "Портикот со почесни и вотивни споменици". На нејзиниот постамент пишува дека таа била градска Тихе,[197] римјаните ја нарекувале Фортуна (среќа). Со исти атрибути заштитничка на правдата, слободните робови, слепата среќа и други.[198] Нејзината скулптура стоела и во гимназионите



*Сл. 4 - Хераклеја, мермерен блок со траги од бронзена статуа*

193 Ibidem 80.
194 К. Кепески 1971, 49, 50.
195 А. Митковски 1996, 89 - 96.
196 Б. К., Л. К., К. К. 1996, 301 - 302.
197 Г. Томашевиќ 1965, 24 - 27.
198 Д. Срејовић, А. Цермановић-Кузмановић 1987, 281, 282, 442; А. Замуровић 1998, 301, 302, 404, 405, 406.



*Сл. 5 - Битола, црква Св. Димитрија, мермерен блок со траги од бронзена статуа (лево - горен дел; десно - долен дел).*

каде ја делела правдата на натпреварите. Дали таа стоела во нејзиниот храм во *Хераклеја*? Или била во античкиот театар? Не можеме да кажеме со сигурност, но претпоставуваме дека во доцната антика портикот не можел да постои паралелно со ранохристијанската базилика.[199] Авторот во нејзиниот труд споменува еден дислоциран плочест, мермерен блок, долг околу 2 м. на кој на двата краја се наоѓаат вдлабнатинки од стопала. Томашевиќ смета дека на блокот стоеле статуи од бронза.[200] При опишувањето на овој мермерен блок, кој е сè уште на местото од ископувањата вршени во 1961 год. направила пропуст велејќи дека има траги од две стопала. На блокот имаме една вдлабнатина од човечко стапало, другата е од коњско копито, а десно од нив пак трага од стапало на кое сè уште се познаваат траги од бронза. Веднаш е видливо дека блокот е дислоциран, не е во редот на другите статуи. Исти такви траги, на стапало и копито издлабени во мермерна база (82 x 82 см.), на задниот дел, пронајдени се при реконструкција на црквата Св. Димитрија во Битола. Оваа база, со уште 3 други, биле искористени за столбови во наосот на црквата.[201] Знаеме дека базите, заедно со коринтските столбови се донесени од локалитетот *Хераклеја*.[202] Г. Томашевиќ потврдува дека на делот каде се наоѓа портикот во *Хераклеја* имало претходни ископувања.[203] Тоа ни кажува дека ситуацијата при нејзините ископувања не била "ин ситу". Во истиот дел од локалитетот, М. Грбиќ пронашол торзо на римски офицер и статуа на Венера која седи покрај делфин.[204] Вака, на различно ниво на поставеност на скулптурите, дислокација на постаментите, и различниот

199 Г. Томашевиќ 1965, 9, бел. 2.

200 Ibidem, 14 - 15, сл. 5.

201 Црквата "Св. Димитрија" била изградена во 1830 год.

202 В. Лилчиќ 2001, т.I, 207, 217.

203 Г. Томашевиќ 1965, 9, бел. 1.

204 М. Грбиќ 1932, 231.

материјал за обликување на скулптурите ни создава размислување дека не се работи за галерија на почесни и вотивни споменици. Претпоставуваме, дека во времето на христијанизација на градот *Хераклеја*, или поточно во 381 год. кога царот Теодосије I, христијанството го прогласува за државна религија[205] сите скулптури што биле во градот, губејќи ја својата функција, собрани биле на едно место и со текот на времето во погоден момент биле уништувани. Дел од нив, при крајот на IV век биле искористени при ѕидање на темели[206], простории и ѕидови.[207]

Г. Томашевиќ, до крајот на животот, остана во дилема: како завршувал портикот на источната страна?, дали претставувал самостоен објект?, дали е дел од некој перистил?, дали тој припаѓал на гимназион, библиотека или бил дел на капатилото? Овие прашања сѐ уште се без одговор.[208]

- Крушево, с. Локвени, селска црква Свети Дух, пронајдени се елементи од храм од бел мермер во дворот на црквата.[209]

- Населба Варош, црква Св. Димитрија, Прилеп, во западната фасада на црквата вѕидан е еден архитрав со фриз во монолит, лев дел од фасадата на еден храм, од бел мермер.[210]

- Античко утврдено светилиште, локалитет *Колобаиса*, манастир Трескавец, 8 км. северно од Прилеп. Околу светилиштето Трескавец израсната е уште во пред римско време укрепена населба *Колобаиса* (Κολοβαισα).[211] Храмот бил посветен на *Аполон Отеуданос* односно *Етеуданискос* (удира со гром)[212] и сестра му *Артемида*, за да во доцната антика овие пагански божества ги поместат имињата на Константин и Елена.[213]

- С. Дебреште, локалитет *Кале*, Прилеп. Пронајдени се архитектонски елементи на еден помал храм, мавзолеј од раноримскиот период.[214]

- С. Прилепец, Прилеп, локалитет *Безистен*. Овде најверојатно се наоѓа храм од раниот царски период.[215]

- С. Прилепец, Прилеп, локалитет *црквиште Св. Димитрија*, најдена е мермерна плоча, дел од плафонот на некој храм, украсена со касети и релјефна розета.[216]

---

205 Б. Алексова 2003, 14.

206 Г. Томашевиќ 1965, 16, сл. 7.

207 И. Микулчиќ 1974, 358; Сигурно не биле уништени во 267/8 год. бидејќи римските многубожци сѐ уште биле на власт и своите богови не би ги срушиле. Напротив, по повлекувањето на Херулите и Готите тие ќе ги обновеле спомениците (скулптурите) бидејќи тие биле дел од римската религија.

208 G. Cvetković - Tomašević 1978, 31 - 32.

209 В. Лилчиќ 2001, 119.

210 Ibidem 385.

211 Н. Вулић 1934, 56 бр. 58; Ф. Папазоглу 1957, 223; I. Mikulčić TIR 1976, 72; И. Микулчиќ 1983, 198.

212 Н. Вулић 1931, 182, 183 бр. 489, 490, 491; В. Лилчиќ 2001, 293.

213 И. Микулчиќ 1983, 199.

214 В. Лилчиќ 2001, 395.

215 Ibidem 413.

216 Н. Вулић 1931, 174 бр. 461; В. Лилчиќ 2001, 413.

- С. Прилепец, Прилеп, локалитет *Волково - Безистен*, остатоци од раноримски храм.[217]

- С. Сенокос, Прилеп, локалитет *Пуста Црква*. Во селската црква Св. Атанасиј биле пренесени делови од венец, остатоци од храм.[218]

- С. Чепигово, Прилеп, локалитет *Стибера*. Храм на божицата *Тихе* кој во 1953 год. за прв пат е истражуван посистематски.[219] Комплетната археолошка слика со архитектурата, градежни основи и карактеристики на стилот incertum можеме да ги видиме во овој храм.[220] Во 1999 година И. Микулчиќ прави совршена реконструкција со која комплетно ни ја доловува амбиенталната ситуација на овој храм.[221] Нема никаква дискутабилност во однос на она што е репрезентирано и во двата негови труда, во 1996 и 1999 година. Засега само новите ископувања би можеле да ја раздвижат оваа "статус кво" положба на локалитетот *Стибера*.

Елементите од паганските храмови ги следиме и во: ранохристијанските базилики, средновековните цркви, црквите од периодот на преродбата и во руралните еднокорабни цркви.[222] Зошто ги среќаваме на овие места? Не можеме и не смееме да размислуваме дека овие елементи се искористени само во секундарна употреба како градежен материјал. Уште во доцната антика над паганските храмови се граделе ранохристијански цркви. Овој начин на доминација има длабока симболика: за широките народни маси е направен компромис со нивните стари и нови богови - истиот бог со ново име и исти атрибути, што во суштина е само преживување на старите и вградување на новите, како континуитет.[223]

217 В. Лилчиќ 2001, 415.
218 Ibidem 419.
219 Д. Вучковић 1963, 73.
220 И. Микулчиќ 1996, 24 - 25.
221 И. Микулчиќ 1999, 61 сл. 32.
222 В. Лилчиќ 2001, 217 - 445.
223 С. Тодоровски 2002, 111 - 112.

## III. Историска појава на доцната антика и нејзината култура

Во крајот на III век настана едно социјално и духовно превирање, како последица на економско политичките промени, предизвикани од загубените духовни вредности во дотогашните култови и религии во целина. За прв пат, настана распад во политичкиот, а по него и во стопанскиот систем, предизвикано од новите промени во ропството и трговијата. Римската војска, од офанзивни дејствија превзема дефанзивни. Декадентноста го уништи авторитетот на царот, настана ситуација војската да ги избира својте команданти за императори. Во борбите за превласт ги ограбувале сопствените градови. Границата немало кој да ја чува. Преку Дунав навлегуваат бројни варварски групи кои засекогаш оставија печат на доцната антика, спремајќи се за новиот европски поредок во средниот век - феудализмот.

### 1. Времето на Диоклецијан и неговите наследници

Диоклецијан владеее од 285 - 305 год. како теократ.[224] Неговите реформи во управните и политичките државни установи, му донеле углед меѓу граѓаните. Одлика на неговото владеење било строгост и дисциплина. Вовел порези за трошоците на војската и јавните работи.[225] Пирамидата на власта како што ја зацртал тетрархијата (владеење на четворица еднаквоправни владетели) можи да се види на надворешниот ѕид од црквата Св. Марко во Венеција на која се прикажани Диоклецијан, Максимијан, Констанције Клоро и Галерије. Стојат еден наспроти друг, наводно во слога.[226] Периодот на овие цареви беше последен обид за рехабилитација на моќта на империјата во очите на "варварите". Бидејќи "варварите" не само што седеле на границите на римската империја, туку упорно и сигурно продирале во сите пори на јавниот живот на царството. За христијаните, Диоклецијан остана како еден голем противник,

224 I. Borovac 2004, 119.
225 Ibidem, 119.
226 Ibidem, 120.

во листата на владетели - гонители.[227] Со своите реформи царот Диоклецијан го подели царството на два дела: источно и западно. Пелагониската регија со поголемиот дел од Балканот припаѓале на префектурата Илирик.[228] Префектурата била поделена на диецези, а тие пак на повеќе провинции.[229] За нас се важни оние делови од Пелагониската регија кои припаѓале во провинциите Македонија секунда и Македонија прима.[230]

### 2. Константиновиот пресврт

Константин, син на Констанције Клоро и Елена, роден е во 285 година во Ниш (Naissus). Својата младост ја поминал во Никомедија, на Диоклецијановиот двор.[231] Кога Диоклецијан, во 305 година го најави своето абдицирање, пред собраната војска бил и Константин. Тој сметал дека ќе биде назначен за Цезар, а неговиот татко за Август. Но Диоклецијан го назначил за врховен цар, Галерије. Со текот на времето Константин сметал дека станал заложник на Галерије во Никомедија па побегнал кај неговиот татко, кој од 305 година бил цар на Западното римско царство. Константин со коњ тргнал од Никомедија кон Галија, служејќи се со коњите од попатните станици, кои на секои неколку километри ги менувал исто како царските гласници. На секоја станица ги сакател коњите а оставал еден за јавање, со цел никој да не можи да го гони. Му се придружил на татко му во Галија, а бил со него кога тој умрел во Јорк, Британија (град на границата со Шкотска, дел од Хадријановиот ѕид, од каде почнувале сите инвазии на Каледонија) во 306 година.[232] Во 311 година, Галерије прогласува толеранција. Христијаните добиваат одредени права. Во истата година, последниот источен цар, Галериј, слегува од престолот. Во 312 година, Константин требало да се судри со Максенције,[233] кај Милвојскиот мост, преку реката Тибар, надвор од Рим. И сега следува таа фамозна вечер.[234] Утредента, Константин влезе во борба под тој христијански знак, победи и денес под неговата триумфална врата (славолак), која е во Рим и го слави споменот на неговата победа, пишува дека победата дошла "по наговор на бога". Неговиот татко верувал во монотеистичкото почитување на сонцето. Исто верувал и Константин. Со тоа од порано бил спремен на христијанството. Во него видел еден исправен приод кон монотеизмот, а христијанството како негов најчист облик. Многу учени сметаат дека со признавањето на христијанството направил еден политички маневар кој не бил следен од внатрешни побуди. Доказ за тоа е дека во целото негово владеење (306-337) не започнал борба против паганството, туку беше толерантен. До крајот на животот не се

---

227 Р. Братош 2000, 10.

228 В. Лилчиќ 2002, т. II, 529.

229 Ibidem, 529.

230 Ibidem, 531.

231 A. Franzen 1968, 53.

232 J. Foster 1986, 76.

233 Euzebije Cezarejski (Vita Constantini) nov I 28.

234 Ibidem nov I 28.

откажал од паганската титула (pontifex maximus) и паганскиот државен култ. Во 313 година заедно со Лицините ја направил "Миланската програма на толеранција" во облик на рескрипта (rescripta - во римско право царска наредба, буквално преведено - распис, одговор на претставник на највисоката власт, упатена до подредените органи или установи),[235] а не едикт (edicere, edictum, со значење службена објава, обзнана, службена наредба).[236] Со оваа рескрипта се признава христијанството потполно рамноправно со останатите религии, што значи дека не доминира туку е рамноправно со паганските верувања. Во 321 година ги укинува horispicie (паганско гледање во утробата на жртвуваните животни, за да се толкува божјата волја или иднина), ги забранил непристојните обреди на блуд и проституција во име на бога а и гладијаторските борби како казна за злочин.[237] Кога го победил својот совладар, Лициније, 324 година кај Крисопол, наредил да источниот дел од царството без колебање го прифати христијанството. Си зел задача да воспостави црквено единство кое било длабоко во раскол (Донатистите во Северна африка, Мелитијанците и Ариевците во Египет) па затоа во 325 година ги повикал сите бискупи од царството (екумена) на првиот општ (екуменски) концил во Никеја. На овој собир почнал да одредува за што синодот ќе разговара. Во вакква ситуација христијанството станало државна религија, а црквата - државна црква. Дали е добро да црквата така присно се поврзи со државата? Ова прашање начнува една тешка, прастара проблематика, која до ден денешен не е смирена. Едни уште тогаш сметале дека христијанизацијата на државата е добра, а други дека црквата станува "световна".

Македонските богомили уште во IX и X век тежнееле за пред константиновска црква (ecclesia primitiva) како права, вистинска црква и апостолска едноставност, идеал - сиромаштија и подалеку од световното. Богомилите сметале дека црквата по Константин е во постојано опаѓање. Така, во периодот на просветеноста, се дошло до заклучок дека причина за секое зло е свештенското властољубие, кое по прогоните се сунчало на царската милост и се пијанело од власта која ги жртвувала за своите егоистички интереси, чистотата на евангелистичката наука.[238] Не поминало многу време, а Константин комплетно владеел со епископатот, бискупите биле негови службеници. Барал од нив потполна покорност, со своите државни наредби дури и кога влегувал во црковните сфери.[239] Така влезе политиката во религијата. Јавувајќи се како арбитер на концилите, трудејќи се сè да се сведе на формалното единство, се продлабочи јазот на незадоволството кај поединците.

Овој екскурс го направивме со цел да се сфати константинизмот како проблем на отсутност на духот и лажен алтруизам.[240]

235 A. Franzen 1968, 54.

236 Се надеваме дека ќе се земе во предвид оваа поправка која долги години ги држи во заблуда историографите. Целта ни е да бидеме крајно прецизни и јасни, а не само да ги прифаќаме работите без проверка.

237 A. Franzen 1968, 55.

238 Ibidem 58.

239 Ibidem 59.

240 Проблемот на црква - држава почнал во неговото време. Актуелен е до ден денес.

Константин умрел на Дуовден, 337 година. Пред крајот на животот причест му доделил Ариевскиот бискуп Еузебие од Никомедија,[241] по тоа не се облекувал во царска облека, туку останал во белата облека на штотуку крстен. Грчката црква го почитува како "тринаесетти апостол".

### 4. Јулије Отпадник

Овој цар, кој сакал да изврши реставрација на паганската религија, е роден 332 година, живеел до 363 година. Во 361 година стапува на императорскиот трон.[242] Го мразел христијанството, што значи со измама станал цар (принуден бил да го прими христијанството). Учел во Атина, во неоплатонистичката школа. Со текот на времето почнал да го покажува неговиот лик, ги укинал привилегиите на христијанската црква, ја ограничил слободата на верата. Ги вложил сите можни средства за да ја врати јазичната филозофија и религија во Римската империја (дури во 529 година императорот Јустинијан ја затвора филозофската школа во Атина).[243] Некои учења од неоплатонизмот успеале да се вметнат, на перфиден начин, во христијанската религија. Несомнено точна е констатацијата на И. Микулчиќ во однос на промената на имињата на паганските богови во христијански, со исти атрибути.[244] Последната надеж на грчките филозофи, кои знаејќи го потеклото на Јулијан и можноста да еден ден стане император на Римското царство, вложувале во него и преку него се обидувале да го оживеат духот на старата слава на многубожците и нивната филозофија, која за луѓето е мудрост.

### 3. Неоплатонизам

Мошне често, учените го поврзуваат мистицизмот единствено со средновековието и средновековните мистици. Но корените на ова учење и движење ги наоѓаме во неоплатонизмот, кој се појавил во Александрија, Египет, на почетокот од III век. Основоположник бил Амони Сака, роден околу 174 година, живеел до 242 година.[245] Неговите родители биле христијани. Во текот на младоста ги открил култовите на старата египетска религија, од времето на фараоните (ова кажува дека религиите не изумираат, тие само се трансформираат). Негови истомисленици биле дури и некои од светите татковци, како на пример Ориген и Плотин (околу 205 - 270 година). Плотин станува водечка фигура во оваа школа и своето учење го предавал дури и во Рим, во втората половина на III век. Со литературно пишување на неоплатонизмот се занимавал Порфирии (232 - 305) кој ги собрал и систематизирал

241 Аријанците и денес постојат под името "Јеховини Сведоци".

242 Б. Кернс 1998, 125.

243 Ibidem, 125.

244 И. Микулчиќ 1983, 199.

245 Б. Кернс 1998, 99.

делата на Платон.[246] Таа негова творба е позната под името Енеади и е запазена до ден денеска. Во неа се дава еден израз, на еден метафизички монизам (еден единствен принцип) а не дуализам. Според неоплатонистите апсолутното суштество е трансцедентно (несфатливо, неразбирливо), извор на сè што суштествува. Сè е произлезено од него како процес на преливање или аманација (излез на едно малку совршено суштество од некој повисок совршен принцип, а при тоа повисокиот принцип да не се промени).[247] Има многу за пишување и објаснување, но за нас тоа не е битно, битно е дека неоплатонизмот има многу влијание од источните религии, будизмот и хинду. Сигурно негде во почетокот на христијанството, христијанското учење, еврејството и будизмот се сретнале и заедно претрпеле влијанија, најверојатно средбата се случила во Багдад, денешен Ирак. На крајот да кажеме дека дел од овие идеи ги прифатил и светиот татко, блажениот Августин од Картагена, денешен Тунис.[248]

### 5. Христијанството и новите материјални промени

Развивањето на материјалната култура во христијанството е етапно. На почетокот биле обични куќи. Место за собирање на овие мали заедници. Во 250 година настанува прогон против нив во целото царство. Така ги изгубија правата на собирање во куќите.[249] Во Рим се собирале во катакомбите.[250] Кај нас најверојатно во времето на прогонот се собирале во шуми или пештери.

Втората етапа било крштевањето, по примерот на Јован Крстител (baptiso) кој ги крстел христијаните во реката Јордан. Онаму каде што немало реки, крштевањето било во базени со вода.[251] Со текот на времето, ваквиот начин станал доста прикладен, заради временските прилики и практичност (блиску до црквата). Базенот бил наречен баптистериум. Во почетокот покрстувањето се вршело на луѓе со полна зрелост.[252] Баптистериумот со тек на времето станувал сè повеќе украсен и во форма на крст. Од двете страни (западната и источната) имал скали.[253] Од едната страна влегувал кандидатот а од другата оној што крштевал. Чинот се извршувал пред сведоци. Двата излегувале од источната страна со тоа што крстениот излегува како нов човек. Со тек на време над крстилницата се поставува симболичен свод како балдехин. Околу базенот наредиле мозаици со христијанска симболика. По 313 година,[254] откако христијаните излегле од катакомбите, базиликата ја прифатиле како мес-

---

246 Ibidem, 100.
247 Ibidem, 99.
248 Ibidem, 100.
249 J. Foster 1986, 19 - 20.
250 Ђ. Бошковић 1976, 7 - 9.
251 М. Чанак-Медиќ 1965, 44 - 45.
252 И. Николјевић 1966, 223 - 255.
253 Како што е во Хераклеја Линкестис.
254 В. Лилчиќ 2003, 79.

то на нивно собирање[255] (во минатото, за време на прогоните, во базиликите христијаните биле судени). Новата иконографија, фрески и икони, во мозаик или бои,[256] светилки со христијански мотиви,[257] скулптури со светители,[258] олтарни прегради од мермер,[259] чесна трпеза,[260] разни обредни садови,[261] пехари за вино,[262] донарии (депо за реликвии),[263] додатни реквизити од лајци,[264] кадило[265] и разни рипидии[266] ги имаме од крајот на V и почетокот на VI век. Во новата ера и за новата религија, требале нови реквизити кои биле дел на верата и ентериерот. Христијанството со текот на времето станува државна религија. Се откривале едноставноста, практичноста и економичноста на животот во новата религија. Некои од овие гореспомнати материјални предмети биле употребувани и како реквизити во секојдневниот живот. Единствено при служењето во црквата добивале друга важност.

---

255 Ibidem, 36, 37, 38.

256 Г. Томашевиќ 2002, 14 - 83, 88 - 89.

257 Е. Манева 1978, 102; истата 1979, 27; истата 1983/84, 50 - 54; Т. Јанакиевски 1987, 22 - 93.

258 В. Лилчиќ 2003, 59, сл. 100, 69 сл. 131, 115 сл. 252.

259 Ф. Месеснер 1937, 79 - 96; В. Лилчиќ 2003, 124.

260 В. Лилчиќ 2003, 126.

261 Ibidem, 93 сл. 188

262 Ibidem, 141 сл. 311.

263 А. Митковски 1997, 69, 94.

264 В. Лилчиќ 2003, 143 сл. 314, 315.

265 Ibidem, 113 сл. 241, 242.

266 Ibidem, 153 сл. 350.

## IV. Доаѓање на "варварите"

### 1. Историски материјални траги

Раздвижувањето, во минатото, на народите е секојпат со еден инстинктивен нагон за освојување на територии, со цел за пљачка и пустош. Мерило за цивилизација не било богатството (поседување на предмети) ниту контролирање на територија, народ или моќ на власт. Цивилизација е доминирање на доброто врз злото, прилагодување на сè на човечките животни потреби без злоупотреба на креативните вредности. Со вакви побуди напредните доцноантички цареви ја чувале границата на Дунав (Istros). Варварите во периодот од III до VI век го преминале Дунав со цел да се уништи она што не е познато и да се сведи народот на исто без потреба за напредок. Оттука и компромисот на цивилизираните како да ги сплотат варварите во современите текови на напредокот, за да не претставуваат кочница за нивната иднина. Како и да било, во 267 или 268/269 година Херулите и Готите го преминуваат Дунавскиот лимес и влегуваат во Македонија.[267] Материјалните докази се во локалитетот *Стибера*. Градскиот храм на богињата Тихе и гимназионот биле урнати и изгорени. Градот умрел наеднаш и целосно. По овој настан не бил повеќе обновуван.[268] Траги од истовремено уривање имаме во село Мојно во Пелагонија. Во *Хераклеја Линкестис* е забележана иста ситуација. Ранонримскиот форум со попратните тремови бил урнат во тоа исто време а врз урнатините бил подигнат нов град со поинаков план и нов карактер.[269] Во IV век во зимата 322/323, западното готско племе Тервинги, предводени од Раусимод го преминале Дунав и по пустошењето на други делови од Балканот се спуштиле кон Македонија. Во овој период за прв пат масовно се населуваат кај нас.[270] Материјални докази има во Варош, Прилеп, како и во помали селски некрополи во Битола. Откриени се предмети од неримско потекло, по-

267 J. Kovačević 1972, 64; И. Микулчиќ 1995, 240.

268 Ibidem, 242.

269 И. Микулчиќ 1974, 358.

270 И. Микулчиќ 1995, 243.

текнуваат од понтскиот културен круг.[271] Уште еден наод од овој период е бронзената тока од т.н. тип ланцета, најден во тврдината *Кале*, меѓу селата Миокази и Изиште, Порече. Местото било значаен граничен премин меѓу Нов Епир и Македонија.[272] Исто на локалитетот *Градец* во гробот број 2.[273] Овие наоди зборуваат за присуството на Готи - федерати, војници ангажирани во тие кастели. Најверојатно некои импорти биле и во *Хераклеја Линкестис*, бидејќи се пронајдени парчиња на украсна керамика од т.н. сива македонска тера сигилата. Се чуваат во локалниот музеј на локалитетот, каде е извршена реконструкција на садовите. Секако можат и да се поврзат со одредени обновувања на градот извршени по разурнувањето на *Хераклеја* од страна на Теодорих во 472 или 479 година.[274] Од овој реон е пронајдена и една источноготска палчеста фибула. И во Преспа на локалитетот *Голем Град* е пронајден носач на германска појасна торбичка.[275]



*Сл. 6 - Готски воин*

Продорот на Хуните кон средината на V век забележан е и во *Хераклеја Линкестис*. Пронајдени се коски од хунски рефлексен лак и трокраки врвови од стрели.[276]

Следни "варвари" биле Аварите и Словените во 584/85 година.[277] Го преминале долен Дунав и движејќи се кон запад по егнацискиот пат опљачкале и уништиле сè што им стоело на патот. Со нив е крајот на урбаниот живот во Пелагониската регија. Низа остави на закопани пари го потврдуваат овој настан.[278] Откриени се слоеви на пожари во *Хераклеја Линкестис*. Исто и во кастелот *Баба*, Прилеп.[279] Во локалниот музеј во *Хераклеја*, постои керамички сад од Словените. Керамиката е кујнска, седела на оган и добро е сочувана.

271 И. Микулчиќ 1974, 133-134, бел. 50, 136, бел. 63, 139 - 141.
272 И. Микулчиќ 1995, 246.
273 М. Ивановски 1986, 123.
274 И. Микулчиќ 1974, 360.
275 И. Микулчиќ 1995, 249.
276 Е. Манева 1985/87, 49 - 58.
277 К. Аџиевски 1990/91, 27.
278 Ibidem, 25, бел. 8.
279 К.Кепески 1977, 183.

## 2. Готи

Готите првобитно живееле на просторот околу Балтичкото море, на островите, пред шведскиот брег и на територијата на денешна Полска.[280] Најверојатно се сменила климата во северна Европа, зафатила голема зима и тие биле принудени да ги сменат своите пребивалишта. Ова германско племе кое во III век се спуштило од Скандинавија на југоисток кон Украина, се споиле со земјоделскиот народ, станувајќи составен дел на черноковската култура.[281] Оттаму се стационирале северно од Дунав (Istros). Граничеле со Римското царство. Готите, уште пред големата преселба на народите од 375 година, ја преминале границата (за првпат Дунав бил замрзнат и пешки го поминале) и се населиле во Римското царство во 267, 268 а по некои уште во 235 година како војници - наемници. Сигурно и тие сакале да учествуваат во создавањето на иднината на светот. Не биле подложни на инфериорност туку цврсто решени ништо да не пропуштат од светските збиднувања. Овој воинствен народ со сила му се наметнал на цивилизациските вредности, прифаќајќи ги и усовршувајќи ги во целост, за со текот на времето кое доаѓаше, произлезат врвни цареви во Римската империја.[282] И самиот Улфила, преведувајќи ја библијата на готски јазик не ги преведил книгите на судиите I и II за да не го вознемири и оправда воинствениот дух на Готите.[283] Впрочем, тие биле првите федерати на Римското царство. Со тоа добиле право и земја за населување во римската територија а повисоките слоеви, плата за воените услуги. Према Faedus федератите биле должни да ја бранат границата на царството.[284] Деградацијата на живеење сигурно била присутна со нивното доаѓање но сепак како христијани, полесно биле прифатени од ромејското население. Иако "дивјаците од север", како што ги нарекувале Римјаните, биле недоволно образовани, со текот на времето станале централни спасители на царството и самите воодушевени од Империјата. Свесно ја прифатиле асимилацијата и се бореле за римските интереси, прифаќајќи ги за свои. Готските цареви во Римската империја го продолжиле континуитетот на цивилизацијата, освежувајќи ја и збогатувајќи ја со нови вредности, духовни и материјални. Кога Рим паднал под Готите[285] христијаните рекле (како што и денес велат во големите кризи) "ова е крај на светот", но не било така. Ова трансформирање донесе еден нов исчекор и нов подем за нови културни вредности и еден цел правец во уметноста (архитектурата) е наречен по нив - готика.[286]

---

280 I. Bozovac 2004, 131.

281 Ibidem, 131.

282 Ibidem, 131.Остроготите под Теодориховото водство тргнале кон Италија, каде што Теодорих се прогласил за крал, а Остроготите ја превзедоа власта над западното римско царство.

283 J. Foster 1986, 116.

284 Б. Кернс 1998, 128.

285 J. Ковачевић 1977, 31, 32.

286 Готите, како народ, исчезнуваат во VIII век, со навлегувањето на Маврите во Шпанија. Последното нивно кралство било во градот Толедо, Шпанија.

### 3. Хуни

Народ од турско - татарско потекло. Живееле на номадски начин. Основале држава во Азија. Кинезите им ја уништиле и ги усмериле кон запад.[287] Во IV век предизвикале голема преселба на народите од исток кон запад. Единствено не ги посетиле пределите на северна Европа. Заеднички средби со Готите имаат дури кога сакаат да ја преминат границата на Дунав за влезот во Ромејското Царство.

Хуните не знаеле за обработка на земјата, не подигале градови, па дури ни колиби. Биле номадски народ и кога ќе снемало храна, со своите шатори (јурти) и стоката се селеле понатаму. Европјаните ги нарекле Хуни, а кинезите ги викале Hung.[288] Во 375 год. ја преминале "Вратата на народите"и продреле преку римската граница. Околу средината на V век, во силен налет, ги уриваат речиси сите градови во Македонија.[289] Со тоа им се ближел крајот на грчко - римската цивилизација. Единствени се во уништувањето на готово целиот тогаш познат свет. Нивната воинственост се смири со примањето на Христијанството. Во оваа религија ги внесе ерменскиот бискуп Карадушат (Quaradusat) од Арон, Ерменија.[290] Оттогаш за нив, во изворите, немаме информации.

30 години по Хуните, доаѓаат источните Готи, кои ги нападнале доцноантичките градови во Македонија, во 479 год.[291]

### 4. Кутригури, Авари и Бугари

Турско - татарски народ од централна Азија. Западните Хуни ги викале Авари, а Хуните воглавно се Бугари.[292] Терминот Хон го имаат само турско - татарските племиња, пред да го примат исламот или христијанството. Нивниот живот бил номадски. Немале стока за пасење, "економска" дејност им била пљачка, деструкција.[293] Создавале страв и ужас. Пишувано е доста за нив, за нас е битен еден настан, тесно врзан за нашата територија, "Куверовата селидба од Подунавјето во Македонија".[294] Кувер, четвртиот Кувратов син се побунил против аварскиот каган и решил да се врати во крилото на христијанското царство. Заедно со Сермезијаните (измелезени потомци од *Сирмиум*, Панонија) тргнал да се насели во Керамезиското поле. Иако 60 години живееле со Бугарите - Аварите тие останале христијани и сакале да се вратат во Солун или Цариград. Овој извор се наоѓа во книгата "Чудата на Св. Димитрија Солунски", II дел.[295] Пронајдени се две депоа, едното во Врап,

287 P. Vlahović 1984, 147.
288 J. Foster 1986, 114.
289 В. Лилчиќ 2002, т. II 533.
290 J. Foster 1986, 116.
291 В. Лилчиќ 2002, т. II 533.
292 Ibidem, 122.
293 Византиски извори 1955, 220 бел. 3.
294 B. Grafenauer 1955, 76.
295 Византиски извори 1955, 211.

Албанија[296] и другото во Ерзеке, во подножјето на планината Вич. Еминентниот научник од Минхен, Германија, J. Werner депото од Врап го поврзува со доаѓањето на Кувер и сермезијаните на Керамезиско поле (Прилепско поле). Оставата е најдена во 1901 година, на десниот брег на реката Шкумбија, Албанија, каде два ракави на Виа Игнација се соединуваат. Едниот оди за Драч, а другиот за Аполонија. Двајца браќа кои орале со ралото го ископале депото. Едниот дел се наоѓа во Турција, а поголемиот дел од депото се чува во Метрополитен музејот во Њујорк.[297] Депото содржи лиени појасни гарнитури од злато и сребро, црковни предмети за опслужување и друго. Обновата на епископијата во *Стоби* 680 - 692 год.[298] се поврзува со Кувер и сермезијаните.

Во *Хераклеја Линкестис* е пронајдена бронзена тока.[299] На неа е прикажано куче кај што гризи друго измислено животно. Во Нови Бановци, Војводина, најден е бронзен привезок со истото тоа измислено животно кое е претставник на понтскиот импорт. Датирано е од VII век, исто како и примероците од Нитро, Унгарија.[300] На локалитетот *Караташ*, Прилеп[301] пронајдени се две фибули со подвиена нога кои се поврзуваат со Кувер и културата Комани - Круе.[302]

## 5. Словени

За потеклото на Словените пишувано е уште во втората деценија на XX век.[303] Чехот Л. Нидерле, трудејќи се да и Словените како народ не заостанат зад другите европски народи, создаде "прирачник" за словенска археологија, кој сè уште е актуелен и инспиративен. Почнувајќи од праисторија па сè до доцен среден век ја истражува археологијата на словенскиот народ. Извори му биле античките латински и византиски писатели, заедно со она што можело во тоа време да се види на теренот. Многу работи денеска се изменети, но во суштина ова дело сè уште ја има својата функција како прирачник. Византиските извори беа собрани и објавени од повеќе автори. За нас е битен само I том.[304] Овде запишани се македонските Словени, нивните племиња, првите походи, упади во Македонија, нивните борби, имињата на водачите - кнезови, населувањето на Пелопонез и Егејска Македонија и раселувањето во Мала Азија. Мешањето на седумтте словенски племиња (северјани) со Бугарите[305] и асимилирање на Бугарите во Словени на кои им останува само татарското

296 J. Ковачевиќ 1977, 52.
297 J. Werner 1983, 191 - 201; истиот 1986, 19 - 23, 68.
298 Р. Братош 2000, 78.
299 Т. Јанакиевски 2001, 257.
300 Z. Vinski 1958, 15.
301 J. Kovačević 1986, 119 - 121.
302 Е. Манева 1996/97, 17.
303 Л. Нидерле 1954, 13 - 55; С. Зоговиќ 1986, 91 - 96.
304 Византиски извори 1955, 173 - 216; Г. Острогорски 1970, 9.
305 Византиски извори 1955, 224 - 255, бел. 20.

име Бугари.[306] Сето ова е познато, доста е пишувано, така што, излишно е за коментар.

Во 1991 година, актуелен стана преводот на Мавро Орбин со "Кралството на Словените". Преведен е на македонски, нецелосен, само како извори за македонската историја.[307] Изворот е битен за врските на Словените со античките македонци. По Орбин, на овие простори отсекогаш живееле Словените. Да бидеме попрецизни. Што се Словените, исто се и Македонците. Во повелбата на Александар Македонски, пронајдена во Цариград од Џулио Балтазар[308] се споменува нивниот јазик, јазикот на Македонците. Јазикот и писмото одат заедно, едно со друго. Знаеме дека Константин (со монашко име Кирил) стигнал до Херсон, на полуостврвот Крим. Таму нашол руско евангелие и псалтир. Спрема Josip Hamm "филозофот Кирил почнал да ги споредува зборовите на рускиот јазик со глаголицата, и тоа посебно самогласници со самогласници и согласници и одма разбрал сè.. и почнал одма да чита и проповеда". Накратко, начинот е битно различен. Се отвораат многу прашања. Хам смета "... дека постоело словенско писмо пред моравската мисија, пред создавањето на посебно организирано словенско писмо". Сепак, остава простор дека размислувањето е субјективно и немотивирано.[309] Но ако се испитаат панонските легенди[310] Кирил многу брзо ја превредил библијата и другите свети книги, од грчки на старословенски.[311] Во секој случај отворени се многу прашања за размислување. Впрочем, проблемот кој е загатнат, ќе беше решен ако Грција по 1926 година не ги избришеше сите словенски натписи низ Егејска Македонија. Така, во леринско, во селата Арменово, Горен и Долен Каленик, Клабучишта, Св. Петка, Невољани и многу други биле избришани натписите дури и на селските гробишта. Најверојатно ќе се решеше и загатката на толку слаби археолошки наоди во Македонија и пошироко во Балканот. Освен ќерамика, друга материјална култура не можеме да издиференцираме и да кажеме дека ова е препознатлив елемент за старите Словени. И оние т.н. словенски палчести фубули, излиени во калап од бронза со човечка маска и со краци на долниот дел, припаѓаат на пондското влијание. Дискутабилно е и дали ги носеле само Словените. Изворите ни зборуваат дека биле Словените во Македонија,[312] на Балканот, тука престојувале, но археолошки немаме позначајни потврди. Изумреа оние постари генерации кои ги знаеја местата со словенски топоними, како Балвани, Баби, Капиштец, Велесици (речни места посветени на змијоликиот бог Велес), Самовилец, Русалии, Додоле, Гумно, Црнобуки, Белобуки и други.

---

306 В. С. Киселков 1921, 8 - 9.

307 Б. Ристевска - Јосифовска 2000, 109 - 118; истата 2001, 7 - 169.

308 Б. Ристевска - Јосифовска 2000, 114; истата 2001, 35.

309 J. Hamm 1958, 51 - 52.

310 Р. Угриновска - Соколовска 1969, 5 - 80.

311 И денес, покрај сета модерна технологија, за превод на Библијата се потребни неколку години.

312 Р. Братош 2000, 81.



*Сл. 7 - Бабари од Железник (Демир Хисар)*

Византија двапати војувала со словенските племиња (склавиниите), во 658 год. и 688/89 год.[313] Во пелагонисската регија, покрај другите словенски племиња, доминантни се Брсјаците,[314] во Битола, Прилеп, Крушево, Мариово, Порече, Демир Хисар и Ресен. Низ Пелагонија, низ целата котлина доминантни се Пољаните.[315] Во Смилево и Крушево, доминантни се Мијаците. Драговитите[316] населени се на потег село Буково до село Велушина, Битолско. Нешто карактеристично од "доаѓањето" на Словените на ова подрачје се Бабарите. Зборот потекнува од **Barbari** - ***Варвари, Бабари***, стриктно словенски збор за варвари. И денес е останат бабарскиот обичај на верскиот празник Василица. Во обласга на Демир Хисар бабарите се облечени во кожи, на главите носат маски од животни, некои дури и глава на теле со рогови.[317] Лицето и рацете и сите оние делови од телото кои не се покриени, премачкани се со црна боја добиена од гарежот и пепелта на бабарскиот оган. Како реквизити имаат дрвени сабји, ѕвонци, клопотарци и стапови, задебелени на врвовите. Дека е пагански обичај покажува чинот дека никојпат не одат кај поп.[318] Многу се звучни а главен е црниот татко (гатачот). Во нивните меѓусебни борби, ако Бабарот е убиен, борбата престанува. И денес се познати бабарските гробишта.[319] Во нивното зборување се омаловажува христијанството со непристојни зборови. Интересно е пеењето кај што велат "преку Дунав идаме со кораб. Коработ се скина..." Во самиот чин дека со кросно од разбој чукаат по вратите, се гледа симболика на разорување. Тоа е фактички рушење на тврдина, врата, ѕидови, влегување во домот. Бабарите ги има само ноќе. Со настанување на денот ги снемува. Во книгата "Чудата на Св. Димитрије Солунски" I, II имаме опис на Словените "...облечени во кожи кои викале, а на солуњаните здивот им застанал..." Во суштина Бабарите ја носат

313 Ibidem, 81 бел. 186.
314 Византиски извори 1955, 189 - 190, бел. 7.
315 С. Тодоровски 2002, 52 б. 157.
316 Ibidem, 186, 187, 188, bel. 3.
317 Р. П. Цветковски 1974, 331.
318 Ibidem, 332.
319 Во атарот на с. Бабино, месноста"Лавци"

"униформата" на словенските воини. На крајот да кажеме дека иконата на која е прикажан Св. Димитрија кај што јава коњ, а од коњот убива човек во кожа, со жолта растурена коса и негде сива а негде жолта брада е Словен кој се бори под ѕидините на Солун.

## 6. Вклопување или губење во новата средина

Готите, Хуните, Аварите (Бугарите) и Словените престојувале во Македонија, па и во Пелагонискиот регион, било како пљачкаши било како наемни војници, а некои пак се обиделе трајно да се населат. Готите кои први дошле, оставиле попатно некои предмети кои се поврзани со нивната култура (гуњата, кожните чизми, дебелиот војнички ремен со бубрежна тока...). Откако ја опустошиле оваа територија, во есента 488 година тргнале кон Италија, каде во градот Равена направија кралство, а нивниот водач Теодорих Велики изградил повеќе раскошни градби.[320]

Хуните оставиле докази за своето присуство во Пелагонискиот регион[321] и знаеме дека опљачкале некаде околу 70 градови во V век. Хуните и Авари продолжуваат да го нарушуваат комодитетот и навиките на Ромеите. Словените, во најкризното време на источното римско царство, во VI век, неколкупати ја поминале границата на Горен и Долен Дунав.[322]

Вклопувањето во римскиот живот настанува во раниот среден век, поточно во IX век, со прифаќање на христијанството. Фактички, на која религија му припаѓаш таков дух носиш. Така и Византија сфатила дека империјата ќе опстане ако од "варварите" направи христијани и на тој начин, духовно покорени не ќе прават материјални проблеми. Со овој чин кај нив било предизвикано чувство на воодушевеност од напредокот на царството, вметнат бил духот на доминантност и власт, престиж, чувство на поседување, имање а со тоа бил отфрлен варварскиот начин на живот, на еднаквост. Во паганскиот период, главниот водач на заедницата бил врачот - гатачот.[323] И денес во рускиот јазик за доктор се вика врач. Тоа бил човекот кој ја одржувал заедницата, контролирал и усмерувал. Покрај што знаел да лечи, тој се борел со лошите духови и ја предвидувал иднината.[324]

Во IX век, македонските Словени ја сфатиле опасноста од византиската христијанизација, поточно племето Драговити. Тие прифатиле нов вид на христијанство, богомилството.[325] Сигурно еден одреден дел од македонските Словени се асимилирал, прифаќајќи го ромејскиот начин на живот. Дру-

320 И. Микулчиќ 1995, 249.
321 Е. Манева 1985/87, 49 - 60.
322 К. Аџиевски 1990/91, 25 - 28.
323 Византиски извори 1955, 9 - 16.
324 Ibidem, 193.
325 Ibidem, 186, 187, бел. 3.

гите, преку богомилското учење[326] го сочувале својот идентитет. Хуните и Аварите поради расната припадност биле протерани од левиот брег на реката Дунав. Таму ја имале својата држава денес позната како Унгарија. Само Бугарите останале во Тракија, помешани со Словените.

### 7. Влијанија

Најголемо влијание вршеле ромеите врз "варварите". Тие биле понапредни и имале интересни предмети за секојдневна употреба. Во гробовите неретко се сретнува ромејски импорт. Предметите, особено накитот, за нив ги правеле ромејски занаетчии, фактички грчки златари. Тоа го знаеме од монограмите кои биле напишани на грчко писмо.[327] Сигурно живееле во центрите кај што биле главните кагани или кнезови, кај што можеле да ја следат модата на "варварите". Исто така поедини предмети можат да се класифицираат на кои "варвари" им припаѓаат, дали на Авари, Словени или Хуни.[328]

### 8. Нивна етничка припадност

#### 8.1. Готи

Биле народ, од белата раса, кои етнички припаѓале на германските племиња од јужна Скандинавија, тоа го знаеме и од градот Готебург кој го носи нивниот топоним. Се спуштиле на јужниот дел од Балтичко море па сè до Црно море. Поделени се на Остроготи (северни) и Визиготи (западни). Претежно живееле во Скандинавија од лов и риболов. Нивна карактеристика е дека биле крајно воинствен народ.

#### 8.2. Хуни

Етнички припаѓаат на Турско - Татарските народи од жолтата раса. Врвот на нивната моќ била во времето на Атила, чија држава се протегала на евроазискиот континент, од Монголија до Унгарија.

#### 8.3. Авари

Етнички припаѓаат како Хуните, на Турско - Татарските народи од жолтата раса, а јазикот на Урало - Алтајската група. Потомци биле на Хевталитите, турски народ. Меѓусебно клански војувале. Биле протерани кон западна Европа.[329] Во некои извори се сретнуваат како Обри, со исто

---

326 В. С. Киселков 1921, 50 - 148.

327 J. Ковачевиќ 1977, 165 - 167: J. Werner 1984, 44.

328 Е. Манева 1988, 45 - 49.

329 J. Ковачевић 1977, 71, бел. 451

значение како Авари. Се смета дека исчезнале со II Аварски каганат.[330] Општ заклучок е дека се стопиле меѓу Бугарите, бидејќи ги среќаваме како војници - наемници во војската на бугарскиот кан Крум.[331]

### 8.4. Словени

Се состојат од три народи: Анти, Венети и Словени, кои припаѓаат на белата раса. Денеска, Лужичките Срби кои живеат во Германија, германците ги викаат Wenden, Winden, Windische.[332]

Словените најмногу се мешале со Германите. Тоа се гледа по нивната духовна култура[333] и блискоста на нивните територии. Поделени се на Јужни, Источни и Северни Словени.

## 9. Нивната духовна и материјална култура

Кај азиските народи, Хуните и Аварите, главен претставник на нивната стара религија бил *шаманот*.[334] Тој се борел против демоните, злите души кои го напаѓаат човекот. Неговите способности и влијанија се големи во заедницата. Од реквизити носи тапан и труба. Имал способност да падни во транс и неговата душа да се бори со демонот кој го напаѓал болниот. Сето тоа го предизвикува со игра. Облечен е во кожа, а на главата носи круна од елен. Во зависност од дијагнозата, кон пациентот применува и пеење со удирање на тапанот, бркајќи ги лошите духови од болниот. Со помош на треви, droги успевал да предизвика визии и да премине во екстаза, имитирајќи диви животни. Во суштина, религијата им била тотемистичка, потеклото од животни, а нивните клановиноселе имиња од животни, како на пример: потомци на волци.[335] *Шаманот* ја пророкувал судбината на целиот народ. Тој одбирал место за живеење, кажувал дали да се војува или да се заклучи мир, едноставно, народот без него не функционирал.

Европските народи, Готите и Словените, во паганската религија имаат многу сличности. Врховен бог кај Готите бил *Один* и неговиот син *Тор*. *Один* го јава неговиот коњ *Сплајпнир* по небото, а слегува во *Хел*. Има и други подбожества како *Freya*. Неговите свештеници се жени (gydhjora), па врачеви (seidhmenn) кои ја пророкуваат иднината.

Кај Словените главен бог е *Перун* и многу други подбогови.[336] Има многу топоними низ Македонија со неговото име.[337] Негов претставник меѓу народот бил *врачот - гатачот*. Оттука и македонскиот збор *вража* (тетуравење во место, вртење, наклонување). Бркањето на злото го правел со

330 Ibidem, 82 - 100.
331 Ibidem, 90.
332 С. Зоговиќ 1986, 92.
333 Ibidem, 94.
334 M. Elijade 1985, 7 - 370
335 J. Ковачевић 1977, 18 - 19.
336 S. Vasiljev 1928, 11 - 189; L. Leže 1984, 7 - 198.
337 Планината Перун во Мариово, цветот перуника, изразот "ако ти ја пернам една..."

баење (шепотење). Не правел разлика меѓу јавето и сонот, па меѓу народот бил познат како сонувач. На крајот да кажеме дека паганската религија не изумрела тотално. И денес може да се сретнат на големите панаѓури, бајачи, гатачи.[338]

Материјалната култура ја следиме претежно преку некрополите, бидејќи нивните живеалишта биле од природен материјал, кожа и дрво кое со текот на времето се распаднало. Оттука имаме гробови со прилози и предмети од нивните воени одови, како што е случај кај Хуните и Аварите. Закопувањето е со инхумација. Ставани се садови со храна во гробовите, за оној свет или за патот до оној свет. Претежно грнчарија, преку која ја сознаваме нивната мода, естетика и етнос. За овој народ најкарактеристичен прилог е тамга, јазичето за ремен. Тоа бил украсот на Аваринот. Еден таков предмет е најден во Пелагонискиот регион. Припаѓа на I аварски каганат. Прикажан е грифон и птица. Ваков тип на јазиче бил дел од племенска хиерархија - статус.[339]

Готите како војнички народ оставиле предмети од воени колани, масивни токи, приврзок за појасен ремен, носачи на појаси, појасни торбичиња и обетки со октаедарски глави.[340] Нивното погребување било со кремирање, понтскиот импорт бил карактеристичен за сите "варвари".[341]

Словените исто се кремирале. Во нивните гробови наоѓаме садови со брановидни линии, чешлести со запирки и точки. Ќерамиката се прави од земја, непречистена, што значи нема својство на минерал како глината. Изведбата е по пат на гнетење. Многу ретко со споро грнчарско колце. Едноставно, лоша изведба. Сепак тоа е карактеристика на словенски материјал. Ѕидовите на садовите некаде се подебели, некаде послаби, без континуитет на изведба. Ретко ја има, но по овие форми е препознатлива, особено словенската ќерамика најдена во локалитетот *Хераклеја Линкестис*.[342]

---

338 Многу гатачи, бркачи на злото, "пациентите" ги испраќаат на стари пагански места, обично по вода, на извори со име "самовилец", "петочница", "бабина вода", "змиски извор" имиња на старата паганска религија, или имиња на села како што е с. Црнобоки, спротивно од него било с. Белобоки (црн и бел бог - зло и добро)

339 Ј. Ковачевић 1961, 1 - 9.

340 И. Микулчиќ 1995, 243, 244, 245.

341 И. Микулчиќ 1974, 129.

342 С. Тодоровски 2002, 115 - 120.

## V. Доцноримски период во Пелагониската регија

### 1. Доцноримска патна мрежа

Внатре, во границите на Римското царство за зачувување на мирот и полесно интервенирање на места каде тој бил загрозен и воедно протокот на трговија со други добра, се користеле сообраќајните врски. Римјаните изградиле војнички патишта, со камени темели, ги пресекле стрмните ридови, ги премостиле реките со цел војската брзо да се движи и да го одржува мирот во Империјата. Многу римски патишта и денес се користат низ Европа и Северна Африка. Кај нас, во Македонија, римјаните не изградиле патишта, бидејќи истите постоеле. Тие само ги одржувале и прилагодиле (осовремениле) на нивните услови, што значи евентуално ги прошириле и подѕидале. Старите Македонци како народ со развиена држава, имале добра патна мрежа низ својата земја. Римјаните ова го знаеле и тоа добро го искористиле при нивните воени походи за освојување на Македонија, особено патот Via Egnatia. Овој пат во литературата е доста објаснуван.[343] За нас е битен овој пат кој доаѓа од Драч, Албанија, преку Струга, Охрид, Ресен (станица Scirtiana),[344] па преку преминот Ѓавато, оди кон *Хераклеја*. Битно е дека овој пат е толку добар, скоро и совршен, бидејќи е правен на инстикт од луѓе кои живееле во крајно природен свет. Во зимско време, патот не го држи снегот, постојано е на припек, се движи по благи ридови, со природни траси, на одредено ниво на надморска висина адекватно на одредени постојки, пренокишта и места кај што ги менувале коњите. По нашите теренски истражувања, почнувајќи од преспанскиот дел на овој пат па сè до *Хераклеја* патот одел вака: преку избишкиот рид еден ракав влегува во селото Јанковец. Оттаму продолжува во градот Ресен. Понатаму оди низ индустриската зона во месноста Мечкина јама. Се качува кон селото Сопотско, тука е благ не е како новиот полн со серпен-

343 Н. Вулић 1938, 7 - 10; I. Mikulčić 1966, 87; Г. Шкриванић 1974, 76 - 77; I. Mikulčić TIR 1976, 62; В. Лилчиќ 1994, 113 - 114; И. Микулчиќ 1999, 227 - 228.

344 Ф. Месеснел 1940, 69.

тини и наугорнини. Од Сопотско оди кон месноста Чичка, од каде ридот го префрлува кон месноста Главиште и слегува во село Ѓавато. Помеѓу Ѓавато и Доленци е каструмот *Nicea*. Патот продолжува за Лера, Рамна и Горно (старо) Српци, префрлува кон село Цапари а посреди него оди кон село Ротино (Роштани). Воедно, во близина на ливадите се наоѓало и старото село Ротино, значи на Егнатиевиот пат. Се забележува калдрма, но таа не е воопшто онаква како што биле патиштата на Апенинскиот полуостров, со фини наноси на слоеви. Патот е само обележан, широк е толку колку да се разминат две дрвени коли. Мештаните, патот кој ги поврзува двете села го викаат градски пат или царски пат. Сите овие села се постови (попатни станици). Од Ротино овој пат оди кон Братиндол и се вика арнаутски пат. Трново и Магарево остануваат десно а Via Egnatia продолжува под тврдината кај Трново која го контролирала патот. Оттаму кон селото Дихово и еден ракав води кон денешна Битола покрај реката Сапунчица. Централниот пат преминува преку стариот мост во близина на хидроцентралата, продолжува за село Брусник па за село Лавци, доаѓа село Смолево каде патот може да се види убаво, наредени се стари камени плочи и преку едно седло се спушта за *Хераклеја Линкестис*. Од *Хераклеја* патот се движи кон грчката граница денес наречен стариот пат. На овој пат имало голем број на ранохристијански базилики.



*Сл. 8 - Хераклеја, јужниот влез во градот*

По овој пат имам пешачено во сите годишни времиња, што е неговата предност? Не држи снег, постојано е на припек, во лето претежно ридовите прават сенка и носат влага која е благопријатна. Спрема широчината има многу кратка релација на движење кон градот. Единствено негова негативна страна е тоа што на кривините многу лесно може да се направи заседа, затоа најверојатно толку наблиску биле попатните станици од кои подоцна се создале села, како потреба на патниците и трговците од ковачи, опрема за коњи, преноќевалишта, сменување на коњи и други работи кои биле во интерес на царството. Во кругот на бившата касарна "Стив Наумов" во Битола, постои комплетно сочуван дел од патот Via Egnatia. При моето рекогносцирање во касарната со придружба на војник во 2000 година, крај на месец октомври, при одење кон тврдината наречена Џебане (на турски барутана) забележав уште две патеки. На оваа патека која е дел од патот Via Egnatia, попатно на поедини места каде беше копано од разни војно-вежбовни активности, забележав доцноантичка и средновековна ќерамика. Бидејќи тогаш го работев магистериумот од среден век

ја собрав ќерамиката од тој период и му ја предадов на археолог од Завод и Музеј - Битола, задолжен за тој период, заедно со едно турско керамичко луле на кое имаше печат од работилницата. Со овој материјал не знам што понатаму се случи. Најверојатно, просторот каде е касарната и полигонот за обука се користел во доцната антика и средниот век.

Постои еден пат кој не е воопшто познат, рударскиот пат, за пренесување на полуфабрикати, на патот Via Egnatia. Тргнува од горните села на Демир Хисар. По тој пат се носела рудата од Порече. Оди покрај реката Треска, се спушта во близина на село Вранештица, оттаму води кон Мало и големо Црско и се спушта надолу кон село Железнец. Сепак најубаво може да се прати од село Вирово, тргнува покрај реката, оди за село Мренога, оттаму за село Лесково продолжува за село Церово, па село Боишта, потоа е празен простор сè до село Кривени, Ресенско. Оттаму продолжува до една раскрсница која од десна страна оди за село Избишта, а од лева за село Јанковец. Значи оној што сака да оди по Via Egnatia за Lihnid, оди кон село Избишта, а оној кои оди за Scirtiana - Ресен, оди кон село Јанковец. Еден пат кој го носел железниот метал од областа Железник кон главниот пат Via Egnatia. Патот е калдрма, скриен во голем густеж од лијани и дрва. Но овој пат има ракави кои одат од село Граишта - Brianion, па село Мургашево, село Кутретино, село Стругово, село Утово, село Обедник и село Смилево (сите биле рударски населби). И овој пат излегува на патот кај село Кривени, Ресенско. Сигурно и патот од село Гопеш и село Златари бил контролиран од кастелот *Кале Гопеш*[345] кој излегувал на овој пат. Заклучок е дека тенденција била на сите овие рударски населби преку споредни патеки да излезат на полуглавен пат, кој води на централниот пат Via Egnatia, во зависност од рударските јами и населби направени се (изгазени) споредни патчиња кои се лесно комуникативни, блиски и практични. Денес, да се направи овој пат од село Железнец до село Кривени, би се скратило времето на патување многу, кое го губат патниците од Кичево за Ресен, вртејќи преку Битола.

Под селото Дихово, од левата страна на реката Сапунчица, постои стар пат потврден со една станица "селиште - отворена населба". Се наоѓа под самото село. Најден е голем број на ќерамика од доцна антика и среден век. Градбите се од камен и кал. Патот се соединува со денешниот пат за Пелистер, кај мостот каде се влева реката Сапунчица во реката Драгор. Сè уште добро се гледа калдрмата. На некои места е правена со делкан камен. Најверојатно е ракав на Via Egnatia. Продолжува кон црквата Св. Арангел, Битола. Во дворот на црквата и денес постои мермерен миљоказ, долг 114 см. Се препознаваат некои клесани бројки, но не се јасни. Понатаму патот продолжува десно од денешниот главен пат, гледано ако се спуштаме кон градот Битола. Влегува во месноста "Довлеџик" (на турски - мала државичка)[346] кај автокампот и оттаму продолжува кон стариот млин, прв млин за мелење жито во Битола. Продолжува кон вештачкиот канал кој ги собира водите од село Брусник и

345 В. Лилчиќ 1994, 113.
346 А. Стерјовски 2001, 46.



*Сл. 9 - Битола, црква Св. Арангел, миљоказ*

ги влева во реката Драгор (тоа се водите од поранешната река Курделец).

Оттаму оди до старата продавница Каваци и се соединува со новиот пат. Кај факултетот за учители, сè уште стои старата калдрма од патот, долга околу 150 метри. Патот продолжува по улица Охридска каде се спушта до основното училиште "Др. Трифун Пановски", па се до месноста Дрвен Пазар, откаде помал ракав се дели кон конзулскиот кварт, а патот продолжува кон саат кулата и Старата Чаршија, за да излези на месноста Ат Пазар, од каде почнува нов пат, со ново име - *Heraclea - Stobi - Pautalia,* дијагоналниот пат.[347] Денес тоа е патот Битола - Прилеп.[348] Соединувањето на овој пат од Ат Пазар со *Хераклеја* одел од мостот Сали на реката Драгор, кон југ кај месноста Чифте Фурни, понатаму во правец на старата железничка станица, па кај денешната нова железничка станица, го следи истиот правец кон новиот млин, патот преминува кај зградата на стариот Прогрес и зафаќа право на југ покрај Зоолошката градина, па Буковските гробишта и влегува во *Хераклеја Линкестис.*

Од други познати патишта е патот *Скупи* преку Порече до *Керамие.*[349] Овој пат продолжува преку Прилеп, Селечка Планина, над село Селце и село Прилепец, преминува кон Мариово, оттаму на Ниџе Планина, слегува во Мегленската долина и стигнува до Солун.[350]

Во една повелба на манастирот Трескавец се споменува пат кој водел во правец на северозапад за областите Брод, Кичево и Дебар, а оттаму продолжувал за Драч (Dirahion). Трасата одела преку село Кривогаштани. Во истата повелба се сретнува пат кој водел од Прилеп до Брод, сигурно преку преминот Барбарос, во Порече.[351]

На просторот кај што е градот Ресен, Via Egnatia кај Петринска Планина, прави три патни делници кон ресенско поле. Првата делница е село Велгошта, село Петрино, град Ресен. Втората делница: село Лескоец, село Буково, град Ресен. И третата: село Косел, село Опејнца, село Буково, град Ресен.[352]

На крајот да ја спомнеме северната испостава на предворјето на Пелагонија. Тоа е патот од Вардар "Via Axia" започнува под крајпатниот каструм

347 В. Лилчиќ 2002, т. II 537.
348 В. Лилчиќ 1994, 114; И. Микулчиќ 1999, 228 - 230.
349 И. Микулчиќ 1999, 234.
350 Б. Бабиќ 1981, 27; Б. Бабиќ 1986, 12.
351 Г. Шкриванић 1974, 80 - 81; В. Лилчиќ 1997, 46, 48.
352 В. Лилчиќ 2002, 33 - 44.

*Кале* кај Велес и води кон два крака кои се делат едниот води по долината на реката Бабуна на југозапад и се искачува кон преслапот на Мукос кај Стровија. Другиот крак води по долината на изворчица до преслапите на Мукос кај Присат, Небрегово, Браилово, Слепче и Десово. По пат, двата крака биле контролирани од високиот кастел *Марково Кале* кај Теово[353] и рефугиумот *Кале кај Поменово*. Сртот на Мукос - северната граница на Пелагониската рамница - покрај споменатите преслапи стоеле укрепувањата кај Стровија, Десово, Слепче, Дреновци, Небрегово, Присат и *Баба* кај Прилеп. Сите патеки се поврзувале кај укрепената населба кај Варош - Прилеп (*Маркови кули*, *Керамие*?).

Бројните крајпатни тврдини укажуваат на големо значење на патот од Велес кон Пелагонија, особено во доцноантичко време. Крајпатниот каструм кај Стари Град[354] имал притоа несомнено клучна улога. Во него боравела (повремено?) коњичка единица која го контролирала споменатиот пат и неговите огранoци на северниот влез во густо населената регија Пелагонија.

## 2. Градежни материјали и нови фортификациски елементи

Освен каменот, и варта претставувала важен градежен материјал од кои зависел опстанокот на тврдината. По гасењето, варта била употребувана веднаш, на тој начин ги лепела многу поцврсто камењата оставајќи шуплини во ѕидовите, со што се добивала поголема еластичност и цврстина.[355] Техниката на ѕидање емплектон, која е во суштина полнетица на ситни камења со многу варовен малтер во јадрото на два ѕида од делкани камења, ја сретнуваме во тврдината *Пешна*, село Девич, Македонски Брод од VI век.

Користено е и дрвото за армирање на кулите и ѕидовите. Користењето на оплати (различни камења од претходните векови кои поради нивната масивност се користат во нова намена) имаме и во северозападната кула на акрополата во *Хераклеја Линкесӣис*. Ваквата оплата е изведена од големи мермерни блокови кои исто така се откопани и во јужното подѕидие во *Хераклеја* во темелна стопа (јужен градски ѕид на *Хераклеја*), во полукружната кула, наспроти базиликата А. Оплати имаме и на куртината (бедем кој спојува два бастиони, среден бедем) западно и источно од кулата. Сполии се вградени и во источната главна порта во каструмот кај Дебреште.[356]

Општо ако се гледа северозападната кула на *Хераклеја* ќе се забележи дека ѕидот е дебел, истурен, во кој е користен свеж вар, камењата се залепени а во нив малтерот има шуплини. Во VI век северозападната кула се користела како цистерна за вода, со што епископот ја контролирал водата во градот. Овие

353 В. Лилчиќ 1997, 38.
354 Ibidem, 36.
355 И. Микулчиќ 1999, 291.
356 Ibidem, 292.



*Сл. 10 - Хераклеја, северозападна кула, оплати од мермерни блокови*

фортификациски зафати биле направени заради одбивање на проектилите, фрлани од каменофрлачките машини, катапулти. За полесно да се одбијат камењата кои биле фрлани од машините, челната страна на овие кули им била заоблена во вид на потковица. Со поновите ископувања можи да се забележи и дилатацискaта спојка помеѓу кулата и ѕидот. Ваква спојка е регистрирана во *Хераклеја*, на североисточната кула. Понапредни од овие кули биле кулите со испакнат раб на средината од челната страна, во форма на триаголник. Во нашето подрачје регистрирани се триаголни кули во село Горно Ореово, Битола, каде кулата во тврдината се наоѓа на јужната страна и во село Слатино, Порече, каде во тврдината имаме три триаголни кули кои се поставени на спротивни страни. При влезот се две а на југозапад е третата. Петтоаголни кули (пентагон) откриени се кај тврдината кај *Дебреште*, Прилеп. На број се три кули.[357] Сите овие кули измислени се кај нас (Среден Балкан) како доцноантичко одбрамбено градителство.

**Предѕидови, насипи и ровови**. Ова се елементи за спречување на непријателот да влезе во тврдината.[358] На крајот од антиката сите кастели имале акрополи а во акрополата кула, поголема и посилна, во која седел стратегот и командувал со војската. Овде била и цистерната за вода а некои акрополи биле поголеми од градовите во среден век. Во овој период се викаат горен град и во него се повлекувале бранителите по падот на долниот град.[359]

357 По цртежот на Ј. Раухуд.
358 И. Микулчиќ 1999, 296.
359 Ibidem, 298.

### 3. Доцноримско градежништво и начин на градење

Во пелагонискиот регион во доцната антика градежништвото било по примерот на медитеранските земји, што значи лицето на куќата е свртена кон југ. Кај нас од римски градежни објекти во *Хераклеја Линкестис* имаме: капатило,[360] "портик"[361] (ходник на столбови), базилики,[362] вили (villa rustica, villa urbana),[363] епископски двор - палата[364] и обѕидија. Други градежни форми во нашите краишта имаме: кастели - opida, кастели - speculae, збегови - refugia, заселци - pagi murati, село - vici murati,[365] и водовод - пример од *Хераклеја*.[366]

Начинот на градење на куќите бил: темелите се граделе од делкан камен, 1,5 м. под земјата и 1 м. над земјата (ова денес се вика цокле). Над камењата кои се поврзани со варов малтер, се ставал плитар поточно тули направени од кал и слама. На некои места имаме цокле високо колку да не можат капајците да го ронат плитарот. И денес во централниот дел на Битола сочувани се куќи од ваков вид, направени во третата деценија на XX век. Помеѓу плитарот се ставени греди, вертикални и коси, со потпори (бондрук). Над плитарот се ставале гредите од таванот и по обичај покрив на две води, а во зависност од материјалната положба на сопственикот постоеле и други изведби. Богатите куќи имале атриум (двор со отвор и базен, фонтана во централниот дел на подот за собирање на атмосферските води).[367]

Јавните градби биле градени од камен, врзани со варов малтер, каде тулите ги користеле за опшивање на вратите, прозорците и други ѕидни отвори, како короната на ѕидовите.[368] Во репрезентативните градби се користеле тулите како редица во долг појас, во кои каменот бил фугиран. Либажниот појас ја опфаќал целата градба, во нејзиниот репрезентативен дел, во вид на венец. Овој начин на градба се вика opus mixtum или мешан римски слог.[369] Во базиликите во *Хераклеја* појасите од тули се конструирани во полукружните ѕидови на апсидите. Без сомнение појасите од тула се употребувале со цел да го нивелираат ѕидот од нерамни камења и да ја наголемат неговата стабилност и трајност. Впрочем тоа е причина што овие апсиди издржале до ден денес и тоа доста добро за разлика од ѕидовите кои немале појас од тули.[370]

---

360 Г. Томашевиќ 1974, 11 - 12; Т. Јанакиевски 1983, 161, 162; В. Лилчиќ 1996, 86 - 89.
361 Г. Томашевиќ 1965, 9.
362 Б. Алексова, В. Лилчиќ 1997, 11 - 20; В. Лилчиќ, В. Ињоска 1997, 21 - 38; Б. Алексова 2003, 21.
363 П. Србиновски 1979, 99 - 111; Е. Манева 1980, 125 - 126, 140.
364 Г. Томашевиќ 1974, 56.
365 I. Mikulčić 2002, 260 - 304, 327 - 331, 341 - 369, 377 - 385.
366 К. Петров 1956, 1 - 3.
367 Д. Герасимовска 1996, 79 сл. 78
368 И. Микулчиќ 1999, 238.
369 Ibidem 238.
370 К. Петров 1956, 6.

## 4. Типови куќи

На локалитетот *Руūа*, 0,6 км. североисточно од село Мојно, Битола, на теренот се гледаат десетина градби на куќи. Основата на овие куќи е квадрат со ориентација североисток - југозапад. Ѕидовите се градени со кршен камен, без употреба на вар. Видливи се и темелите од една обична куќа која се состоела од една централна просторија и две помали простории кои служеле како визба. Над визбите имало кат каде биле сместени спалните соби. Куќата била покриена со ќерамиди. И основата на куќата најдена во с. Мојно,[371] која е откриена целосно, со ѕидови од кршен камен и квадратна основа, без употреба на вар е со значително дебели ѕидови. Солидно е ѕидана иако е пронајдена во отворено селце (viculus). Гледаме една добро сочувана доцноантичка куќа од VI век. Не можеме воопшто да ја споредиме со асиметричните, варварски, порозноградени куќи од камен и кал во *Хераклеја Линкесӣис*. Не е прикажано дали се пронајдени покривни ќерамиди (inbruces). Значи едно село, со прецизна датација, по монетите на Аркадије, Маврикије и Анастасије, има посолидна градба од т.н. "микростанбена целина"[372] во *Хераклеја*, а на сето тоа градот бил епископско седиште. Микулчиќ нагласува за високиот селски комфор, особено квалитетот на градбата, спротивно од *Хераклеја* каде што нема воопшто естетика, градено било на брзина, без никаков комфор со несфатливо "ниска" градежна техника. Во месноста "Петрово Ритче" кај с. Црнобуки, 50 м. од патот за с. Лисолај, зад "*Калуѓерски Дол*" во 1961 год. пронајдени се темели од камен, без малтер, широки 45 - 55 см. Оваа градба имала 5 простории кои се познаваат на теренот. Најверојатно се работи за villa rustica. Пронајдена е и доцноримска грнчарија, тегули.[373]



*Сл. 11 - С. Црнобуки, "Пеӣрово Риӣче", основа на вила русӣика од доцноанӣичкиоӣ ӣериод*

Кај месноста *Пешӣерица* која се наоѓа околу 7 км. североисточно од Прилеп пронајдена е една villa rustica.[374] Вилата е комплекс на целини, споени една до друга но секој со посебна намена и посебни влезови.[375] Постои и терма со мал базен, а исто имало и базен за гмечење на грозје. Постојат повеќе фази на градба. Почетната е од кршен камен и

371 И. Микулчиќ 1970, 326.
372 Т. Јанакиевски 1977, 71 - 98.
373 Материјалот е отстапен од И. Микулчиќ.
374 В. Babić 1965, 131 - 133.
375 К. Кепески 1972, 143.

малтер, подоцнежните преградувања се со камен и кал. Претпоставка е дека вилата е изградена во III век, а егзистирала до IV век.[376]

Во близина на село Претор, Ресен, откриени се траги од станбена архитектура, чии ѕидови биле сочувани до 50 см. висина од темелната стопа.[377] Во текот на ископувањата се откри систем за загревање. Хипокаустите биле изведени од ќерамички плочки. Оваа градба претставува доцноантичка villa rustica. Нејзините подови биле со мозаици кои насилно биле уништени. Градена била од кршен камен и речни камења поврзани со варов малтер. Датира во доцната антика.[378]

Општа констатација е дека засега знаеме за 4 типа на куќи:

1. селски
2. villa urbana
3. villa rustica
4. градски комфорни куќи

**5. Градска архитектура**

Непознат византиски писател (anonim. Bizant) од VI век, кој бил воен стручњак, своето дело го посветил на воената тактика и воените справи. Попатно пишува крајно сериозно како се градат и утврдуваат градови во доцната антика, и тоа оди вака:

1. Карактерот на местоположбата (добри услови за одбрана, ридно место, возвишение со стрмни страни, место заштитено со река, можности за земјоделие во околината и сл.)
2. Во околината да има вода за пиење
3. Доволна количина на камен и дрвена граѓа[379]

Ова вековно искуство кое го практикувале луѓето, ни го остави во запис овој непознат автор. Така започна обновувањето на старите утврдувања на градови во рановизантискиот период. Тие можеле во потполност да ги следат барањата на современите фортификации, одбирани се доминантни места а понатаму целиот процес оди во фаза на комплетно планирање. Местото мора да е на припек, како што е *Хераклеја Линкестис*. Сонцето удира од југ, од север му е грбот а од Бори Кале се гледа целата равнина (иако прегледувајќи ги оргиналните документи не сретнав поим за Пелагонија -῎Αργοσ - рамнина). Местото во зима сосем малку држи снег, југот одма го топи, за разлика од денешното централно градско подрачје, кое е со енормно ладна, константна температура низ целата зима. Луѓето во минатото, местата за живеење ги одбирале по инстинкт, почитувајќи ги природните фактори: вода, воздух, сонце. Иако *Хераклеја Линкестис* е само 2 км. на југ од Битола, двата рида, Тумбе Кафе и Бори Кале, создале простор на микро клима со крајни прилагодности

376 Ibidem, 145 - 146.
377 V. Bitrakova 1967, 118.
378 В. Битракова 1988, 187.
379 В. Велков 1959, 177.

за здрав живот. Градот опстојувал и во среден век со ново име - Битола.[380] Вакви услови за живеење, секој човек би преферирал.[381]

Рановизантиската архитектура, по содржина, градот го прави како центар за одбрана на регионот и тој самиот си создавал сопствена фортификација. Тој бил единствена заштита за околните отворени и затворени села - сигурна заштита од варварските наезди бил градот. Кулите, ѕидовите, вратите, рововите, подградијата, сè било вклучено во функција за полесна, дефанзивна одбрана на градот. Место каде пребивало занаетчиството, трговијата и некакво образование. Воопшто, култура. Градот бил поделен на горен, долен и подградие. Во горниот дел на градот била сместена црковната управа - воено-административниот апарат. На пониската тераса е долниот град. Заштитен е со јаките бедеми, овде се трговците и занаетчиите. Воедно, тие покрај што го опслужуваат населението се грижат и за војската од горниот град. Тука се и црквите со раскошни ентериери, мозаици и релјефи. Надвор од обѕидието било подградието. Овде доаѓале да живеат сиромасите, луѓе без земја, пропаднати занаетчии и луѓе со сомнителен морал. Во *Хераклеја* подградието било густо населено. Од другата страна на Сива Вода, на југ се заприметува еден ѕид кој личи на протеихизма. Во суштина не е баш во правата смисла на зборот, бидејќи начинот на градење е без употреба на малтер. Најверојатно со ископување би се открила вистинската функција. Растуреното подградие останувало без заштита. По нападите на Аварите, Словените, во VI век градовите замираат. Дури во VIII век, па почеток на IX век постепено оживува градскиот живот. Во прво време градителството во нив го прави војската.[382] Со нив доаѓаат занаетчиите, трговците, образованието (религија). За *Хераклеја*, не можеме да прифатиме мислењето дека од готов град, Словените требало да изградат нов.[383] Во науката стои ставот дека доцноантичките градови претставуваат континуитет на средновековните.[384]

## 6. Доцноримски градови

Во доцноантичкиот период почнале да се трансформираат раноантичките градови - polis во доцноантички кастрон. Неговото постоење е сè до доцен среден век.[385] Од доцна антика во целиот регион постоеле градовите *Хераклеја Линкесӣис, Пелаīонија, Никеа* (кај Доленци),[386] *Анӣанија* кај Зовиќ.[387]

380 С. Тодоровски 2002, 57 - 61.

381 Од поновата историја познат е примерот на градење градови во САД. Таму луѓето, не користејќи ги природните фактори при населувањето и немајќи традиција и континуитет со текот на време ги напуштале градовите како неприкладни за живеење (ендемски подрачја).

382 Г. Л. Курбатов 1971, 75.

383 Т. Јанакиевски 2003, 210.

384 И. Микулчиќ 1996, 23.

385 И. Микулчиќ 1999, 13.

386 Ibidem 330 - 331.

387 Ibidem 331 - 332.

- ***Хераклеја Линкестис*** е најистражена и најповеќе репрезентирана во јавноста.[388] Во доцната антика многу антички типови на градителство ги снемува: театри, гимназиони, портици, храмови на пагански божества, некои биле преправани во цркви, некои добивале нова намена или едноставно ги снемувало. Но сепак некои градби ја сочувале првобитната функција, како на пример термите во *Хераклеја*. Тие се мали и ги нема сите оние сали кои ги има во мегаполисите на Римската империја.[389]

За нас е интересен еден податок, кој ќе се обидеме да го разјасниме, а го запишал историчарот Малх кој ни зборува за случката помеѓу епископот и Теодорих во 479 год. Иако епископот му испратил разни дарови на Теодорих, тој ја запалил и опљачкал *Хераклеја*.[390] Растењето на моќта на епископите не се случило во 505 година со одлуката на царот Анастасие,[391] тоа било претходно. Епископот се јавувал како судија и духовен застапник на локалното население. Секој град морал да има свој епископ.[392]

Комплетното префрлување на должностите на епископите ги дал Јустинијан во 535 година и им забранил на намесниците да поставуваат свои претставници. Во 538 година му дава на епископите комплетно управување со провинциите. Веќе во 545 година им дава право да го контролираат и порезот.[393] Како што *Хераклеја* во околината имала само епископ, сигурно тој бил главен и на помалите гратчиња во околината. Со оваа функција оди и потребата за одбрана на градот. Значи покрај духовната власт епископот ја имал и световната. Сепак ваквите новини јасно ни кажуваат за една длабока криза во царството. *Хераклеја* како епископско седиште останува до длабоко во среден век. Се мисли на натписот од епископот Герасим, лоциран во XIII век.[394] Доцната антика е колевка на христијанството. Многу епископи во католичкото (сеопфатно) христијанство биле учесници на екуменските собири и нивните одлуки биле прифатени во интерес на црквата. Да го спомeнеме Бенигнус, епископ Хераклејски - Пелагониски од 553 година.[395]

---

388 Н. Вулиќ 1931, бр. 14 - 17, 114; истиот 1933, 9 - 15; истиот 1934, 31 - 39; истиот 1938, 1 - 15; истиот 1941 - 48, 10 - 18; М. Грбиќ 1937-38, 351; истиот 1939/40, ; M. Grbić 1940, 180 - 181; Ф. Папазоглу 1954, 308 - 343, истата 1957, 188 - 194; истата 1961, 7 - 33; истата 1970, 91 - 99; П. Мачкиќ, И. Микулчиќ 1961, 45 - 67; Ќ. Стричевиќ 1961, 35 - 42; Г. Томашевиќ 1965, 9 - 29; истата 1967, 5 - 65; истата 2002, 5 - 114; истата 1987, 9 - 19; М. Чанак-Медиќ 1965, 35 - 61; М. Медиќ 1965, 67 - 71; Д. Симовска 1965, 77 - 80; И. Микулчиќ 1974, 357 - 361; истиот TIR 1976; истиот 1999, 39 - 49, 254 - 255, 326 - 330; I. Mikulčić 2002, 263 - 268; Е. Манева 1979, 7 - 60; истата 1982, 125 - 141; истата 1985/87, 49 - 60; истата 1985/86 161 - 181; истата 1986, 71 - 81; истата 1988, 175 - 185; истата 1989, 161 - 181; истата 1989, 51 - 57; истата 1990, 171 - 180; истата 1993, 17 - 24; Љ. Џидрова 1996/97, 269 - 290; В. Лилчиќ 2002, 713 - 748.

389 Т. Јанакиевски 1983, 161.

390 Ф. Папазоглу 1957, 193.

391 Љ. Максимовиќ 1980, 41.

392 Cod. Just. I, ... закон донесен за време на царот Зенон, околу 476 - 480 год..

393 Ibidem 42

394 С. Тодоровски 2002, 75.

395 Ф. Папазоглу 1957, 193 - 194.

- ***Никеа*** (Nicea). Во 1928 година, кај село Доленци, Битолско, откриена е римска тврдина.[396] И. Микулчиќ, познавачот на доцноримските градови, смета дека нема потреба населбата да е оддалечена од тврдината. Секаде бил запазаен принципот, кај што е тврдината таму е и населбата.[397] Двете компоненти прават град. Констатираме дека првобитното, најстарото размислување на Никола Вулиќ е најприфатливо.

- ***Ан̄танија.*** Два натписи ни зборуваат за Антанија.[398] Вториот, најден во Стоби, помогна да се лоцира територијата која во раното царско време била врзана за Линк. Градот се наоѓал во Мариово.[399] Градот не е идентификуван, но се смета дека бил лоциран кај манастирот Чебрен.

- ***Пелаḡонија.*** Забележан е во пописот на Хиеракле од 526/27 год.[400] како град во провинцијата Македонија II. Значи на северниот дел од Пелагониската регија. Сè уште не е прецизно лоциран, а се смета дека егзистирал во општина Прилеп. Три локалитети се сметаат за можна локација на Пелагонија: *Кале Дебреш̄те* - с. Дебреште, *Маркови Кули* - с. Варош[401] и *Висока* - меѓу селата Крушевица и Бонче[402]. Со недоволни докази претпоставките се отворени.

- ***С̄тари Град - Кале.*** Северна испостава на предворието на Пелагонија. Иако припаѓа на општината Велес, мораме да го споменеме бидејќи е дел од нашата тема. Самиот град е со грандиозни димензии. Лежи во близина на истоименото село, Стари Град. Во континуитет е на тврдините кои се нао ѓале на североисточните ивици на Пелагониската рамнина, во Прилепската регија. Го контролирал преминот Мукос, кај Присад и северниот влез кај с. Гостиражни, како и патот што водел од Велес кон Пелагонија.[403]

## 7. Војска

Во доцниот IV век римската војска е хетерогена. Важно место заземаат германските платеници (federati).[404] Од крајот на IV век нив им е препуштена командата над римската војска. Готските водачи и кралеви, како Аларих, Теодорих или Теодорих Амал добиле од Константинопол највисоки титули, magister militum. Практично биле главни заповедници на Источната римска војска.[405]

---

396 Н. Вулић 1931, 22 - 23.
397 I. Mikulčić 2002, 271 - 273.
398 Hier. 632, 2.
399 Ф. Папазоглу 1957, 198 - 199.
400 Hier. 64.5.
401 И. Микулчиќ 1999, 340.
402 В. Лилчиќ 2006, 28.
403 I. Mikulčić 2002, 436 - 438.
404 J. Kovačević 1972, 64.
405 I. Mikulčić 1986, 104.

Во текот на V и VI век одбраната на нашите краишта била со територијалните единици и цивилно - војнички стражи (limitanei).[406] Значи вака дефинираните војници не ја одбраниле територијата од варварите, сигурно не биле ни обучени ни дисциплинирани. Јустинијан I го штедел државниот буџет, а Анастасие вовел порез од одредени тврдини.[407] Така се стекнува впечаток дека немало војска која би ја бранела државата бидејќи била препуштена на непрофесионалци и границата била пробиена.

***Помошни чети***. Овие војници не биле римски граѓани, туку претежно од варварските народи и окупираното домородно население. Се споменуваат под името burgarii, castricioni, castelloni, milites. Војниците во тврдините живееле со фамилии и ја обработувале околната земја.[408]

---

406 Ibidem, 105.

407 Ibidem, 105.

408 И. Микулчиќ 1999, 281.

## VI. Населби

Во доцната антика во пелагониската регија регистрирани се 112 укрепени и 185 неукрепени населби од доцниот III до VI век.[409] Ова ни кажува дека просторот бил густо населен во овој период, протокот на луѓе бил максимален. Утврдените населби имале повеќе функции, зависно од настаните во регионот, било тоа да се економски или воени. Некои од нив животот го започнале во раната а продолжиле и во доцната антика. Нивниот развој и пад бил природен, наметнат од историските збиднувања. Во нив луѓето живееле со намена. Ги задоволувале потребите на царството и станувале дел од тој систем. Впрочем целото човечко тежнеење се сведува на две нешта, како да се зголеми задоволството а да се намали болката, во секој облик и манифестација. Ова нешто, вечно го анимира човечкиот ум кон потреба и усовршување на духовното, а потоа и на материјалното. Потребата за голем број на населби да се создадат на толку мал простор, слободно можеме да кажеме дека е предизвикана од потребата за метали. Рударството развило потрага по метали со првенствена намена за производство на оружје, како средство за одбрана на империјата. Со тоа пелагониската регија станала, во овој период, "центар" на римското царство. Градовите кои настанале биле во функција на оваа дејност. Единствено за град можеме да го сметаме градот *Херклеја Линкестис* кој имал цивилен карактер и тој ќе претставува двигател на цела тема. Другите градови биле во функција на укрепените рударски тврдини и на укрепените рударски населби. Со рударството во градовите и тврдините доаѓа и војската, таа го чува редот и мирот и протокот на материјалните добра. На војската им се потребни занаетчиите кои претставуваат сервис за нивните потреби. Со нив доаѓаат и набавувачите, лихварите - трговци (во римското царство постоела изрека која велела „трговијата не е достојна за луѓето, дајте им ја на евреите"), како и бирократијата (чиновниците) кои ги прават институциите. На крајот се јавува (како вишок на слободно време) и културата. Таа опстанува

409 Арх. карта, том II, 1996, 16 - 47; 48 - 52; 133 - 142; 200 - 203; 208 - 319; 332 - 342.

и се развива во зависност од благосостојбата на времето, ако немало кризи и воени дејства. Особено развојот доживувал висок духовен стадиум со изградба на цркви како што е времето на царот Анастасиј, кој во историјата не е толку експониран бидејќи не водел војни, но бил штедлив, умерен и насочен кон градежни дејности. Од неговата каса со 320.000 фунти злато, овозможил многу градежни зафати во првата половина на VI век.[410]

Населението во населбите го живеело своето секојдневие во борбата за опстанок, исклучено од политичките настани кои биле привилегија на високата класа. Тежнеењето на селата да го имитираат укрепениот град од зависност на економската моќ го создаде укрепеното село. Потребата од спас на голиот живот ги создаде укрепените збегови, кои биле уште една бариера за непријателот. Иако скриени на повисоки места во одредени периоди одиграле клучно продолжување во континуитетот на животот како привремена замена на вистинските цивилни укрепенија и укрепени населби. За разлика од некрополите од раната антика кои се на број 45, некрополите од доцната антика се на број 105[411] во целата регија, денес присутни на теренот (што не значи дека сè уште нема неоткриени). Од нив дознаваме многу работи за населението и населбите во регионот. Кај нас сè уште не се извршени анализи на коступите за да ги откриеме периморталните промени (смрт предизвикана со насилие) преку кои би ги откриле причините за смртта, староста на покојниците, нивната исхрана, начинот на живеење и нивниот статус. На коските се гледа како се хранети, стресот, трауматските повреди а особено забите ни кажуваат за начинот на хранење, кој тип на храна растителна или животинска и др. Секогаш некрополите ги сретнуваме надвор, во близина на утврдените и неутврдените населби.

Во VI век доаѓаат во походи североисточните "варварски" племиња, Бугари, Авари и Словени. Византискиот цар Јустинијан подига силен одбрамбен систем од тврдини на Балканот. На тој начин ги зајакнал провинциите и одбраната на царството.[412] Меѓутоа, скоро сите градови и утврдувања, заедно со отворените населби во овој регион, престанале да постојат скоро наеднаш и наполно во исто време. Единствено останале да "животаркаат" одредени отворени населби во Мариово во близината на денешното село Витолиште, сè уште се ископувала руда и се преработувала. По овој крајно разорувачки продор, во VII век имаме обид за обновување на градовите, потврдено со монети, сигурно од страна на војската, но тоа било краткотрајно. Автохтоното население, старите Македонци и натурализираните Ромеи, се разбегале деорганизирано низ островите на Егејско Море. Потреба од нивна работа немало, а со тоа немало ни прилив на пари. Така занаетчиите талкале низ империјата и се изгубиле во метежот на останатите протерани народи. Земјоделскиот дел од населението останал на своите огништа и се претопил со старите Словени,

410 Љ. Максимовиќ 1980, 25.
411 Арх. карта, том II, 1996, 16 - 47; 48 - 52; 133 - 142; 200 - 203; 208 - 319; 332 - 342.
412 В. Лилчиќ 2002, т. II, 535.

наметнувајќи им го името Македонци. Грижата на државата кон рударската дејност пропаднала, а со тоа настанува голема криза во империјата.

Од тој период, разликуваме два типа на населби:

*а) укреџени*

*б) неукреџени.*

### А. Укрепени населби

За државата укрепените населби имале големо значење. Секој пат кога нешто е утврдено со ѕидови значи дека внатре се чува некое добро, било да е материјално или пак да е во прашање човечкиот фактор. Секоја категорија на утврдување има своја специфика на теренот. Со тоа полесно ги идентификуваме. Меѓусебе биле поврзани со локални и магистрални патишта. Благодарение на нив во ова време можеме со многу поголема сигурност и точност да ги следиме трагите на тогашните патишта.

Постоеле повеќе категории на укрепени места:

**- Градови:** Градовите се укрепенија од цивилен карактер што значи дека имаме значителен подем на култура, обично биле епископски седишта и значајни црковни културни центри, каде што имало војска, занаетчии и трговци. По површина се големи, градени по одреден план и со јаки обѕидија. Се наоѓале на магистрални и важни патишта. Во првата половина од VI век, граѓанскиот потенцијал се сели на повисоки места[413] уплашен од честите продори на "варварите".

**- Укрепени села:** Обично, укрепените села биле со површина од 2 - 3 ха. Подигнати биле на помали височини, обично видливи, нескриени. Во нивна близина имало или поток или помала река. Лесно биле пристапни. Внатрешноста била поделена на неколку тераси. Ѕидовите биле градени јако, со малтарен опус или сувоѕид. Немале кули. Во некои се сретнуваат дури и ранохристијански цркви. Тие лежат на повисоките делови од планините, во зоната на високопланинските пасишта, каде постојат услови за развој на сточарство. Населението не било многубројно, зависно било од блиските тврдини. Во доцната антика благодарение на овие села не можеме да зборуваме за депопулациони зони, а со тоа и за процес на деаграризација. Сточарството и нешто земјоделие бил начинот на нивното преживување. Контактот со поблиските тврдини бил повеќе трговија - размена на кожи, месо, млеко и предмети од дрво (некои со текот на времето станале и рударски населби), а за тоа добивале метални производи кои стриктно ги користеле во секојдневниот живот. Социологијата на животот се сведувала на селскиот старешина и заемното меѓусебно помагање. Ова го дознаваме по трагите на интензивниот

413 В. Лилчиќ 2002, т. II, 532.

живот во текот на доцната антика. Во овие обѕидија, освен ретки исклучоци каде сретнуваме цркви, нема јавни градби. Животните кои ги одгледувале се наоѓале по околните тераси каде се пазеле деноноќно. Во краен случај стоката била целото нивно богатство. Во овие рурални цивилни населби по неа се ценел статусот во заедницата. Покрај нив лежат пространи некрополи. Со ваквите обѕидија можеле да се одбранат само од помали воени формации.[414]

**- Рударски населби:** Се појавуваат во раниот IV век. Голем број од нив прераснале од утврдените села во рударски населби. Овие населби со текот на времето станале подобри од дотогашните истовремени гратчиња, меѓутоа тие не биле урбанизирани и немале толку силно обѕидие како градовите, но сепак се сретнува по некоја кула. Поради тоа не станале административни или црковни центри, иако некои сосем се доближиле до таа категорија. Регистрирани се во ридско планинските региони, подалеку од поважните патишта, но затоа многу подобро заштитени. Овие села ја искористиле ситуацијата во доцната антика да нашиот регион стане рударски центар и тие од аграрно-сточарски заедници станат рударски.

**- Руднички тврдини:** Овие тврдини имаат посебен распоред, целата внатрешност е полна со градби, а посебно имало просторија за рударскиот металург, оној што знаел да ја процени рудата. Сигурно имало и државен чиновник, кој им плаќал на рударите (ги мерел питите) и рударската стража.[415] Овие кастели биле крајно сериозна установа, под директна надгледност на државниот апарат. Со заземањето на Шпанија од страна на Свигите, Вандалите и Готите, дотокот на руда во Римското царство во доцната антика, престанал.[416] Затоа Римјаните се свртиле кон Балканските рудници, особено Македонија, со комплетен пелагониски регион на Демир Хисар, Порече и Мариово. Тука и се сконцентрирани рударските кастели. Иако рудата не била од висок квалитет, ситуацијата налагала да се користи. Значи во доцната антика, главен извор на руда (железо) во империјата е Македонија. Дури било забрането руда да се шверцува надвор од границите на империјата (limes). Најверојатно, овде лежи и одговорот на економската зависност на империјата и големиот проток на луѓе и фортификации во Пелагониската регија во доцната антика.

Утврдувања биле градени со цврст материјал од камен и малтер по државни прописи, градени по наредба и средства од државата со цел да ги штитат рударските постројки - копови, флотации, пржилници и топилници на рудата. Во нив биле чувани добиените метали и истите делумно преработени; државните ковачи изработувале финални производи со цел да се задоволат потребите на нарачателите било да се од средината или пошироко. Во овие тврдини боравеле и рударски техничари, надзорници, чиновници, рударска стража и др. Преработеното железо, се испраќало во поголемите центри.

414 I. Mikulčić 1986, 110 - 111; истиот 1994, 144; истиот 1999, 267 - 268.

415 И. Микулчиќ 1999, 277 - 278.

416 Ѓ. Манозиси 1959, 88; R. Kanlif 1980, 236.

Во областа Порече[417] постоела експлоатација на руда во мелови, во римскиот период. Регистрирани се 20 рударски тврдини, а оние кај Слатино и Девич изненадуваат со својата масивност.

- **Укрепени збегови (refugium):** Овие ѕидија биле градени на високи, тешкодостапни позиции. Најчесто на врвот на некој рид, од каде се контролирале околните долини и патишта. Биле оградени со природни, стрмни обѕидија, а негде со наменски, слаби обѕидија без малтер. Обично местата се одбирале блиску до провалии. Битно е дека ги градело локалното население, без никакво познавање на фортификации. Површински, најчесто, се со димензии 0,5 - 1,5 ха. Поретко се поголеми, обично каде што и сточарите се криеле со својот добиток. Засолништата биле користени само повремено. Збеговите во доцната антика се поделени на три периоди. Првиот е во III век. Во текот на овој век биле направени првите планински збегови, како привремени засолништа. Тие биле сместувани на потешко пристапните ридско - планински предели, во близина на извори со вода.[418] Во првата половина од IV век поголем број на овие збегови биле утврдувани со посолидни ѕидови, во техника инцертум или емплектон. Опремувани биле со главна порта и неколку одбрамбени кули.[419] Од ова време, внатре во обѕидието се сретнуваат ретки остатоци од примитивни градби, особено колиби и ретки парчиња од доцноантичка грнчарија. Тоа кажува дека повремено се користеле, само во случаи на опасности. Следниот период е кон крајот на VI век. Тогаш, во нив интензивно се живее. Се населувале сточари и земјоделци. Опкружени биле со планински патишта, со ниви и шуми. До нив се евидентирани некрополи.[420] Наодите од монети се ретки, едвај нешто од IV и VI век.

- **Каструми и кастели:** Каструмите биле воени логори за поголеми воени единици (големи легиски логори во нашата регија немало). Основата на каструмот е четвртаста, со улици кои се сечеле под прав агол.[421] Во доцната антика улиците изчезнале, а внатре биле наредени простории со иста ширина и должина потпрени на обѕидието од внатрешната страна. Кај нас познат е каструмот кај Доленци и Дебреште. Кастелите биле утврдувања во кои биле стационирани мали, локални и регионални воени одреди, составени од месното население. Кастелите биле поставени на високи, природно заштитени и тешко освоиви позиции, на стратешки места.

Кастелите во раниот IV век имаат функција како утврдувања. По ова време внатрешноста претрпува промени, така што во списокот на Хиеракле од V и VI век каструмот кај Доленци се споменува како град. Кастелите биле особено дел од воениот карактер, во нив биле стационирани мали локални регионални одреди. Нивната големина и форма е различна. Особено најдо-

417 А. Керамитчиев 1983, 105 - 122.
418 В. Лилчиќ 2002, т. II, 531.
419 Ibidem, 531.
420 I. Mikulčić 1986, 110; истиот 1994, 114; истиот 1999, 270 - 271.
421 И. Микулчиќ 1999, 273.

бро се запазени кастелите обновени во IV век. Обѕидието им е ѕидано со малтер а во некои случаи со ефтина сувоѕидна техника и зајакнати со една или повеќе кули. Се гледа дека се правени плански под надзор на воени архитекти со средства издвоени од државната каса. Кастелите се помногубројни. И. Микулчиќ, успеал да разликува неколку категории на кастели:

1. гратчиња - тврдини
2. стражарски тврдини
3. рудничка тврдина
4. гранични тврдини и
5. царински тврдини

Првите гратчиња - тврдини (oppida) се подобро изградени од останатите тврдини, најчесто плански. Имаат кули, понекогаш полукули и бастиони. На највисокиот дел од тврдината е акрополата (горен град) а под него е цивилниот (долен) град. И тој е опфатен со обѕидие. Изградени се на места кај што имало голема патна мрежа. По традиција продолжиле да се развиваат и во V и VI век. Со текот на времето некои биле и црковни центри, обично во нив има и ранохристијански цркви. Основна дејност во тврдината било занаетчиството, кое им користело на војниците од акрополата и локалното население. Во некои тврдини се гледаат темели од јавни згради, улици, форум (плоштад), права урбана шема.[422]

**- Воени укрепенија (гранични и царински станици, стражи):**

Ги наоѓаме на илегалните премини и на местата каде што се чувала границата. Во нив работеле државни чиновници кои ја царинеле робата и ги фаќале шверцерите.

Вид на кастели, воглавно гранични, биле мали, бургови. Со реформите на Диоклецијан, кон крајот на III век, Балканскиот Полуостров ги добива новите административни граници околу помалите провинции, кои тогаш почнале посебно да се утврдуваат. На новите гранични линии во IV век никнуваат нови погранични каструми.[423] Распоредени биле долж граничната линија, во исто време поврзани од двете страни на границата. Овој контролен систем бил добро организиран. На некои места се гледаат преградни ѕидови (klaustro) со кои биле блокирани тајните премини и заобиколните патеки. Обично се наоѓаат на високи места - сртови, каде се чувала границата од непријателот, тука најлесно можел да се блокира и отфрли назад.[424] Сигнализацијата поме ѓу нив при најавување на непријателот, била со палење на огнови, од каде лесно можел да се запримети огнот - чадот на другиот рид (срт).

Кастели - стражи (speculae) најчесто се малечки објекти, поставени на доминантни пунктови на теренот. Оттаму ја контролирале околината. Секој поголем градски центар бил обезбедуван со низа мали стражарски тврдини, на високи планински позиции, долж поважните патишта кои воделе кон градот. Притоа се водело сметка за визуелна комуникација меѓу овие тврдини,

422 I. Mikulčić 1984, 108; истиот 1994, 142 - 143.
423 В. Лилчиќ 2002, т. II, 531.
424 I. Mikulčić 1984, 282.

поради навремено известување за некоја опасност.[425] Обично имаат една а некојпат и повеќе кули. Со нив одат и силни одбрамбени ѕидови, градени со малтер. Во суштина биле воени објекти. Некој пат до овие обѕидија се нао ѓаат и доцноантички некрополи. Во гробовите има скелети и на жени и на деца[426] што кажува дека во кастелот, веројатно, повисоките офицери живееле со своите семејства.

Царинските кастели се наоѓале на гранични премини. Биле мали утврдувања, во нив боравел царинскиот службеник.[427] Во доцната антика постоела царина која ги пополнувала приходите на државата. За стоката при премин на границата се плаќал порез. Најверојатно постоеле продолжени царински кастели кои ги фаќале шверцерите, а тие преку тајни премини се криеле и се обидувале да не платат порез. Во овие кастели се чувала одземената стока и се царинела пријавената. Вакви установи постоеле и функционирале и во доцната антика.

## 1. Доцноантички градови - цивилни укрепенија

### 1. 1. Хераклеја Линкестис

**- Извори:**

М. Г. 1937/38, 351; М. Г. 1939/40, 231 - 235; Ф. П. 1954, 308 - 343; Ф. П. 1957, 188 - 194; Ф. П. 1961, 7 - 33; Ѓ. С. 1961, 35 - 42; Г. Т. 1965, 9 - 29; М. Ч. - М. 1965, 35 - 61; М. М. 1965, 67 - 71; I. М. 1966, t. XXVIII; Ф. П. 1970, 92 - 99; И. М. 1974, 357 - 361; Т. Ј. 1975, 165 - 172; Т. Ј. 1977, 81 - 89; G. C. - T. 1978, 31 - 44; Т. Ј. 1978, 189 - 199; П. С. 1978, 47 - 64; П. С. 1979, 99 - 110; Е. М. 1981/82, 125 - 141; Е. М. 1983/84, 35 - 40; P. S. 1984, 119 - 132; Е. М. 1985/86/87, 35 - 40; Е. М. 1985/86/87, 49 - 56; Е. М. 1986, 71 - 86; Г. Ц. - Т. 1987, 10 - 13; Е. М. 1988, 45 - 49; Е. М. 1988, 175 - 185; Е. М. 1989, 161 - 181; Е. М. 1989, 51 - 57; Е. М. 1990, 171 - 179; Е. М. 1993, 17 - 24; Љ. Ц. 1999, 269 - 290; И. М. 1999, 254 - 255; Т. Ј. 2001, 17 - 77; I. Mikulčić 2002, 263 - 268; В. Л. 2002, 713 - 748; Г. Ц. - Т. 2002, 7 - 106; В. К., А. Г. 2005, 5 - 157; А. Г., Е. Н. 2005, 225 - 240.

На јужната периферија од градот се наоѓа локалитетот *Хераклеја Линкестис*, на 670 м.нв. и површина од 8 ха. Составен е од акропола, која се наоѓа на рамен планински предел, а под неа подградие кое се спушта по благ рид кон рамнината, до реката Сива Вода. На исток се протега Пелагонискoто поле, на запад бил преминот на патот Виа Игнација кој се спуштал кон градот *Хераклеја* и продолжувал на југ. Од подградието на север е акрополата. Зад неа се наоѓа некрополата која и денес е активна. Од ѕидините на акрополата, кон север пронајдени се 4 скалила од мермер кои се спуштаат кон гробовите.

425 В. Лилчиќ 2002, т. II, 535.

426 Ibidem, 109; истиот 1994, 143.

427 Ibidem 283.




*Сл. 12 - Хераклеа Линкестис, план на градот*
*со нумерирани доцноантички градби*

Овој дел на ридот има несовладлива стрмнина, со скалите се скратувал патот при одењето кон некрополата. Градот се протегал од запад кон исток. Опколен бил со јаки обѕидија. Во доцниот V и средина на VI век направени се внатрешни преградувања, со тоа што, тогаш, се намалил на 5 ха. Стопанската дејност му била претежно трговија и занаетчиство и за сиромашниот народ кој живеел во подградието е земјоделство и сточарство.

**Градски ареал**

Доцноримското обѕидие опфаќа четвртест простор, долг близу 500 и широк 160-180 м во средишниот и западниот дел, а само 110 м на источниот крај. Обѕидието како и откопаните градби навестуваат ортогонална (правоаголна) улична мрежа, систем *кардо-декумана.* Обѕидието на *Хераклеја* затворало површина од околу 7,5 ха, со што ја бројуваме меѓу помалите градови на нашата почва. Пред долгата северна линија на ѕидот се простирале градските гробишта, а пред јужната линија на ѕидот рекичката Сива Вода. Сива Вода служела и за одвод на отпадните води од градот но и како извесна природна пропрека пред јужниот градски ѕид. За време на иригационите работи на коритото на Сива Вода во 1962 година беше разголен еден дел на јужниот брег, во кој се појавија повеќе гробови со кремација и спалиште *(устринум).* Некои од гробните јами се со овална форма и силно изгорени ѕидови. Потекнуваат од II - III век.

**Водовод**



*Сл. 13 - Водоводни туби украсени со брановидни линии (ископувања во Хераклеја 2003 год.)*

Водоводот во *Хераклеја* доаѓал од месноста 12-те кладенци на Неолица, локализирани на надморска висина 670 м, јужно над селото Лавци (Лахци). Оттаму се снабдува со вода и ридот Тумбе Кафе (Тумбеки). Во 2001 година на овој рид се местеа светилки и се реновираше патот. По трасирањата и копањата се појави голем број на покривна доцноантичка керамика. Се претпоставува дека и на овој рид имало населба од овој период која била во континуитет со *Хераклеја Линкестис*, но за жал понатамошни ископувања не се изведени. Водоводот за *Хераклеја* и Тумбе Кафе бил изграден од керамични цевки.[428] Висинската разлика е околу 900 метри. Поминувал низ акрополата и се спуштал во градот. Со ископувањето на Акрополата во 1936/38 година беше констатирано дека внатрешноста на аголната (северозападната) кула била оспособена за акумулирање на вода. Водата доспевала во неа низ цевка од западна насока, спроведена низ ѕидано каналче од камен и малтер. Каналчето може да се следи на терен благодарение на таложните шахти ѕидани на одделни дистанци, што и денес се гледаат на површината на теренот. Водоводната линија води по сртот на ридот западно од *Хераклеја*, пратејќи го благиот пад се до Акрополата. Споменатата аголна кула на Акрополата е највисоката точка во градот. Од неа водата можела лесно да се спроведе надолу до сите објекти во населениот регион. Отпадните води ги собирала реката



*Сл. 14 - Хераклеја, срушен постар ѕид за да се поставаат водоводните туби*

428 К. Петров 1956, 109.

Сива Вода. На крајот да кажеме дека водоводната линија од Неолица била користена до наше време. Должината на целиот водовод е 6200 метри.[429] Во ископувањата вршени во летото 2003 година, откриен е водовод во централниот дел на *Хераклеја*. Се протегал од запад кон исток. Водоводните тубуси (цевките) со димензии 26x12 см. на предната страна имаат орнаменти во вид на брановидни линии, некои од тубусите на краевите се стеснуваат а некои се прави и биле поврзани со варов малтер. Интересно е да се спомене дека за да се постави овој довод на вода од крајот на антиката, требало да се искршат постарите ѕидови кои и денес се гледаат на теренот. Доводот ориентационо завршува кон патот за локалниот музеј.

**Градско обѕидие**

Доцноримското обѕидие се гледа во одбрамбените ѕидови. Одбрамбените ѕидови се поправаат и обновуваат низ доцноантичкиот и средниот век. Во источниот дел на градот *Хераклеја* се следат 2 обѕидија: 1. постаро - римско, кое на исток допира до денешниот пат кој води кон грчката граница и 2. подоцнежно - рановизантиско, повлечено навнатре за 130 - 220 м. кон центарот на градот. Исфрлениот агол на второто обѕидие и денес се гледа на теренот.[430] Но сепак, ако сметаме дека на акрополата зачна раноримскиот град треба да кажеме дека одбрамбените ѕидови на овој дел се потанки во ширина, особено во источната страна на делот од ѕидовите од акрополата. Западниот ѕид и внатрешниот раб од јужниот ѕид се обновени во доцната антика над ѕидовите од раноримскиот период, со тоа што е запазена дебелината на ѕидот. Ѕидовите од постариот период се градени од погуст и поквалитетен малтер, а наредените камења се попрецизно кршени и по димензија се помали. Опусот воопшто е поквалитетен и поубаво изведен. Геометријата е попрецизна што ја зголемува стабилноста на ѕидот во однос на движењето од запад кон исток. Ваква квалитетна и помасивна изведба имаме и на јужниот одбрамбен ѕид кој се карактеризира со цврстина на кулите. Тие најверојатно се обновени и некои се доградени во доцната антика, особено кулата во форма на полукруг (потковичеста) и кулата која е навлезена во реката Сива Вода, со остар агол, чиј ѕид продолжувал кон исток. Со аксонометријата на ѕидовите и кулите, која ја прикажува Микулчиќ,[431] тврдината од јужната страна била заштитена со природен воден ров, баш на она место каде градот бил најранлив. Тоа е делот близок до рамниот отворен простор каде било отвореното, сиромашно подградие. Ѕидот на ова место бил зајакнат со 5 кули кои сè уште се видливи на местото и најверојатно уште неколку кои сè уште не се истражени. Северниот и јужниот ѕид на источната страна се соединуваат во форма на клин, кој денес се наоѓа во дворот на битолската пивара. Исто таков клин можеме да видиме во внатрешниот градски ѕид од рановизантискиот период.[432]

---

429 Ibidem, 110.

430 И. Микулчиќ 1999, 327.

431 Ibidem 327, сл. 202.

432 Ibidem, 41, сл. 21.

Паралелно со западниот градски ѕид се протега уште еден ѕид, на растојание од 75-85 м. од него. Истиот јасно се прати на теренот. На северниот крај, на сртот на ритчето овој предѕид скршнува под прав агол кон исток и се поврзува со аголна кула на Акрополата. Предѕидот *(протеихизма)* имал функција да ги намали директните удари на напаѓачите врз главниот ѕид. Бришаниот простор помеѓу предѕидот и главниот ѕид не е стерилен. Кај приватен колекционер се сретнуваат околу 30 парчиња на монети од бакар кои не можат да се идентификуваат бидејќи не постои гравура ни на аверсот ни на реверсот. Најверојатно овие ситни бакарни пари биле за интерна употреба слично на оние кои ги имале рударите и чиновниците. На северниот крај на бришаниот простор, околу 40 м. далеку од градскиот ѕид, во 1937/38 година била откопана засводена гробница, ѕидана од камен со малтер а сводот е од тули. Во неа се слегува врз тесни стрмни скали на источниот крај. Спрема градежните особености датирана е од доцно античко време.[433]

Северниот потег на градскиот ѕид е откриен во неговата западна половина. Овој дел ја оградува акрополата од север. Поради стрмнината на северната падина на ридот, се чини дека ѕидот нема кули на тој потег. Приближно на средина на откопаниот дел стоела мала порта *(потрена)*. На овој дел од обѕидието, однатре, се надоврзува внатрешен тврдински ѕид што ја опфаќа акрополата од исток до југ. Еден помал дел води низ буковските гробишта, откриен е на потегот на т.н. Партизански гробишта. Тука се пронајдени десет гробови со монети на Константин I и неговите синови. Според местоположбата ова би требало да е главната северна порта на градот. Истата се повторува и на рановизантиското обѕидие, таму е повлечена околу 25 м. повнатре (јужно) од постарото обѕидие. Источниот потег на градскиот ѕид допирал до високиот насип кој водел кон локалниот пат за грчка граница. Остатоци од римскиот градски ѕид не се гледаат. Нема сомнение дека обѕидието на *Хераклеја* скршнало на југ токму под патниот насип допирајќи до коритото на реката Сива Вода.

Јужниот потег на градското обѕидие е речиси паралелно со северниот потег и некогаш било долго околу 500 м. Може да се прати во својот најголем дел освен во источниот крај што е целосно ископачен во наше време.

Наспроти базиликата Ц и А на раноримскиот ѕид однадвор беше прислонет доцноримскиот ѕид. Тој ја користел обрушената стара ѕидна маса за да ја зголеми вкупната ширина. Од ова време потекнуваат и две кули со четвртаста основа издадени пред линијата на ѕидот. Во рановизантиско време била извршена последната обнова со што биле изградени две кули од кои една од нив има полукружна основа, со издадено шестоаголно цокле и со многу масивни ѕидови кои однадвор се обложени со делкани камени блокови. Кулата е вовлечена до половина внатре во линија на ѕидот, што на тоа место формира дводелен прелом и навестува позиција на една постара порта, бочно поставена. Другата рановизантиска кула лежи наспроти Епископскиот двор и претставуваше премин (градска порта) од реката кон Епископскиот двор. Влезот во кулата бил поставен бочно од источната страна, за да се заштити

433 И. Микулчиќ 1974, на планот од градот обележана со број 22.

од надојдените води на Сива Вода. Со време оваа заштитна мерка веројатно се покажала недоволна и затоа во продолжение на кулата, пред влезот, бил изграден заштитен ѕид во должина од 15 м. Слични заштитни предѕидови биле подигнати пред кулите источно од неа, за да се спречи поткопувањето од страна на надојдените води на Сива Вода. Натаму на исток, на дистанца од околу 80 - 160 м. од крајот на откопаниот дел на јужното обѕидие, во 1936 - 38 година беше откопана уште една ѕидна партија со делови од неколку градби прислонети одвнатре на него. Овој дел денес е целосно затрупан. И тука се наѕираат остатоци од постаро обѕидие вдолж внатрешната страна на доцноримскиот ѕид, како и една градба заградена со предѕидот. Една четвртеста кула со вообичаена големина стоела на западниот крај на откопаниот сектор. Овој дел на обѕидието, сè до источниот агол на градот беше отсечен од него во рановизантиското време и не бил употребуван веќе. На откопаниот простор помеѓу градската бања и споменатиот сектор на теренот се гледа висока камена ешарпа што накосо влегува во градскиот ареал водејќи кон североисток во должина од 130 м. На нејзиниот јужен крај, со иригационите работи во коритото на Сива Вода (во 1962 година) била откопана една четвртеста кула и до неа дел од градски ѕид, обложени од надвор со големи блокови од приделкан камен. Ова обѕидие го преселко дотогашниот источен дел од градот, оставајќи го надвор од последната обнова на градското јадро. Ова големо преградување може да се датира со сигурност во рановизантиското време (доцен V - VI век) а потврдено е со подоцнежните ископувања на просторот источно од него. Најсигурен доказ за ова е изградбата на Базиликата Д на 60 - 80 м. пред новиот источен градски ѕид. Опкружена е со гробови, гробиштата секогаш лежат надвор од населената зона, а тоа е доказ и во овој случај. Црквата имала функција на закопување на мртвите. Отсечените делови на постарото обѕидие источно од него останале да служат како предѕид *(протеихизма)*, делумно разградени за ѕидање на новиот градски ѕид. На тој начин намалениот град ја зголемил својата одбрамбена моќ. Отсечениот источен крај на градскиот простор на *Хераклеја* останал да служи како бедно предградие и простор на градски гробишта.

На крајот да констатираме дека римското градежништво со својот напредок не ја заобиколило Македонија. Присутен е значителен технички напредок во градежништвото.

### Доцноантички градби

Од доцноантички градби, во *Хераклеја Линкестис* се сочувани: три базилики со мозаици, епископска резиденција, куќа врз портикот, бања, фонтана, градска вила и обѕидието. Ископаните ровови во локалитетот од I Светска војна создаваат дополнителни проблеми при ископувањата бидејќи профилите се испревртени и уништени на поедини места. Во самиот локалитет се наоѓаат католичките и протестантските гробови, кои први ги предизикале несистематските ископувања во минатото.

***1. Градска вила - вила урбана***. Датирана во крајот на III и почеток на IV век. За време на градежни работи во 1962/63 година, беше откриен дел од античка градба со апсида и мозаичен под. Со ископувањето од 1976 година било констатирано дека се работи за станбен објект од типот на *вила урбана*.[434] Објектот е оддалечен едвај 20 м од северната и околу 30 м од источната ѕидна куртина. Оддалечен е 260 - 280 м источно од театарот, во флувијална рамница која во наше време е интензивно орана а во I Светска војна прекопана во војнички ровови. Откопаните ѕидови можат да се евидентираат и пратат на теренот само според ископаните „негативи" во почвата. Главниот дел на градби се состои од пет простории сложени во две низи и делови од уште две други. По пат на логичка реконструкција градбата имала 10 простории. Изведбата е слободна без одреден шаблон. Подовите биле покриени со мозаик или поплочени со тули. На нејзино место има постара градба за живеење која била преѕидувана и доградувана за да се донесе во оваа репрезентативна фаза. Протогената фаза на вилата е градена во *опус микстум*, од кршен камен, варовник, врзан со сивкаст малтер со траги од кршена тула и 1 до 2 ливажни слоја од тули.[435] Мозаичните подови се изведени во различни техники, од крупни *теселае* на бордурите (*опус сегментатум*) до сини и поситни повеќебојни коцки (*опус тесселатум*). Меѓу мотивите преовладуваат геометриски орнаменти и мотиви на претстави на 2 пехари и делфин (ранохристијанска симболика?). Откриени се остатоци од постар мозаик од средината на III век(?). Во одд. т4 откриен е хипокаустен систем за затоплување на подот, како еден јонски капител, а пред западниот ѕид односно на влезот во одд. 3 - еден мермерен базис за столб.

Во урнатата вила во V век биле изградени мали куќи, занаетчиски, за живеење од присобран камен врзан со кал (во одд.2, 5 и 6). На некои од овие градби се јавуваат подови од калдрма или кршени тули.[436] Постарите градежни украси биле однесени, се работи за последната, постурбана фаза на живеење кога овој дел бил отсечен од јадрото на градот, а на неполни 20 м јужно од оваа градба била подигната базиликата Д, опкружена со гробишта од доцниот V и VI век.

***2. Базилика А*** - Се состои од 3 простории. Ориентација исток - запад. Првата просторија е влезот во базиликата. Има правоаголна основа. На источниот и западниот има врати што водат во анексот. Олтарниот простор е декориран со мозаик - opus sectile. Наосот е поделен со две колонади кои прават три кораби. Лоцирана е јужно од тремот со статуи, до јужното градско обѕидие. Во 1936 - 38 година М. Грбиќ без да знае дека се работи за црква го откопал нејзиниот западен и средишен дел.[437] Ја обележал како палата

---

434 П. Србиновски 1979, 99-109; Е. Манева 1987, 138-140 и 1988, 175-186; Д. Герасимовска 1996, 132-138

435 Е. Манева 1980, 125, 126, 140.

436 Д. Герасимовска 1996, 138.

437 М. Грбиќ 1937/38, 351; истиот 1939/40, 233.

украсена со мозаичен под. Дури по ископувањата во 1960/64 г. се откри целата градба.

Источниот дел е оформен како класична трикорабна базилика изграден над постара градба. Ова постара градба е всушност јужниот од двата кубуси што напред ги споменавме од ранoримско време.

***3. Крсшилница*** - Западно од наосот на базилика А се наоѓа крстилница, која првобитно била направена на базен.[438] Ист таков базен сретнуваме во синагогите. Датирана е во IV век. Се работи за квадратна градба со базен вклопен во средишниот дел на подоцнежната базилика А. Многу е веројатно дека базенот постоел тука уште во раноримско време. За време на ископувањата во крстилницата *(йисцина)* откриени се делови од 4 мермерни столба, искршени при уривање на градбата. Тие тука стоеле до крајот на нејзината активност. Еден од базисите на столбовите е најден на првобитното место, на еден од аглите на базенот.[439] Базенот имаше квадратна основа со отсечени агли, а на тие агли стоеле столбови што носеле балдахин. Големината на столбовите одговара на постаментите во колонадата на соседниот портик со статуи. Крштевањето било јавно пред очевидци. Впрочем, и Христос е јавно крстен на реката Јордан од страна на Јован крстителот. Кандидатите за христијани биле возрасни, најпрво требале да го научат темелито христијанството со сите комплетни доктрини. Да се оправдаат по вера пред другите христијани, да се види нивната верност кон христијанството и тогаш да се пристапи кон најсветиот чин, симболиката на примањето на верата. Сето тоа се одвивало пред сведоци, христијанството не е мистерија и нема тајни. Работ на базенот во крстилницата на локалитетот *Хераклеја* е 35-45 см. повисок од останатиот под што докажува дека при чинот на крштевањето можела да седи група на најзаслужни и најстари верници. Тука проповедникот ја вршел својата служба. Останатите верници стоеле во круг околу базенот и тој простор не бил расчленет или разделен.

Подот во просторијата бил покриен со големи, убаво мазнети мермерни плочи кои останале од постарата негова функција. Со мермерни плочи биле обложени и околните ѕидови во надподната зона, висока 51 см. исто како во синагогите. Ѕидовите нагоре биле украсени со фрески - слики кои најверојатно биле направени по VI век.[440] Во просторијата воделе 2 врати во западниот ѕид. Пред нив однадвор стоел долг трем, широк 2,70 м. Покривот на тремот бил носен од низа помали мермерни столбови што се потпирале над базиси (секој втор). Овие стоеле на низок стилобат. Поради квадратната основа, логично е да се помисли дека покривот над крстилницата - црквата имал форма на четиристрана пирамида.

---

438 М. Чанак - Медиќ 1965, 45.

439 Ibidem, 43, сл. 14.

440 Г. Томашевић 2002, 88. Оние парчиња кои можеме да ги видиме и во Хераклеја и во Белград спрема материјалот и бојата која е нанесена на фреските не припаѓаат на раното христијанство. Сепак крајниот заклучок ќе му го оставиме на историчарите на уметноста.

***4. Голема базилика Ц.*** Трикорабна базилика, со апсида, појачана на исток со контрафори, нартекс на запад и анекси на северната и јужната страна. Подните мозаици се во opus tessalatum. Датирана во крајот на V век. Источниот дел на оваа црква беше откопан во 1936/38 година, а главниот дел во 1961/64 година. Додатните простории северно и јужно од базиликата се откопани подоцна, во текот на конзерваторските работи. Североисточниот дел на градежниот комплекс се откопува дури сега. Со исклучок на мозаичните подови и по нешто за супструкцијата на средишниот кораб на базиликата, за кои истражувачите пишувале сѐ друго остана скриено од јавноста. Истражувачите не ги објавиле теренските извештаи од ископувањата што беа водени со прекини 4 децении. Ова неможе со ништо да се оправда. Поради недостапноста на документите изостанале и студиите за градежните елементи и нивно функционирање и за историјатот на градбата. Од движните наоди извлечен е само избор од 227 парчиња на ќерамика на хеленистичко и римско време, претставени типолошки но без можности за стратиграфиско издвојување и статистичко вреднување.[441]

Дури и плановите на оваа градба, изработени и презентирани од неколку различни архитекти се разликуваат меѓу себе во низа детали (како и соседниот Епископски двор). Поради тоа, мораше, сето ова И. М. да го провери, корегира и дополни со нови премери и покрај целосното противење и забрана на одговорните лица во *Хераклеја.*

Црквата изградена како трикорабна базилика со нартекс, егзонартекс и со трем со колонада е помеѓу овој и соседниот Епископски двор. На јужниот крај на тремот и на јужната страна на црквата останува еден тесен простор поделен во неколку одаи и неколку мали дворчиња. На источниот крај на просторот беа оформени катекуменион и до него крстилницата. Овие комуницирале со источниот двор зад црквата. Крстилницата имала базен за крштевање *(йисцина).* Силната апсида на црквата била зајакната со контрафори. Во апсидата и ѕидот северно од неа се вградени сполии - мермерни седишта од разградениот театар.[442] Во време кога беа оформени споменатите простории јужно од црквата, две мали порти во јужниот градски ѕид биле заѕидани. На северозападниот агол на црквата била приспоена капела со претсобје и со широка апсида. Капелата комуницирала со нартексот. Егзонартексот завршуваше на северниот крај со мал двор од кој низ премин во градниот ѕид се комуницирало во северната улица. Таа беше главниот пристап на верниците во црквата. Источно од споменатото дворче воделе два премина во малата помошна одаја. Вака разместени простории беа обусловени со постојаниот јужен градски обѕид и со северната улица бидејќи улицата лежела на повисоката нивелета, од југ била високо подѕидана. Со сондирање на подредишниот кораб на црквата и во источниот двор беа констатирани силни темели како остатоци од хипотетичната агора *(йазар).* Истите послужиле врз нив да се изградат должните ѕидови и стилобати на базиликата, како и северниот ѕид на капелата. Со ова беше одбегнато копањето на темели. Теренот е низок, покрај

441 Е. Манева 1979, 7 - 66.

442 Т. Јанакиевски 1975, 168.

реката Сива Вода засипан со стари нестабилни урнатини, насипи и наплавини. Поројните води на Сива Вода несомнено го загрозувале овој простор. Тоа јасно се гледа пред лицето на јужното градско обѕидие: на низа места стоеле заштитни предѕидови, со кои повремените буици требало да се одвратат од ѕидот. На јужниот стилобат на базиликата запазени се 6 масивни мермерни постаменти, што ја носеле јужната аркада на ранoримскиот форум.

***5. Епископска резиденција.*** Се состои од одаи распоредени околу централниот двор со бунар во средината. На северната страна има апсидална просторија - triclinia, а на источната и јужната страна има низа од одаи. Мозаиците се во техника tessalatum. Објектот е датиран од IV до VI век. Откопана е источната половина на оваа градба поставена западно од големата базилика.[443] Од север е омеѓена со северната улица а од југ со јужниот потег на градското обѕидие што на овој дел скршнува кон сверозапад. Поради тоа и просторот на Епископскиот двор постепено се стеснува во западната насока. Откопаниот простор во насоките запад - исток се мери 28 м. а широк е 30-40 м. На откопаниот простор се гледаат 15-16 одаи, сложени околу средишниот двор.[444] Откопани се и делови од неколку простории од некоја постара градба (од IV век?), потоа преправки и преѕидувања на источниот крај на резиденцијата изведени во текот на VI век. Во најдолните слоеви се појавени објекти од ранoримско и хеленистичко време.

Теренот паѓа косо од север накај југ. Највисоко била поставена големата трпезарија *(триклиниум)*, чиј што под лежи 2 м. над подната нивелета на соседната голема базилика. Источниот дел на резиденцијата во почетокот беше функционално поврзан со оваа црква. Тоа важи пред се за мартириумот,[445] комуникативно отворен кон тремот и ексонартексот над црквата. Дури со оформувањето на резиденцијата беше повлечен нов граничен ѕид помеѓу црквата и резиденцијата и мартириумот кој беше свртен кон новата градба. Слични препреки се откриени и во ходникот што ги поврзувал резиденцијата и тремот на црквата. Тука е оставен само еден мал премин како меѓусебна комуникација.

Централната просторија во резиденцијата претставуваше еден четвртест двор, со кружен бунар во средината. Од север беше омеѓен со спомнатата трпезарија, од исток со мартириумот и нартексот на истиот, од југ со трем со аркади а од запад исто со трем, омеѓен од двете страни со аркади. Мозаикот во трпезаријата ликовно е изделен во 9 полиња врамени со плетенки и низи од шестоаголни полиња. Овие се идентични на мозаикот во нартексот на црквата, каде што и тука се гледаат риби, птици и животни. Апсидалниот простор е исполнет со орнаменти во вид на крлушки а во северозападното поле се мотиви на пресечени кругови. Останатите полиња претставуваат една општа композиција на макрокосмосот: водата, земјата и небото. Овие се искажани симболично со морската фауна, потоа со елени, диви свињи и зајаци гонети

443 Г. Томашевић 2002, 5-114.
444 Ibidem, 10 - 11.
445 Ibidem, 42.

од лавови и загари, небото со светиот кантарос со винова лоза фланкирани со две срни или кошути, два пауна, птици.[446] Според истражувачот Г. Томашевиќ Епископскиот двор во својата доцнежна фаза ја променил својата функција и станал манастир.[447] Во словенското средновековие, можеби некаде на овој простор врз стари остатоци бил изграден манастир, чие што име е пренесено и на средновековната населба: Манастир (Монастири), словенски *Битоља*. Стратиграфијата на станбените слоеви на просторот на Епископскиот двор се покажаа најбогати. Во најдолните слоеви се откопани остатоци од темели, голем *питос (долиум, врчва)* и печка од доцно хелинистичко време. Врз овие остатоци следат остатоци од рано и доцноцарски период (I - IV век), во кои имало и остатоци од ѕидни фрески и мермерни украси од градби. Мозаичниот под на трпезаријата беше оформен на нивелата, 2 м. повисоко од подот во црквата.[448] Врз овој под уследи слој на уривање, дебел до 4 м. Во него се најдени бројни ѕидни фреско - парчиња, потоа мермерни базиси, стебла и капители од прозорски *менои* (бифори и трифори од ран VI век). Во најгорните слоеви се констатирани темели од скромни градби без малтер од византиското и словенското средновековие.

***6. Базилика Д*** (extra muros). Се наоѓа надвор од градските бедеми. Трокорабна базилика со полукружна апсида, на исток - нартекс и странични анекси. Има мозаик во олтарниот дел во техника opus tessalatum. Датирана во IV до прва половина на V век. Црквата лежи на источниот крај на градот *Хераклеја*, во зоната, која по изградбата на рановизантискиот градски ѕид, останала вон него. Од тие причини, истражувачот на црквата, Е. Манева, ја одбележала како (extra muros)[449] Таа е оддалечена 50 м. југоисточно од линијата на новиот градски ѕид. Северно од неа се најдени остатоци од градска вила. Црквата претставувала дел од гробишта. Голема е 29 х 13,5 м. Двата доградени анекси на западниот крај излегуваат со западните страни пред челниот ѕид на нартексот. Големи се 8 х 5,2 м. и 6,2 х 5 м. Целата црква е многу оштетена, на половина од ѕидовите не се сочувани ниту темелите, бидејќи во текот на I Светска војна на овие места биле копани војнички ровови. На подот, во средишниот кораб има остатоци од мозаик во делот на презвитериумот. Формата му е во вид на квадрат, опфатен со рамка. Мотивите се на пресечени кругови. Самиот простор е поделен на 3 зони, врамени со плетенки. Од други претстави имаме водени птици (гуски). Во апсидалниот простор се наоѓа мозаично поле со претстава на еухаристија (светиот кантарос со винова лоза), а од двете страни по една срна. Спрема стилот на изведба на мозаикот, датиран е во ран VI век. Во просторот источно и северно од црквата биле закопувани умрените. Омеѓени биле со камени венци а покриени со големи тули (*тегули*). Гробовите, заедно со даровите, датирани се во доцен V и крајот на VI век. На

446 Ibidem, 42 - 61.
447 G. Cvetković - Tomašević 1998/2000, 19 - 35.
448 Г. Томашевић 2002, 14 - 15
449 Е. Манева 1987, 125 - 142; истата 1988, 175 - 186.

овој простор, газдата на имотот, случајно пронашол златна монета (*солид*) на царот Иракли, искована во 610 - 615 год. што значи дека во почетокот на VII век се прави обид од страна на војската за обновување на животот во градот по големото уништување од страна на Словените.

***7. Другi ранохрисшијански цркви во Хераклеја.*** И. Микулчиќ, по новите ископувања од 1960 - 62 год. собрал голем материјал од градежна пластика (импости, прозорски меноа, делови од канцели и др.) што припаѓале на две ранохристијански цркви кои сè уште не се откопани.[450] Според местата на кои се пронајдени, тој смета, дека едната црква стоела покрај западниот градски ѕид, близу до западната порта, а другата се наоѓала на источниот крај на градот, покрај североисточниот потег на рановизантиското обѕидие. Надвор од обѕидието имало повеќе цркви, кои подетално се обработени во делот за ранохристијански базилики.

***8. Куќи врз йоршикош, урнашинише од шеашарош, надвор од īрадскише бедеми, базиликише и еūискоūскиош двор.*** Врз овие градби се издигале други примитивни, профани градби од камен и кал.[451] Тоа биле скромни, сиромашни преградувања кои настанале во VI век?

***9. Терма.*** Откриена е само западната половина со сала за капење, која имала ладна, млака и топла вода. Термата била подигната во IV век а користена била и во V век. Градбата е откопана делумно во 1935 година, а целосно во 1963 - 65 година. Досега не се објавени извештаи од ископувањето ниту некој коментар од истражувачите единствен приказ на градбата со анализа на градежните тули потекнуваат од В. Личиќ.[452] Градбата е поставена во источното продолжение на малата базилика. На југ се граничи со градското обѕидие а од север со доцноантичка уличка. Подното ниво на бањата е повисоко за 0,65 м од подот на "портикот" со почесни и вотивни споменици. Овие висински разлики претставуваат воедно и стратиграфски показатели за времето кога бањата била градена. Ова упатува на време на уривање на тремот со статуи некаде кон крајот на VI век. Инаку бањата има четвртаста основа и голема е 19 х 14 м. Влезот се наоѓа на средина на источниот ѕид. Замислената средишна оска (З - И) ја дели внатрешноста на две исти половини, симетрично градени. Според аналогиите источната просторија служела како соблекувална (*аподишери*), а соседната како бања со студена

---

450 П. Мачкиќ, И. Микулчиќ 1961, 45 - 67.

451 Г. Цветковић - Томашевић 1965, 15; Т. Јанакиевски 2001, 37 - 263; Е. Манева 1988, 175 - 185; G. Cvetković - Tomašević 1987, 13, bel. 16; Г. Цветковић - Томашевић 1987, 13.

452 В. Лилчиќ 1996, 1-131

вода (*фриīидари*).[453] Од неа води широк премин на запад, во термалниот дел загреан преку *хиūокаусшниош* систем (дводелни подови). Термалниот дел е изделен во 3 одаи поврзан со тесни премини. Северната одаја е всушност еден базен (*калдари*), голем 3,80 х 2,40 м. Во ѕидовите околу базенот биле вградени ќерамички цевки со четвртаст пресек, низ кој топлиот воздух струел нагоре до под сводот. Средишниот, најголем оддел имал исто базенче, но скалесто моделирано, големо 3,10 х 1,30 м и поместено во западниот дел. Јужниот оддел имаше дводелен под *(хиūокаусш)*, а служеше за потење на посетителите *(шеūидариум)*.

На западниот ѕид однадвор, наспроти трите спомнати оддели стоеле три засводени отвори, ложишта *(ūраефурнае)*. Низ нив струел топлиот воздух, внатре под подовите и го загревал термалниот оддел.[454] Пред овие ложишта се протегало тесно дворче со премини на северниот и на јужниот крај. Помошни простории имало до јужниот ѕид помеѓу бањата и градското обѕидие.

Капацитетот на бањата бил ограничен едвај 12-15 посетители истовремено. Ова наведува дека во градот постоеле и други поголеми бањи.

***10. Фонтана.*** Изградена од епископ Јован во VI век.[455] Градбата е откопана целосно во 90 години на 20 век. Конзервацијата е извршена без стручен надзор. Недостасува и извештај за ископувањата, со тоа е оневозможена целосната реконструкција на градбата. Формата на фонтаната е во вид на буквата "П". Трите ѕида го опфаќале базенчето на фонтаната, што однапред беше затворена со парапед, висок 1,05 м. Парчето се состоело од 3 мермерни плочи, зацврстени меѓу себе со 4 столпчиња и поставени врз мермерен стилобат. Сите елементи се профилирани а челата на плочите се релјефно украсени. На средишната плоча е претставен победничкиот венец со *хрисшоīрам*,[456] во него се наоѓа виугава бршленова лоза која го опкружува. На бочните плочи стојат по два делфини допрени со главите. На внатрешниот ѕид околу базенот од трите страни бил опкружен со профилиран мермерен венец, издаден делумно надвор. Врз венецот е испишан текст на трите страни околу базенот. Текстот е грчки, читаме дека фонтаната била изградена во 35-та од владеењето на царот Јустинијан I (562 г.), како дело на епископот Јован. На челниот ѕид над мермерниот венец со натпис стоеле три засведени ниши. Средната ниша била подлабока, полукружно издлабена. Во нишите најверојатно стоел украс, можеби мала статуа или икона. Водата течела во базен низ три метални лули протнати низ челниот ѕид. Била акумулирана зад него во еден четвртест резервоар. Водата била допремена во резервоарот низ ќерамички цевки (тубуси) што доаѓале од западниот крај на акрополата, сле-

453 Г. Цветковић - Томашевић 1974, 11 - 12; Т. Јанакиевски 1983, 161 - 162; В. Лилчиќ 2002, 735 - 738.

454 Г. Цветковић - Томашевић 1974, 11 - 12; Т. Јанакиевски 1983, 161 - 162.

455 Т. Јанакиевски 2003, 191.

456 Ibidem, 201.

гувале до театарот и го сечеле лицето на скената од западниот до источниот крај пред да влезат во резервоарот.[457]

### Т.Н. "Микро - станбена целина врз театарот"

Во зависност од статусот на населението ги разликуваме типовите на куќи. Во *Хераклеја Линкестис* постојат разни градби бар во оние места кај што се вршени ископувања, но и она што е за нив објавено не е сигурно, нејасно, преголема разлика од објавеното и моменталната ситуација.[458] Така што овие градби со камен и кал за оној кој прв ги ископа останаа енигма.[459]

Да ја споменеме т.н. "микростанбена целина" врз римскиот театар во *Хераклеја Линкестис*, од Т. Јанакиевски. Непотребно имитирајќи ги сознанијата на Б. Сарија за неколкуте куќи во гледалиштето на театарот во локалитетот Стоби[460] и незнаејќи за средновековните гробови кај т.н. "Црква за крштевање" во Стоби[461] заедно со истражувањата на театарот на локалитетот Скупи каде се пронајдени остатоци на градби од куќи од камен и кал,[462] а неконсултирајќи се со Б. Ристевски за раносредновековните наоди од Скупи.[463] Барајќи континуитет, создаде погрешна слика за т.н. "микростанбена целина" врз римскиот театар во *Хераклеја Линкестис*. Најпрво да напоменам дека увид во документацијата од овој простор, кој се наоѓа во ЗМГ - Битола - немав. Мене ми преостана единствено да ги консултирам издадените извештаи, моменталната ситуација на теренот и новите ископувања на овој простор.

Од Јанакиевски, репрезентирани се 4 извештаи[464] и 4 монографии.[465] Овој простор т.н. "микростанбена целина" содржи вкупно 27 простории, толку можат да се избројат на планот во неговиот извештај.[466] Јанакиевски смета дека овој комплекс на градби од 9 куќи го користеле 9 фамилии.[467] Некои од овие фамилии користеле 2 или 3 соби а некои по една. Поделени се со бројки од 1 - 9 и просториите се обележани со A, B, C, D... Во делот на обработка на просториите наметнува став, убедувајќи не во нешто неаргументирано, наметнувајќи негово согледување за целата ситуација. Просториите кои се со заеднички ѕид, една до друга, Јанакиевски не убедува дека биле простории

457 Ibidem, 200.
458 Е. Манева 1993, 114.
459 Г. Томашевић 1987, 10 - 13.
460 Б. Сарија 1937, 3 - 4.
461 Б. Алексова 1958, 247 - 254.
462 Н. Вулић 1961, 3 - 23.
463 Б. Ристевски 2002, 71 - 81.
464 Т. Јанакиевски 1975, 165-172; истиот 1977, 81-98; истиот 1978, 189-199; истиот 1989, 65-67.
465 Т. Јанакиевски 1987, 17 сл. 4, 72 сл. 77, 73 сл. 79, 75 - 79; истиот 1998, 56 сл. 46, 16 - 167; истиот 2001, 37 - 263; истиот 2003, 34 - 37.
466 Т. Јанакиевски 1977, план на микростанбена целина.
467 Т. Јанакиевски 2003, 40.



*Сл. 15 - Хераклеја, новопронајдени ѕидови*
*од камен и кал со ископувањата од 2004/05*

за живеење. Гледајќи ја конфигурацијата на теренот, тие биле поставени на стрмна основа (блага косина), значи подовите се стрмни, не е можно да биле пополнети со земја, за да би биле рамни. Ова се сигурно подѕидови или цокле на просториите за живеење. Тоа се гледа и по висинските коти, дадени во извештајот од 1977 год. Оние пак ѕидови, кои се одма под ридот, се помали, а другите кои водат во внатрешноста кон југ, спуштајќи се кон оркестрата во театарот, се поголеми. Влезовите не одговараат на фотографиите. На макетата од т.н. "микростанбена целина", која се наоѓа во локалниот музеј во *Хераклеја,* можат да се видат ѕидовите кои продолжуваат кон запад, југ и исток. Оној дел од комплексот кој е во оркестрата има правилни ѕидови. Граден е на рамно и тука тој смета дека една поголема градба е централна и била на поглаварот на населбата.

Меѓутоа комплексот продолжува на југ над помошните простории од театарот, спуштајќи се кон југозапад во епископскиот двор.[468] На југ, ѕидовите, продолжуваат кон подот на мозаикот на големата базилика а на југоисток кон портикот со почесни и вотивни споменици. Наредените камења за мелење на жито до една просторија не мора да значат дека во просторијата бр. 8 биле користени за мелење на жито бидејќи во неа се пронајдени секундарно наредени тули на подот.[469] Од овие млински камења, три постојат на локалитетот, воопшто не се тешки и можат да се користат како рачни млинови. На фотографијата бр. 7 од извештајот од 1977 год. гледаме ѕид кој е

468 На местото на епископскиот двор за време на I Светска војна се наоѓаше Австро-унгарска болница за туберколоза и тифус. Во истиот простор се закопуваа и умрените. Затоа при ископувањата се откопани плочи со натписи на германски јазик и тевтонски крст, кои и денес се наоѓаат во локалитетот.

469 Т. Јанакиевски 2003, 40 сл. 24, 25.



*Сл. 16 - Хераклеја, Кале, ров-сонда на која се гледа дел од ѕид*



*Сл. 17 - Хераклеја, Кале, две нивоа на ѕидови*





*Сл. 18 - Хераклеја, Кале, два напоредни ѕидови снимени а) одгоре; б) аголно*

многу близок до друг ѕид. Тој е од градбата под бр. 8. На скицата го нема. Повеќе простории имаат асиметрични ѕидови, со тоа што оваа целина не е урбана. Општ впечаток е дека нема никаква планска програма на градење. Во овој комплекс постојат 4 напоредни ѕидови кои немаат функција, бидејќи се премногу близу до ѕидовите од просториите. Такви се ѕидовите до просториите 1В, 5А, 5В (да напоменам дека во горниот дел кон север, овој ѕид е полукружен), 7А, 7В и на крајот слободните ѕидови на просторијата 5В на север и 1 на југ (прекинат близу до просторијата 7F). И овие ѕидови се од градби, не знаеме од кои, но најверојатно продолжение на лошо ископувани простории. На некои места има мали грамади од камења, поврзани со кал. На скицата, во позадина се дадени незатемнети. Затемнети се само ѕидовите од чистата, средена ситуација, без конкретна, моментна, инситу пронајдена положба. И самиот автор пишува за две фази на живеење[470] но воопшто не објаснува и избегнува да ги потврди ставовите на Г. Томашевиќ.[471] По мене,

---

470 Т. Јанакиевски 1977, 82.

471 Г. Цветковиќ - Томашевиќ 1965, 15; Г. Цветковић - Томашевић 1987, 13.

првиот слој е од времето на пронајдените монети од Јустинијан.[472] Вториот слој е оној за кој и самиот пишува, за ќерамички садови од лоша прочистена земја и лошо печена ќерамика. Употребувајќи средновековни термини за садови со крушковидна форма, со проширен обод, со плитки, врежани брановидни линии и прави, водорамни линии.[473] На овој простор открил делови од дебели црепни кои сѐ уште можат да се видат во локалниот музеј во локалитетот *Хераклеја.* Ова е слојот кој содржи средновековни наоди, кои тој никогаш не ги објави.[474] Наводно, страдале во пожар во некоја барака на локалитетот *Хераклеја.* Крајниот заклучок е дека "микростанбената целина" не постои. Тоа е дел од средновековна Битола.[475] Впрочем, како би постоел во VI век овој крајно сиромашен комплекс во центарот на тогашното градско подрачје, во склоп на велелепната фонтана, големата базилика со најубави мозаици во Македонија и епископскиот двор, сите датирани во VI век. Истите ѕидови се пронајдени и во триклиниумот на манастирот и биле поставени на мозаичкиот под.[476] Пронајдени се идентични градби и на просторот на римскиот портик. Томашевиќ смета дека овие градби им припаѓале на Словените.[477] Вака сфатено, ако се земе во предвид "микростанбената целина", епикоскопската резиденција (манастирот) и портикот, на мислење сме дека валчестите камења со кал доминирале на целиот простор од локалитетот. Впрочем, на акрополата, при последните сондажни ископувања се сретнуваат ѕидови од камења со кал. Оние камења со кал кои се наоѓаат под подот на големата трибродна базилика[478] и за кои таа смета дека се готски, во нив гледаме една пофина изведба. Тие се со поправилни кршени страни, ѕидовите се помали во ширина, а пластичната изведба е попрефината. Градбата е комплексна и се сретнуваат ѕидови, еден до друг и еден над друг, што ни зборува за фази на градби. На крајот, Томашевиќ, крајно го демантира Јанакиевски, објавувајќи дека ѕидови[479] од валчести камења со кал се наоѓале во големата базилика, над мозаичкиот под. Јанакиевски ја негира, пишувајќи дека не се откриени градби од "микростанбената целина" врз рановизантиски градби[480]

472 Т. Јанакиевски 1978, 189 - 199. Овој негов труд јас го цитирам во монографијата "Археолошки наоди од среден век во ареалот на Битола", Скопје 2002, под фуснота 129 ги набројувам монетите од градба 5В, во која последната емисија е од Јустинијан I, 527 год. а завршува со Маврикије 602 год. Во фуснотата е погрешена само страницата. Наместо 197 - 198 стои 189 - 190. Т. Јанакиевски во неговата монографија "Убикација на средновековна Битола (VII - IV век.), Битола, 2003 на стр. 34 ме обвинува за погрешно цитирање на неговиот труд, што не е точно, намерно прави прекршок. Во мојата монографија не стои 572 - 602 год. како што тврди Јанакиевски, туку 527 до 602 год. Парцијалните цитати вадени од мојата книга го нарушија континуитетот на текстот со што се создаде ситуација на недоразбирање.

473 Т. Јанакиевски 1987, 97.

474 Е. Манева 1992, 114.

475 С. Тодоровски 2002, 84 - 92, 115 - 120, 153.

476 Г. Цветковиќ - Томашевиќ 1987, 13.

477 Г. Цветковиќ - Томашевиќ 1965, 15.

478 G. Cvetković - Tomašević 1978, 34.

479 G. Cvetković - Tomašević 1987, 13 bel. 6.

480 Т. Јанакиевски 1987, 80; истиот 1988, 7 фус. 3; истиот 2003, 32.

обвинувајќи ја дека сè уште документацијата од постарите ископувања во локалитетот *Хераклеја* е во Републички завод во Белград и не е на увид. Г. Томашевиќ ја имаше на увид целата документација бидејќи таму работеше. И нормално, последниот збор е нејзин. Во нејзиниот труд е даден и еден цртеж на стратиграфијата и слоевите на локалитетот *Хераклеја*, кој Јанакиевски не го признава.[481] Ваквите цртежи се нормална работа при исцртување на археолошките слоеви. При крајот од нејзиниот живот, уште еднаш го потврди фактот дека сувите ѕидови (камен и кал) се наоѓале насекаде при ископувањата во *Хераклеја Линкесӣис*, над мозаичниот под и сите нивоа.[482] Таа смета дека овие градби се темели (цокле) на куќи кои веќе опстојувале 3000 год. па и во средниот век.[483] И со последните ископувања на североисточниот дел од централното градско подрачје на *Хераклеја*, пронајдени се ѕидови од валчести речни камења поврзани со кал, а некои и со посен малтер. Ископувањата беа вршени на нов простор, досега неистражуван.[484]

Во 2000 год. Т. Јанакиевски изврши сондажни ископувања (ров сонди) на калето во локалитетот *Хераклеја Линкесӣис*. Ние ги фотографиравме сите копови со ѕидови од камен и кал, со груб материјал од ќерамика, речен валчест камен, кршен камен и мермерни парчиња кои беа оставени на теренот. Уште на почетокот да кажам дека од приложената слика 34 во книгата на Т. Јанакиевски[485] има големо отстапување. Калето се протега од запад кон исток. Копањето се изведуваше на неговиот највисок дел. Кон исток постои ѕид (подѕидок) кој го дели калето на горно и долно. Во долниот дел не беа вршени ископувања. На самиот гореименуван ѕид е пронајден уште еден ѕид при ископувањето, кој поради конфигурацијата на теренот не можеше да се затрупа и денес е видлив на самото место. Како и да било, времето ќе ја покаже вистината. Значи ѕидовите од камен и кал ги гледаме на калето. Исти такви има и во подградието, напоредни еден до друг како на приложените фотографии. Во најновите ископувања на локалитетот, одма до фонтаната се пронајдени ѕидови од камен со кал и камен со варов малтер, еден до друг, напоредни. Ѕидот од камен со кал е широк 60 см. и е деформиран, а ѕидот од камен со варов малтер е прав и широк 70 см. Правецот на протегање им е кон исток. Треба да се знае дека кршениот камен е одраз на пософистициран начин на градба, а валчестиот речен камен поврзан со кал е типичен варварски начин на градење. Тие граделе набрзина без смисол за естетика. Таквиот начин на градба не бил долготраен и не можел да носи спрат.

481 Т. Јанакиевски 1988, 8.

482 Г. Цветковиќ - Томашевиќ 2002, 93 - 94.

483 Ibidem, 94.

484 А. Георгиевска, Е. Насуху 1998, 240.

485 Т. Јанакиевски 2003, 58 - 64, сл. 34, 35 и 36.

## 1. 2. Никеја




*Сл. 19 - Кале, Доленци, основа*

**- Извори:**

N. V. 1931, 22 - 25; M. G. 1954, 117; Ф. П. 1957, 195; I. M. TIR 1976, 34; T. J. 1980, 67 - 75; I. M. 2002, 271 - 273.

**- Топографија**

*Калешо* кај с. Доленци (820 м.нв.) бил римски логор кој кон крајот на антиката е издигнат во град со име Никеја. Овој антички каструм (Castra Nicea), подоцна утврден град, контролирал голем дел од Егнатиевиот пат. Формата му е четвртаста, со два влеза, 4 кружни кули и 10 кули во полукруг (потковичести). Ѕидан е со малтер и камен. Во внатрешноста на тврдината има ранохристијанска базилика од доцен V и VI век со мозаичен под. Од наоди во внатрешниот дел на тврдината на површината има доцноантичка ќерамика. При ископување пронајдени се пари од IV век. Пред источната страна на кастелот, на површина од 3 ха. постоела доцноантичка населба. На нејзиниот источен крај, 0,6 км. источно од кастелот, на локалитетот *Суви Ливади* постојат делови од трбродна ранохристијанска базилика со мозаичен под и натпис од VI век. На 1,5 км источно, на локалитетот *Раменска Тумба* постои уште една ранохристијанска базилика од VI век, целата откопана. Стопанската дејност му била рударски кастел.

## 1. 3. Антанија?

**- Извори:**

Ф. П. 1957, 198 - 199; I. M. 1966, 65; I. M. TIR 1976, 137; Г. Ф., П. С. 1981, 117 - 133; Н. П. П. 1996, 32 - 33; И. М. 1999, 331; I. M. 2002, 286 - 288; В. Л., Д. К. 2006, 23 - 28.

**- Топографија**

Локалитетот *Чебрен* е оддалечен 3 км. североисточно од селото Зовиќ. Се наоѓа на врвот на изолиран планински рид (560 м.нв.), на свиокот на реката Црна (Еригон). Бил изграден град, заобиколен од три страни. Градот контролирал еден поголем пресек на неколку километри од провинциската граница. Во јужното подножје има тераса во која се оформила урбана

населба со големина од 8 ха. опфатена со обѕидие, со малтер, емплектон техника. Акрополата се наоѓала на ридот. На источниот и западниот агол на северната ограда, издадена е квадратна кула. Има три порти, осигурани со квадратни кули. Југоисточната порта била осигурана со правоаголен бастион. Вкупно имало 10 кули. Пронајдена е ранохристијанска базилика во внатрешноста, од V век. Фортификацијата го следела релјефот, така што има засеци на ѕидовите и скршнувања. Во внатрешното преградување пронајдена е доцноантичка ќерамика, тегули, железни предмети и монети од Аркадиус, Константин I, Јулијан Апостата, Валенс и Теодосиус II. Претпоставка е дека местото во доцната антика се викало Антанија. Стопанската дејност му била рударски кастел.




*Сл. 20 - Зовиќ, Чебрен, основа*

### 1. 4. Пелагонија

**- Извори:**

Hier. 641, 5; F.P. 1957, 205; I.M. 1999, 340-341.

Точната локација на овој град сè уште не е утврдена. Во доцната антика прв ја споменува Зосим зборувајќи за големиот продор на Готите од 268 година. Во Хиеракловиот синегдин од 526/7 г. е забележана Македонија во провинција Macedonia secunda во долниот тек на Еригон. Тоа значи дека градот се наоѓа во северната половина на денешната пелагонска регија. Бидејќи јужниот дел од Пелагонија административно влегува во Macedonia prima. Веруваме дека градот треба да се бара во општина Прилеп. Во овој регион егзистирале 3 значајни пункта во доцната антика кои ние ги земаме како можни локации: *Кале - Дебреште*, тоа е еден каструм кој подоцна станал град

со петтоаголни и кружни кули, *Маркови Кули*, Варош (Прилеп) чии ѕидови на теренот се гледаат како доцноантичка тврдина надоградена со средновековно обѕидие и *Висока, Ќаве, Цуцулот* меѓу селата Крушевица и Бонче, како отворена населба.

### 1. 5. Стари град

- Извори:

Н. В. 1948, бр. 81; М. Г. 1954, 107; TIR 1976, 119; И. М. 1999, 187-188; I. M. 2002, 436-438.

*Калето* лежи на 1,6 - 2 км југоисточно од селото, на зарамнетиот врв на 40 - 50 м. висок рид (320 м.н.в.) над устието на реката Изворчица во Бабуна. Ридот се издига над јужниот раб на долината. Стратешката позиција на калето била многу значајна и тврдината била користена во повеќе временски отсеци.

*Доцно антички остатоци.* Каструмот е премерен и сондиран. Голем е 350 x 100 м, изграден во хеленистичко време. Ѕидот е од кршен камен, а во доцноримско време бил пломбиран со малтер. На јужниот крај има предѕид и вовлечена порта. Најмалку 14 кули се издадени пред ѕидната линија, стоеле на иста дистанца (36 - 37 м). Кулите на северниот и југоисточниот агол биле поголеми. Населбенски остатоци, хеленистички и врз нив доцноантички.




*Сл. 21 - Кале, Стари Град, основа*

*Движни наоди.* Монети од: Проб, Константин и неговите синови, Теодосиј I и синовите, Јустинијан I. Две офицерски фибули со емајл од средината на III век (време на обновување на кастумот). Крст - привезок од IV - V век.

### 2. Утврдени села (vici murati)

### 2. 1. Битолска регија

1. С. Барешани - *Селиште*, лит: I. M. TIR 1976, 22; I. M. 1986, 119; T. J. 1996, 17.

*Земјоделство и сточарство.* На висока тераса (820 м.нв.) на 1,3 - 1,5 км. запад - југозапад од селото, пронајдени се остатоци од ѕидини (искршен камен). Од запад се заштитени со ров (фоса). Површината на платото е покриена со парчиња и фрагменти од римска грнчарија, темели од градби, фрагменти од питоси. Римска утврдена населба од доцниот период, датирана во VI век. Површина од 1,2 ха.

2. С. Олевени - *Брце*, лит: I. M. 2002, 278.

*Земјоделство и сточарство.* 0,5 км. северозападно од селото, на еден терасест рид се наоѓа локалитетот на 740 м.нв. Населбата има нерамномерна квадратна основа. Го контролирала патот Виа Игнација. Била опкружена со камена ограда. На западната страна има ѕид од земја. Во внатрешноста повеќе населбени тераси и траги од доцноантичка населба. На запад има довод на вода со ќерамички тубуси а како филтер се употребувале питоси. Има и мала христијанска црква и доцноримски гробови од плочи и тегули. Од монети се пронајдени од Константиновата кралска куќа и од Теодосијус I. Датирана е во IV - VI век. Површина од 1,3 ха.

### 2. 2. Прилепска регија




*Сл. 22 - Варош, Маркови Кули, основа*

1. С. Варош - *Варош*, лит: H. B. 1937, 29; Ф. П. 1957, 223; I. M. TIR 1976, 70; Б. Б. 1986, 1 - 235; I. M. 2002, 362 - 364.

*Земјоделска, сточарска и рударска населба.* На северниот раб на предградието Варош, 5 км. северозападно од центарот на Прилеп, на планина, која паѓ а на југ, се наоѓа локалитетот *Маркови Кули*. Во внатрешните градби на пониското, средно плато (920 м.нв.), западно од акрополата се наоѓа доцноантичката утврдена населба со опфатена површина од 6 ха. Југоисточниот ѕид е добро сочуван, заедно со двете цистерни градени со хидростатичен малтер, делкани во карпа, спрема градбата при-




*Сл. 23 - Дабница, Трескавец, основа*




*Сл. 24 - Зрзе, Кале, основа*

паѓаат на доцната антика. На северниот дел ѕидовите биле надградени. На југозападниот ѕид има полукружна кула - емплектон. Градена е на лице место со гасен вар. Од наоди: доцноантичка ќерамика, разни метални предмети и монети од доцен III и IV век, како и од Јустинијан I. Датирана во III - VI век.

2. С. Дабница - *Трескавец*, лит: I. M. 1966, 71; I. M. TIR 1976, 72; I. M. 2002, 359 - 360; Б. Р. 2002, 61 - 70.

*Земјоделство и сточарство.*

2 км. јужно од селото се наоѓа месноста *Трескавец* на 1400 м.нв. На горната површина од локалитетот се гледа цврст ѕид кој се движи во обѕидие. Изведен е во камен и варов малтер, а има остатоци на места кои се надѕидани со помладиот, средновековен ограден ѕид. Во ова обѕидие се следат остатоци од градби. Со ова утврдување се поврзуваат остатоци од ранохристијанска камена пластика како 3 парапетни плочи. Датирана е во I - VI век. Површина од 4 ха.

3. С. Зрзе - *Кале, Св. Спас*, лит: В. Л. 1992, 234 - 236; I. M. 2002, 368 - 369.

*Земјоделска, сточарска и рударска населба.* 1,2 км. северозападно од селото, во висок карпест масив, на рамна тераса на источниот дел од планинскиот синџир Краста, преку работ на котлината се наоѓа локалитетот на 990 м.нв. Утврдената површина има неправилно издолжена форма со ориентација исток - запад. Зафаќа површина од 1,5 ха. Западниот дел од тврдината е високо издигнат и оформен во праволиниска челна линија што се спушта кон јужната

страна. Северозападниот, највисок агол на крепоста бил најсилно утврден и претпоставуваме дека тука била шестоаголна одбранбена кула. На југозапад најверојатно се наоѓала портата. Ѕидот е работен во цврста малтерна техника. Низ сета површина на тврдината забележуваме остатоци од градби, фундаменти од куќи, делови од градежна ќерамика, покривни тегули (лаконски тип). Од наоди пронајдени се 2 доцноантички монети потполно излижани, датирани во IV век и монета од Јустинијан. Датирана е IV - VI век.

4. С. Кален - *Градиште*, лит: N. V. 1937, 27; I. M. TIR 1976, 66; I. M. 2002, 352 - 353.

*Земјоделство и сточарство.* 0,5 км. источно од селото, на благо плато од еден рид со стрмни страни, издигнат над мала долина се наоѓа локалитетот на 820 м.нв. Тесно плато обиколено со ѕид од камен и малтер. Обѕидието е во урнатини. Работено било од кршен камен со малтер. На површината сретнуваме фрагменти од грнчарија и камења од градби. Датирано е во III - IV век. Површина од 3 ха.

## 3. Рударски населби

### 3. 1. Прилепска регија

1. С. Витолиште - *Заград, Заградишка Чука*, лит: Ф. П. 1957, 209; И. М. 1967, 46; I. M. TIR 1976, 132; И. М. 1981/82, 186; Л. и К. К. 1985/86, 215 - 223; Л. и К. К. 1987-89, 181 - 198; Н. Ч. 1992, 213 - 218; Г. М. 1996, 289; I. M. 2002, 364 - 367.

*Рударска населба.* 1,5 км. североисточно од селото над составот на Заградечка и Церовечка Река, на доминантен врв со издолжено плато, на западната нога од Козјак планина, на север ограничен со кањон, се наоѓа локалитетот на 810 м.нв. Се гледаат остатоци од одбрамбен бедем, ѕидан од камен и варов малтер во скромен опус. Најзачуван е нејзиниот северозападен бедем. Над утврдената населба се наоѓа кастел (*Geneatae?*). Изграден е врз висок насип. На југозападниот агол на акрополата постоела една четвртаста кула и уште една на југоисточниот агол. Под челото на акрополата се протегале ста-




*Сл. 21 - Витолиште, Заградишка Чука, основа*

нбени тераси кои од североисток биле заштитени со стрмна падина, а од југозапад со подѕидие. Денеска се видливи како ешарпи, кои се протегаат во речиси прави линии. Средната тераса е опфатена со ѕид без малтер, а западно од неа е најниската станбена тераса. На средната тераса се гледа бројна железна згура и отпад од кована, леана бакарна пита. Од наоди имаме: камени споменици, садови и градежна и доцноантичка кујнска ќерамика. Монети од IV век, Јустинијан I, Хераклиус и 68 монети од Валенс до Аркадиус. Датирана е во III - VI век. Површина од 3,5 ха.

Во околината имало бројни рудници на железна и бакарна руда со топилници.

2. С. Полчиште - *Садеви*, лит: И. М. 1967, 52; I. M. TIR 1976, 85; Л. К. К., Б. К. 1986, 119; Н. Ч. 1992, 218 - 220; I. M. 2002, 353 - 355.

*Рударска населба.*

1 км. источно од селото, меѓу Полчишка и Мелничка река, на природна височинка што терасесто се спушта кон реката се гледа населбата. Населбата ја опфаќа југозападната падина на ридот на 780 м.нв. Обѕидието било градено од сува ограда со кршен камен. Северната, природна тераса, ја затвара првата фортификациска линија на населбата. Таа го контролирала северниот дел од пределот каде се наоѓал главниот пат Виа Игнација и регионалниот пат кон Мариово. Југоисточната тераса била најнаселена. Тоа го покажуваат фрагментите од римски тегули, питоси, садови, ќерамика, железни алати и монети од III и IV век. Исто така најдени се четирите бази од колонади и фрагменти од елементи на ранохристијанска базилика. Датирана е III - VI век. Површина од 3,5 ха.




*Сл. 26 - Полчиште, Садеви, основа*




*Сл. 27 - Чаниште, Градок, основа*

3. С. Чаништа - *Градок, Маркови кули*, лит: I. M. 2002, 344 - 347.

*Рударска населба.* 5 км. североисточно од селото, на широко плато на планина, зарамнето, свртено кон исток, со граничниот премин преку вливот на Дуњска река во *Ериīон*, се наоѓа локалитетот на 482 м.нв. Населбата ја контролирала реката *Ериīон*, главниот пат преку Мариово и железните рудници на југ, а на неколку километри јужно се наоѓала провинциската граница. Населбата е цврста, основната форма е кружна. Оградата е од гранитни камења, делумно со малтер. Фактички само однадвор биле пломбирани со малтер. На источната страна има 2 издадени квадратни кули. На исток, каj најдлабокото место се наоѓала порта. Таму води длабок премин кон источното седло. Северно од портата, на височинка има издадена квадратна кула. На северозапад, на највисокото место бил акрополот, одделен со ѕидие и издадена квадратна кула. На североисток е главната порта, осигурана со две квадратни кули. Во внатрешноста, од двете страни има две куќни порти. Во областа со населби, лево и десно, кон запад води улица со градби во долг ред. И друг ред слични градби се препознаваат на јужната страна. Во источниот дел од акрополата на доминантно место има остатоци од доброзадржана христијанска базилика од VI век. Во западниот дел на акрополата има уште една базилика. Од наоди: доцноантичка гробна ќерамика од VI век со декор во бранови, тегули, железни предмети и монети од VI век. Датирана е во VI век. Површина од 4,5 ха.

### 3. 2. Регија на Порече

1. С. Девич - *Девини Кули*, лит: I. M. TIR 1976, 42; В. Л. 1996, 78 - 79; М. И. 1996, 49; I. M. 2002, 292 - 293.




*Сл. 28 - Девич, Девини Кули, основа*

*Рударска населба.* 1,5 км. југоисточно од селото, на врв од еден рид, каде што реката Велика прави кривина, се наоѓа локалитетот на 596 м.нв. Населбата го контролирала патот *Скуūи - Лихнидос*, кој поминувал над едно седло. Оваа е цврста населба. Во внатрешноста на обѕидието забележан е доцноантички ѕид, со малтер и кршен камен, непосредно зад ѕидот од среден век. Овој ѕид е на повеќе места на деловите од исток и југоисток, како и на западниот крај. Влезот е обезбеден преку длабок ров. На југоисточната падина има тесно насипена тераса опкружена со сув ѕид. Наоди: доцноантичка керамика од III до IV век, железна згура. Датирана е во IV век. Површина од 3,7 ха.

### 3. 3. Крушевска регија

1. С. Бучин - *Пачкоец*, лит: I. M. 1966, 68; I. M. TIR 1976, 13 - 14; Г. М. 1987, 185; Ц. К., Е. П. 1996, 200; И. М. 1999, 268.

*Рударска населба.* Северно од селото, локалитетот лежи на издаден карпест гребен, познат под името Бучински рид, високо над излезот на реката *Ериīон* во рамнината Пелагонија, на 660 м.нв. Има повеќе појасни ѕидови. Утврдување добива во доцната антика, со основна, четириаголна форма. Градено било од сувоѕид, од кршен камен. Текот на ѕидот е исправен, равен. Пред источната страна има доцноантичка тераса. Вкупно утврдена површина од доцноантичкиот период била 4 ха. На горниот дел има акропола со обѕидие од камен и малтер, градена во ран римски период. По површината се среќаваат фрагменти од питоси и керамички садови, од доцниот период. Монети од IV и VI век, од Константин I, Констанс, Јустинијан II и Анастасиј. Датирана во IV - VI век.

Неколку километри на југоисток, на планинска падина има рудници на железо. Видлива е згура од топење на железото.



*Сл. 29 - Бучин, Пачкоец, основа*

## 4. Руднички тврдини

### 4. 1. Битолска регија

1. С. Градешница - *Пешūа, Градишūе*, лит: I. M. 1966, 65, 67; I. M. TIR 1976, 59; I. M. 2002, 275; В. Л. 2002, 753.

*Укреūен рударски касūел.* Импозантен планински рид, седимент тераса со стрмна преграда, косина, под неа течи Старавинска река. 1 км. западно од




*Сл. 30 - Градешница, Пешта, основа*

селото, на висорамнина со кружен врв (930 м.нв.) се наоѓала голема утврдена населба (oppidum romanum) која опфаќала околу 0,7 ха. Опкружена со цврст бедем, градена од камен и малтер. На површината, фрагменти од римска грнчарија од доцниот период, фрагменти од ќерамиди и питоси. Многу монети од Константин I, Констанције II, Теодосије I и неговите синови како и од Јустин I и Јустинијан I. Во подножјето на височинката, римски гробови; два фрагменти од погребни стели, мермерни, со грчки натписи (II - почеток на III век). Датирана во III - VI век.

2. С. Живојно - *Градиште*, лит: М. Г. 1654, 127; I. M. 1966, 64; I. M. TIR 1976, 136; I. M. 2002, 285.

*Рударска тврдина*. На 1 км. југоисточно од селото, на рид наречен "Забрдо", исфрлен дел од Нице планина, на зарамнето плато со површина од 2,5 ха. се наоѓа обѕидие од кршен камен и малтер. Во внатрешноста се наоѓаат доцноримски траги од населба. На површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и множество градежен материјал. Од наоди: најдени се монети од доцен III сè до ран V век. (Анастазије, Јустин I и Јустинијан.)

3. С. Стрежево - *Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 121; T. J. 1980, 97 - 110; И. М. 1999, 367; I. M. 2002, 281, 282; C. T. 2002, 96 - 98.

*Голема рударска тврдина*. 1 км. североисточно од селото Стрежево (денес потопено од вештачкото езеро - Стрежево), на височина што доминира над десниот брег на реката Шемница, се наоѓа тераса во форма на јазик (760 м.нв.), на која се наоѓа акропола со 3 големи челни кули. Под неа е подград опфатен со реката. Изградени се со камен и малтер. Тврдината контролирала долг премин на провинциската




*Сл. 31 - Стрежево, Кале, основа*

граница помеѓу Македонија I и II како и патот од *Никеја* што водел кон северозапад каде биле железните рудници. Населбата била голема рударска тврдина. Поделена била на два дела: акропола и подградие. Акрополата со обѕидието е градена во техника емплектон. Кај северниот ѕид има квадратна кула. До неа е влезната порта. На југозапад се наоѓал предниот ѕид со најмалку три издадени квадратни кули. Паралелно со предниот ѕид се наоѓа уште еден ѕид кој на југоисток е добро зачуван. Во подѕидието кое било градено од слаб малтер, е длабоко поставена тераса со населба. Североисточната порта била заштитена со издадена квадратна кула. Има уште една порта кај северозападната кула. Во околината, на падината, југозападно од кастелот има населба со базилика од VI век, со мозаичен под и мермерна пластика. Од наоди: кујнска ќерамика, депо на железни орудија, монети од Јустинијан I и др. Имало површина од 3 ха. Датирано во VI век.

### 4. 2. Регија на Порече

1. С. Белица - *Кале, Градишӣе, Кале Миӣкороен*, лит: И. М. 1966, 150 - 151; В. Л. 1996, 76; I. М. 2002, 289.




*Сл. 32 - Белица, Кале Миӣкороен, основа*

*Рударски касӣел и збеѓ.* 3 км. јужно - југоисточно од селото на еден тесен гребен, експониран планински предел, меѓу две поројни бразди што се спуштаат кон планинската долина, се наоѓа локалитетот на 855 м.нв. Кастелот има пристап само од запад во тесна падина. На северната страна претставува долг вертикален карпест отсек. Највисокиот карпест дел е на исток и платото е одвоено со седло од повисок планински масив. Камениот ѕид од доцната антика е слаб, источниот дел од акрополата со еден напречен ѕид бил одделен од западниот дел пред тесното седло, се гледаат остатоци од еден предѕид. Во внатрешноста има траги од градби. Од наоди: скромни стамбени слоеви, доцно античка грнчарија, железни алатки и римски монети од IV и V век, како и фолис од Јустинијан I. Површина од 0,7 ха. Датирана во III - VI век.

Во околината, северозападно се наоѓала една мала планинска населба, со наоди од железни предмети.

2. С. Белица - *Кале Столоатец*, лит: В. Л. 1996, 78; А. К 1996,48; И. М. 1996, 151 - 153; I. M. 2002, 289.

*Мал рударски кастел.* 2, 25 км. северно од селото, на висок рид има зарамнет простор, кој се издига од десниот брег на потокот Младенова вода, така што малата рударска тврдина (930 м.нв.), изградена на врвот, можела да го контролира рударскиот пат што од Белица се качува кон преминот Глибавец. Ѕидот е граден во цврст камен малтер. Долж јужниот и источниот ѕид однатре се гледаат контури на правоаголни простории потпрени на него. На јужниот ѕид се наоѓа кула. Во внатрешноста има траги од градби. Од наоди: многу предмети од железо, срп, секира, ѕвонец, глето за дрво, резе од брава за каса, оловен тег и тока од типот сучидава. Од монети: од Константиновата кралска куќа, од Валентинијан I, Теодосијус I и Јустинијан I. Датирана во IV - VI век. Површина од 0,3 ха.




*Сл. 33 - Белица, Кале Столоатец, основа*

Во околината, јужно од изворите кај Белица, се наоѓа централна планинска работна населба со остатоци од градби. Од наоди имаме: фибули, токи од ремен, алати, врвови од стрели, монети од III, IV и VI век (150 монети).

3. С. Дреново - *Кале*, лит: I. M. 2002, 295.

*Рударски кастел.* 3 км. западно - северозападно од Дреново и 1,5 км. јужно - југозападно од Сланско, во планинскиот масив Мусица, на планински врв се наоѓа локалитетот (930 м.нв.). Го контролирал планинскиот пат кој се наоѓал на работ од планината. На југ, тврдината е од затворен ареал, градена со кршен камен и малтер. Во внатрешноста има траги од градби. Датирана е во рана Византија, со површина од 0,3 ха.

4. М. Брод - *Кале*, лит: М. И. 1986, 124; А. К 1996, 48; I. M. 2002, 291.

*Рударски кастел.* Во самиот град, јужно од зградата на собранието на општината, северно од реката, кај источниот крај на теснецот Велика, се издига низок рид кој на платото има мала, зарамнета неприродна површина, која била оградена со одбрамбен бедем, малтер оград (580 м.нв.). Тврдината, при подоцнежни градежни работи била разрушена. Во внатрешноста и во подножјето на ридот се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, и покривни керамиди. Датирана во VI век, со површина од 0,2 ха.

5. С. Модриште - *Кале, Марково Кале*, лит: П. Ј. 1928, 278 - 280; Р. Г. 1953, 53; Ф. М. 1934, 183; Т. Т. 1971, 255 - 258; I. M. TIR 1976, 87; И. М. 1996, 163 - 164; В. Л. 1996, 82 - 83; I. M. 2002, 296.



Сл. 34 - *Модриште, Кале, основа*

*Рударски кастел.* 0,5 км. северно од селото, на тесен карпест рид со зарамнето плато се наоѓа "*Марково Кале*". Има стрмни падини а пристапот е преку тесно седло од југоисток. Локалитетот е сокриен во пазувите на околните ридови, на 630 м.нв. Нема доминантна позиција. Реката Треска тече во неговото северозападно подножје. Тврдината контролирала 10 км. долг премин на главниот пат преку теснецот на реката Велика. Укрепениот ѕид е силен и граден со камен и малтер, во кој се забележуваат фази на обнова. На тесниот карпест гребен во карпата биле врежани правоаголни контури на простории. Цистерната била вклесана во југоисточната карпеста тераса. Во доцноантичко време околу врвот е направено обѕидие со малтер. Од наоди: питоси, монети од IV и V век, неколку примероци по 10 нуми од VI век, монети од Валентинијан I, Аркадиус, Јустинијан I и Јустинус II, железен ранохристијански крст со клиновидно свиткани крака, железни клинови, згура и др. Датиран е во III - VI век. Површина од 0,5 ха.




Сл. 35 - *Самоков, Градиште, основа*

6. С. Новосело - *Кале*, лит: I. M. 2002, 297.

*Рударски кастел.* 0,5 км. североисточно од селото, на експониран планински врв, преку теснецот Велика и кај устието на реката Тополица, се наоѓа локалитетот на 650 м.нв. Оваа тврдина го контролирала патот Скупи - Керамија и локалниот пат кој одел до рудоносните железни ископини на запад. Градена е од кршен камен и малтер. Во внатрешноста траги од градби. Во околината, на југозападната страна, имало мала населба. Датирана е од III - VI век. Површина од 0,5 ха.

7. С. Самоков - *Градиште*, лит: I. M. TIR 1976, 111; В. Л. 1996, 83; А. К. 1996, 51; I. M. 2002, 297.

*Рударски кастел.* 1 км. јужно над селото на еден доминантен рид, со

вештачко зарамнето плато кое претставува елипсовидна форма, преку устието на Ковачка во Мала река се наоѓа локалитетот на 710 м.нв. Во доцната антика било обиколено со одбрамбен ѕид. Ѕидот продолжува кон северната падина опфаќајќи еден мал дел од неа. Особено ѕидот е добро сочуван на северозападната страна, работен е од кршен камен и бел варовен малтер. Од планинскиот масив платото на тврдината е одделено со длабоко седло на западната страна. Во внатрешноста се видливи остатоци од градби. Од површински наоди има делови од доцноантичка ќерамика, делови од тегули - лаконски тип, парчиња железна згура, железно чеканче од типот долабра - смиј, врвови од стрели и монети од III и IV век. Под тврдината, долж долината води стариот пат од Порече преку Растеш кон Полог. Датирано е III - IV век. Површина од 0,7 ха.

Во околината, на северната страна, траги од населба, а во целата околина имало рудни ископи со печки за топење на рудата.

8. С. Слатино - *Кале*, лит: А. К. 1996, 51; I. М. 2002, 297 - 299.

*Рударски кастел.* 1,5 км. југоисточно од селото, на десната страна од Слатинска река, на местото каде што таа се влева во Голема река, се издига висок рид со вештачко зарамнет врв (660 м.нв.), на кој има остатоци од јак одбрамбен бедем и две кули. Го контролирала, преку исток, патот *Скупи - Лихнид*. Тврдината е поделена на горна и долна кула. Кај горната кула јужниот ѕид е граден во емплектон техника, право трасиран на запад. На највисокото место на северозапад се наоѓа главна, квадратна кула. Уште една кула има на југ во форма на трапез. Главната порта, најверојатно била на југозапад, помеѓу две триаголни кули. Внатрешноста е поделена со право трасирана ограда, во средината има акропола. Во северниот дел на акрополата имаме остатоци од трисобна градба, а во јужниот дел остатоци од градба ориентирана исток - запад, со апцис на исток (веројатно црква). Кај североисточната ограда од акрополата имало две градби, со најмалку 8 соби во ред. Јужно од неа се гледа друга градба. Исти такви




*Сл. 36 - Слатино, Кале, основа*

градби има кај северната ограда, во источниот агол и кај југоисточната ограда. Долната кула се наоѓа на североисточната страна. Се гледаат две паралелни страни во должина. Најдобро зачувана е западната страна, со ограда во две насоки. Низ густата шума, во внатрешноста се препознаваат остатоци од градби со повеќе соби, во редица. Слична градба слободно стои во центарот на тврдината. По површината на тврдината се забележуваат множество на фрагменти од кујнски керамички садови, питоси, покривни керамиди, градежен материјал и британски BI амфори. Датирано е во VI век. Површина од 0,7 ха.

Под тврдината, на север, во долината "Под Градиште", случајно се откриени неколку здели и сребрени обетки, плетени во вид на корпа од IV век. На 2 - 3 км. западно, откриени се големи железни ископини од доцната антика (Мелои).

9. С. Црешнево - *Кале*, лит: I. M. 2002, 291.

*Рударски кастел.* 3 км. југоисточно од селото, на планински врв помеѓу две речни долини се наоѓа локалитетот на 845 м.нв. Тврдината е градена во малтерна техника. Во внатрешноста има траги од доцноантички населби. Датирана е во рана Византија. Површина од 0,05 ха.

## 4. 3. Регија на Демир Хисар

1. С. Вардино - *Кула*, лит: I. M. 2002, 302.

*Рударски кастел.* 4 км. источно - југоисточно од селото, на висок врв од планината (1495 м.нв.) се наоѓа локалитетот. Тврдината го контролирала централниот и источниот дел од областа Дериокос. Тврдината е градена од камен, а во внатрешноста траги од градби. Датиран во V - VI век. Површина од 0,15 ха. Во околината, на 2 - 3 км. јужно се наоѓале железни ископини.




*Сл. 37 - Граиште, Градиште, основа*

2. С. Граиште - *Градиште*, лит: I. M. 1966, 64; I. M. TIR 1976, 60; Г. Г. 1980/81, 91; Г. М. 1987, 182; И. М. 1996, 195 - 197; И. М. 1999, 75 - 76; I. M. 2002, 300 - 302.

*Рударски кастел.* Се издига над северниот раб од селото, во малото поле на градот Демир Хисар кој е дел од рамнината Пелагонија. Изолираниот врв над доминантното возвишение кое е на сливот на Обедничка Река во Црна Река и Слепченска во Црна Река, го контролира целиот простор на 760 м.нв. Во доцната антика била војнички и стопански центар. Врвот е вештачки зарамнет а видливи се повеќето тераси - нивоа. Обликот на тврдината е прилагоден на конфигурацијата на теренот. Тврдината е во правец североисток - југозапад во должина и северозапад - југоисток во ширина. Има најмалку две издадени квадратни кули. Вкупно имало 8 кули. Во североисточната половина на платото е акрополата одделена со ограда. Се следат три појаси на одбрамбени ѕидови. Доцноантичкиот бедем е опфатен со раноантичката акропола. Граден е со кршен камен и малтер. По површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови. При ископување откриена е доцноантичка ќерамика, тегули, железни предмети, брусени делови од олово и накит. Во јужното подножје на ридот се откопани голем број на гробови градени од камени плочи во кои се најдени монети од Проб, Константин I, Валенс, Јустин I и Јустинијан. Датирано во III - VI век. Површина од 1,4/4 ха.

3. С. Жван - *Градиште*, лит: I. M. TIR 1976, 138; Г. Г. 1980/81, 92; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 137; I. M. 2002, 304.



*Сл. 38 - Жван, Градиште, основа*

*Рударски кастел.* 1 км. од селото кое се прошири на левиот брег на реката Црна, поточно на патот Битола - Кичево, се издига еден стрмен рид со зарамнето плато, на 820 м.нв. Во внатрешноста имало акропола, поделена со ограда а на северната страна - квадратна кула. Градени се од камен и малтер. На јужната падина се забележуваат две тераси, тврдината има правоаголна форма, каде се забележуваат контури на бедеми особено на западниот и северниот дел. Во внатрешноста има остатоци од фрагментирани тегули, ќерамички садови, кујнска ќерамика, питоси, железни предмети, кровни ќерамиди и монети од Константиновиот период. Датирано во IV - VI век. Површина од 1,2 ха.

4. С. Зашле - *Кале, Град*, лит: Г. Г. 1980/81, 94; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 138; В. Л. 1999, 74; I. M. 2002, 303.

*Рударски кастел.* 2 км. источно од селото, на 1 км. западно од патот за с. Растојца, с. Кочишта, с. Дивјаци и с. Пустарека, на висок рид со зарамнето пла-




*Сл. 39 - Зашле, Град, основа*

то кој што се издига на венецот од планината, така што ова место стратешки е многу погодно, се наоѓа локалитетот на 1170 м.нв. Јужно од "Калето" е десниот брег на реката Жаба. Од северозападната страна се наоѓа возвишение со поголема надморска височина од "Калето", која мештаните ја викаат "Краста". Фактички, тоа била акрополата. Од ова место доаѓал водовод во "Калето", откриена е инсталација за вода. "Калето" има четириаголна форма, оградено е со два одбрамбени ѕида, на западниот и источниот дел, градени во емплектон техника - гус ограда. Местото е непристапно а на површината има градежен материјал и фрагменти од ќерамички садови. Во внатрешноста има остатоци од градби. Од наоди: ќерамика и монети од VI век. Датиран е во VI век. Површина од 1,2 ха.

5. С. Растовица - *Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 107; I. M. 2002, 302.

*Рударски кастел.* 1,5 км. источно од селото, на планински врв со зарамнето плато, преку изворите Шопало, се наоѓа локалитетот на 986 м.нв. Тврдината е градена од камен и малтер. Во внатрешноста има остатоци од градби. Од наоди среќаваме доцноантичка ќерамика. Северно од тврдината имало мала населба и повеќе гробови од камени плочи. Датирани се во IV век. Површина од 1 ха.

Кај западната страна на тврдината, на 1 км. има остатоци од доцноантичка планинска градба.

### 4. 4. Крушевска регија

1. С. Белушино - *Кале*, лит: I. M. 2002, 327.

*Рударски кастел.* 1,5 км. западно од селото, кај масивот Мусаица, на планински врв, преку западниот дел на котлината се наоѓа локалитетот на 1250 м.нв. Тврдината е градена во камен и малтер. Го контролирала северозападниот и западниот планински дел. Во внатрешноста на тврдината има траги од градби. На западната страна од тврдината имало кула. Датирана е во рана




*Сл. 40 - Бучин, Кале, основа*

Византија, VI век. Површина од 0,3 ха.

2. С. Бучин - *Кале*, лит: I. M., B. J. TIR 1976, 14; В. Л. 1992/93, 231 - 233; Ц. К., Е. П. 1996, 200; I. M. 2002, 328 - 329.

*Рударски кастел.* 1,5 км. јужно од селото, високо над излезот на *Еригон*, во рамнината, на еден рид со зарамнето плато (840 м.нв.) се гледаат грамади од камен. Утврдување добива во доцната антика. Градено било од камен и малтер, зајакнато со 3 кули на аглите. Утврдувањето има неправилна четириаголна, издолжена форма. Затворениот простор имал површина од 1,8 ха. Траги од градби се видливи на источниот дел. По површината се среќаваат фрагменти од питоси и керамички садови, од доцниот период. Монети од: Валентијан I, Теодосиј I, Аркадиус, Јустинијан I и Јустин II. Датирана во IV - VI век.

Неколку километри на југозапад, на планинска падина има рудници на железо. Видлива е згура.




*Сл. 41 - Врбовец, Кале, основа*

3. С. Врбовец - *Кале*, лит: В. Л. 1992/93, 234; I. M. 2002, 330.

*Рударски кастел.* 1 км. западно од селото, на исфрлен планински врв, кај источниот дел на Црн Врв се наоѓа локалитетот на 945 м.нв. Тврдината ги контролирала областа на исток и железните рудници на југозапад. Градена е во емплектон техника. Приодот е од запад преку длабоко седло. Осигу-




*Сл. 42 - Крушево, Кале, основа*




*Сл. 43 - Присаш, Градишше, основа*

рана е со издадена квадратна кула. Во внатрешноста се наогаат слаби траги од населби. Од наоди има доцноантичка кујнска ќерамика и тегули. Врз основа на видот на градбата и според состојбата на задржаноста, датирана е во VI век. Површина од 0,3 ха.

4. Крушево - *Кале*, лит: В. Л. 1996, 201; I. М. 2002, 329.

*Рударски кастел*. 1 км. источно од градот, на еден планински рид, кој го заобиколува патот Прилеп - Крушево, се наоѓа локалитетот на 1210 м.нв. Платото е издолжено во насока исток - запад, со тесно планинско седло е поврзан со планинскиот масив кон запад. Одбрамбениот ѕид се следи на југоисточната и северната страна каде се издига над површината на земјата, граден е во доцноантичко време, во техника opus incertum. Вовнатрешноста на тврдината се гледаат контури на стари објекти, особено се забележуваат редици на мали простории, потпрени на северниот ѕид од бедемот, однатре. Од наоди: железни предмети, клинци, згура, а монети се пронајдени од периодот на IV - VI век. Датирана во VI век. Површина од 0,4 ха.

### 4. 5. Прилепска регија

1. С. Витолиште - *Кула*, лит: I. M. 2002, 368.

*Рударски кастел.* 1 км. североисточно од селото, на планински врв преку долината се наоѓа локалитетот на 1100 м.нв. Тврдината го контролира планинскиот пат кој одел до Козјак, а оттаму имало премин, североисточно, кој излегувал кај планинската градба кај Рожден. Обѕидието е градено од камен и малтер. Во внатрешноста има траги од градби. Датирана во V - VI век. Површина од 0,2 ха.

2. С. Присат - *Градиште*, лит: Н. В. 1937, 39; I. M. 1966, 70; I. M. TIR 1976, 104; В. Л. 1997, 42, 45; I. M. 2002, 358.

*Рударски кастел.* 1 км. североисточно од селото, на планински врв кој е дел од Мукос планинскиот венец, преку Дервен преминот се наоѓа локалитетот на 1180 м.нв. Тврдината ја контролирала трасата на патот *Скупи - Керамије* која водела кон преминот. Обѕидието е од малтер и кршен камен. Во внатрешноста има траги од градби. Во околината се наоѓаат најголемите наоѓалишта на мермер во Македонија. Датирано во V - VI век. Површина од 0,5 ха.

### 4. 6. Ресенска регија

1. С. Љубојно - *Кула*, лит: С. С., В. С. 1996, 339; I. M. 2002, 377.

*Рударски кастел.* 1,5 км. северозападно од селото, на западната падина од планината Баба, близу до устието на Брајчинска Река, се издигна еден висок рид кој доминира на околниот терен. На вештачки зарамнато плато (1040 м.нв.) јасно се препознаваат ѕидови на одбранбени бедеми. Тврдината по форма била овална , а градена е од кршен камен и малтер. Во внатрешноста, на површината има грамади од градежен камен, тули и варов малтер. Од север кон југ водел водоводен систем од ќерамички тубуси. Датирано во IV - VI век. Површина 0,3 ха.

## 5. Укрепени збегови (refugia)

### 5. 1. Битолска регија

1. С. Беранци - *Градиште*, лит: I. M. 1966, 65, 67; I. M. TIR 1976, 24; Г. М. 1987, 179; Г. М. 1996, 17 - 18; I. M. 2002, 262.

2 км. западно од селото, се наоѓа мал рид меѓу две речни долини, длабоко во планината, на кој се наоѓа локалитетот, на 860 м.нв. Врвот е со зарамнето плато, опфатен со одбрамбени ѕидови. Тврдината е градена од камен и малтер. Во внатрешноста се среќаваат траги од населба, гробови со камени плочи, фрагменти од ќерамички садови, питоси и градежен материјал. Во 1962 година, при ископување пронајдени се железни предмети. Монети се најдени

од: Проб, Максиминус II, Валентинијан I, Хонориус, Константин I, Константин II, Јустин I и Јустинијан I. Во околината има антички копови на железна руда. Датиран е од III - VI век. Површина од 0,6 ха.




*Сл. 44 - Бистрица, Кула, основа*

2. С. Бистрица - *Кула*, лит: I. M. 1966, 64; I. M. 2002, 262.

1,5 км. југозападно од селото, на рамен рид со спуст и изразена косина, блага на западниот раб се наоѓа локалитетот, на 990 м.нв. Тврдината го контролирала патот Виа Игнација кој поминувал над источната нога. Тврдината е древна градба, влезот е од југозападната страна. Бедемите се од периодот на Хеленизмот заедно со земјениот насип, а во времето на доцната антика е обновен бидејќи можат да се следат обновените камени ѕидови, работени во кршен камен и малтер. Предниот бедем има четвртаста кула. Во внатрешноста има повеќе тераси на кои се гледаат темели од градби. Од наоди имаме: доцноантичка керамика, тегули, а од монети најдени се од Грацијан и Теодосиј I. Датирана е во доцен IV - VI век. Површина од 1,5 ха.

3. С. Мојно - *Еленик, Градиште, Марин Град*, лит: H. B. 1933, 282; N. V. 1937, 32; I. M. TIR 1966, 65; И. М. 1970, 325 - 347; I. M. TIR 1976, 87; I. M. 2002, 277 - 278.




*Сл. 45 - Мојно, Еленик, основа*

1,5 км. северно од селото, на падина на еден рид, кој од северната страна навлегува во Пелагониската рамнина, се наоѓа локалитетот на 855 м.нв. Била мала населба од доцноантички период. Приодот бил од исток преку тесен премин, а основната форма била рамномерна. Ја контролирал котлината на запад и југ. Оддалечен бил 4 км. од провинциската граница. Тој е на врвот на мало плато, обиколен со урнатини од ѕидови од кршен камен и малтер.

Внатрешното уредување било обновено во доцноантички стил. Северната ограда се протега преку големи карпи. Во западната половина, високо поставена тераса. Живеалиштата, на источниот крај, биле длабоко поставени и одделени со огради. На југозападната страна има остатоци од 4 скалести огради. Во центарот на западниот дел имало акропола, опколена со праворасирано обѕидие. На рамната источна страна се наоѓала издадена четириаголна кула. Акрополисот е доцноримски рефугиум. Во внатрешниот дел има голем број фрагменти од ќерамика, питоси и од римска грнчарија од доцен период. Пронајдени се и монети од IV век: Констанс, Валентијан I, Теодосијус I и Анастасијус. Датиран е во IV - VI век. Површина од 1,5 ха.

Во околината на локалитетот, во долината, југоисточно од селото се наоѓаат многу траги од доцноантички населби.

4. С. Скочивир - *Петалинско Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 116; I. M.2002, 279.

*Голем планински збег.* 5 км. североисточно од селото и 1,5 км. источно од Црна Река, на експониран карпест врв, во непосредна близина на местото каде од патот се издвојува крак за Јелак, на висок и природно заштитен рид со вертикални стрмни карпи, се наоѓа зарамнето плато (1026 м.нв.). Опкружено е со остатоци на ѕидини изградени од камен, што се издигаат над десниот брег на реката Црна, во Ниџе масивот. На површината, во внатрешноста на обѕидието се забележуваат траги од населба. Површина од 1,2 ха. Датиран во VI век?

5. С. Сливица - *Градиште*, лит: I. M. TIR 1976, 116.

0,5 км. западно од селото на карпест врв кој се издигнува над тесната долина на реката Црна, се наоѓа плато на врвот (760 м.нв.), опкружено со остатоци на градби од камен без малтер кои се потпираат на карпа. Во внатрешноста на утврдувањето, се сретнуваат траги од населба, ретка римска грнчарија од доцен период и фрагменти од ќерамиди и питоси. Датиран е III - IV век. Површина од 0,5 ха.

6. С. Цапари - *Кале*, лит: Т. Ј., Г. Ф. 1996, 46; I. M. 2002, 268.

2 км. југоисточно од селото, на северната падина на Баба Планина, на плато, на стрмно исфрлено место се наоѓа локалитетот на 1620 м.нв. Ја контролира долината на реката Драгор. Влезот е од југ, преку длабоко седло. Обѕидието е градено од сув ѕид, кршен камен. Во внатрешноста има мал слој со населбени остатоци, повеќето градби во северниот дел се директно залепени до бедемите. Наоди: кујнска ќерамика, фрагменти од питоси и мо-




*Сл. 46 - Цапари, Кале, основа*

нети од Јустинијан I. Датирана е во VI век. Површина од 0,8 ха.

7. С. Црнобуки - *Градиште*, лит: I. М. 1966, 81; I. М. TIR 1976, 37; I. М. 2002, 270.

0,5 - 1 км. северно од селото, локалитетот (670 м.нв.) високо доминира над долината, стрмна тераса, над реката Шемница. Тесно плато, квадратно на врвот, со две тераси, на западната страна обиколено со силен одбрамбен ѕид од камен и малтер. На неколку км. се наоѓала границата меѓу Македонија I и II. Акрополата и населбените тераси биле опкружени со два кружни ѕидови. На источната падина се сретнува зацврстена тераса. Од наоди: грнчарија од доцноантички период, на акрополата - малку доцноантичка ќерамика, фрагменти од питоси, ќерамиди и тули. Пронајдени се монети од Валентијановото семејство. Датиран е во IV век. Површина од 1,5 ха.




*Сл. 47 - Црнобуки, Градиште, основа*

## 5. 2. Прилепска регија

1. С. Бело Поле - *Марков чардак*, лит: Б. Б. 1971, 62; I. М. TIR 1976, 24; Б. Б., Б. К. 1996, 281; I. М. 2002, 341 - 342.

Преку јужниот раб од селото, кај југозападниот крај, врз изолирана височинка на доминантна рамнина, на планински врв (703 м.нв.) има остатоци од бедем (камен и малтер). Од локалитетот има широк поглед на околината. Се контролирал патот *Керамије - Лихнидос*. На северниот дел обѕидието е од сувоѕид, адаптиран на конфигурацијата на теренот. Во внатрешноста, на северниот крај има добросочувани остатоци од градби. Пред источната страна има гроб, издлабен во карпите. Во највисокиот, западен дел се наоѓа акрополата. Граничи со обѕидие од сувоѕид, напра-



*Сл. 48 - Бело Поле, Марков Чардак, основа*

вена на источната страна. На југоисток и крајот на запад има повеќе зданија и издлабени ѕидови, огништа и др. Четири цистерни, кружни, изделкани во карпа, во вид на ѕвона. Грнчарија од доцна антика, кај акрополата фрагменти од ќерамиди, тегули и питоси, камени темели, ќерамика од IV век. Монети од крајот на IV и V век. Утврдена римска населба од доцната антика, IV - VI век. Површина од 1,6 ха.

2. С. Крушевица - *Градиште*, лит: I. M. TIR 1976, 76; Б. К., Л. К., К. К. 1996, 301 - 302; I. M. 2002, 353.

1 км. југозападно под селото, на блага височинка, тесно плато, опкружено со остатоци од разурнати ѕидови, на 965 м.нв. се наоѓа локалитетот. Во внатрешноста, на површината се среќаваат наоди, ретки фрагменти на римска грнчарија од доцната антика. Парчиња од камен од темели и фрагменти од питоси. Мал римски збег од доцниот период. Од наоди: бронзени предмети, Херкулес - статуа (најдоцна од III век) и монети од IV век. Датирана во доцноримскиот период, III - IV век. Површина од 0,5 ха.

3. С. Небрегово - *Орман*, лит: N. V. 1937, 32; I. M. TIR 1976, 90; В. Л. 1984, 98 - 100; Б. Б., Б. К. 1996, 304; I. M. 2002, 355.

2 км. источно од селото, на работ од рамнината од еден планински врв се наоѓа античка градба - ѕид со малтер од камен, на 1010 м.нв. Во внатрешниот дел на обѕидието има доцноантички траги на населеност датирани III - VI век. Во околината, на север, најдени се монети од III и IV век. Површина од 0,5 ха.

4. С. Прилепец - *Марков Ѕид*, лит: N. V. 1937, 39; I. M. 1966, 70; I. M. TIR 1976, 99; В. Л. 1996, 43; I. M. 2002, 358.

1 км. североисточно од селото, на западната падина на Селечка Планина, поточно под врвот Коњарник, се наоѓа на еден рид мало плато на врвот заравнето, на 1015 м.нв. Заградено е со обѕидие со цврста малтерна техника. Тврдината е составена од акропола и подѕидие. Во внатрешноста има траги од доцноантичка населба. Монети од IV век. Датирана е во IV - VI век. Површина од 7 ха.



*Сл. 49 - Прилепец, Марков Ѕид, основа*

## 5. 3. Ресенска регија

1. С. Курбиново - *Кулиште*, лит: I. M. TIR 1976, 77; I. M. 2002, 377.

2 км. југоисточно од селото, на планинскиот врв Кула (990 м.нв.) се гледа обѕидие од сувоѕид. Од наоди, при сондажни ископувања, пронајдена е доцноантичка ќерамика, покривни ќерамиди како и во голем број железна згура. Датирана е од IV - VI век. Површина од 1 ха.

Во околината, на северозапад има остатоци од населба. Ископани се делови од зграда за живеење со мозаични подови и една бања.

2. С. Коњско - *Голем Град*, лит: В. Б. - Г. 1983/84, 203 - 210, В. Б. - Г. 1986, 107 - 120; В. Б. - Г. 1989, 29 - 41; В. Б. - Г. 1989, 101 - 134.

Во југозападниот дел од Преспанското Езеро оддалечено 2 км. од брегот, се наоѓа островот Голем Град (860 м.нв.). На југоисточниот и северозападниот дел од островот има мали пристаништа, приод кон островот. Обѕидието е од сув ѕид. На југоисточното пристаниште преку внатрешниот ѕид е оградениот утврден ареал од доцната антика. Надвор од ѕидовите се наоѓа цистерна во облик на кула, однатре обложена со малтер. Од доцноантички монети, пронајдени се пари од Теодосие I, Аркадиус, Јустинијан I, Јустин II и други. Исто така пронајден е железен дел од готска торбица, сребрени обетки во форма на кошница како и 6 златни обетки во форма на кошара. Датиран е во IV - VI век. Површина од 2 ха.




*Сл. 50 - Коњско, Голем Град, основа*

## 6. Кастели и каструми

## 6. 1. Битолска регија

1. С. Брод - *Браилово*, лит: Н. В. 1937, 11; М. Г. 1954, 121, 125; I. M. TIR 1976, 30; I. M. 2002, 268.

*Контрола на значајни патишта.* 2,6 км. северозападно од селото, на тераса, југозападна стапка на Селечка Планина, се наоѓа локалитетот на 660 м.нв. и површина од 1 ха. Тврдина со квадратна форма, градена од ка-

мен и малтер а во внатрешноста има траги од градби. Датирана е во доцноримскиот период.

2. С. Горно Ореово - *Кале, Марково Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 94; T.J 1996, 27; В. Л. 2002, 714; I. M. 2002, 273, 274.




*Сл. 51 - Горно Ореово, Кале, основа*

*Контрола на регионот.* 1,5 км. западно од селото и 4 км. југозападно од *Хераклеја Линкестис*, на едно плато (1480 м.нв.), на Баба Планина, лежи тврдината која била во еден период планински збег за населението на *Хераклеја Линкестис*. Влезот е на запад на едно тесно седло. Ѕидот е од камен, малтер. Сочувани се места од ѕидот од 1м височина. На запад има две испакнати кули со 4 агли а меѓу нив една триаголна кула. На исток и на север има уште една четириаголна кула. Јужниот ѕид е слабо запазен заради ерозијата на јужната стрмнина. Во внатрешноста има акропола со свој ѕид. На север забележани се градби и една цистерна. Од наоди на површината има доцна античка ќерамика и тегули, датирано е во IV и V век. Зафаќала површина од 1,5 ха.

3. С. Граешница - *Кале*, лит: М. Г. 1954, 113; I. M. TIR 1976, 60; И. М. 1981/82, 180; Г. М. 1987, 180; Т.Ј., Г.Ф. 1996, 27; I. M. 2002, 275.

*Контрола на значајни патишта.* Околу 0,5 км. западно од селото, на плато од рид (780 м.нв.), со зарамнета тераса и стрмни падини меѓу 2 поточни бразди се наоѓа локалитетот. Бил на 2 км. западно од патот Виа Игнацијa. Одбрамбените ѕидови опкружени се од насипи од земја. Работени биле во малтерна техника. Во внатрешноста се гледаат траги од населба, а по површината има фрагменти од ќерамички садови, питоси, покривни ќерамиди и множество градежен материјал. Монети од: Константин I, Константин II, Јустин I, Јустинијан I, Валентијан I, Теодосије I и други постари монети. Зафаќал површина од 1,2 ха. Датирана е во VI век.

Источно и североисточно од локалитетот, во долината, има траги од доцноантички населби.

4. С. Лопатица - *Чагор, Големо Кале*, лит: В. Л. 2002, 768 - 769.

*Контрола на патишта и рударска населба.* 2,2 км. западно од селото и 4,5 км. северно - североисточно од с. Лопатица, на 1164 м.нв. се наоѓа локалитетот со површина од 1,65 ха. Обѕидието има издолжена форма. Градено е од камен и малтер. Во средишниот простор се видливи остатоци од градби, можеби ранохристијанска црква. На јужниот, највисок дел од утврдувањe-



*Сл. 52 - Лойайшица, Чагор, основа*

то, се препознава градба со 6 простории, во близина на западниот влез. Најдена е бронзена статуета на богот Меркур и 3 доцноантички монети. Датирана во III - VI век.

5. С. Трново - *Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 128; Д. С. 1996, 45; I. M. 2002, 285.

*Конйрола на значајни йайишйа и мал збег.* 1 км. јужно од селото на еден рид, исфрлено место во состав на Баба Планина на тешка пристапна височина со зарамнето плато поме ѓу реките Драгор и Сапунчица се наоѓа *Калешо* (1210 м.нв.), кое го контролирало патот Via Egnatia и долината на север. Одбранбениот бедем е граден од камен и малтер, во средишниот дел, доцноантички траги на населба, датирани во V и VI век. Површина од 0,3 ха.

**6. 2. Регија на Порече**

1. С. Девич - *Пешна*, лит: И. М. 1999, 368; I. M. TIR 1976, 42; I. M. 2002, 293.

*Конйрола на значајни йайишйа.* 2 км. источно од селото се наоѓа варовничка сува и светла пештера на 550 м.нв. Отворот на пештерата е голем и бил затворен со ѕид (малтер, емплектон) висок до 9 м. Отворот на пештерата бил на запад. Во внатрешноста на пештерата постоела населба со површина од 0,4 ха. На југозападниот агол се гледа порта, цистерна за вода и преливна шахта. Тврдината го контролирала патот *Скуйи - Керамие* и некои планински рударски дејности во околината. Во околината, на околу 100 м. пред пештерата имало ограда од тули, обоени во сино. Датирана во VI век.



*Сл. 53 - Девич, Пешна, основа*




*Сл. 54 - Здуње, Градишӣе, основа*

2. С. Здуње - *Градишӣе*, лит: М. И. 1986, 123; М. И. 1988, 55 - 57; В. Л. 1996, 80, 82; I. M. 2002, 195.

*Конӣрола на значајни ӣаӣишӣа.* 1 км. североисточно од селото, на врв на планина се наоѓа локалитетот на 540 м.нв. Тука реката Оча се влева во Треска. На десниот брег на реката Треска има остатоци од тврдина, кои укажуваат дека тука се наоѓал кастел, кој го контролирал патот *Скуӣи - Керамија - Лихнидос*. Патот врвел низ големиот теснец кон угорнината на Дервен. Во близина е границата на провинцијата Праевалитана и Македонија II. Во внатрешноста на тврдината има преградување а пронајдена е доцноантичка ќерамика, тегули и питоси, бронзен накит и монети од IV и VI век. Датирана во IV - VI век.

На северозапад се наоѓаат гробови со наоди од V и VI век. Долните изохипси на локалитетот се познати под името "Подградец", каде теренот косо се спушта од север кон југ.

### 6. 3. Крушевска регија

1. С. Локвени - *Кале*, лит: Г. М. 1996, 202; I. M. 2002, 329.

*Конӣрола на значајни ӣаӣишӣа.* 1,5 км. јужно од селото, на висок рид со вештачки зарамнето плато, што доминира над околината со 909 м.нв., се гледаат траги од одбрамбен ѕид. *Калеӣо* го контролирало патот од котлината кон планинските предели на запад. Тврдината има овална форма. Градена е од камен и малтер. По површината на *Калеӣо* се гледаат траги од градби, а се среќаваат и фрагменти од ќерамички садови, тегули и грамади од кршен камен кој се користел во градење на објектите. Датирано е во IV - VI век? Површина од 0,2 ха.

### 6. 4. Прилепска регија

1. С. Фариш - *Сӣража*, лит: В. Л. 1991, 151 - 153; I. M. 2002, 361 - 362.

*Конӣрола на значајни ӣаӣишӣа.* 2 км. југоисточно од селото, на мал, благ, рид, на планински јазик, на северниот крај на Раец се наоѓа локалитетот на 445 м.нв. Тврдината го контролирала влезот на патот *Сӣоби - Керамие*. Градена е во камен и слаб малтер. Во внатрешноста се гледаат остатоци од




*Сл. 55 - Фариш, Сшража, основа*

градби. Околу кастелот има поголемо утврдување со овално обѕидие. На западната страна е сувоѕид. На акрополата, на високиот западен агол има четириаглеста кула. Наоди: во јужниот дел најдена доцноримска кујнска ќерамика, разни мали наоди од бронза, фибули со луковичеста глава и висулци од железо, железни врвови од стрели, опкови и шајки. Од монети: Константин II, Валентијан I, Валенс, Грацијан, Теодосијус I и II, Хонориус, Аркадиус и Марцианиус. Датирана е во IV - VI век. Површина од 0,1 ха.

Во околината на 0,5 км. североисточно се наоѓа мала доцноантичка населба на планински јазик.

2. С. Гудјаково - *Кале*, лит: И. М. 1967, 46; Б. Б. 1970, 70; Б. Б., Б. К. 1996, 293; I. M. 2002, 352.

*Конѿрола на значајни ѿаѿишѿа.* 1,5 км југоисточно од селото, на планински врв со зарамнето плато (450 м.нв.) што се спушта кон коритото на Црна Река и една мала споредна долина, се наоѓаат остатоци од ѕидови, градени од кршен камен и варов малтер. Тврдината го контролирала ракавот кој водел од патот *Сѿоби - Керамие* кон јужно поставените железни рудници во масивот Кожув. Во тврдината има остатоци од градби. На површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, тегули, имбрекси, а најдени се и монети од Пробус, Константин I и Валенс. Датирана е во IV - VI век. Површина од 0,5 ха.

3. С. Дебреште - *Кале,* лит: Н. В. 1931, 150 - 151; В. В. 1965, 62 - 64; I. M. TIR 1976, 40; Б. Б., V. H., J. R. 1976, 251 - 262; Б. Б. 1978, 205 - 215; Б. Б., В. Х., J. P., 1979, 141 - 148; Е. М. 1992, 209 - 211; И. М. 1996, 255; В. Л. 1997, 50 -51; I. M. 2002, 348 - 350.

*Конѿрола на значајни ѿаѿишѿа.* 1,5 км југоисточно од селото, на северозападниот раб на Пелагониското поле, блиску до главниот пат од Пелагонија кон устието на реката Треска (почеток на нагорнината кон преминот Барбарос), на едно ниско ритче или висока тумба, среде мочурлива рамнина, се издигнува рид со зарамнето плато (610 м.нв.) на кој се наоѓа локалитетот. Формата му е полигонален кастел. Во раниот IV век бил изграден цврст кастел од кршен камен и варов малтер. Во VI век обѕидието претрпува целосна

обнова, при што одделни делови на ѕидовите биле трасирани по нова линија, а некои кули (источната и западната) биле турнати. Има 4 порти на север, исток, југ и запад. Северната порта е од 2 квадратни кули, јужната порта е од 2 кружни кули, а источната и западната порта се заменети со рановизантиски градби. Имало вкупно 9 кули. Во внатрешноста на кастелот постои многу граѓа од римски градби (доцен период), грнчарија и ситни наоди (фибула, тока од ремен, доцноантички железни оружја) од почеток на IV и крај на VI век. Монети: од ран IV век и VI век и Јустинијан I. Важен кастел со утврдена населба блиску до големиот пат *Скупи - Лихнидос*, кој се протегал кон северозапад. Датиран е во III - VI век. Површина од 2,3 ха.




*Сл. 56 - Дебреште, Кале, основа*

4. С. Дебреште - *Лениште, Кале*, лит: В. Л. 1997, 50; I. M. 2002, 348.

*Контрола на значајни патишта.* 2 км. северозападно од селото, на планински врв преку преминот Барбарос се наоѓа локалитетот на 1270 м.нв. Тврдината е градена со кршен камен и малтер. На југозападниот дел се наоѓала укрепена акропола. Го контролирала приодот кон патот *Керамије - Лихнидос - Скупи*. Во внатрешноста има траги од градби. Пронајдена е монета од IV век и 3 х 20 нумии (1 од Јустин II). Датирана е во IV - VI век. Површина од 0,4 ха.




*Сл. 57 - Дебреште, Кале Лениште, основа*

5. С. Десово, с. Браилово - *Кале*, лит: Н. В. 1932, 24; I. M. TIR 1976, 42; Б. Б. 1981, 30; И. М. 1981/82, 186; Г. М. 1987, 186; В. Л. 1992/93, 228 - 231; Б. Б., Б. К. 1996, 296; В. Л. 1997, 40; I. M. 2002, 350.

*Контрола на значајни патишта.* 4 км. север - североисточно од с. Десово и 5 км. југ - југоисточно од с. Браилово, високо во планината на Биса масивот, со тесни пресеци, под врвот Леска се наоѓа локалитетот на рид со доминантна позиција, на 1015 м.нв. Издолжено зарамнето плато опфатено со цврст бедем од камен и малтер, емплектон (гус - обработка). Формата на основата е неправилно полигонална. Тврдината го контролирала блискиот дервен преку кој водела траса на патот *Скупи - Неаполис - Керамија.* Кај јужното обѕидие имало најмалку 2 издадени квадратни кули и порта. Исто таква кула имало и на источната страна. Пред северозападниот агол има обѕидие со малтер во опус инцертум. Пред завршетокот на оградата на запад се наоѓа тераса поврзана, најверојатно, со остаток од постаро зацврстување. На повисокиот крај, во утврдувањето, има темели од градби, делумно ослободени при ископувањата. На површината од локалитетот се среќаваат богати фрагменти од доцноантички ќерамички садови, амфори (Британски В-I), покривни ќерамиди, бронзени токи од ремен, предмети, врвови од стрели и нож. Најдени се и монети од Валенс, Теодосиус I, Јустинијан I и Јустин II. Датирано, најдоцна од IV - VI век. Површина од 1,3 ха.




*Сл. 58 - Десово, Браилово, Кале, основа*

6. С. Дреновци - *Градиште,* лит: Н. В. 1937, 25, 32 ф.; I. М. TIR 1976, 48; В. Л. 1992/93, 234; Б. Б., Б. К. 1996, 298; I. М. 2002, 351.

*Контрола на регионот.* 1 км. северозападно од селото, на југ од врвот Љута, врз врвот на еден рид (извишување) со остри страни, се наоѓа локалитетот на 1090 м.нв. Платото е вештачки направено и опкружено е со силен бедем од кршен камен и ва-




*Сл. 59 - Дреновци, Градиште, основа*

ров малтер. На источниот дел има добро одржана квадратна кула, издлабена во карпа. Во внатрешноста како површна керамика се сретнуваат парчиња на римска грнчарија (доцен период). Во околината, кај јужната страна, имаме остатоци од населба. Најдени се монети од Константин и неговата фамилија. Датиран во III - VI век. Површина од 0,5 ха.

7. С. Кокре - *Градиште*, лит: I. М. TIR 1976, 72; I. М. 2002, 353.

*Контрола на регионот.* 2 км. источно од селото, на доминантен врв над Кокре долината, на едно зарамнето плато, мала широчинка, на врвот се наоѓа локалитетот со 1320 м.нв. Тврдината ги контролирала локалните патови. Во внатрешноста се гледаат урнатини од камени ѕидини со малтер, ретки фрагменти од римска керамика (доцен период), грнчарија и керамички садови. Во внатрешноста мали траги од градби. Тешко пристапна. Датиран во VI век? Површина од 0,2 ха.

8. Прилеп - *Баба*, лит: К. К. 1977, 181; Г. М. 1987, 187; В. Л., А. М. 1995, 147 - 149; Б. К., Л. К., К. К. 1996, 307; I. М. 2002, 356 - 357.

*Контрола на значајни патишта.* 4 км. североисточно од центарот на градот Прилеп и 6,6 км источно од планинскиот премин на Плетвар, југоисточно под Трескавец се наоѓа карпата наречена *Баба* (антропоморфен врв - "баба" - старословенски: жена). Локалитетот претставува доминантен карпест врв и срт со 980 м.нв. Врвот на ридот бил утврден. Тврдината го контролирала патот *Керамие - Стоби*. Акрополата има правоаголна форма. Во северниот дел на тврдината имаме обѕидие - емплектон - гус. На северната страна има издадена квадратна кула. На јужното обѕидие има вдлабнатини, суво поставени во карпите, за поставување на порта. Пред североисточниот агол има помошна ограда за затворање на преминот преку северниот дел. Од северозапад платото е ограничено со долга карпеста вертикала, на југ е подградието. Ѕидовите се градени од масивен крупен камен. Во внатрешноста, на северното обѕидие има ред на простории во вид на касети. На површината има грамади од кршен камен, покривна керамида и доцноантичка кујнска керамика. Најдено е депо од монети 51 фолис и полуфолиси, сите од VI век. Датирано е во V - VI век. Површина од 1 ха.




*Сл. 60 - Прилеп, Баба, основа*




*Сл. 61 - Стровија, Кале, основа*

9. С. Слепче - *Кале, Селиште*, лит: I. M. TIR 1976, 116; В. Л. 1984, 94; Б. Л. 1996, 311; I. M. 2002, 358.

*Контрола на значајни патишта.* 3 км. североисточно од селото, на главниот венец од Биса Планина, на една височинка, источно од врвот Соколички Камен, преку западниот раб на котлината, преку два премини на северна и јужна стапка на областа, се гледаат остатоци од мала тврдина (1250 м.нв.). Тврдината контролирала повеќе траси на патот *Скупи - Керамије* кои воделе кон премините. Опколена е со одбранбени бедеми градена од кршен камен и малтер. Во внатрешноста се гледаат остатоци од доцноантички населби, грамади од градежен материјал и голем дел од ќерамички садови, питоси, тегули и покривни ќерамиди. Датиран е во IV - VI век. Површина од 0,3 ха. Во околината, на југозапад, на работ од котлината има многу траги од доцноантички населби.

10. С. Стровија - Кале, *Градиште*, лит.: В. Л. 1992/93, 240; I. M. 2002, 359.

*Контрола на значајни патишта.* 2,5 км. североисточно од селото на висок планински врв на Биса, под кој денес минува тунелот на железничката пруга Прилеп - Велес се наоѓа локалитетот на 1016 м.нв. Врвот е доминантен, се наоѓа веднаш над тунелот кој е премин меѓу Пелагонија и малата долина на реката Бабуна. На самиот врв, среде густа дабова шума се гледаат обѕидијата на утврдувањето. Тврдината го контролирала најсеверниот и најлесниот премин од Бабуна кон "долината" Пелагонија. Формата приближно му е пентагонална, со мало присуство на малтер. На западната страна се наоѓа приодот каде има и четвртаста кула свртена кон планинскиот премин. Површинските наоди: малку доцноантичка ќерамика и тегули, а други наоди нема бидејќи се длабоко под земјата, а теренот е обрастен со трева. Датирано најдоцна IV - VI век. Површина од 0,2 ха.

## 7. Воени утврдувања

### 7. 1. Битолска регија

1. С. Арматуш - *Тврди Град*, лит: И. М. 1966, 65; I. М. TIR 1976, 24; И. М. 1981/82, 179; I. М. 2002, 261.

*Гранична контрола.* 1,5 км. северно од селото се наоѓа изолирана вулканска тумба каде се наоѓа локалитетот на 845 м.нв. Имал површина од 0,6 ха. Тој ги опфаќал и блиските ридови. Лежел непосредно на границата меѓу Македонија I и Македонија II. Тврдината била изградена од кршен камен. Приодот кон тврдината е од источната страна преку длабок премин. Формата на тврдината е овална. Во обѕидието се гледаат остатоци од градби. Датирана е во V - VI век.




*Сл. 62 - Арматуш, Тврди Град, основа*

2. С. Арматуш - *Кула*, лит: I. М. 2002, 261.

*Гранична контрола.* 1,5 км. југоисточно од селото, на највисокиот врв од планинскиот венец над Селечка планина се наоѓа тврдина со камено обѕидие, кое доминира над котлината на 1102 м.нв. Ја контролирала провинциската граница меѓу Македонија I и II. Во внатрешноста се сретнуваат доцноантички траги од населба со површина од 0,1 ха. Датирана е во V - VI век.

3. С. Гопеш - *Кале*, лит: В. Л. 2002, 42; I. М. 2002, 273;

*Гранична контрола.* 1 км. западно од селото на едно плато од главниот срт (1510 м.нв.), на планинската верига Бигла, се наоѓа локалитетот. Кастелот го контролирал преминот и провинцијата (границата), која поминувала над сртот. Остатоци од градба, одбрамбен ѕид, сувоѕид. На запад има испакната кула со 4 агли. Зафаќал површина од 0,2 ха. Наоди: малку доцна античка керамика и монета од Аркадиус.

4. С. Горно Српци - *Кале*, лит: I. М. TIR 1976, 118; I. М. 2002, 274 - 275.

*Гранична контрола и мал збег.* 1 км. југоисточно од селото, кон крајот од реката Драгор, на едно плато (1046 м.нв.), зарамнето на врвот се наоѓа локалитетот. Кон тврдината приодот е од исток преку мал премин. Формата на тврдината е овална. Градена е сувоѕид со порта на источниот крај. Осигурана со издадена четириаголна кула. Од северниот и јужниот ѕид се наоѓа тераса пред источната кула. Во внатрешноста се гледаат ѕидови од населба. Оваа тврдина била поврзана со каструмот *Никеја*, кој бил 4 км. на запад. Од наоди: доцноантичка керамика и фрагменти од питоси. Зафаќал површина од 0,2 ха. Датирана е во V и VI век.



*Сл. 63 - Г. Срйци, Кале, основа*

5. С. Груништа - *Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 61; I. M. 2002, 275.

*Гранична конйрола и йлонински збеī.* 3 км. северно од селото, на 500 м.нв., на еден рид, со тежок приод, се наоѓа локалитетот "*Кале*", "*Градиште*". Го контролирал локалниот планински пат. Тврдината е градена од камен и малтер, а во внатрешноста се гледаат траги од градби. Датирана е во V - VI век. Зафаќал површина од 0,2 ха.

6. С. Долно Ореово - *Кале*, лит: В. Л. 2002, 776; I. M. 2002, 273.

*Гранична конйрола.* 2 км. североисточно од селото на планински врв (1105 м.нв.) се наоѓа укрепена населба, голема 2,8 ха. која најверојатно ја делела провинциската граница меѓу Македонија I и II. Во исто време го контролирала локалниот (главниот) пат од Пелагонија кон мариовската висорамнина. Ѕидана е од камен и малтер, а сепарирана во V и VI век. Во внатрешноста има траги од населба. Наоди: монети од V век и од Јустинијан I.



*Сл. 64 - Долно Ореово, Кале, основа*

7. С. Долно Ореово - *Чаир*, лит: В. Л. 2002, 776; I. M. 2002, 273.

*Гранична конйрола.* 0,5 км. северно од селото, на работ на долината се наоѓала укрепена населба (810 м.нв.). Обѕидието е градено од камен и малтер, во внатрешноста има доцно римски траги на населба и остатоци на куќи и градби. Најдени се монети од IV до VI век. Зафаќала површина од 1 ха.

Во околината, југозападно, во долината имало доцноантичка населба.

8. С. Лера - *Горно Кале*, лит: М. Г. 1954, 114; I. M. TIR 1976, 78; I. M. 2002, 275-276.

*Гранична конйрола.* 1,5 км. северозападно од селото, во почетокот на планината, преку реката Шемница се наоѓала мала укрепена населба (915 м.нв.). Тврдина со овална форма, градена со кршен камен, сувоѕид. Приодот и




*Сл. 65 - Лера, Горно Кале, основа*

влезот се од север, осигурани со слаб бедем. Во внатрешноста има траги од населба. Од наоди: градежни остатоци, остатоци од питоси, железни алати, тока од ремен. Во близина била провинциската граница меѓу Македонија I и II, на 1 км. источно од патот за Никеја. Датирана е во IV - VI век. Површина од 0,4 ха.

9. С. Рапеш - *Кале Чука*, лит: I. M. TIR 1976, 106; I. M. 2002, 278.

*Гранична контрола и рударски кастел.* Планински врв, на 1 км. јужно од периферијата на селото, со делумно карпести премини. Мал рударски кастел на зарамнета широчинка (870 м.нв.), обиколена со остатоци од ѕидини градени од камен и малтер. Во внатрешноста траги од градби, ретки парчиња остатоци од римска грнчарија од доцниот период, фрагменти од питоси, камени темели. Монети од Грацијан и Теодосије I. Површина од 1 ха. Датирана во VI век.

Во околината на локалитетот, североисточно во долината имало повеќе населби од доцноантичко време.

10. С. Раштани - *Кале*, лит: М. Г. 1954, 120; I. M. TIR 1976, 107; Г. Ф. и П. С. 1980, 111 - 121; Г. Ф. и П. С. 1981, 113 - 118; В. Л. 2002, 775; I. M. 2002, 278; С. Т. 2002, 92 - 96.

*Воен објект од привремен карактер.* 1,5 км. југозападно од селото, на два лесно достапни врва, кои доминираат на планината, се наоѓа локалитетот (890 м.нв.). Тврдината е градена од камен и малтер. Ја контролирала долината на реката Драгор и североисточното подножје на *Калето*. Основната форма ѝ е нерамномерна. Зафаќала површина од 7,2 ха. Датирана во VI век.




*Сл. 66 - Раштани, Кале, основа*

Во околината, југоисточно од Еленик, во долината имало доцноантичка населба, пронајдени се монети од III и IV век.

Со најновите ископувања, во внатрешноста на локалитетот, на запад од базиликата се најдени 4 отвори на јами од I Светска војна, кои сигурно биле користени како магацини, бидејќи се издлабени во карпата. Затрупани се со камења и земја, земени од самиот локалитет. Со тоа е ставена земја во која има наоди. Земјата создаде забуна меѓу копачите, бидејќи сметаат дека тие наоди се од јамите. На една од јамите постојат и скали од цемент, на влезот од платформата. Во друга јама постои железо за поставување на бодликава жица. На сводот од јамите се препознава длабење со глето. Четирите јами се поврзани една со друга. Шутот кој е ископан од нив, со керамички наоди, е земен од локалитетот. Ова не би требало да биди забуна дека јамите поседуваат материјал од среден век. Впрочем, и земјениот насип од северната страна кој се протега кон источната, сигурно е од I Светска војна, бидејќи во него, под него и низ него се наоѓаат парчиња од шрапнели. Ова ни докажува дека истите доминантни места кои се користеле во минатото како одбрамбени или населбени објекти по природен пат се користеле и во поново време, како воени фортификации.

11. С. Суводол - *Градиште*, лит: Н. В. 1933, бр. 24 - 26, 29; N. V. 1937, 34; Ф. П. 1957, 197; I. M. TIR 1976, 123; I. M. 2002, 283 - 274.

*Гранична контрола и мал збег*. 1 км. северно од Суводол, на експониран зарамнет врв, на рид кај источниот раб на котлината, се наоѓа локалитетот, на 806 м.нв. Тврдината е со камено обѕидие. Разрушена е во I Светска војна. Во внатрешноста има траги од доцноантичка, голема населба. Пронајдени се монети од IV век. Површина од 0,1 ха. Датирана е во IV век.

## 7. 2. Регија на Порече

1. Барбарас - *Кула, Остреш*, лит: I. M. TIR 1976, 21; B. Л. 1997, 46, 48; I. M. 2002, 288.

*Мала крајпатна стража*. Доминантен рид, на северниот превој на планината, на патот Прилеп - Кичево, на 1 км. северозападно од преминот се наоѓа врв обиколен со остатоци од ѕидини (880 м.нв.). Тврдината го контролирала патот *Скупи* - *Керамие* на северниот дел. Истиот пат се делел од *Керамие* кон Лихнидос на југ. Тврдината е градена од малтер и камен. Во внатрешноста има траги од градби. Површина од 0,26 ха. Датирана во VI век.




*Сл. 67 - Барбарас, Кула Остреш, основа*

2. С. Белица - *Кале Глибоец*, лит: I. M. 2002, 289 - 290.

*Мала гранична контрола.* 2,5 км. север - североисток од селото, на експониран планински дел во масивот на планината Карацица, се наоѓа локалитетот на 1200 м.нв. Тврдината го контролирала локалниот планински пат кој водел северно од провинциската граница до Дарданија. Градена е во камен, сувоѕид. Во внатрешноста има траги од градби. Датирана е во рана Византија. Површина од 0,2 ха.

3. С. Бенче - *Кула*, лит: I. М. 2002, 290.

*Гранична контрола.* 3 км. западно од селото, на планински врв со премин кај планината Илино, се наоѓа локалитетот на 1550 м.нв. Тврдината ја контролирала провинциската граница на запад помеѓу Македонија и Праевалитана. Градена е од камен и малтер. Во внатрешноста има траги од градби. Датирана е во рана Византија, со површина од 0,2 ха.

4. С. Горно Крушје - *Градец*, лит: I. М. 2002, 296.

*Гранична контрола.* 1,5 км. источно од селото, на зарамнет планински врв се наоѓа локалитетот на 950. Тврдината е градена од камен и малтер, затворен тип. Го контролирала рудникот за железо кој се наоѓал на исток. Во внатрешноста траги од градби. Датирана е во рана Византија, со површина од 0,2 ха.

5. С. Заград - *Кале, Растеж, Кула,* лит: И. М. 1996, 157 - 158; В. Л. 1996, 80; I. M.2002, 299.




*Сл. 68 - Заград, Кале, Кула Растеш, основа*

*Гранична контрола.* 1 км. северно од селото, на рид - вулканско плато, со стрмни падини и зарамнет врв, преку реката Мала, со пристап само од западната страна преку длабоко седло, се наоѓа локалитетот на 910 м.нв. Ги контролирал локалните раскрсници на патот и граничниот премин кон провинцијата Праевалитана, како и границата кон провинцијата Дарданија на 1 км. Тврдината има триаголна форма со најмалку две фази на обнова на ѕидот. На сите три агли се гледаат контури на кули, од кои карактеристични се северозападната квадратна кула и централната, моќна, квадратна кула со траги од реновирање. Во внатрешноста забележителни се траги од населба и преградување. Во југоисточното подножје во карпа била исечена цистерна за вода. Од наоди: фрагменти од доцноантички садови, железна згура и ковани предмети, монети од доцен IV век. Датирана во IV - VI век, со површина од 0,25 ха.




*Сл. 69 - Ижиште, Кале, основа*

6. С. Ижиште - Кале, лит: Г. С. 1987, 167 - 175; Е. М. 1992, 121; И. М. 1996, 160 - 162; В. Л. 1996, 82.

*Гранична контрола.* 1 км. југозападно од селото, на 1020 м.нв. се наоѓа локалитетот. Пристапот е од север преку длабоко седло. Го контролирал регионалниот пат од Кичево за М. Брод. Во доцноримско време било изградено силно обѕидие со триаголна форма, околу просторот со површина од 2,5 ха. Градено е во малтерна техника. Во средишниот дел се препознаваат темели од повеќе градби. Од наоди: доцноантички фибули со плочеста и една со подвиена нога, фрагменти од питоси и монети од Валентијан и Гратијан. Датиран во доцен IV и V век.

7. С. Тажево - *Градиште*, лит: I. М. 2002, 299.

*Гранична контрола.* 0,5 км. југозападно од селото, на еден планински врв, преку теснецот на реката Велика се наоѓа локалитетот на 910 м.нв. Тврдината го контролирала патот *Скупи - Лихнидос*, рудниците на железо кои биле во околината и најверојатно, провинциската граница меѓу Македонија и Дарданија. Градена е од камен и малтер. Во внатрешноста има остатоци од градби и цистерна. Од наоди пронајдени се питоси. Датирана е во рана Византија (VI век). Површина од 0,5 ха.

8. С. Требовље - *Чука*, лит: I. М. 2002, 299.

*Гранична контрола.* 1 км. источно од селото, преку теснецот на реката Велика, на планински врв се наоѓа локалитетот на 1126 м.нв. Тврдината го контролирала патот *Скупи - Лихнидос* кај тесната речна долина и преку провинциската граница меѓу Македонија и Дарданија. Тврдината е градена во малтер и кршен камен. Во внатрешноста малку траги од населба и една градба. Датирана е IV - VI век?. Површина од 0,3 ха.

### 7. 3. Регија на Демир Хисар

1. С. Големо Илино - *Градиште*, лит: I. М. TIR 1976, 57; Г. М. 1987, 182; Г. М. 1996, 135; I. М. 2002, 300.

*Гранична контрола и рударски кастел.* 1,2 км. североисточно од селото на висок рид што се издига во подножјето на Илинска Планина се наоѓа

издолжено плато на зарамнет врв (1180 м.нв.) кој е опкружен со одбрамбени ѕидови - бедеми, градени од камен и малтер. Тврдината ја контролирала областа Дериопос и патот кој водел кон областа Лихнидос, како и патот кој бил во близината на провинциската граница помеѓу Македонија и Епирус Нова. Во внатрешноста се гледаат траги од населба и фрагменти од доцноримски ќерамички садови, питоси и множество од градежен материјал. Најдени се монети од IV - VI век, од Константин I и Јустинијан I. Датиран во IV - VI век. Површина од 0,3 ха.

2. С. Железнец - *Градиште*, лит: I. M. 1966, 198 - 200; И. М. 1996, 198, 200; И. М. 1999, 78 - 80; I. M. 2002, 302 - 303.




*Сл. 70 - Железнец, Градиште, основа*

*Гранична контрола и рударски кастел.* Ридот Градиште, кој се издига на запад од селото Железнец, поточно на десниот брег на реката Црна, на левата страна од патот Битола - Кичево, претставува варовнички срт, над устието на реката Крушница, која се влева во Црна Река. На зарамнатото плато (847 м.нв.) се гледаат остатоци од доцноантички ѕидини. Градени се со камен и малтер. Тврдината ги следи контурите на ридот и има триаголна форма. Ја контролирала границата кон Дарданија која се наоѓала на 1 км. северно. Одбрамбениот бедем е цврст. На источната страна се гледаат остатоци од влезна порта, а на западниот дел имаме остатоци од квадратна кула. Подградието се оформило на тесниот срт, северозападно од крепоста, одделено со ров, а на исток опфатено со ѕид. Во внатрешноста на тврдината, во центарот, имало квадратна кула со траги од реновирање. Вкупно имало 3 кули. Се забележуваат темели од градби, фрагменти од ќерамички садови, питоси, тегули, згура и многу градежен материјал. Во околината видливи се траги од железни ископини. Пронајдени се монети од доцен IV - VI век и тоа од: Пробус, Константин I и неговите синови, Јулијан, Валентинијан I, Валенс, Теодосијус I и I I, Јустинијан I и Јустин I. Датирана во IV - VI век. Површина од 3,8 ха.

3. С. Обедник - *Кале*, лит: Г. Г. 1980/81, 97; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 139; I. M. 2002, 302.

*Гранична контрола.* Околу 1 км. северно од селото, на висок планински врв со 890 м.нв., што доминира над околниот терен, на врвот височинката е зарамнета и се гледаат контурите на бедемите. Тврдината го контролирала патот кај долината "Стара" и железните ископини на северозапад, како и граничниот премин кој се наоѓал на околу 4 - 5 км. југозападно. На североза-

падната страна бедемот е најзабележителен, ѕидан е со камен и малтер. Формата на *Калешо* е неправилна, прилагодена на конфигурацијата на теренот. По површината се гледаат урнатини, контури од ѕидови, грамади од камења, фрагменти од покривни ќерамиди, ќерамички садови и питоси од VI век. Датиран е во VI век. Површина од 1,2 ха.

## 7. 4. Прилепска регија

1. С. Витолиште - *Горно Градишше*, лит: I. M. 2002, 368.

*Гранична коншрола и рударски касшел.* 4,5 км. југоисточно од селото, на планински врв кој се наоѓа на планината Козјак, во близина на изворите на реката Сидорка, се наоѓа локалитетот на 1450 м.нв. Тврдината ги контролирала долината Сидорка и планинските работни населби и тоа: *Кравашница* на север, *Вршко ливада, Бајков дол, Урвич* на запад и северозапад, како и 14 км. источно поставениот премин "*Железна враша*" во планинскиот работен дел на Рожден планина. На неколку километри на југ била провинциската граница. Обѕидиeто е градено од камен и малтер. Во внатрешноста има траги од градби. Датирано е во V - VI век. Површина од 0,3 ха.

2. С. Кошино - *Кале, Земник*, лит: В. Л. 1997, 50.



*Сл. 71 - Кошино, Кале, основа*

*Коншрола на значајни йашишша.* 1,8 км. северозападно од селото, на неприродно зарамнето плато со 1069 м.нв. се наоѓа локалитетот со површина од 1 ха. Обѕидиeто има издолжена, неправилна форма. Ѕидовите биле изградени во слаба малтерна техника. Пред одбрамбените ѕидови, по целата должина бил ископан одбрамбен ров. Во внатрешноста се препознаваат контури од помали градби. Најдени се 2 монети од доцен IV и V век. Датирано во доцна антика.

2. С. Крушевица - *Висока*, лит: I. M. TIR 1976, 76; I. M. 2002, 353.

*Гранична контрола.* 2,8 км западно од селото, високо во Селечка планина, на планински венец, се наоѓа локалитетот со 1472 м.нв. Тврдината ја контролирала, преку југ и југоисток, провинциската граница. Градена е од камен. Во внатрешноста се гледаат камени темели, ретки парчиња ќерамика и цистерна вдлабена во карпа. Датирано е во рана Византија, VI век. Површина од 0,2 ха.

3. С. Манастир - *М. Кале*, лит: I. M. 2002,353.

*Гранична контрола.* 2,3 км. северозападно од селото на планински врв со стрмни карпести ридови, преку теснецот на реката Еригон се наоѓа локалитетот на 590 м.нв. Тврдината ги контролирала патовите од двете страни на реката *Еригон*, неколку километри пред провинциската граница. Ѕидието е од кршен камен и делумно со малтер. Приодот е од југ, преку премин, осигуран со кула. Од наоди: малку доцноантичка кујнска ќерамика и монета од VI век. Датирана во рана Византија, V - VI век. Површина од 0,3 ха.

### 7. 5. Ресенска регија

1. С. Евла - *Кале*, лит: I. M. 2002, 337;



*Сл. 72 - Евла, Кале, основа*

*Гранична контрола.* 2,5 км. североисточно од селото, на падините на Источка Планина, на висок рид со зараменто плато (1100 м.нв.), на тешко пристапен простор се гледаат остатоци од утврдена населба, градена со камен и варов малтер. Калето се наоѓа на источниот дел на планината Петрина. Тврдината контролирала споредeн пат на Виа Игнација, и провинциската граница оддалечена 4 км. Ѕидана била со камен и малтер. Во внатрешноста се забележуваат градби на повеќе објекти, а на западниот крај - кула. Од наоди: откриено е депо со монети (бронзени и сребрени), датирани во средината на III век. Датирана е во доцната антика, III - VI век? Површина од 2 ха.

2. С. Отешево - *Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 96; I. M. 2002, 379.

*Гранична контрола.* 1,5 км. североисточно од селото кое денес не постои, на доминантно извишување на карпест рид, на западниот брег на езерото, се наоѓа мало римско утврдување (тврдина) на 907 м.нв. Вештачки зарамнетиот рид опкружен е со остатоци од ѕидини. Утврдувањето контролирало локален

пат кој водел кон граничниот премин, 7 км. западно и 12 км. југозападно од областа. Градена е од кршен камен и малтер. Во внатрешноста се среќаваат ретки фрагменти од римска грнчарија, од доцниот период, камења од темели. Датирано е во рана Византија, IV - V век. Површина од 0,2 ха.

3. С. Петрино - *Петринско Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 101; I. M. 2002, 379; В. Л. 2002, 34, 38.

*Гранична контрола.* 3,5 км. западно од селото има височинка со зарамнето плато. Се наоѓа високо на источниот дел на Петринска Планина, гребен од планински синџир (1540 м.нв.). На неа се гледаат остатоци од одбрамбен ѕид изграден од кршен камен и малтер и една кула, откопана на југозападниот крај. Под тврдината е пронајдено подградие, а во внатрешноста 2 кули. На ѕидовите се видливи траги од обнова, од IV - VI век. Тврдината ја контролирала 17 км. долгата, но тешко проодна траса на Егнатиевиот пат, со пешачки премин помеѓу Преспанско и Охридско Езеро, како и преку провинциската граница долж планината Исток - Галичица. Во внатрешноста има фрагменти од керамички садови кои припаѓаат на доцната антика. Датиран е во IV - VI век. Површна од 0,5 ха.




*Сл. 73 - Петрино, Кале, основа*




*Сл. 74 - Шурленци, Кале, основа*

4. С. Шурленци - *Кале*, лит: Т. Т. 1979, 49 - 79; С. С., В. С. 1996, 343; I. М. 2002, 381 - 383.

*Гранична контрола.* 0,5 км. југозападно од селото, на еден стрмен рид кој доминира над езерскиот северозападен брег на Преспанското Езеро, на самиот врв има плато (1140 м.нв.), издолжено во правец исток - запад, на кое се наоѓаат остатоци од обѕидија. На јужниот крај, на рамно седиште има кула во форма на буквата "U". Градени се од камен и кал. На јужната страна има остатоци од три одбрамбени појаси, ѕидовите се наредени еден под друг. Во внатрешноста на тврдината се забележуваат темели од помали објекти и многу камени купови. Тврдината го контролирала патот вдолж брегот на Преспанското Езеро и на провинциската граница која била 4,5 км. западно. Откриена е доцноантичка ќерамика, како и кафеаво глазирани амфори. Датиран е во VI век. Површина од 0,9 ха.

Во околината, на 1 км. југоисточно, кај селото Отешево, пронајдени се стражарски места кои ја надгледувале провинциската граница.

## Б. Неукрепени населби

Обично по некое правило овие населби се наоѓале во близина на укрепени каструми и кастели. Тврдините стојат на доминантна позиција, а неукрепените населби се наоѓаат во рамнината или на благите падини. Населението кое живеело во нив обично се бавело со земјоделие со што го снабдувале блиското утврдение со земјоделски производи. Покрај земјоделието биле користени како работна сила за некои градежни зафати. Но треба да се напомене дека во зависност од регионот неукрепените населби имале покрај земјоделието и други посложени намени. Пример: онаму каде што се обработувала рудата во еден микрорегион преработката на рудата не можела да се изведе во утврдувањата и биле користени неукрепените населби. Во отворениот простор било полесно огновите да се разгорат или водата да ја издвои рудата, општо полесно било за персоналот да се движи и снаоѓа во просторот.

Сета оваа функција на обработка на металот ја имаме во неукрепените населби под будното око на рударската тврдина. Ваквиот тип на населби имал привилегии, тука работеле занаетчии кои го знаеле процесот на издвојување на рудата од земјата, создавајќи полуфабрикати, кои денес ги сретнуваме на локалитетите како пити од нерафинирана руда. Во рударските тврдини се изведувала финалната работа. Во овие неутврдени населби сретнуваме богат материјал од наоди на грнчарија, рударски предмети до монети преку кои прецизно ги датираме во доцната антика. Својот сјај обично го доживувале се до оној момент кога рудата можела да се експлоатира, кога ја немало оделе понатаму, па така голем број на населби се поместувале а оттука е и нивната близина која ја гледаме на теренот, како што е примерот во Витолиште. Особено ваквите населби ги имаме во целиот овој регион на Мариово, Порече и Демир Хисар. Во поедини неутврдени населби ги препознаваме привремените станишта на варварите. Тие обично се подалеку од тврдините на доминантни места и воедно скриени. Градбите се крајно импровизирани со несталeн карактер, изградени за кусо време на престој. Сите овие различни типови на неутврдени населби можат да ни кажат и за населението дали е автохтоно

или пак населено дојдено од блискиот исток, кои претежно се занимавале со земјоделие - перегрини[486]. Тоа го знаеме по тоа што одредени земјоделски култури се донесени од тамошното поднебје. Домородното население од секогаш било склоно кон занаети,[487] од ќерамика до градежништво. По исцрпувањето на рудата и по напуштањето на утврдувањата и на неутврдените населби местата добиваат нова функција. Голем број од овие земјоделски заедници се вселуваат во утврдувањата и тука наоѓаат физичко засолниште и си продолжуваат со земјоделските дејности. Во доцната антика само мал период се состои во благосостојба на мир така што и во немирниот период нештата функционираат забавено и со краен регрес. Доаѓаме до следен заклучок дека во отворените населби немаме некој висок цивилизациски напредок, бидејќи биле стриктни во својата намена и дејност и опстанувале под влијание на утврдените кастели кои биле во непосредната близина. Во моментот кога тврдината ќе престанела со својата организирана дејност пропаѓале и овие заедници.

Спрема внатрешната организација куќите се еднospратни, кои во аголот имаат земјени или камени печки во зависност од климатските услови и педеолошкиот состав на земјиштето. За жал кај нас овие населби не се многу истражувани и ископувани. Она што ние го знаеме е од она што може да се види на теренот. Куќите се полувкопани. На нив во темелот се гледаат ѕидови. Горната зона на куќите била или од плитар или пак ѕидови од плетени гранки, премачкани од надворешноста и внатрешноста со кал. Кровот, обично, бил од слама или трска.

Кај обѕиданите села постои ред на изградба на куќите додека во отворените немало ред при ѕидањето. Во отвореното село куќите ги поставувале онаму каде што сакале. Под поимот село обично се подразбира земјоделска населба или население со ист општествен статус. Ваков тип на дефиниција некојпат важела но сега не. Селото, во зависност од конфигурацијата на теренот, во раната Византија и она што нуди поднебјето се прилагодувало на дадената ситуација. Во тоа време во Пелагониската регија луѓето се занимавале претежно со сточарство, риболов и по некој занает. Ридско - планинската конфигурација ги нудела овие типови на опстанок. Претежно слободно можеме кај нас да зборуваме за рударски села, Поречето, Крушево, Прилеп, Битола, Мариово па и Ресен се од тој тип на села. Воопшто селата со обѕидија, покрај заштитата на животот морале да чуваат нешто подрагоцено. Додека отворениот тип на села биле сточарско - земјоделски. И да го уништел селото непријателот, луѓето ќе се врателе назад бидејќи бил битен голиот живот, а другото лесно се правело од дрво, камен и земја. Само во доцната антика селото предначи пред градот, како носител на нова општествена напредна сила.[488] Оваа карактеристика ќе биди голема компонента на следната општествено - економска формација, феудализмот.

---

486 Ф. Папазоглу 1957, 302.
487 Ibidem, 38.
488 Ibidem, 2.

**Отворени населби (viculi)**

**1. Битолска регија**

1. С. Арматуш - *Тврди Град*, лит: N. V. 1937, 10; I. M. TIR 1976, 31, 37; I. M. 2002, 261.

Западно од тврдината *Тврди Град* се наоѓала густонаселена котлина со населби од доцната антика. На теренот се сретнува множество фрагменти од ќерамика и се познаваат темели од објекти градени од камен и кал, а некаде и варов малтер.

2. С. Барешани - *Оӣажна маала*, лит: И. М. 1966, 87; I. M. TIR 1976, 21.

На периферијата на сегашното село, на голема површина од повеќе ха. се сретнуваат грамади камења, римска ќерамика, скулптура од бронза и вотивен релјеф во мермер. Најдени се и бронзани монети од III до V век. Местото егзистирало за време на целиот царски период.

3. С. Беранци - *Габечка Река*, лит: И. М. 1963, 62; I. M. TIR 1976, 25.

1 км. северозападно од селото, на мала површина се среќаваат грамади од кршен камен и доцноантичка ќерамика.

4. С. Бистрица - *Сӣара Црква*, лит: I. M. 2002, 262.

Североисточно од селото, во непосредна близина на блага падина се наоѓаат траги на отворена населба. На површината се гледаат темели од градби, фрагменти од ќерамички садови, а во близината се наоѓала базилика со гробови. Датирана е во VI век.

5. С. Брод - *Брод* - лит: М. Г. 1954, 114; I. M. TIR 1976, 30.

1,5 км. западно од селото, на левата страна од каналот на река Црна се издига мало ритче на кое се видливи темели од градби, фрагменти од тули, кршен камен и доцноантичка ќерамика.

6. С. Брод - *Грдилово*, лит: I. M. TIR 1976, 30.

2 км. западно од селото, на мала површина се сретнуваат фрагменти од ќерамика, тули и покривни ќерамиди. На теренот се видливи темели од објекти.

7. С. Будаково - *Горна Маала, Сӣаро Село*, лит: I. M. TIR 1976, 31.

300 - 600 м. североисточно од селото се наоѓа локалитетот. На површината од нивите биле откриени темели од ѕидови, ѕидани од камен и кал. Забележани се и фрагменти од ќерамички садови, покривни ќерамиди, а датирано е во VI век.

8. С. Буково - *Куӣлишӣе, Свињари*, лит: I. M. TIR 1976, 32.

1,5 км. североисточно - источно од селото, на мала површина се среќаваат големи питоси и доцноантичка ќерамика. Пронајдени се монети од Констан-тин II.

9. С. Велушина - *Садеви*, лит: Г. М. 1987, 180.

Југоисточно од селото во самата близина, при обработка на земјата, откриени се темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и градежен материјал. Пронајдени се монети од Јустинијан.

10. С. Горна Чарлија - *Оӣраѓе*, лит: Т. Ј., Г. Ф. 1996, 27.

100 м. јужно од селото, на површина од околу 1 ха. при обработка на земјата откриени се фрагменти од ќерамички садови, питоси и множество од градежен материјал, датирани во доцна антика.

11. С. Граешница - *Маркојца*, лит: N. V. 1937, 13; I. M. TIR 1976, 60; I. M. 1981/82, 180; I. M. 2002, 275.

Источно - североисточно од селото, во долина се најдени траги од доцноантичка населба. На теренот се познаваат ѕидови и фрагменти од ќерамички садови.

12. С. Дихово - *Дауӣица, Ореј.*



*Сл. 75 - Дихово, Дауӣица, фраӣменӣи од ќерамика*

1,5 км. источно од селото, на левиот брег од реката Сапунчица, одма на патот кој бил ракав на Егнатиевиот пат се наоѓала отворена населба од доцна антика. Локалитетот се наоѓа на тумба, видливи се растурени камења и тегули, искршени питоси и фрагменти од ќерамички садови.

13. С. Доленци - *Кале*, лит: Н. В. 1931, 22 - 25; М. Г. 1954, 117; Ф. П. 1957, 195; I. M. TIR 1976, 34; Т. Ј. 1980, 67 - 75; I. M. 2002, 273.

Источно пред тврдината, на површина од 3 ха. е најдена доцноантичка отворена населба. Приметливи се градби од камен и кал, а некои со мешана изведба од камен и вар. Оваа отворена населба комуницирала со тврдината. Фактички луѓето кои живееле во населбата работеле за воениот гарнизон во тврдината.

14. С. Долно Ореово - *Маркојца*, лит: I. M. TIR 1976, 46; I. M. 2002, 273.

Југозападно од селото, во долина, има траги на населба. Се препознаваат темели од ѕидови и површински фрагменти од ќерамика.

15. С. Дедебалци - *Армаӣуш*, лит: Т. Ј., Г. Ф. 1996, 28.

Околу 2,5 км. источно од селото, во нивите на ЗИК "Пелагонија", со обработување на земјиштето се откриени фрагменти од ќерамички садови, питоси и градежен материјал.

16. С. Дедебалци - *Јудеи*, лит: Т. Ј., Г. Ф. 1996, 28.

Околу 2 км. од селото на падините на Селечка Планина, во нивите на ЗИК "Пелагонија", откриен е градежен материјал со фрагменти на ќерамички садови, тегули и тули.

17. С. Дедебалци - *Риӣче*, лит: Т. Ј., Г. Ф. 1996, 28.

1,5 км. југоисточно од селото, на падините на Селечка Планина, на површината се наоѓаат фрагменти од ќерамички садови и градежен материјал.

18. С. Дедебалци - *Шуӣуроӣ*, лит: Т. Ј., Г. Ф. 1996, 28.

Околу 300 м. југоисточно од селото, во нивите на ЗИК "Пелагонија" пронајден е градежен материјал, фрагменти од ќерамички садови, тегули и тули.

19. С. Зовиќ - *Ленишӣе*, лит: I. M. TIR 1976, 137.

Јужно од селото, на површина од повеќе ха. се гледаат грамади од камења и фрагменти од доцноантичка керамика. Најдени се и бројни монети од IV век.

20. С. Кравари - *Жеждево*, лит: Т. Ј. 1996, 33.

Североисточно од селото, под 5-тиот канал, при обработка на земјиштето откриени се остатоци од населба, фрагменти од керамички садови, покривни керамиди, тули и множество од градежен материјал.

21. С. Кравари - *Црна Земја*, лит: Т. Ј. 1996, 33.

Околу 200 м. источно од црквата (покрај пругата), по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и покривни керамиди.

22. С. Лера - *Кора, Тумба, Анови, Трло*, лит: Т. Ј., Г. Ф. 1996, 35.

Под тврдината *Кале*, на северните падини, по површината се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, делкани блокови од бигор и ѕидови градени од камен и варов малтер.

23. С. Лопатица - *Оӣрада*, лит: Н. В. 1931, 29; М. Г. 1954, 120; I. M. TIR 1976, 80; Г. М. 1987, 80.

На север, при угорнината од долината, на крајот од селото, во непосредна близина на патот Битола - Демир Хисар се наоѓа локалитетот. При обработка на земјата жителите откриле темели од објекти, а на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. најдени се монети од Анастасиј и Јустин I.

24. С. Маково - *Римски Гробишӣа*, лит: Н. В. 1937, 29; I. M. TIR 1976, 83.

На југоисточниот долен дел од селото се наоѓала планинска мала населба со некропола. На површината се среќаваат фрагменти од керамика и се забележливи основи од ѕидови.

25. С. Мојно - *Бели Камења*, лит: I. M. TIR 1976, 87.

2 км. западно од селото, на една тумба се наоѓа локалитетот. Тука теренот преминува во Пелагониската рамнина. Забележливи се основи на ѕидови и многу фрагменти од керамички садови.

26. С. Мојно - *Грашишӣе*, лит: I. M. TIR 1976, 87.

Околу 500 м. западно - југозападно од селото, на нива со простор од 1 ха. се сретнува голем број доцноантичка керамика со градежен материјал.

27. С. Мојно - *Пешӣера*, лит: I. M. TIR 1976, 87.

2,2 км. југоисточно од селото, на еден планински превој, на мала широчинка, се наоѓаат фрагменти од римска грнчарија и камења од темели од доцниот период.

28. С. Мојно - *Руӣа*, лит: И. М. 1970, 325 - 328; I. M. TIR 1976, 87; Г. М. 1987, 180.

Околу 0,6 км. североисточно од селото, на блага падинка, пресечена со сува, плитка бразда, при обработка на нивата се откриени темели од објекти, десетина помали градби од камен и кал. По површината се видливи фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се и монети од Анастасиј.

29. С. Мојно - *Танас*, лит: I. M. TIR 1976, 87.

1 км. западно - северозападно од селото, во рамница, на нива со површина од 1 ха. се гледаат темели од мали и големи градби, со камен и малтер. На местото се среќаваат и фрагменти од мермерна оплата, тули, ќерамиди и грнчарија.

30. С. Мојно - *Ума*, лит: I. M. TIR 1976, 87.

1,4 км. западно од периферијата на селото, на запад од урнатините, на површина од 1 ха. се сретнуваат фрагменти од ќерамика од доцниот период. Најдени се и монети од IV - V век.

31. С. Мојно - *Шийур*, лит: N. V. 1937, 32; I. M. TIR 1976, 87 (Musinci).

1,7 км. западно - северозападно од селото, на широк простор од 4 - 5 ха. се сретнуваат темели од градби, бројни парчиња од доцноримска грнчарија, фрагменти од питоси и монети од IV век.

32. С. Мусинци - *Ограѓе*, лит: T. J. 1996, 37.

На југозападниот раб на селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, покривни ќерамиди, а се гледаат и грамади од градежен материјал.

33. С. Мусинци - *Тумба, Сѿара Река*, лит: T. J. 1996, 37.

Околу 2,5 км. западно од селото, од двете страни на патот за с. Добрушево, по површините на нивите се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, покривни ќерамиди и градежен материјал. Според жителите, при орање, пронајдувале темели од ѕидови, градени од камен и варов малтер.

34. С. Ношпал - *Тумба, Гајѿаница,* лит: T. J., Г. Ф. 1996, 38.

Околу 1 км. од селото, на мала височинка - тумба, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, тегули, питоси и градежен материјал.

35. С. Ношпал - *Тумба, Горни Ливади*, лит: T. J., Г. Ф. 1996, 38.

Околу 500 м. северозападно од селото, на блага височинка се гледаат фрагменти од ќерамички садови, покривни ќерамиди, тубуси за водовод и друг градежен материјал.

36. С. Путурус - *Широка Падина*, лит: T. J., Г. Ф. 1996, 28.

1,5 км. јужно од селото, во близина на нивите од ЗИК "Пелагонија" на површината се среќава градежен материјал со фрагменти од ќерамички садови, питоси, тегули и тули.

37. С. Рапеш - *Момило*, лит: I. M. 1966, 65; I. M. TIR 1976, 106; I. M. 2002, 278.

700 м. северно од селото, на низок карпест врв, врз мала широчинка се сретнуваат темели од градба и фрагменти од ќерамика.

38. С. Рапеш - *Сѿари Лозја*, лит: I. M. 1966, 65.

3 км. североисточно од селото, во рамнина, на мала површина се среќаваат остатоци од мали градби, делкан камен и фрагменти од ќерамика. Пронајдени се и монети од IV век. Во близина, во месноста наречена "Дабока" се среќаваат остатоци од слични градби и градежен материјал. Најдени се и монети од: Аурелијан, Проб, Константин I, Констанцие II и Лициније.

39. С. Св. Тодори - *Чешма*, лит: Т. Ј. 1996, 42.

1,5 км. северно од селото, при обработка на земјиштето, жителите откриле темели од стари објекти, градени од камен и кал. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и фрагменти од мермерни плочи.

40. С. Сливица - *Грейша*, лит: I. М. TIR 1976, 116

1 км. јужно од селото на една мала широчинка, во долината на река-та Црна, се среќава римска грнчарија од доцниот период, фрагменти од ќерамиди, ситни предмети, 2 кантароси и депо од римски бронзени монети од доцен IV век.

41. С. Смолево - над селото, (од селото постојат само темелите на куќите и сочувана е црквата. Се наоѓа југозападно од Битола, во масивот под Баба Планина, помеѓу селата Буково и Лавци).

Околу 1 км. западно од селото, на падина од рид со зарамнето плато, при копање на војнички ровови, откопани се фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Во некои околни ровови, растурен е градежен материјал од камен и кал.

42. С. Стрежево - *Кале*, лит: I. М. 2002, 282.

Околу 300 - 600 м. југозападно од тврдината, на површина од 2 ха. се сретнуваат траги од населба. Тоа била населба поврзана со тврдината.

43. С. Суводол - *Бршви*, лит: Т. Ј. 1996, 43.

Селото и локалитетот повеќе не постојат. Населбата се наоѓала на околу 500 м. североисточно од селото. При заштитни ископувања, откриени се темели од објекти градени од камен и кал. Најдени биле фрагменти од ќерамички садови, покривни ќерамиди, како и монети од Валенс.

44. С. Суводол - *Ѓорев Рид*, лит: Д. С., Т. Ј. 1996, 44.

2,5 км. јужно од селото биле константирани објекти градени од камен и кал и поплочен под, во кои се најдени фрагменти од ќерамички садови и покривни ќерамиди.

45. С. Суводол - *Туриѓраф*, лит: I. М. TIR 1976, 123.

800 м. југозападно од селото, покрај левата страна на Ореовски дол, откриени биле остатоци од темели на куќи, градени во камен и кал и еден објект со просторија за термално загревање. Најдени биле ќерамички садови и монети од III и IV век.

46. С. Суводол - *Ума*, лит: Т. Ј. 1996, 44.

500 м. источно од селото, во непосредна близина на акумулационото езеро, извршено е сондажно ископување, со кое биле откриени остатоци од објект ѕидан од камен и кал, со фрагменти од ќерамички садови.

47. С. Трап - *Тумба, Црквишше*, лит: Д. С. 1996, 45.

Југозападно од селото, во непосредна близина на селската црква, се издига тумба со неправилна кружна основа. По површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и градежен материјал.

48. С. Трновци - *Ќерамидница*, лит: Т. Ј. 1996, 46.

На источната периферија од селото, по површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и покривни ќерамиди.

49. С. Цапари - *Конопишта*, лит: I. М. 2002, 268.

2 км. северозападно од селото, на еден исфрлен рид со блага надолнина кон север се сретнуваат доцноантички траги на населба, при тоа и гробови.

50. С. Црновец - *Посјак, Монојица*, лит: Т. Ј. 1996, 47.

700 - 800 м. јужно од селото, при обработка на земјиштето, жителите откриле ѕидови, градени од камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди.

**2. Регија на Порече**

1. С. Белица - *Ридот*, лит: А. К. 1996, 48.

На северната периферија од селото, на високо плато, оградено со ридови, на простор од 300 х 200 м. по површината на нивата се наоѓаат грамади од градежен материјал, фрагменти од ќерамички садови и покривни ќерамиди. На североисточниот раб од локалитетот откриена е ранохристијанска црква.

2. С. Белица - *Изворите*, лит: I. М. 2002, 289.

Околу 2 км. јужно од селските извори, на теренот се препознава централна рударска работна населба со остатоци од градби. Тука се сепарирала и топела рудата. Од наоди: фибули, токи за ремени, алатки и врвови од стрели. Пронајдени се монети од III, IV и VI век.

3. С. Девич - *Селиште*, лит: I. М. 2002, 293.

Во околината на локалитетот *Девини Кули*, на источниот исфрлен дел, околу 500 м. на површина од 4 - 5 ха. се сретнуваат траги на населба. На површината има фрагменти од ќерамика, железна згура и олово. Пронајдени се монети од III - VI век.

4. С. Горни Манастирец - *Црква*, лит: А. К. 1996, 49.

Во непосредна близина на училиштето, десно од патот се наоѓа црквата Св. Ѓорѓи. На мал простор, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На истото место откриени се и темели од стари објекти.

5. С. Дворци - *Росуло, Египски Куќи*, лит: А. К. 1996, 49.

На источната страна од селото се протега низок рид, кој завршува до реката Голема Река. На врвот од ридот, со површина од 200 х 100 м. се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди, а наместа и фрагменти од ќерамички садови и питоси.

6. С. Драгов Дол - *Рамниште*, лит: А. К. 1996, 49.

3 км. источно од селото, на висок рид со зарамнето плато, по површините на нивите се среќаваат грамади од градежен материјал, фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Пронајдени се византиски монети.

7. С. Здуње - *Градиште*, лит: М. И. 1996, 49.

На западната падина од ридот Градец, веднаш до десниот брег на реката Треска, на тераса која благо се спушта кон запад, се гледаат грамади од камења и темели од објекти, градени од кршен камен и кал. По површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и покривни ќерамиди.

8. С. Зркле - *Ограда*, лит: А. К. 1996, 50.

На левиот брег од Мала Река, во нива, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Во долниот крај на нивата биле откопани 2 цели питоси.

9. С. Латово - *Гладница*, лит: А. К. 1996, 50.

1 км. западно од селото, на десниот брег на Голема Река, на тераса со површина 150 х 100 м. се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, покривни ќерамиди и множество од градежен материјал. Селаните, при обработка на земјиштето, откриле темели од објекти.

10. М. Брод - *Грамади*, лит: А. К. 1996, 48.

Во новата населба на севернииот раб на градот, при изградба на куќи, се откриени темели од стари објекти, со голем број на ќерамички садови и покривни ќерамиди.

11. С. Модриште - во селото, лит: А. К. 1996, 50 - 51.

При изградба на селски куќи се откриени темели од стари објекти и повеќе питоси. Откриени се и фрагменти од ќерамички садови и покривни ќерамиди.

12. С. Модриште - *Кале*, лит: I. М. 2002, 269.

Во околината на *Калето*, на неговата јужна тераса, на површина од 4 - 5 ха. се гледаат остатоци од населба. На површината е видлива кујнска ќерамика и питоси. Пронајдени се монети од IV - VI век.

13. С. Модриште - *Падиште*, лит: А. К. 1996, 51.

Источно од селото, на високо зарамнето плато, кое зафаќа поголема површина, се гледаат темели од објекти и многу грамади од кршен камен. По површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди.

14. С. Новосело - *Кале*, лит: I. М. 2002, 296 .

Југозападно од тврдината, во околината се наоѓала мала населба со некропола. Наоди од IV век.

15. С. Самоков - во селото, лит: А. К. 1996, 51; I. М. 2002, 297.

Во северниот дел на селото, по улиците и дворните места на куќите има множество фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди.

16. С. Црешнево - *Брест*, лит: А. К. 1996, 51.

Во непосредна близина на малото "Старовци", се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и ќерамиди. При обработка на земјата жителите откриле темели од објекти.

17. С. Тажево - *Кај Тврдината*, лит: I. М. 2002, 299.

Под тврдината се наоѓала населба. На површината се среќаваат фрагменти од ќерамика, ќерамички садови и питоси. Пронајдени се и монети од VI век.

18. С. Црешнево - *Камен Дол*, лит: А. К. 1996, 52.

Во непосредна близина на селската црква и во околните ниви, на голема површина се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, покривни ќерамиди и градежен материјал.

**3. Регија на Демир Хисар**

1. С. Бабино - *Врtешка*, лит: А. К. 1996, 133.

Западно од селото, на широко плато, меѓу месностите "Лозје", "Нива" и "Сун", во нива се среќаваат остатоци од топена железна руда. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни керамиди.

2. С. Базерник - *Средни Ливади*, лит: А. К. 1996, 133.

3 км. јужно од селото, покрај Базерничка Река, помеѓу атарот на село Базерник и Бабино по површината на нивите има грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови, питоси, а во една ливада е откриено големо количество на згура од топено железо.

3. С. Брезово - *Каменец*, лит: Г. Г. 1980/81, 88; А. К. 1996, 134.

Источно од селото, на околу 2 км. високо во планинскиот предел, во ливади, откриени се остатоци од населба, фрагменти од керамички садови, питоси, покривни керамиди како и голем број на згура од топење на железна руда.

4. С. Големо Илино - *Присој*, лит: Г. Г. 1980/81, 90; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 135.

Околу 2 км. североисточно од селото на површина од 1 ха. се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. Исто така среќаваме и камења за градежен материјал.

5. С. Единаковци - во селото, лит: А. К. 1996, 136.

При изградба на селски куќи биле откривани остатоци на објекти. Најдени се неколку питоси, повеќе монети, а во селските дворови се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни керамиди.

6. С. Жван - *Мајданишtе*, лит: А. К. 1996, 136.

На високиот врв "Ставраково" што се издига над селото Жван и Сопотница, во близината на месноста каде до пред 16 години се копаше руда со површински коп, откриена е доцноантичка населба. Темелите се од кршен камен и кал. Во населбата откриени се остатоци на згура, питоси, фрагменти од керамички садови и покривни керамиди.

7. С. Железнец - *Во Гароt*, лит: Г. Г. 1980/81, 93; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 137.

1,2 км. јужно од селото, при обработка на земјиштето, мештаните откриле многубројни остатоци од топена железна руда, фрагменти од керамички садови и питоси.

8. С. Железнец - *Даркојца*, лит: Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 137.

Околу 1,2 км. северно од селото, по површините на нивите се гледаат грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови и питоси.

9. С. Железнец - *Сtиље*, лит: Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 137.

1,3 км. западно од селото се наоѓала населба. При обработка на земјиштето, мештаните наидувале на остатоци од објекти, градени од камен и варов малтер.

10. С. Журче - *Даблика*, лит: Г. Г. 1980/81, 94; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 137.

1,5 км. јужно од селото на површината од една нива се гледаат парчиња од покривни керамиди, градежен материјал и фрагменти од керамички садови.

11. С. Загориче - *Кукиште*, лит: Г. Г. 1980/81, 94; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 137.

300 м. западно од селото, при обработка на земјата, мештаните откриле остатоци од темели на куќи градени од камен и кал. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси.

12. С. Зашле - *Дабовја*, лит: А. К. 1996, 137 - 138.

На планински срт меѓу доловите "Малински" и Ралја", во горниот крај на нива се гледаат остатоци од градби со кршен камен и кал. Видливи се и фрагменти од питоси, керамички садови и железна згура.

13. С. Зашле - *Јачмиште*, лит: А. К. 1996, 138.

1 км. западно од месноста "Караиче" и 4 км. западно од селото, во нива, се среќаваат остатоци од топење на железна руда и многу градежен материјал, камен и покривни керамиди.

14. С. Зашле - *Караиче*, лит: А. К. 1996, 138.

Во нива, 3,5 км. западно од селото се среќаваат остатоци од топење на железна руда (згура), фрагменти од питоси, покривни керамиди и градежен материјал.

15. С. Зашле - *Кукиште*, лит: Г. Г. 1980/81, 95; А. К. 1996, 138.

500 м. западно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни керамиди и множество згура од топење на железо.

16. С. Мренога - *Грнчари*, лит: А. К. 1996, 139.

3 км. источно од селото, на зарамнето плато, во нива има множество фрагменти од керамички садови, питоси, покривни керамиди, како и поголемо количество згура од топење на железо.

17. С. Мренога - *Сред Село*, лит: А. К. 1996, 139.

Околу 600 м. југозападно од локалитетот *Грнчари*, во нива од неколку декари, се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни керамиди, множество кршен камен и згура од топење на железо.

18. С. Обедник - *Стари Лозја*, лит: Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 140.

1,5 км. североисточно од селото, во околни ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, множество од градежен материјал и згура од топење на железна руда.

19. С. Слоештица - *Заврток*, лит: Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 141.

1 км. североисточно од селото и на околу 100 м. од левата страна на патот што води кон селото, во нива со површина од 0,5 ха. по површината среќаваме керамички фрагменти од садови, питоси, тегули и множество градежен материјал.

20. С. Растовица - *Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 107; I. M. 2002, 200.

Северно од тврдината *Кале* се наоѓала мала населба. На теренот се гледаат темели од градби, а на површината има фрагменти од кујнска и градежна керамика

## 4. Крушевска регија

1. С. Врбоец - *Стари Дол*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 200.

1 км. североисточно од селото, на левата страна од патот, на простор од 200 x 100 м. во нива, при орање се откриени тегули, фрагменти од ќерамички садови, градежен материјал и множество згура од топење на железо.

2. С. Кочиште - *Грамаѓе, Зад Задел*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 201.

300 - 500 м. јужно од селото, на простор од 150 x 100 м., во ниви, откриени се објекти со ѕидови од кршен камен и варов малтер. По површините на нивите се среќаваат фрагменти од ќерамички садови.

3. С. Кочиште - *Ќерамидница*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 201.

Во непосредна близина на селото, на југоисточната страна, во нивите, се среќаваат множество фрагменти од печени тули и градежен материјал.

4. С. Острилци - *Селиште*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 202.

1,5 км. југоисточно од денешната црква Св. Ѓорѓија, на левата страна од асфалтниот пат, на простор од 100 x 100 м. се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и множество градежен материјал.

5. С. Острилци - *Старо Село*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 202.

3 - 4 км. северно од селото, на мало ритче со зарамнето плато, со површина од 150 x 200 м. се среќаваат многубројни фрагменти од ќерамички садови, питоси и градежен материјал. На површината од локалитетот се забележува згура од топено железо.

6. С. Острилци - *Стипцарник*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 202.

2 км. југоисточно од селото, на простор од 300 x 300 м. се гледаат остатоци од објекти и топилници. На површината се гледа множество на згура од топење на железо.

7. С. Пресил - *Трска*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 203.

400 м. источно од селото, на простор од 100 x 100 м. во нивите се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и множество од градежен материјал.

8. С. Свето Митрани - *Манастириште*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 203.

1 км. јужно од селото, на десната страна од патот кон селото Милошево, на простор од 500 x 500 м. се забележуваат траги од станбени објекти и грамади од градежен материјал.

## 5. Прилепска регија

1. С. Бело Поле - *Висои*, лит: Б. К 1961, 46; Б. Б., Б. К. 1996, 281.

1,5 км. западно од селото се издига тумба на чија површина се среќаваат фрагменти од ќерамички садови. Во околината на местото, јужно, на 100 м. се забележуваат остатоци од темели на објект, а има и делови од архитектонска пластика. Најдени се монети од Констанциј II.

2. С. Фариш - *Стража*, лит: В. Л. 1991, 151 - 153; I. М. 2002, 361.

0,5 км. североисточно од тврдината *Стража* се наоѓала доцноантичка населба која била во склоп на тврдината. На теренот се гледаат траги од темели и фрагменти од ќерамика.

3. С. Варош - *Ташачица*, лит: В. В. 1961, 99; В. В. 1965, 133; Б. Б., Б. К. 1996, 288.

Западно од Маркови Кули, во подножјето на ридот, близу до патот Прилеп - Горно Село, по површината на нивите се забележуваат множество фрагменти од ќерамички садови и градежен материјал.

4. С. Веселчани - *Сшаро Село*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 289.

Околу 500 м. јужно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и градежен материјал.

5. С. Витолиште - *Бојков Дол*, лит: I. M. TIR 1976, 132; Г. М. 1996, 289.

1 км. југоисточно од работ на селото, на десниот брег на реката Сидорка има мала површина на која се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, тегули и имбрекси, а се забележуваат и темели од објекти.

6. С. Витолиште - *Вршко Ливада*, лит: И. М. 1967, 46 - 53; I. M. TIR 1976, 133; Г. М. 1996, 289.

3 км. од југоисточната страна на селото, на десниот брег од горниот тек на реката Сидорка има блага падина на која се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и градежен материјал од помала населба.

7. С. Витолиште - *Задна Река Грмајше*, лит: И. М. 1967, 46; А. К. 1978, 114; Л. К., К. К. 1989, 218; Л. К., К. К. 1990, 181.

Локалитетот се наоѓа околу 1,2 км. северно од селото, на блага терасеста падина, од двете страни на коритото на Задна Река. На местото се константирани остатоци од доцноантичка населба. Откриени се темели од ѕидови на поголем станбен објект, ѕидан од камен и кал, со лоша техника на поврзување и големи отстапувања од основниот правец. Пронајдена е и доцноантичка ќерамика.

8. С. Витолиште - *Каравашчина*, лит: И. М. 1967, 46 - 53; I. M. TIR 1976, 133.

3 км. југоисточно од селото, длабоко во ридовите на планината Козјак, на едно помало плато се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, покривни ќерамиди и градежен материјал.

9. С. Витолиште - *Ковачево*, лит: I. M. TIR 1976, 133; А. К. 1978, 117 - 118.

3 км. источно од селото, на пространа падина, се забележуваат траги од рударска населба. Од површински наоди се сретнуваат покривни ќерамиди, фрагменти од питоси, ќерамички садови, како и остатоци од топење на железна руда - згура.

10. С. Витолиште - *Лиѓароса*, лит: I. M. TIR 1976, 133.

Околу 2,8 км. североисточно од селото и источно од локалитетот *Ѓерек*, на падините на "Ковачевска Тумба" има мала површина на која се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, градежен материјал а се гледаат и темели на објекти.

11. С. Витолиште - *Пршева Ливада*, лит: I. M. TIR 1976, 132; Г. М. 1996, 290.

1,2 км. јужно од селото, во долината на реката Сидорка, и околу 400 - 500 м. североисточно од локалитетот *Бајков Дол*, на една мала површина има фрагменти од ќерамички садови, питоси и градежен материјал.

12. С. Витолиште - *Св. Пешка, Голем Даб*, лит: Л. К., К. К., Б. К. 1986, 122; Л. К. 1995, 15.

Локалитетот се наоѓа околу 800 м. северозападно од селото, на една рамнина, од левата страна на патот за с. Живово. На површината се гледаат фрагменти од тули, покривни ќерамиди и остатоци од градба градена од приделкани камени блокови и варов малтер.

13. С. Витолиште - *Сињак*, лит: И. М. 1967, 46; I. M. TIR 1976, 133; Г. М. 1996, 290.

Околу 2,5 км. североисточно од селото, на мала површина на Столовски рид, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, тегули и градежен материјал.

14. С. Вранче - *Горна Корија*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 291.

800 м. северозападно од селото и 400 м. лево од патот за с. Бело Поле, на една поголема површина се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, тегули, покривни ќерамиди, питоси и делови од воденички камења.

15. С. Вранче - *Длабока Бара*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 291.

1 км. југоисточно од селото и 500 м. источно од патот за с. Кривогаштани има мала тумба на која се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, покривни ќерамиди и градежен материјал.

16. С. Вранче - *Русаица*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 291.

Околу 600 м. југоисточно од селото, на десната страна од патот за селото Заполчани, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови (питоси) и градежен материјал.

17. С. Вранче - *Тумба*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 291.

Околу 2,2 км. југоисточно од селото, на една мала височинка има множество фрагменти од ќерамички садови и градежен материјал.

18. С. Врбјани - *Тумба*, лит: Б. К., Л. К, К. К. 1996, 292.

1,5 км. источно од селото, лево од патот Славеј - Србјани, има мала височинка на која се гледаат фрагменти од ќерамички садови и градежен материјал, на површина од околу 500 м$^2$.

19. С. Горно Село - *Брекчиња*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 293.

1 км. северно од селото, во подножјето на ридот "Сурум" се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, тегули, имбрекси и градежен материјал. Најдени се и монети.

20. С. Горно Село - *Бучалиште*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 293.

Североисточно од селото, непосредно до црквата се среќаваат фрагменти од груба и фина ќерамика.

21. С. Гудјаково - *Козјаник*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 293.

На зарамнето плато што се наоѓа меѓу "Средни Грамади" и "Писарник" има траги од објекти. На површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, тегули и имбрекси. Локалитетот бил поврзан со тврдината *Градиште*.

22. С. Гудјаково - *Пайрадишки Рид*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 293.

1 км. северно од селото, на едно зарамнето плато се гледаат траги од ѕидови и грамади од кршен камен, голем број фрагменти од тегули и имбрекси. Се среќаваат и ретки фрагменти од ќерамички садови и питоси.Локалитетот бил поврзан со тврдината *Градиште*.

23. С. Гудјаково - *Писаник*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 293.

1,5 км. југоисточно од селото, на една поголема површина има множество фрагменти од ќерамички садови, тегули, имбрекси а видливи се и темели од објекти. Локалитетот бил поврзан со тврдината *Градиштие*.

24. С. Гудјаково - *Солишка Падина*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 293.

На границата од атарот на селата Гудјаково и Галиште, во непосредна близина на реката Црна, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, тегули и имбрекси. Локалитетот бил поврзан со тврдината *Градиштие*.

25. С. Гудјаково - *Средна Грамада*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 293.

500 м. јужно од селото се евидентирани темели од објект, граден од кршен камен и варов малтер. Селаните откопале питоси од кои 2 се чуваат во приватна куќа во селото. Локалитетот бил поврзан со тврдината *Градиштие*.

26. С. Гудјаково - *Црнелица*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 293.

Околу 1,5 км. југоисточно од селото, во подножјето на Градишка Тумба се среќаваат голем број фрагменти од ќерамички садови, имбрекси, тегули и тули. Во приватна куќа се наоѓаат 2 питоси, откриени на овој локалитет. Локалитетот бил поврзан со тврдината *Градиштие*.

27. С. Дебреште - *Горна Црква*, лит: Б. К., Л. К., К. К. 1996, 294.

Околу 400 м. западно од селото, на поголема површина, во подножјето на месноста "Лениште" има фрагменти од ќерамички садови и питоси. Во горниот дел на локалитетот се наоѓа мала височинка на која се констатирани остатоци од црква. Откопани се повеќе мермерни сполии.

28. С. Десово - *Селиштие*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 297.

4 км. североисточно од селото, на западната падина на планината Дервен, има множество од градежен материјал, а се констатирани и остатоци од темели на објект.

29. С. Десово - *Цркварско*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 297.

Околу 3 км. југозападно од селото, под железничката пруга се констатирани остатоци од населба. На површина од околу 2 ха. има фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди.

30. С. Долнени - *Бостиаништие, Три Бари*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 297.

1,5 км. северозападно од селото и 300 м. од патот за с. Сарандиково, по површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди.

31. С. Долнени - *Крайска Бара*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 297.

3 км. северозападно од селото, на површина од неколку хектари, се констатирани ѕидови од кршен камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди.

32. С. Дрен - *Грмаѓе*, лит: I. M. TIR 1976, 48; Б. Б., Б. К. 1996, 297.

2 км. јужно од селото, во непосредна близина на манастирот Св. Илија, се гледаат остатоци од градби, ѕидани од кршен и приделкан камен во варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, тегули и имбрекси. Пронајдена е ара во манастирската црква.

33. С. Дрен - *Џиубџово*, лит: I. M. TIR 1976, 48; Б. Б., Б. К. 1996, 297.

1,5 км. североисточно од селото, на поголемо плато се гледаат грамади од кршен камен и фрагменти од тегули и имбрекси.

34. С. Дрен - *Торово Трло*, лит: I. M. TIR 1976, 48; Б. Б., Б. К. 1996, 298.

4,5 км. источно од селото, на блага падина се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, тегули, имбрекси и грамади од кршен камен.

35. С. Дреновци - *Мрамор*, лит: I. M. TIR 1976, 48; Б. Б., Б. К. 1996, 298.

Околу 2 км. југозападно од селото и источно од патот за с. Дупјачани, се наоѓаат многубројни остатоци од темели на објекти, а по површината фрагменти од ќерамички садови, имбрекси и мермерни елементи од архитектонска пластика. Најдени се и монети. Населбата највероjатно се простирала и во соседните локалитети: *Браилово, Лечиште и Бувало*. Овој локалитет бил во склопот на тврдината *Градиште*.

36. С. Дуње - *Дејчин Гроб*, лит: Б. К., Л. К., К. К. 1996, 298.

Околу 500 м. североисточно од селото на едно зарамнето плато, покрај патот за Лигураса, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал.

37. С. Дуње - *Прчиноѓа*, лит: Б. К. 1961, 47; Б. Б., Б. К. 1996, 298.

Околу 700 м. западно од селото, во рамнината покрај Дуњска река, на една блага падина се среќаваат фрагменти од ќерамика и градежен материјал - кршен камен и тегули.

38. С. Забрчани - *Лозје*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 299.

1 км. југозападно од селото, на една блага падина се забележливи фрагменти од ќерамички садови и градежен материјал.

39. С. Забрчани - *Мартинец*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 299.

1 км. југозападно од селото, помеѓу патот с. Забрчани - с. Мраморани и с. Дупјачани - с. Сенокос, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и градежен материјал.

40. С. Загорани - *Папоица*, лит: N. V. 1937, 51; I. M. TIR 1976, 135; Б. Б., Б. К. 1996, 299.

Во нива, источно од куќите во селото се среќаваат остатоци од објекти градени од кршен камен и приделкани гранитни блокови, како и фрагменти од темели и имбрекси.

41. С. Заположани - *Шаторица*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 300.

3 км. источно од селото, во нивите на ЗИК "Прилеп" кои се на блага височинка, во непосредна близина на некогашниот бунар се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал.

42. С. Кокре - *Грамаѓе*, лит: К. К., Л. К. и Б. К. 1986, 122; Б. К., Л. К., К. К. 1996, 301.

Околу 500 м. источно од селото и 500 м. западно од локалитетот *Градиште*, на една блага падина, што се спушта кон Кокрешка Река се гледаат грамади од кршен камен, а спорадично има и фрагменти од ќерамички садови. Овој локалитет се поврзува со тврдината *Градиште*.

43. С. Кален - *Грамаѓе*, лит: Б. К., Л. К., К. К. 1996, 300.

500 м. северно од селото, лево од патот за с. Кокре, во ниви се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и грамади од кршен камен.

44. С. Крушевица - *Градиште*, лит: N. V. 1937, 28; I. M. TIR 1976, 76; I. M. 2002, 353.

Под тврдината *Градиште*, североисточно, источно и југоисточно, се наоѓале доцноантички населби. На теренот се видливи градежни материјали и фрагменти од керамички садови.

45. С. Мелница - *Полчиште, Садеви*, лит: N. V. 1937, 31 - 32; I. M. TIR 1976, 85; А. К. 1978, 119 - 120.

Под тврдината, во просторот каде Полчишкиот дол се влева во Витолишка Река, на едно поголема пространа тераса со површина од околу 3 ха. има голем број на фрагменти од керамички садови, питоси, згура од топење на железна руда и градежен материјал.

46. С. Небрегово - *Дрениче*, лит: Г. М. 1987, 187.

Околу 1,5 км. југоисточно од селото и околу 200 м. источно од патот за Прилеп, во нива се наоѓаат фрагменти од керамички садови и покривни керамиди. Пронајдени се и монети.

47. С. Небрегово - *Манастириште*, лит: I. M. TIR 1976, 90; В. Л. 1984, 98; Б. Б., Б. К. 1996, 304.

2 км. североисточно од селото, на една поголема нива се наоѓаат фрагменти од керамички садови, покривни керамиди и градежен материјал.

48. С. Никодин - *Антои Грамади*, лит: Б. К., Л. К., К. К. 1996, 305.

2 км. источно од селото, во лозјата на ЗИК "Прилеп", при обработка на земјиштето, исфрлени се на површината керамички садови, питоси и покривни керамиди.

49. С. Ново Селани - *Слатино*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 305.

1,5 км. североисточно од селото, на површината се гледаат камења, тегули како и градежен материјал.

50. С. Ореовец - *Црквиште, Бачкова Нива*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 305.

Северозападно, во непосредна близина на селото, на поголема површина се гледаат остатоци од објекти, распрчкани по теренот. Ѕидани биле од кршен камен, а во околината видливи се фрагменти од тули и керамички садови.

51. С. Плетвар - *Барички Дол*, лит: Б. К., Л. К., К. К. 1996, 306.

500 м. јужно од селото, во близина на патот Прилеп - Скопје, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни керамиди и друг градежен материјал.

52. С. Полчиште - *Јолева Ограда*, лит: А. К. 1978, 118 - 119.

Источно од селото, на висок рид се гледаат собрани камења при обработка на нивите, фрагменти од керамички садови и остатоци од згура.

53. Прилеп - *Бончејца*, лит: I. M. TIR 1976, 104; Б. Б., Б. К. 1996, 308.

Јужно од булеварот "М. Тито" околу 100 м. при копање на темели за станбени згради откриени се градежни објекти од кршен камен со варов малтер, неколку питоси и многу фрагменти од керамички садови. Локалитетот *Бончејца* се поврзува со тврдината на *Маркови Кули - Градиште.*

54. Прилеп - *Бело Поле, Марков Чардак*, лит: N. V. 1937, 12; I. M. TIR 1976, 24; I. M. 2002, 342.

Југозападно од селото, во котлина, под доцноантичката тврдина се наоѓала густа доцноантичка населба. На теренот се препознатливи темели од градби, а на површината има фрагменти од кујнска керамика.

55. Прилеп - *Трескавец - Бунар*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 313.

Околу 100 м. северно од манастирот ископани се во 1959 год. остатоци од темели на ѕидови, градени од камен и варов малтер, а на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и имбрекси.

56. С. Прилепец - *Долиште, Безистен*, лит: N. V. 1937, 39; I. M. 1966, 70; I. M. TIR 1976, 99.

2 км. западно од тврдината *Марков Ѕид*, на површина од 10 ха. се наоѓаат остатоци од населби. Повеќето градби се од III и IV век, датитрани според гробните наоди во околината.

57. С. Прилепец - *Камберица*, лит: Б. К., Л. К., К. К. 1996, 309.

Околу 50 м. од левата страна на долот што ги дели селата Прилепец и Волково, во нива, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество од градежен материјал. Пронајдени се и тубуси за водовод.

58. С. Селце - *Суви Ливади*, лит: М. Г. 1929, 51; А. К. 1961, 53; I. M. TIR 1976, 113; Г. М. 1987, 187.

0,8 км. источно од селото, на блага падина, денес обработлива нива, при орање се откриени темели на градби, фрагменти од керамички садови и 5 големи питоси. Најдено е депо со доцноантички монети.

59. С. Сенокос - *Бела Чешма*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 311.

1,5 км. југоисточно од селото се гледаат темели од градба. Градена била од кршен камен и варов малтер. На површината расфрлени се фрагменти од керамички садови, тегули и питоси.

60. С. Слепче - *Два Даба*, лит: N. V. 1937, 42; I. M. TIR 1976, 116; I. M.2002, 358.

2 км. јужно од тврдината *Кале* и неколку стотици метри северозападно од манастирот Слепче, се наоѓаат остатоци од темели од објекти, ѕидани од кршен камен и варов малтер. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, а во населбата се пронајдени наоди од VI век.

61. С. Слепче - *Селиште*, лит: N. V. 1937, 12; I. M. TIR 1976, 116; I. M. 2002, 358;

1,5 км. југо - југозападно од тврдината *Кале* и 2 км. северно од селото по површината на нивите се среќаваат голем број на фрагменти од керамички садови, имбрекси и градежен материјал, а се насетуваат и темели од објекти.

62. С. Слепче - *Црквиште*, лит: N. V. 1937, 12; I. M. TIR 1976, 116; I. M. 2002, 358;

2 км. северно од селото се наоѓа локалитетот. Пронајдена е ранохристијанска базилика од VI век, а до неа и голема населба од истиот период. На теренот се гледаат фрагменти од керамички садови и темели од градежни објекти.

63. С. Старо Лагово - *Вирои*, лит: Б. К., Л. К., К. К. 1996, 319.

1 км. североисточно од селото, десно од патот Прилеп - с. Штавица, по површината наниви се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.

64. С. Царевиќ - *Балтови Ниви*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 314.

1,5 км. југозападно од селото, во нивите се забележливи кршени камења, покривни керамиди и фрагменти од керамички садови.

65. С. Царевиќ - *Стара Црква*, лит: N. V. 1937, 22; I. M. TIR 1976, 33; Б. Б., Б. К. 1996, 315.

800 м. северозападно од селото, покрај патот, на површина од неколку стотици м² се наоѓаат грамади од кршен камен, фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси.

66. С. Царевиќ - *Страчина Ливада*, лит: I. M. TIR 1976, 33.

0,8 км. северозападно од селото, во непосредна близина на "Страчина Чешма" жителите откриле неколку поголеми и помали питоси.

67. С. Чаништа - *Богданова Нива*, лит: Б. К., Л. К., К. К. 1996, 315.

2 км. североисточно од селото, од левата страна на Црна Река, во нива, на површината се видливи голем број фрагменти од керамички садови, покривни керамиди, питоси и градежен материјал.

**6. Ресенска регија**

1. С. Горно Крушје - *Грумење*, лит: С. С., В. С. 1996, 333.

Околу 300 м. северно од селото, има издолжено плато што се надоврзува на ридот "Крушичка Краста". Според мештаните, при обработка на нивите наидувале на ѕидови од објекти. По површината се гледаат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал.

2. С. Долна Бела Црква - *Копачница*, лит: С. С., В. С. 1996, 334.

1,2 км. североисточно од селото, од левата страна на патот Макази - с. Асамати, во нивите по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество од градежен материјал.

3. С. Долно Дупени - *Керамидница*, лит: С. С., В. С. 1996, 334.

500 м. јужно од селото, од десната страна на патот што води кон граничниот премин, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.

4. С. Долно Дупени - во селото, лит: С. С., В. С. 1996, 334.

Во селските дворови, на поголема површина, при копање на темели за нови куќи биле откриени фрагменти од керамички садови и друг археолошки материјал, кој не е сочуван.

5. С. Долно Дупени - *Маркова Нога*, лит: В. Б. - Г. 1990, 132; Б. П. 1996, 334.

Во непосредна близина на граничниот премин, покрај езерскиот брег, малку источно, на повисока тераса се среќаваат фрагменти од керамички садови, тули и покривни керамиди.

6. С. Златари - *Слатино*, лит: С. С., В. С. 1996, 335.

2,5 - 3 км. јужно од селото, на блага падина што се спушта кон запад, при обработувањето на нивите, мештаните откриле темели од објекти ѕидани од кршен камен и кал. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и водоводни тубуси. При орање откриен е питос во кој имало земјоделски алатки.

7. С. Крани - *Кобел*, лит: С. С., В. С. 1996, 336.

500 м. од селото, од двете страни на патот кон езерото, во нивите при обработка на земјата се откриени темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.

8. С. Кривени - *Чешино*, лит: С. С., В. С. 1996, 337.

Источно од селото, во подножјето на "Гричи Рид", при обработка на земјата, мештаните наидувале на темели од објекти ѕидани од кршен камен и кал, камења за рачно мелење на жито, а по површината на нивите се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и градежен материјал.

9. С. Курбиново - *Коштино*, лит: А. К. 1996, 337.

1,5 км. источно од селото, во нива се зачувани голем број остатоци од топена железна руда. Во непосредна близина е месноста "Корија" каде по површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и покривни ќерамиди.

10. С. Курбиново - во селото, М. Г. 1958, 65; В. С. 1987; С. С., В. С. 1996, 337.

Во самото село и блиската околина се откриени повеќе објекти градени од камен и варов малтер, имбрекси и тегули. На повеќе места се откриени питоси и монети.

11. С. Лавци - *Тумба*, лит: С. С., В. С. 1996, 338.

На тромеѓето на селата Лавци, Прељубје и Дрмени, на мала височинка со зарамнето плато, во нива, при обработување на земјата биле откриени темели од објекти. По површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и питоси.

12. Нас. Отешево - *Камара*, лит: С. С., В. С. 1996, 339.

Во непосредна близина на хотелот "Европа" на североисточната страна при изградба на спортско игралиште, биле откриени остатоци од темели на објекти ѕидани од кршен камен и варов малтер, а со нив и повеќе питоси. Во 2003 год. на истиот простор, малку кон исток, при расчистување на плажата, која настана со повлекување на водата од езерото, се појави доцноантички материјал: хипокаусни керамични кружни плочи од систем за затоплување и градежен материјал.

13. С. Подмочани - *Арапски Гробишта*, лит: С. С., В. С. 1996, 340.

2 км. североисточно од селото, на површина од неколку декари, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, градежен материјал и згура од топење на железна руда.



*Сл. 76 - Отешево, растурени хипокаусни плочи*

14. С. Подмочани - *Киреjца*, лит: В. Б. - Г. 1988, 187; С. С., В. С. 1996, 340.

1 км. од селото, во правец на соседното село Рајца, по површината на нивите се забележливи фрагменти од ќерамички садови, питоси и множество на градежен материјал.

15. С. Покрвеник - *Висои, Старо Село*, лит: Б. П. 1996, 340.

Во еден полукруг, во атарот на селото се откриени остатоци од населби. Од двете страни на патот, што води за *Старо Село*, во нивите со лозја и овоштарници се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и множество на градежен материјал расфрлан по површините.

16. С. Прељубје - *Прељубски Рид*, лит: С. С., В. С. 1996, 340.

1 км. југоисточно од селото, во лозје и околните ниви се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и множество од градежен материјал.

17. С. Претор - во летувалиштето, лит: В. Б. - Г. 1988, 189.

Со изградба на туристичката населба, како и со интензивно садење на овоштарници во околината на селото биле откриени темели на објекти градени од камен и варов малтер, а во некои од нив имало мозаички подови. На површината се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и градежен материјал.

18. С. Претор - *Ливаѓе*, лит: Б. П. 1996, 341.

Од јужната страна на селото, во неговата непосредна близина, со сондажно археолошко истражување извршено во 1973 год. откриени се фрагменти на ќерамички садови, питоси, тегули и градежен материјал.

19. С. Претор - *Петрино*, лит: Б. П. 1996, 341.

Во селото, југозападно од училиштето, при копање на јама констатиран е културен слој во кој се најдени фрагменти од ќерамички садови и друг археолошки материјал.

20. С. Претор - во селото, лит: В. Б. 1967, 118; С. А. 1985, 522 - 523; В. Б. - Г. 1988, 191; Б. П. 1996, 341.

Источно од селото, на границата со атарот на с. Курбиново, со ископување се откриени темели од објекти ѕидани од камен и варов малтер. На поедини места сочувани се во висина од 0,5 м. Со обработка на земјата темелите се во голема мера оштетени, така што не е можно да се одреди план на основите. Откриен е мозаик и систем за затоплување.

21. С. Стење - *Четкорица*, лит: Б. П. 1996, 342.

1,5 км. северозападно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, тегули и градежен материјал.

22. С. Штрбово - *Грамада*, лит: С. С., В. С. 1996, 342.

Локалитетот се наоѓа на западниот раб на селото, на една блага падина - нива што се спушта кон брегот на езерото. Со изградба на патот, сега локалитетот е поделен на два дела. Со земјоделските работи раскопани биле темели од ѕидови, а пронајдени биле и големи питоси.

23. С. Штрбово - *Гура*, лит: С. С., В. С. 1996, 343.

1 км. источно од селото, по површината на нивите се забележуваат фрагменти од ќерамички садови, питоси и градежен материјал.

## VII. Доцноантичко рударство и рудници

Сопственик на рудниците во сите римски провинции, па и во Македонија, била државата. Неа ја претставувале императорските прокуратори (procuratores metalorum), а врховен државен функционер за рударство во префектурата Илирик, во која влегува и провинцијата Македонија бил Comes metallorum per Illiricum. Во времето на Теодосие I (379 - 395)[489] добиениот метал бил транспортиран од Витолиште кон *Стоби* каде биле концентрирани закупците на одделни копови во Мариовскиот крај, како и контролните царски чиновници. На ваков транспорт укажуваат попатните, погусто поставени, населби и тврдини од римско време. Патот одел од Врпско - Гудјаково - Дрен - Смолани - Царевиќ и избивал на античкиот магистрален пат Керамие (Варош, Прилеп) за *Стоби*.[490] Се сретнуваат и помали чиновници на рудници, наречени conductores, redemtores.[491]

Во општината Демир Хисар откриени се 23 локалитети на кои се наоѓаат остатоци од топена железна руда, згура. Но на поголемиот број на овие локалитети сѐ уште не се пронајдени остатоци од римска материјална култура.[492] Ние веруваме дека биле експлоатирани и во доцната антика. Во Солун имало фабрика (fabricae) за оружје[493] која ја снабдевала војската во Нов Епир. Најголемите рударски населби лежеле кај Девич и Белица.[494] Во Ресенско, на патот Охрид - Ресен, на подрачјето Раелица и Старски Дол се пронајдени остатоци од стар рудник за оловна руда со сребро и печка за топење на тие руди.[495] Во времето по Јустинијан I престанува големата рударска дејност во овие краишта. Уште по некоја рударска населба продолжува

489 И. Микулчиќ 1967, 49.
490 Ibidem 51.
491 А. Керамитчиев 1977, 107; истиот 1977, 11.
492 А. Керамитчиев 1977, 110.
493 А. Керамитчиев 1978, 123.
494 И. Микулчиќ 1999, 287.
495 П. Лисичар 1954, 590.

и во раниот VII век, потврдено со најдени монети од Иракли (Витолиште, Десово, Браилово, *Хераклеја*)

За експлоатација на мермерот и сите други украсни камења сигурно биле експлоатирани голем број на рудници од кои биле вадени блокови за градење на палати, театри, базилики, надгробни споменици, почесни плочи, саркофази и друго. Локалитети од кои е ископуван мермерот во доцноантичкиот период биле: Сивец, Плетвар, Радово, [496] Цер и неколку копови на мермер кои денес ги нема по источниот раб на ридовите на Пелагонија кои зафаќаат во областа Мариово.

Основен алат на рударите бил чеканот и клинот. Долго време тие биле единственото орудие со кои рударите работеле. Со левата рака го поставувале клинот на рудата која ја копале а со десната рака, со чеканот удирале по клинот. Несреќите на рударите кои се случувале во подземните копови се поврзувале со суеверие, на лошите духови. За да ги избркаат од рудниците, рударите по завршувањето на работата, на земјата ги поставувале вкрстени чеканите. Како спомен, и денес е останат овој знак за рудник.

Во близина на рудниците биле насочувани канали од околните реки или потоци, за флотација на рудата (flotatio = одвојување на рудата од јаловината; мокра метода за издвојување на две руди). Во сепарација корисната руда се одвојувала со пржење и таложење на рудата во вода. На крајот пречистената руда се топела во земјени печки.

Да споменеме уште еден продукт кој индиректно се поврзувал со рударството: за одржување на чекреците кои служеле за подигање на рудата и луѓето во коповите, или за одржување на дрвените потпори во рудниците, како премаз за заштита се користел катранот, како најстар премаз за заштита на дрвото од скапување, влага и временски непогоди. Римската војска катранот го користела за т.н. "грчки оган", кој го исфрлала со катапулти кон обѕидијата, создавајќи паника и палење на внатрешните градби. Сè уште, меѓу последните живи рудари во Мариово сочуван е рецептот за правење на катран: се одбираат изгниени стебла, со корени од иглолисни дрва, тие се сечат на парчиња, се ставаат во котел покриен со метален капак и под него се пали оган, а на капакот се става жар. По неколку саати се вади капакот и на дното останува црниот, густ катран. Парчињата од дрвото се претвораат во дрвен ќумур кои го користеле ковачите за ковање на металите.

### 1. Битолска регија

1. С. Зовиќ - *Град Чебрен*, лит: Ф. П. 1988, 273 - 276; I. М. 1966, 65; I. М. TIR 1976, 137; Г. Ф., П. С. 1981, 117 - 133; И. М. 1999, 331 - 332; I. М. 2002, 286 - 281.

Источно и североисточно од локалитетот, во плодната околина се наоѓаат густи рударски населби од отворен тип, околу 20 на број, со желе-

496 А. Керамитчиев 1987, 110, 111, 112, 113, 118 - 119.

зни рудници и топилници. Ова докажува дека *Градот Чебрен* живеел од контрола на рударството и металургијата.

2. С. Стрежево - *Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 121; T. J. 1980, 97 - 110; И. М. 1996, 148 - 150; И. М. 1999, 368 - 369.

1 км. северозападно од селото, кое повеќе не постои, се наоѓал рударски и граничен кастел. Западно и северно од кастелот се наоѓаат лежишта на железна руда. Откриено е депо на железни предмети, што ни укажува дека тука постоела и ковачница за финална обработка на металот.

## 2. Прилепска регија

1. С. Варош - *Варош*, лит: Н. В. 1937, 29; Ф. П. 1957, 223; I. M. TIR 1976, 70; Б. Б. 1986, 1 - 235; I. M. 2002, 362 - 364.

На југозападната нога, во близина на утврдената населба *Маркови Кули*, на една тераса постоела неутврдена населба со две базилики и јавно доцноантичко купатило. На источниот раб од населбата пронајдена е згура, како доказ дека тука се обработувало железо, како и топилница и ковачница. На североисточниот раб од населбата, сè до најниската карпеста тераса на југозападната падина на планината има долга низа од остатоци на куќи, вдлабени во карпи. Во нив се наоѓаат дупки од дрвени греди, длабени клупи во ѕидовите од карпите, рачни мелници, ниши и повеќе остатоци од садови - питоси. На јужната нога од планината, на местото викано *Резервар* се најдени доцноантички наоди, меѓу другото и монети од Јустинијан I.

2. С. Витолиште - *Ковачево*, лит: И. М. 1967, 48; I. M. TIR 1976, 133; A. K. 1978, 117 - 118.

На една пространа падина, 3 км. источно од селото, во витолишката рамнина, во подножјето на планината Козјак се издига низок врв, познат под името *Ковачево (Могила)*. Се забележуваат траги од рударска населба. На ова место се одвивала рударска и топилничарска дејност. Од наоди се сретнуваат покривни ќерамиди, фрагменти од питоси, ќерамички садови како и остатоци од топена железна руда - згура.

3. С. Мајдан - *Богатица*, лит: А. К. 1976, 243 - 245.

1 км. јужно од селото во пределот на месноста "Думчев рид" е регистрирана населба со површинска ќерамика, населбени градби и остатоци од железна руда. Во близината се откриени три стари рударски јами.

4. С. Мелница - *Садеви*, лит: А. К. 1978, 119 - 121; I. M. TIR 1976, 85.

Спроти напуштеното село Мелница, 2,5 км. северозападно од с. Полчиште, преку вливот на Полчишка во Витолишка река, во близина на полчишкиот дол, се издига еден висок рид "Провалија". На север и југ на ридот има карпести пресеци, а на исток широк рамен прекин. Ридот доминира над околината и над патот кој води кон речната долина. Под него на широка тераса од неколку хектари се зачувани траги од голема селска населба, која била утврдена. Населбата го контролирала регионалниот пат кај северната

етапа на пределот. На овој простор се среќаваат фрагменти од ќерамика, ќерамиди, питоси и железни алатки. Во бедемот кој е граден од камен и малтер можат да се видат темели од населба. На северниот дел се забележува акропола со слаба, сува ограда од кршен камен. Изобилува со остатоци од топена железна згура. Рударската населба напуштена е кон крајот на IV век.

5. С. Полчиште - *Јолева Ограда*, лит: А. К. 1978, 118 - 119; А. К. 1996, 307.

1 км. источно од селото се гледа висок рид, фактички локалитетот претставува широка падина, благо наведната кон запад. Камењата кои ги гледаме на теренот некогаш служеле како градежен материјал на зградите од старата населба. На еден поголем простор низ нивите се среќаваат фрагменти од римска ќерамика и покривни ќерамиди, а на места фрагменти од питоси. Исто покрај овој материјал можат да се видат многу остатоци од топена железна руда, згура. Тоа докажува дека на ова место имало топилница.

6. С. 'Ржаново - *Сив Кладенец*, лит: А. К. 1976, 245.

Околу 1,5 км. од селото во планински предел меѓу реките Козарик и Топли Дол се сретнуваат остатоци од топена железна руда, како и фрагменти од римска ќерамика и покривни ќерамиди. Ова место било рударска населба со топилница - технолошка обработка на железото.

7. С. Рожден - *Манастир (Извор)*, лит: А. К. 1976, 239 - 242.

Западно од селото се протега долга долина со опширни тераси помеѓу ридовите Попова Чука и Горна Тумба од север, а од југ се наоѓа реката Крушка. Овие тераси се остатоци од голема рударска населба која била од разбиен тип, со десет заселци (маали) а централно место било *Манастир (Извор)*. Утврдениот пункт е високиот рид *Градиште* кој се издига доминантно на источниот крај на долината, на левиот брег на Рожденска Река. По нивите се сретнуваат покривни ќерамиди, питоси и згура. Печките за топење на железната руда биле лоцирани на повеќе од 10 места. Во долината има остатоци на доцноантичка материјална култура.

### 3. Регија на Порече

1. С. Белица - *Кале Столоатец*, лит: И. М. 1996, 151 - 153; I. М. 2002, 289.

2 км. јужно од кастелот се наоѓала централна рударска населба која ги експлоатирала околните железни рудници. Во тврдината *Кале Столоатец* се пронајдени траги од топење на железо, олово и сребро. Значи, од рударската населба рудата се обработувала во тврдината, бидејќи таму биле металурзите и ковачите.

2. С. Девич - *Девина Кула*, лит: I. М. TIR 1976, 42; I. М. 1981/82, 181.

На источната страна од локалитетот се наоѓала рударска населба од отворен тип, со печки за топење на железо, олово, сребро и злато. Пронајдени се огромен број на монети.

3. С. Слатино - *Градиште, Кале*, лит: I. М. 2002, 298.

На западниот дел од тврдината, на 2 - 3 км. се гледаат големи површински железни ископини (дел Мелои) од доцната антика. Ова укажува дека тврдината била и рударско - металуршко упориште, доста богато.

## 4. Регија на Демир Хисар

1. С. Бабино - *Врешка*, лит: А. К. 1996, 133.

Југозападно од селото на 1 км. има рид со широко плато од десната страна на селската река. Се гледаат остатоци од топена железна руда. Населбата и топилницата биле од отворен тип.

2. С. Бабино - *Дуковска Красшица*, лит: А. К. 1996, 133.

Северозападно од селото, високо во планинскиот масив се откриени остатоци од топена железна руда. По површината има фрагменти од ќерамички садови и покривни ќерамиди.

3. С. Баѕерник - *Дуйка*, лит: А. К. 1996, 133.

На северозападниот раб од селото се откриени стари рударски јами.

4. С. Баѕерник - *Средни ливади*, лит: А. К. 1996, 133.

3 км. јужно од селото, по површините на нивите има камења од градежен материјал, фрагменти од ќерамички садови, питоси, а во ливадата е откриено големо количество на згура од топено железо.

5. С. Брезово - *Каменец*, лит: Г. Г. 1980/81, 88; А. К. 1996, 134.

Источно од селото, околу 2 км. високо во планинскиот предел на мала висорамнина, откриена е населба од отворен тип и фрагменти од ќерамички садови, питоси, покривна керамида како и парчиња од топена железна руда.

6. С. Вирово - *Римски рудници*, лит: Г. Г. 1980/81, 90.

На југозападната страна од селото, на десниот брег на реката Дедоичка - Вировска река, во самото село, спротивно од течението на реката се наоѓ аат рударски јами, наречени од мештаните "Штелни". Ги има три. Јамите се мали, што докажува дека рударот ја следел жилата, а таков е и отворот, со трапезоидна форма. Јамите се во близина на реката. Во некои навлегува водата и создава црвена патина, како резултат на мешање на железната руда со водата.

7. С. Големо Илино - *Градиште*, лит: I. М. TIR 1976, 57; Г. Г. 1981, 90; I. М. 1981/82, 182.

Југоисточно од локалитетот се препознаваат многу железни рудни ископини од доцноантички период. Тоа ни докажува дека укрепението *Градиште* било рударски кастел .

8. С. Жван - *Мајдани*, лит: I. М. TIR 1976, 138; А. К. 1996, 136; I. М. 2002, 304.

3 км. југоисточно од селото на високиот рид "Ставраково" откриена е населба со фрагменти од ќерамички садови, питос, покривни ќерамиди и остатоци од топена железна руда и огништа - железни ископини.

9. С. Железнец - *Вогарон*, лит: Г. Г. 1980/81, 93; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 137; I. М. 2002, 302, 303.

Околу 1,2 км. јужно од селото се наоѓа локалитетот, кој бил истовремено населба и топилница. Откриени се остатоци на топена железна руда, фрагменти од ќерамички садови, питоси и др.

10. С. Зашле - *Дабовја*, лит: А. К. 1996, 137 - 138.

3 - 4 км. западно од селото, на планинскиот срт, помеѓу деловите Малински и Раља се гледаат остатоци на топена железна руда, фрагменти од питоси, покривни ќерамиди и многу градежен материјал.

11. С. Зашле - *Јачниште*, лит: А. К. 1996, 138.

1 км. од месноста "Коранче" и 4 км. западно од селото, во ридни ниви се среќаваат остатоци од топена железна руда и многу градежен материјал (камен, покривни ќерамиди), а пронајдени се и монети.

12. С. Зашле - *Коранче*, лит: А. К. 1996, 138.

3,5 км. западно од селото во нива се среќаваат наоди, остатоци од топена железна руда, фрагменти од питос, покривни ќерамиди и друг градежен материјал.

13. С. Зашле - *Кукиште*, лит: Г. Г. 1980/81, 95; А. К. 1996, 138.

500 м. западно од селото се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, покривни ќерамиди и множество на згура од топено железо.

14. С. Мало Илино - *Граиште*, лит: А. К. 1996, 138.

3 км. југозападно од селото во ридна нива се среќаваат остатоци од топена железна руда. Откриени се големи дупки со кружна форма, за кои се смета дека се окна од стари рударски копови.

15. С. Мало Илино - *Колец*, лит: А. К. 1996, 138.

1,5 км. источно од селото, на левиот брег на потокот Порека, во нива, се сретнува згура од топена железна руда.

16. С. Мренога - *Грнчари*, лит: А. К. 1996, 139.

3 км. источно од селото, на благ рид со зарамнето плато има множество фрагменти од ќерамички садови, питоси, покривни ќерамиди како и големо количество на згура од топено железо.

17. С. Мренога - *Средно Селиште*, лит: А. К. 1996, 140.

3 км. југозападно од селото во нива се наоѓаат фрагменти од ќерамички садови, питоси, покривни ќерамиди, множество кршен камен и згура од топено железо.

18. С. Обедник - *Стари Лозја*, лит: Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 140.

1,5 км. североисточно од селото, во ниви, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, множество градежен материјал и згура од топена железна руда.

19. С. Прибилци - *Самоникојца*, лит: Г. Г. 1980/81, 48; А. К. 1996, 140.

1,5 км. северно од селото, во нива се среќаваат многу остатоци од топена железна руда.

20. С. Радово - *Рамна Краста (Грамада)*, лит: А. К. 1987, 118 - 119.

Околу 2 км. северно од селото се наоѓа пространа падина со благ пад кон запад. Од север се спушта страна кон коритото на долот, додека на јужната

страна се поврзува со малата долина *Грамада*. Тука се наоѓа мермерно наоѓалиште кое е видливо од површината на земјата. Кај месноста *Грамади* се откриени повеќе остатоци од една мала населба од доцноантичкиот период. На теренот се гледаат остатоци од градби, ќерамика, покривни ќерамиди и питоси. На оваа мала рударска населба сигурно егзистенцијата му била поврзана со вадењето на мермер.

### 5. Крушевска регија

1. С. Горно Дивјаци - *Пешров гроб*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 200.

2 км. јужно од селото откриени се јами од стар рудник за бакар. Најверојатно населбата која го експлоатирала рудникот била на локалитетот *Кошари*.

2. Крушево - *Кале*, лит: В. Л. 1996, 201; I. M. 2002, 329.

1,8 км. источно од градот, на висок планински рид, врвот има зарамнета голема површина што се користи за лозје и ливади. Просторот е укрепен со цврст одбрамбен ѕид во малтерна техника. Овој кастел бил покрај другото рударска тврдина, пронајдена е голема количина на згура од топена железна руда.

## VIII. Ранохристијански цркви

### 1. Историја на Христијанството во регионот

Во доцната антика овој регион заедно со Македонија се наоѓал во западната сфера на Римската црква.[497] Фактички со соборот во Сердика (Софија) западот се одделил од истокот.[498] На овој собир 343 - 344 год. учествувал Евагриј епископ од *Хераклеја Линкестис*.[499] Учествувале 170 епископи од кои 95 припаѓале на западната црква со што го имале мнозинството. Тука е осудено аријанството како ерес.[500] Тоа било многу раширено во источната црква, како и на нашето подрачје, кое било во префектурата Илирик.[501] Во 449 год. на Ефешкиот собир (синод) учествувал Квинтилиј од *Хераклеја*[502] На овој собир признати се монофизитите потпомогнати од самиот двор во Цариград. Општо, во црковната историја овој собир е наречен и Разбојнички собир.[503] По две години во 451 год. Квинтилиј учествува во IV вселенски собир (концил) во Халкедон и се потпишал како Episkopus Heracleae Pelagoniensis а покрај него на истиот собир присуствувал во името на *Хераклеја* епископот Дионисиј.[504] На овој собир се дискутирало за проблемот со монофизитите.[505] Во средината на V век кога на власт била Исавријанската династија, епархијата Македонија со митрополијата во Солун имала под своја управа 18 градови, од кои 2 се

497 Р. Братож 1990, 37 - 74; Б. Панов 1995/96, 62

498 Socrates, Historiae ecclesiastica, col. 245 A - B.

499 Ф. Папазоглу 1957, 192.

500 Р. Поповић 1995, 158 - 173.

501 Ibidem, 163.

502 Ф. Папазоглу 1957, 129, бел. 28; Р. Братож 2000, 31. Учествувал во својство на заменик на солунскиот епископ.

503 Р. Поповић 1995, 207 - 208.

504 В. Арсић 1930, 16; Р. Братож 2000, 31. Во 451 год. Квинтилије пак го заменува епископот Анастазиј од Солун.

505 Р. Поповић 1995, 211.

пелагониски *Никеа* и *Хераклеја.* прикажани на грешна локација.[506] На Цариградскиот собир во 553 год. како заменик на солунскиот архиепископ Илија учествувал епископот Бенигнус од *Хераклеја* - Пелагонија.[507] Ова е време на царот Јустинијан и неговата верска политика, тема на овај собир била осудата на монофизитите. Наследник на Бенигнус е Јован Пахомиј чиј монограм е сочуван врз еден капител од малата Хераклејска базилика. Датиран е во втората половина на VI век.[508] Г. Стрикевиќ смета дека тоа е оној Јован, кој е автор на прочуениот историски извор за историјата на словенското населување во Македонија: "Чудата на Св. Димитрие Солунски".[509] Уште еден податок е поврзан со името на Јован, имено во 562 год. во чест на царот Јустинијан е дадена во употреба чешмата во градот *Хераклеја.*[510] Р. Братож, повикувајќи се на Фејсел, смета дека поврзувањето на монограмот од *Хераклеја* со епископот Јован не е сигурно.[511]

## 2. Истраженост

Прапочетоците на базиликалната основа на храм за црковни обреди и ритуали е прифатена во крајот на IV[512] и почетокот на V век.[513] Како основна форма на христијанска градба, базиликата треба да ја бараме уште во времето на еврејската скинија (шатор)[514] и во неа имало олтар (жртвеник) тоа било најсветото местокаде се чувал ковчегот со дванаесетте божји заповеди. Потоа го заменува храмот соломонов кој претставува само тврда градба на Скинијата со потполно истите функции. Но сега веќе оплеменет со столбови и мозаици (во суштина обоени плочки со геометриски и елипсоидни мотиви). Христијанството како секта на јудаизмот ги прифатило ритуалите и церемониите заедно со базиликалната архитектура и олтарот кој го симболизира најсветото местово, скинијата и соломоновиот храм кое било во стариот завет сокриено со завеса, е исто само што сега во базиликата имаме олтарска преграда. Во ранохристијанскиот период преградата била од мермер која што го сокрива најсветото место - олтарот (масата за жртвување).[515] Во суштина симболиката е иста, исто е и со свештениците само жртвата е различна. Во стариот завет се жртвува животно, а во источната и западната црква лебот како телото на Исус Христос и виното како неговата крв.[516] Сето тоа мора

---

506 Извори за Българската история, VI том, София 1961, 191.
507 Ф. Папазоглу 1957, 193.
508 И. Николаевић - Стојковић 1957, 42.
509 Г. Стрикевиќ 1961, 39.
510 Т. Јанакиевски 2003, 191.
511 Р. Братож 2000, 79 б. 161.
512 Ђ. Бошковић 1976, 11.
513 Б. Алексова 2003, 15. Во В век се обновени со подни мозаици, фрескоживопис и архитектонска пластика.
514 В. Лилчиќ 2003, 124 б. 65.
515 Ibidem, 124.
516 Ibidem, 140.

да се сфати како симболика. Во ранохристијанската црква различни се мотивите како крстовите на капителите и парапетните плочи од олтарската преграда, како и ромбот кој го симболизира раѓањето на човекот.[517] Иако некаде се случувало да храмовите на паганската религија бидат адаптирани во христијанска црква,[518] во суштина се пазело да се зачува симболиката од првиот соломонов храм, како континуитет на стариот и новиот завет. Со ова отпаѓа тврдењето дека базикалната основа треба да ја бараме во религиозните побуди, а не во креацијата на старите антички мајстори.[519] Секое човечко мудрување во однос на барање на пропорции и инвенции е занемарување на фактите и правата слика на реалноста. Раѓањето на подните мозаици кои се дел од некои базилики во доцната антика треба да го бараме во Гордион во Фригија во VIII пр.н.е.[520], а од таму е прифатено и во Јудеа - користено за декорирање на подот на храмот. Тоа е фактички денешната замена за килим. Илузорно е да се даде приоритет на Грција како земја на развојот и кулминација на оваа техника.[521] Можи да се прифати континуитетот и модата на усовршување но приматот е во Фригија. Во однос на идентичност на подните мозаици кои ја зафаќаат оваа област би кажал дека имајќи можност да ги видам макетите на храмот од ридот Цион, сличен облик на мозаик е оној од подот од централниот брод и олтарот од малата базилика во *Хераклеја*. Тој е најидентичен, близок со макетата на херодовиот храм.[522] Геометрискиот мозаик со големи плочки е одлика на еврејските синагоги, како што е примерот во синагогата - базилика од II градба во Стоби.[523]

### 3. Типологија на цркви

Во регионот кој го обработуваме е забележан во основа еден тип на базилики, со значење царска дворана. Базиликата[524] е составена од издолжен наос кој е поврзан со олтарот, а можи и од неговата десна и лева страна со бочни бродови кои при влезот имаат нартекс. Ова е едноставна и така речено општа сликовита црта за секоја ранохристијанска (доцноантичка) базилика. Но во суштина основите на базиликата биле различни. Од оваа различност ние при реконструкција судиме за раскошот и убавината на базиликата, богатството на населението, нивниот степен на култура и свештеничката моќ. Единствено преку градбата не можиме да судиме за нивната вера и ревност бидејќи ова се аргументи кои се надвор од социјалната и материјалната страна на животот, тоа е интимно чувство кое нема начин да се допре и открие. Ќе се обидеме да

517 Ibidem, 124.
518 Ђ. Бошковић 1976, 10, бел. 1
519 Н. Спрема - Петровић 1971, 11 - 13.
520 Г. Цветковић - Томашевић 1978, 2 б. 8.
521 П. Србиновски 1978, 50.
522 D. P. Alexander 1989, 496.
523 П. Србиновски 1978, 63 б. 34.
524 В. Лилчиќ 2003, 36 - 38.

прикажеме неколку цркви кои се најмаркантни и интересни за нашата теза. Најпозната со својата грандиозност е големата базилика од *Хераклеја Линкестис*.[525] Базиликата е трокорабна со апсида, од надвор е со три контрафори има влезен трем и нартекс на запад и капела со преддворје северно од нартексот. Северно од овие две одделенија се наоѓаат две правоаголни простории. Овие простории продолжуваат кон исток со тоа што прават бочни бродови, кој слободно можат да се видат во основата на цртежите за оваа базилика. Но со лошото ископување и уште полоша конзервација сето ова е занемарено и уништено, со тоа овој продолжен комплекс во иднина сигурно поисцрпно и попрецизно ќе биде обработен. Следна базилика по убавина и контраст во основата е базиликата во Суводол - *Сланец*:[526] трокорабна базилика со нартекс, егзонартекс и правоаголни анекси на западната страна, како и северни анекси во кои се наоѓа крстилницата. Поделбата на корабите во наосот била изведена со аркади од ѕидани столбови. Друга базилика која за нас е интересна со дополнителни простории е трокорабната базилика *Св. Андонија*.[527] Таа има трокорабен наос со апсида, на север има три анекси различни по димензии на запад со нартекс и егзонартекс. С. Покрвеник - *Св. Атанас*.[528] Трокорабна базилика со нартекс и анекс, просторија на северната страна на нартексот и три простории на јужната страна од која една била крстилница со кружна писцина. *Хераклеја Линкестис*, базиликата "extra muros".[529] Трокорабна базилика со полукружна апсида и нартекс со постафорија идентична е и базиликата од Доленци - *Суви Ливади*.[530] Трокорабна базилика со нартекс и по еден анекс од северната и јужната страна. Исто базиликата Рамна - *Раменска Тумба* трокорабна со нартекс и два анекса на јужната и еден на северната страна. Небрегово - *Св. Јован*.[531] Трокорабна базилика со полукружни ѓаконикони и проскомидија, на запад нартекс. Дебреште - *Кале*.[532] Трокорабна базилика со крипта и крстилница. Крушево - *Св. Преображение*.[533] Трокорабна базилика. *Манастир Градок* базилика А.[534] Трокорабна со нартекс и по еден анекс на северната и јужната страна. *Манастир - Градок*, базилика В.[535] Трокорабна со нартекс. Стење - *Голем Град*,[536] две еднобродни базилики со полукружна апсида со едноделен нартекс, лево и десно од наосот близу до олтарниот простор подигнати се два анекса. И на крајот трокорабна базилика, малата базилика[537] од *Хераклеја* со наос од две колонади поделени на три кораби, на

525 Г. Томашевиќ 1978, 30; истата 1981, 112.
526 Ф. Месеснел 1937, 70 - 74.
527 В. Лилчиќ 2002, 755.
528 В. Битракова - Грозданова 1986, 107 - 120; В. Битракова - Грозданова, Б. Пупалески 1989, 29.
529 Е. Манева 1989, 53.
530 Т. Јанакиевски 1978, 67 - 75.
531 В. Лилчиќ 2002, 947.
532 Ibidem, 937, 939.
533 М. Ивановски 2001, 201 - 202.
534 Н. Чаусидис 1992, 221 - 223.
535 Ibidem, 225 - 226.
536 В. Битракова - Грозданова, Б. Пупалески 1989, 31.
537 М. Чанак - Медиќ 1965, I, 35 - 61; М. Чанак - Медиќ 1965, II, 67 - 74.

исток завршува со апсида. Западно од наосот се наоѓаат две простории од кои, едната се смета дека била писцина а другата катехуменус.

**4. Битолска регија**

1. С. Барешани - *Думаноец*, лит: I. M. TIR 1976, 21 - 22; В. Л., В. И. 1997, 21, бр. 9.

1,2 км. северозападно од селото има градба, делумно истражена, од мала ранохристијанска црква со архитектонска декорација од мермер.

2. С. Бистрица - *Селска црква*, лит: I. M. 1986, 226 карта; В. Л., В. И. 1997, 22, бр. 16.

На локалитетот е забележана позиција на ранохристијанска базилика.

3. С. Бистрица - *Стара Црква*, лит: I. M. 1966, 64; I. M. 1986, 237; I. M. 2002, 262.

Источно од селото, пронајдена е базилика на северниот дел од локалитетот *Кула*. Базиликата е ранохристијанска со мозаичен под, а датирана е во VI век.

4. Битола - *црква Св. Димитрија*.

Во дворот на црквата, десно од главниот влез се наоѓаа 4 доцноантички мермерни капители за столбови. На три има латински крст со ленти, а на четвртиот розета во круг. Позади црквата, на западната страна во дворот се наоѓаа расфрлени мермерни и камени базиси од рана и доцна антика. Истите беа секундарно искористени за носачи на столбовите, внатре во црквата, а при реконструкција се извадени.



*Сл. 77- Битола, Св. Димитрија, мермерни капители*

5. Битола, *град Хераклеја:*

*Базилика А, Ц, Д,* лит: М. Ч. - М. 1965, 35 - 61; М. М. 1965, 67 - 76; Г. Т. 1978, 16 -54; Е. М. 1988, 175 - 186; В. Л., В. И. 1997, 22, бр. 17, 18, 19; В. Л. 2002 тII, 715 - 734; Г. Ц. - Т. 2002, 7 - 106.




*Сл. 78 - Хераклеја, Базилика А*

Малата градска базилика (А) се наоѓала покрај градскиот ѕид, источно од големата базилика. Откриена е пред II Светска војна и погрешно е идентификувана. Во периодот од 1960 - 1964 год. целосно е истражувана, кои истражувања покажаа дека се работи за старохристијанска базилика. Наосот во базиликата е со две колонади а поделена е на три кораби. Апсидата е на исток, од внатрешната страна е кружна, а од надворешната страна е правоаголна. Олтарот е декориран со поден мозаик работен во техника "opus sectile". Олтарската преграда е работена во мермер. На запад се наоѓа крстилницата (баптистериум). Значи, композицијата на базиликата е трокорабна со нартекс и егзонартекс, односно портик на западната страна. Христијанството, од средината на V век започнува со градење на базилики. Единствен објект кој излегува од тие рамки е крстилницата на малата базилика во *Хераклеја.* М. Медиќ и М. Чанак - Медиќ дошле до заклучок дека писцината во крстилницата била оформена во средината на IV век. веројатно врз остатоци на постар базен. Околу аглите на писцината биле ставени 4 столба со балдехин, а околу стоела квадратна градба, која по димензии одговара на оние од соседниот трем, со почесни и вотивни статуи.






*Сл. 79 - Хераклеја, Базилика А, парапетни плочи и фигурални капители. На десниот капител има монограм од архиепископ Јован*



*Сл. 80 - Хераклеја, Базилика Ц*

Големата базилика (Ц) е градба со монументални размери. Таа се наоѓа во средниот дел, јужно од неа е градскиот бедем, западно од неа е комплексот Епископски двор, источно е малата базилика (А), а северно е раноримскиот театар. Базиликата била изградена 520 год. во времето на Анастазие, врз постара базилика од IV или ран V век, а таа била изградена врз урнатини на голем раноримски форум. Базиликата е трокорабна, со апсида која најверојатно била на два спрата, со галерија над нартексот. Објектот бил изграден со раноримски материјал, искористен од раноримски објекти низ градот. Подовите биле обложени со мозаици со извонреден квалитет, со геометриски, флорални и зооморфни мотиви. Самите композиции ни кажуваат дека нарачателот потполно не бил сигурен дали е христијанин или паганин, бидејќи очигледни се мотивите каде имаме прикази од грчко - римската религија. Тоа се гледа од приказот на кучето Кербер, врзано за смоквин лист. Во грчко - римската митологија тоа било чувар на пеколот. Или пак, сцената каде пантерот растругнува срна. Загадочна е и сцената каде лавот скока за да го нападне бикот.[538] Во контекс на новите теории за симболизмот и структуралните елементи на мозаикот, во оваа ранохристијанска базилика, е и лозницата која излегува од кантаросот поврзана со култот на богот Дионис, како пагански победник врз смртта.[539]

Базилика (Д) се наоѓа во градот *Хераклеја Линкестис*, источно од портикот. Во основа црквата е трбродна базилика со нартекс и пастофорија. Изградена е во VI век. Во овој период има една интересна појава во Пелагонија, покрај главните патишта се граделе манастирски цркви, кои имале функција на преноќишта за патниците. Тоа го следиме од архитектонските градби, големи атриуми и ниши. Исто така, тие имале и функција на болници.

6. Битола - *Хераклеја*, лит: П. М., И. М. 1961, 65 - 67, сл. 53 - 56.

Најдена е камена пластика од ранохристијанска базилика, за која се смета дека е дел од ранохристијанска базилика, која сè уште не е пронајдена.

538 Најверојатно е насликан бикот "Бонапос" кој го споменува Хомер во "Илијадата". Во пелагониските села, сè уште постои легендата за бикот Блатски кој живеел во блатото.

539 Е. Димитрова 2006, 179 - 189.




*Сл. 81 - Хераклеја, Базилика Д, десно е прикажан цртеж на дел од мозаичниот под од олтарниот простор*

7. Битола - *Хераклеја*, предградие

Југозападно од локалитетот *Хераклеја*, кај водопадот на реката Сива Вода, десно во лозјата, кон крајот на 50-тите години откриен е мозаик со голема квадратура, кој најверојатно бил од ранохристијанска базилика. Денес на местото има "дивоградба". Сигурно, мозаикот е малку погоре од "дивоградбата".

Друго место е денешната административна зграда на "Транскоп" и паркингот за тешки камиони. При расчистување на теренот, за изградба на овие објекти, најден е мозаик. Воедно, тука е пробиен и новиот пат Битола - с. Кравари. Постарите битолчани, како деца, си играле со обоените камчиња од овој мозаик.



*Сл. 82 - Хераклеја, архитектонска пластика од неоткриени базилики*



*Сл. 83 - Букого, Св. Тројца, ӣрозорско мено и ӣараӣеӣна ӣлоча*

8. Битола - *Шунди ӣумба*, лит: И. М. 1999, 415 (попис на ранохристијански цркви).

Источно од предградието на Битола, од десната страна на идустрискиот пат, во близина на фабриката "Металец", покрај реката "Сива Вода" е локалитетот. Тој е во склопот на неистражениот дел на *Хераклеја Линкесӣис*. Спрема планот на И. Микулчиќ е надвор од обѕидието. На една тумба (мало возвишение) е забележана ранохристијанска базилика со темели и мозаични подови.

9. С. Буково - *Св. Тројца*, лит: В. Л., В. И. 1997, 22, бр. 25; В. Л. 2002, 749.

500 м. југозападно од *Хераклеја* се наоѓа црквата Св. Тројца која се смета дека е градена на темели од ранохристијанска базилика. Во непосредна близина на црквата постои мено прозорско и парапетна плоча со христограм.

10. С. Буково - *Манасӣир Преображение*, лит: I. M. TIR 1976, 32; Т. Ј. 1996, 25; В. Л., В. И. 1997, 22, бр. 24; В. Л. 2002, 749.




*Сл. 84 - Буково, Св. Димиӣрија,двоен ӣрозорски сӣолб*




*Сл. 85 - Велушина, Усӣение на Боīородица, два имӣосӣ каӣиӣели*

1 км. југозападно од селото, во дворното место на манастирот има повеќе мермерни споменици, фрагмент од стебло на столб, прозорско мено вградено во конакот, мермерна база и помало мермерно столпче.

11. С. Буково - *селска црква Св. Димитрија*, лит: В. Л. 2002, 749.

Во дворот на црквата се наоѓа масивен, двоен прозорски столб.

12. С. Вашарејца - *Црква*, лит: Н. В. 1937, 46; І. М. 1986, 226 карта; В. Л., В. И. 1997, 22, бр. 31.

2 км. североисточно од селото, во непосредна близина на Црна Река, откриена е населба со позиција на ранохристијанска црква.

13. С. Велушина - *Успение на Богородица*, В. Л. 1997, 22; В. Л. 2002, 751.

На северната периферија од селото се среќаваат повеќе камени архитектонски елементи, во црквата и околу неа и тоа: лев дел на арка од мермер, два јонски импост капители, делови од столбови од мермер и двоен прозорски столб со импост.

14. С. Градешница - *Св. Андонија*, лит: В. Л., В. И. 1997, 23, бр. 53; В. Л. 2002, 753.

Во самото село, во источниот дел егзистирала базиликата *Св. Андонија*. На западната страна има атриум, а кон исток е нартексот и трокорабниот наос со апсида. Југоисточниот дел од наосот со апсидата се уништени со ерозија на земјата од реката Градешка. Од камена пластика откриени биле две колонети од крстилница, два мали четирилисни капители со крстови на фасциите, три бази од северна колонада, три импости за менои, стебло на мено, импост за столб, конусоидни бази, колонета со основна плинта и фрагменти од парапетна плоча.




*Сл. 86 - Градешница, Св. Андонија*




*Сл. 87 - Градешница, Св. Андонија, капители и база*






*Сл. 88 - Градешница,*
*Св. Ѓорѓи (лево) и*
*Св. Димитрија (десно),*
*јонски имлост капители*

15. С. Градешница - *Св. Ѓорѓи и Св. Димитрија, Пешта*, лит: Н. В. 1931, *b*Nr. 41; I. M. 1966, 65, 67; I. M. TIR 1976, 59; В. Л., В. И. 1997, 23, бр. 51, 52; В. Л. 2002, 755 - 757; I. M. 2002, 275.

*Свети Ѓорѓија* се наоѓа во самото село, на десниот брег на Градешка река, во рамниот премин источно од терасата се наоѓаат темели на ранохристијанска базилика. Компонирана е од нартекс и трокорабен наос. Апсидата страдала од ерозија. Од камени елементи сочувани се колонадите во наосот и тоа: јонски тип на капители, три бази, две конусоидни бази, две бази постаменти за столбови и делови за столбови.

Локалитетот *Свети Димитрија* се наоѓа во источниот крај на селото, на ниско возвишение. Биле откриени јонски импости и импост со мено.

16. С. Доленци - *Кале*, лит: Н. В. 1931, 22; М. Г. 1954, 119; И. М. 1999, 330 - 331; В. Л. 2002, 770, 773; I. M. 2002, 272 - 273.

1 км. јужно од селото се наоѓаат урнатини од античка тврдина *Кале*. Во внатрешниот, централен дел, во близина на источната порта се наоѓа трбродна базилика датирана во доцен V и VI век, со мозаичен под.




*Сл. 89 - Доленци, Кале*

17. С. Доленци - *Суви Ливади*, лит: Т. Ј. 1978, 67 - 74; В. Л., В. И. 1997, 26, бр. 75; В. Л. 2002, 758 - 765.

Оклу 1,5 км. источно од селото се наоѓа локалитетот. Тоа е мала ранохристијанска базилика со нартекс со два анекси, трокорабен наос со две колонади во кој се гледаат три пара камени постаменти, на кои стоеле столбови со капители. Подовите на коработ и нартексот биле декорирани со мозаици и натпис од VI век. Камена пластика е регистрирана со импост од бел мермер, импост од прозорско мено со порабени челни агли, аголен олтарски столбец, делови од кружни столпчиња, аголен дел од олтарна менза и др.




*Сл. 90 - Доленци, Суви Ливади*

18. С. Живојно - *Св. Спас, Св. Илија*, лит: I. M. TIR 1976, 136.

Јужно од селото се наоѓаат две разурнати цркви, а во нив и околу нив забележлива е архитектонска пластика, најверојатно од ранохристијанска црква.







*Сл. 91 - Зовиќ, Манастир Чебрен, основа и архитектонска камена пластика*

19. С. Зовиќ - *Манастир Чебрен, Град, Чебренски Рид*, лит: I. M. TIR 1976, 145 - 148; И. М. 1996, 145 - 147; А. М. 1997, 66; В. Л., В. И. 1997, 27, бр. 94; I. M. 2002, 278.

3 км. северозападно од селото, на пониска јужна тераса, во центарот на цивилна населба опфатена со обѕидие, стоела голема базилика чииишто темели и делови од пластика и денес лежат околу средновековната црква. На темелите од базиликата е изградена помала средновековна црква.

20. С. Ивањевци - *во селото*, лит: I. M. TIR 1976, 65; В. Л., В. И. 1997, 27, бр. 97.

На северната периферија од селото, на благите ридови се сретнува архитектонска камена пластика од ранохристијанска црква.

21. С. Ивањевци - *Св. Тодори*, лит: I. M. TIR 1976, 65; В. Л., В. И. 1997, 27, бр. 98.

Во дворот на црквата и на неа се сретнуваат парчиња од архитектонска камена пластика од ранохристијанска црква.

22. С. Крстоар - *Кисела вода.*

Јужно од селото при градење на ресторан и базен, забележани се темели на базилика од доцноантичко време, со камена пластика. Денес се наоѓаат под базенот.

23. С. Крстоар - *Црквиште*, лит: Т. Ј. 1996, 34.

Околу 300 м. северозападно од манастирот Св. Кристифор откриен е мозаичен под и ѕидови градени од камен и варов малтер. На местото од објектот сочуван е еден довратник од мермер, делови од мермерен саркофаг, мермерен столб, ќерамиди, тули и друг градежен материјал.

24. С. Лопатица - *Св. Спас, Ограѓе*, лит: М. Г. 1954, 120; В. Л., В. И. 1997, 28, бр. 122; В. Л. 2002, 767- 769.

Иако М. Грбиќ ја забележал оваа локација сега ова место не можи да се пронајди. И во разговор со најстарите мештани никој не знаеше да ми укаже на местото. Само В. Лилчиќ на локалитетот *Ограѓе* (југозападно од селската црква) опишува елементи од црква и темели.




*Сл. 92 - Лопатица, Ограѓе, мермерни бази и дел од столб*

25. С. Маково - *Латинска црква, Монски Дол*, лит: I. M. TIR 1976, 83; В. Л., В. И. 1997, 29, бр. 128; В. Л. 2002, 769.

На северната периферија на селото, во една мала долинка забележани се остатоци на мала ранохристијанска црква со фрагменти на мермерни столбови и обработени мермерни блокови.

26. С. Мојно - *Грашиште*, лит: И. М. 1970, 325 - 339; I. M. TIR 1976, 87; I. M. 2002, 278.

500 м. западно - југозападно од селото, во близина на јужната периферија од мала населба, се гледаат темели од една мала ранохристијанска црква.

27. С. Мојно - *Шипур*, лит: I. M. TIR 1976, 87; В. Л., В. И. 1997, 29 бр. 143; В. Л. 2002, 769; I. M. 2002, 277 - 278.

1,7 км. западно - југозападно од селото, била забележана голема, трободна ранохристијанска базилика, во урнатини. Од камена пластика сочувано е: два капители од мермер, фрагменти од столбови и мермерни блокови.

28. С. Ношпал - *Латинска црква*, лит: I. M. TIR 1976, 92; В. Л., В. И. 1997, 28, бр. 154; В. Л. 2002, 769.

Во рамнината, југозападно од селото има остатоци од темели на една ранохристијанска црква, делумно ископувана во 1953 и 1954 год.

29. С. Олевени - *Св. Ана*, лит: Н. В. 1931, 34 - 67; И. М. 1999, 40.



*Сл. 93 - Олевени, Св. Ана, мено взидано во подот на новата црква*

600 м. западно од селото, во новоизградена црква, во подот е соѕидано мермерно прозорско мено. Се гледа и мермерен блок со вдлабнатина, најверојатно дел од чесна трпеза. Во подот е взидан и многу оштетен капител. Надвор од црквата, видливи се ѕидови од градби од кршен камен, грамади од камења и фрагменти од ќерамика. На фасадата од новата црква, на источната страна соѕидан е камен гранит со 115 x 45 см. со стар македонски натпис од 16 реда, во висина од 40 см. на кој се споменува Филип, Александар и др.







*Сл. 94 - Рамна, Раменска Тумба, основа (лево), мено и капител (десно)*

30. С. Олевени - *Брце*, лит: Н. В. 1937, Nr. 64 - 67; I. M. 2002, 278.

Во самиот локалитет на западната страна се наоѓаат темели на мала ранохристијанска црква.

31. С. Рамна - *Раменска Тумба*, лит: Т. Ј. 1966, 146; В. Л., В. И. 1997, 28, бр. 129; В. Л. 2002, 773.

2,5 км. југозападно од селото, откопана е мала трокорабна црквичка со нартекс, северен анекс и два јужни анекси. Внатрешната поделеност на корабите била најверојатно, изведена со поделба на аркади. Од сочуваната пластика можи да се евидентира: два капитела, двоен прозорски столб, импост за прозорско мено и горен дел од мермерен столб.

32. С. Рапеш - *Момило*, лит: I. M. TIR 1976, 106.

700 м. северно од селото, на низок карпест врв, во мала населба се наоѓаат темели на голема ранохристијанска црква, делумно истражена.

33. С. Раштани - *Кале*, лит: Г. Ф. Л., П. С. 1978/81, 114 - 116; В. Л., В. И. 1997, 33, бр. 123; В. Л. 2002, 775.



*Сл. 95 - Раштани, Кале*

На југоисточната страна во локалитетот биле ископани темели од сакрален објект, со недоволно прецизирано датирање. Трободна базилика, мермерни плочи, фрагмент на мермерно прозорско мено, дел од мермерен довратник. Спрема В. Лилчиќ се работи за ранохристијанска базилика во постара фаза, која во среден век била обновена. Конструкцијата била крстовиден наос и нартекс, централна апсида со апсидалии.

34. С. Свети Тодори - *Манастир*, лит: I. M. TIR 1976, 65.

Во северниот дел од селото околу црквата има повеќе мермерни блокови со исклесани релјефи. Два венци од ранохристијанска црква, блиску до манастирот *Св. Тодори*. На падината од планината има повеќе остатоци од архитектонска пластика, кои се прибрани во истата црква, делови од столбови, бази и делови од архитраф.

35. С. Стрежево - *Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 121; И. М. 1996, 149; В. Л., В. И. 1997, 44, бр. 209; В. Л. 2002, 775; I. M. 2002, 282, 283.

1 км. југозападно од селото се наоѓаат остатоци на голема ранохристијанска базилика. Во внатрешноста е откопана подна мозаична декорација и фрагменти од архитектонска пластика од мермер, богато декорирани. По откопувањето, локалитетот е затрупан. Датирана е во VI век.




*Сл. 96 - Стрежево, Кале, столб и парапетна плоча*




*Сл. 97 - Суводол, Синевир, основа (лево), парапетни плочи (десно)*



*Сл. 98 - Суводол, Синевир, реконструкција на олтарната преграда (од Љубинка Цидрова). Се наоѓа во Музеите на Македонија, Скопје.*

36. С. Суводол - *Синевир, Стара Црква*, лит: Ф. М. 1932, 70 - 74; I. M. TIR 1976, 123; В. Л., В. И. 1997, 34, бр. 213; I. M. 2002, 284.

Околу 600 м. источно од селото, на една падина од Селечка Планина, во местото каде што се спојуваат Ореовска и Синевирска Река, е пронајдена трокорабна базилика, со нартекс, егзонартекс и правоаголни анекси на западната страна, како и северни анекси во кои се наоѓала просторија - крстилница. Бил откриен и мозаичен под во презвитериумот. Од сочувана камена пластика имаме: две олтарни плочи, три парапетни плочи од преградата, олтарни столбци со столбови, архитраф, чесна трпеза и друго.

37. С. Цапари - *Конопиште*, лит: I. M. 1986, 226 карта; В. Л., В. И. 1997, 34, бр. 224; I. M. 2002, 268.

2 км. од северозападниот крај на селото се наоѓа локалитетот со поголема ранохристијанска базилика, со мозаичен под, датирана во VI век.

**5. Регија на Порече**

1. С. Белица - *Велика*, лит: I. M. 1986, 226 карта; А. К. 1996, 48; В. Л., В. И. 1997, 21, бр. 13.

На северната периферија на селото, на високо плато оградено со ридови, на североисточниот крај на локалитетот Велика, откриени се темели од мала ранохристијанска црква.

2. С. Миокази - *Венец*, лит: И. М. 1996, 160 - 162.

Во југозападното подножје на *Кале Ижиште*, на ритчето Венец, во VI век била изградена уште една крепост. Во неа имало голема тробродна базилика со баптистериум на југ, нартекс, егзонартекс и околу ниши. Во околината се среќава архитектонска камена пластика.

3. М. Брод - *Рајчиница*, лит: I. M. 1987, 124; М. И. 1987, 123 - 124.

Во северозападниот дел на градот, во новата населба, откриени се темели на ранохристијанска базилика со апсидалниот дел.

4. М. Брод - *Кале*, лит: М. И. 1986, 124; I. М. 2002, 291.

Во околината на локалитетот, на јужниот дел, делумно е откопана ранохристијанска базилика од VI век.

5. С. Модриште - *Црквиште*, лит: I. M. TIR 1976, 87; I. M. 2002, 87.

Северно од селото во самата тврдина имаме остатоци од ранохристијанска базилика со мермерна архитектонска пластика, делумно откопана.

6. С. Слатино - *Градиште, Кале,* лит: I. М. 2002, 297 - 298.




*Сл. 99 - Миокази, Венец, основа*

Во внатрешниот дел на тврдината, во јужниот дел на акрополата се гледаат остатоци од троделна градба со источно - западна ориентација, со апсис на источната страна. Веројатно ранохристијанска црква со мозаик од седиментни камчиња.

7. С. Црешнево - *Бресје*, лит: А. К. 1996, 51 - 52.

Во самото село, во маалото "Старовци", на високо мало плато, под урнатини на црква се наоѓаат темели од ранохристијанска базилика. Наоколу се расфрлени делови од капители, колони, бази и друго.

## 6. Регија на Демир Хисар

1. С. Вирово - *Црквиште.*

Северозападно над селото, на еден рид се наоѓаат темели на ранохристијанска базилика со апсида. Над базиликата е изградена црква.

2. С. Единаковци - *Црква*, лит: I. М. TIR 1976, 51; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 136.

Околу 2 км. југозападно од селото, се гледаат остатоци од темели од ранохристијанска црква, мермерни столбови, базиси, украсени блокови.

3. С. Железнец - *Градиште*, лит: Г. Г. 1981, 92ф; I. М. 2002, 302 - 303.

Во самата тврдина на источниот дел имаме остатоци од голема просторија со длабок под. Според големината, ориентацијата и положбата најверојатно се работи за ранохристијанска црква.

4. С. Журче - *Св. Аӣанас.*

Околу 2 км. североисточно од селото, во масивите на месноста "Бирино" се наоѓала ранохристијанска базилика, над чии темели денес е изградена манастирска црква *Св. Аӣанас.* Во околината се наоѓаат расфрлани парчиња од мермерни столбови.

5. С. Обедник - *Градишӣе, Сува Река,* лит: Г. Г. 1981, 98; І. М. 2002, 302.

Околу 500 м. северозападно од селото, во подножјето на тврдината на локалитетот *Сува Река,* откриени се остатоци на црква, ранохристијанска. На теренот се забележуваат контури од апсида, по површината се гледаат фрагменти од тули, бигор, а има и 5 фрагменти од мермерна рамка и бунар, веројатно - крстилница.

6. С. Слоештица - *Заврӣон, Винов Град,* лит: Г. Г. 1981, 100; В. Л., В. И. 1997, 33, бр. 202.

Околу 2 км. североисточно од селото, 100 м. лево од патот, на свијокот на Слоешка Река (каде што таа завртува - "Завртон") се наоѓа ранохристијанска базилика. Пронајдени се ѕидни фрагменти, тули и тегули, мермерно прозорско мено, импост капител, ќерамички тамбур и друго. Косините на пронајдениот базис (сл. 93) укажуваат дека истиот припаѓа на стилот кој се користел во доцниот VI и раниот VII век.

7. С. Суводол - *Св. Боīородица,* лит: Г. Г. 1981, 102; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 42; В. Л., В. И. 1997, 34, бр. 214.

300 м. северозападно од селото, во непосредна близина на локалитетот *Кукишӣа* е изградена црквата *Св. Боīородица* во 1941 година врз темели на ранохристијанска базилика. Таа била тробродна базилика бидејќи постојат трагови од ѕидови, северно и јужно од денешната црква. Од камена пластика сочувани се мермерни остатоци, расфрлени околу црквата и внатре во неа.

8. С. Суводол - *Граишӣе, Боīородица,* лит: І. М. 1966, 65; І. М. TIR 1976, 60; Г. Г. 1981, 101; І. М. 1981/82, 182; І. М. 2002, 300, 302.

Јужно од селото во долината кај современата црква се наоѓаат темели од ранохристијанска базилика. Пронајдена е архитектонска градежна пластика од VI век.




*Сл. 100 - Слоешӣица, Заврӣон, Винов Град, ӣрозорско мено со каӣиӣел*



*Сл. 101 - Бела Црква, Св. Богородица, јонски импост капители*

**7. Крушевска регија**

1. С. Кривогаштани - *Бела Црква*, лит: В. Л., В. И. 1997, 21, бр. 12.

Во самото село се препознаваат темели од ранохристијанска базилика и околу неа расфрлена камена пластика, мермер.

2. Крушево - *Св. Преображение*, лит: М. И. 1990, 201 - 202.



*Сл. 102 - Крушево, Св. Преображение*

На околу 15 км. северозападно од градот, на јужните падини од Бушева Планина, на ридот Голоманица има зарамнето плато. Откриена е трobродна ранохристијанска базилика при расчистување на теренот.

3. С. Локвени - *Кале*, лит: I. М. 2002, 392.

Во околината на локалитетот, кај северниот дел, на југозападниот раб од селото Турско, во 1974 год. при сондажни ископувања, ослободен е мозаичен под од ранохристијанска црква.

4. С. Подвис - *Црквиште*, лит: В. Л., В. И. 1997, 32, бр. 108.

0,5 км. северозападно од селото се сретнуваат темели од ранохристијанска базилика и архитектонска камена пластика.

5. С. Пресил - *Св. Богородица и Св. Ѓорѓи*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 203.

200 м. југозападно од селото, на зарамнето плато се наоѓа црква подигната врз темели на постара ранохристијанска базилика.

6. С. Растовица - *Гумниште*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 203.

6 км. североисточно од селото се гледаат остатоци од ранохристијанска базилика со големи димензии.

**8. Прилепска регија**

1. С. Бела Црква - *Св. Богородица*, лит: Н. В. 1931, 140 - 141; В. Л. 2002, 923 - 925.

Позицијата на селото е во рамнина. Пронајдени се примероци од камена пластика кај селската црква од доцноантички период, што зборува за постоење на ранохристијанска црква. Трите архитектонски елементи од базиликата се: јонски импост капител, импост за капител со декориран грчки крст и дел од парапетна плоча.

2. С. Бело Поле - *Манастириште*, лит: I. М. TIR 1976, 24; В. Л., В. И. 1997, 21, бр. 14.

Источно од селото, на венецот на изолирана височинка, во средината на една широчинка, имаме темели и ѕидови од ранохристијанска трободна базилика со странични анекси. Источниот дел во црквата, од источната страна е дел од презвитериум. Околу неа се наоѓаат фрагменти од ќерамиди, парчиња од грнчарија и архитектонска пластика. Датирана е во V - VI век.




*Сл. 103 - Браилово, Манастириште, капители*

3. С. Браилово - *Манастириште, Св. Илија*, лит: I. М. TIR 1976, 29; В. Л. 1984, 90 - 92, Б. Б., Б. К. 1996, 282; В. Л., В. И. 1997, 22, бр. 22; В. Л. 2002, 925 - 929; I. М. 2002, 342.

1 км. југозападно од селото, во темелите на денешната црква Св. Илија се наоѓа ранохристијанска базилика. Таа била трокорабна. Во кругот на црквениот двор се наоѓаат десетина мермерни делови од некогашната базилика и тоа: 3 јонски импост капители, импост пиластер, импост за прозорско мено, монолитен постамент и друго.

4. С. Браилово - *Селска гробјанска црква Св. Недела*, лит: В. Л. 2002, 929.

Околу 1 км. североисточно од манастирот Св. Илија се наоѓа селската гробјанска црква. Во дворот има неколку примероци од доцноантичка камена пластика: го-

рен и долен дел од столб за прозорско мено. На локалитетот не се приметливи траги од темели од ранохристијанска базилика. На мислење сме дека споменатата пластика е донесена од локалитетот *Манасшириште*.

5. С. Вашарејца - *во околинаша*, лит: И. М. 1986, бр. 226 - карта; В. Л., В. И. 1997, 22, бр. 31.

На картата е забележано дека постои ранохристијанска црква.

6. С. Витолиште - *Перивол*, лит: G. K. 1923, 295 - 296; I. M. TIR 1976, 132; I. M. 1981/82, 186; Л. и К. К. 1985/86 (1989), 215 - 223; Л. и К. К. 1987/89 (1990), 191 - 198; Н. Ч. 1992, 215 - 216; В. Л., В. И. 1997, 23, бр. 41; В. Л. 2002, 935; I. M. 2002, 364, 366 - 367.

Во месноста "Св. Петка" лоциран на поширокиот потез *Перивол*, од најниската тераса, од нивите се изорани елементи од камена пластика на една ранохристијанска базилика: 2 столпчиња од колони, 2 фрагменти од прозорски меноа, мермерен капител и бази.

7. С. Галичани - *Галичик Рудина*, лит: Б. Б. 1961, 33; I. M. TIR 1976, 55; I. M. 1986, 226 карта; Б. Б., Б. К. 1996, 292; В. Л., В. И. 1997, 23, бр. 46.

Во селската црква "Св. Атанасие" се наоѓаат неколку мермерни делови од ранохристијанска базилика донесени од месноста *Галичик Рудина* и тоа:




*Сл. 104 - Браилово, Св. Недела, дел од сшолб за мено*




*Сл. 105 - Вишолишше, Перивол и Св. Илија, камена йласшика*




*Сл. 106 - Дабница, Трескавец,*
*йарайейни йлочи*

делови од столбови, архитрални греди и бази. Со сигурност на локалитетот *Галичик Рудина*, на местото од античкиот храм, изградена е ранохристијанска црква. Но со раскопувања од месното население, испревртена е стратиграфијата и профилот на земјиштето.

8. С. Големо Коњари - *Св. Тројца*, лит: I. M. TIR 1976, 57; В. Л., В. И. 1997, 23, бр. 49.

Локалитетот се наоѓа помеѓу селата Големо и Мало Коњари, во рамнината. Пронајден е ранохристијански капител, дел од голем мермерен столб, 3 базиси од мермерни столбови и архитектонска пластика од ранохристијанска црква од V век. Сè уште не е откопана.

9. С. Дабница - *Манасйир Трескавец*, лит I. M. TIR 1976, 72; И. М. 1996, 268; В. Л., В. И. 1997, 24, бр. 65; В. Л. 2002, 937; I. M. 2002, 359 - 360.

2 км. северозападно од селото, во месноста "Горно Село" се наоѓа црквата Св. Богородица, изградена врз ранохристијанска базилика. Сочувани се парчиња од мермерни столбови и други украси расфрлани околу. На 3 парапетни плочи, ѕидани во западната фасада на сегашната црква - искористени секундарно - со сигурност ни зборуваат за постоење на ранохристијанска базилика.

10. С. Дебреште - *Кале*, лит: I. M. TIR 1976,40; Б. Л. 1995, 234; И. М. 1996, 255 - 257; В. Л., В. И. 1997, 26, бр. 71; В. Л. 2002, 937 - 939; I. M. 2002, 348 - 350.

1,5 км. југоисточно од селото, на северозападниот раб на Пелагониското поле, во источниот дел од тврдината *Кале*, покрај источната порта во внатрешноста на обѕидието била подигната помала ранохристијанска, трокорабна црква со нартекс и анекс, со крипта и на север - крстилница. И денес на теренот се наоѓаат неколку примероци од камена пластика: јонски импост капител, дел од импост за прозорско мено и база за прозорско мено.

11. С. Долгаец - *Манасйир*, лит: Б. К., Б. Б. 1996, 297.

2 км. северно од селото, во планинскиот дел се гледаат темели од ранохристијанска базилика градена од кршен камен и малтер и фрагменти од други антички покривни ќерамиди.

12. С. Дреновци - *Мрамор*, лит: I. M. TIR 1976, 48; В. Л., В. И. 1997, 26, бр. 85; I. M. 2002, 351.

Околу 2 км. југозападно од селото, во долината, источно од патот за село Дупјачани и северно од патот Десово - Небрегово, врз голема широчинка, се наоѓаат темели од ранохристијанска базилика. Пронајдени се при орање, а околу неа се најдени парчиња од камена пластика: столб и капител со декоративна пластика. Датирана е во V - VI век.

13. С. Дуње - *Трӣчева Црква*, лит: Л. К., К. К., Б. К. 1986, 117; Л. К. 1997, 15; К. К. 2005, 247 - 257.

3 км. југозападно од селото, на блага висорамнина што се протега во правец североисток - југозапад, со благ пад кон северната страна се наоѓала базиликата. Во основата се оцртуваат наосот, полукружната апсида, нартексот, баптистериумот, катахуменеумот и егзонартексот на западната страна. Градена била од кршен камен и варов малтер. Ориентирана била исток - запад. Од мермерна пластика сочувани се фрагменти од парапетни плочи со христовиот монограм, фрагмент од капител и прозорско мено. Најдени се монети од Констанс I и Теодосије I. Датирана е во доцна антика.



*Сл. 107 - Дебреш̄ше, Кале*




*Сл. 108 - Дуње, Трӣчева Црква*

14. С. Загорани - *Латинска Црква*, лит: I. M. TIR 1976, 135; В. Л., В. И. 1997, 26, бр. 90; В. Л. 2002, 939.

Во непосредна близина на селото, од неговата западна периферија се наоѓа доцноантичка црква. Забележан е двоен прозорски столб за мено вѕидан во новата црква, полирани мермерни блокови, мермерни столбови и бази од мермер.

15. С. Зрзе - *Триолтар, Клениче*, лит: В. Л., В. И. 1997, 27, бр. 96.

Североисточно од селото кон патот за Долнени се наоѓаат темели од ранохристијанска црква со три олтари. Околу неа се пронајдени камени елементи кои се разнесени по други локации.

16. С. Зрзе - *Манастир Св. Спас*, лит: В. Л., К. С. 1992/93, 234 - 236; И. М. 1996, 259 - 260; Б. Б., Б. К. 1996, 300; I. M. 2002, 369.




*Сл. 109 - Зрзе, Манастир Св. Спас, капител*

1,2 км. северозападно од селото се наоѓа локалитетот *Св. Спас*. На источниот дел од локалитетот била изградена ранохристијанска црква, а околу неа е видлива мермерна пластика.

17. С. Кадино Село - *Божиница*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 300.

Во непосредна близина на селото се гледаат темели на објекти со камена пластика која се користела во ранохристијанските базилики.




*Сл. 110 - Костинци, Св. Богородица Мала, капители*




*Сл. 111 - Манасшир, Градок,*
*базилика А (лево) и базилика Б (десно)*

18. С. Костинци - *Св. Богородица Мала*, лит: В. Л., В. И. 1997, 28, бр. 111.

Во селото, во близина на црквата, пронајдена е архитектонска камена пластика од доцноантичкиот период.

19. С. Лопатица - *Неделска Вода*, лит: I. M. TIR 1976, 80; Б. Б., Б. К. 1996, 302; В. Л., В. И. 1997, 28, бр. 122.

Во непосредна близина над селото, на мала широчинка, во доцноантичка населба е најден бронзен, ранохристијански крст. Има индиции поврзани со други наоди од архитектонска камена пластика, дека на местото постои ранохристијанска базилика.

20. С. Манастир - *Градок, Маркови Кули*, лит: И. М. 1996, 69; Н. Ч. 1993, 221 - 226; В. Л., В. И. 1997, 29, бр. 130, 131; I. M. 2002, 344 - 346; В. Л. 2002, 943.[540]

4, 5 км. северно од селото, во внатрешноста на тврдината при локалитетот, во источниот дел од акрополата, на доминантно место има остатоци на добросочувана ранохристијанска базилика од VI век (А). Градена е од големи кршени камења, украсена со полукружни апсиди со три високи прозорци до 3,5 м., добро сочувани и поделени со аркади. Врвовите се направени од малтер а аркадите од лесен песок - чакал. Базиликата има нартекс од двете страни и анекс.

540 В. Лилчиќ ја сменува локацијата на локалитетот, не припаѓа во атарот на село Чаниншта, туку во село Манастир.

Во западниот дел на акрополата постои друга базилика (Б). Ѕидовите на апсидата се направени и украсени со кршен камен, од надворешната страна. Сочувани се во висина од 1 - 1,5 м. Внатрешниот простор покриен е со градежен материјал од самата базилика.

21. С. Манастир - *Св. Никола*, лит: Б. Б. 1981, 33; Б. К. 1986, 115; Л. К. 1995, 13; В. Л., В. И. 1997, 29, бр. 132; А. М. 1997, 77.

Во непосредна близина на селото, од јужната страна се наоѓа црквата. Пред влезот, како и во неа има архитектонска камена пластика од ранохристијанска базилика.




*Сл. 112 - Манастир, Св. Никола, архитектонска камена пластика*




*Сл. 113 - Небрегово, Латинска Црква, основа (лево), архитектонска камена пластика (десно)*

22. С. Небрегово - *Латинска Црква, Манастир Св. Јован*, лит: I. М. TIR 1976, 90; В. Л. 1984, 98 - 108; В. Л., В. И. 1997, 30, бр. 146; В. Л. 2002, 947 - 952; I. М. 2002, 355.

2 км. југозападно од селото, западно во поножјето на планината Мука се наоѓаат остатоци од базилика. Од архитектонски елементи забележани се 6 јонски импост капители, еден столбец од олтарна преграда, 5 делови од импост за прозорско мено, низок импост за пиластер, ранохристијанска писцина - крстилница и прозорски столб со долен правоаголен дел.

23. С. Никодин - *Бресје, Желкаец*, лит: I. М. TIR 1976, 91; Б. Б., Б. К. 1996, 305; В. Л., В. И. 1997, 30, бр. 49.

1, 5 км. источно од селото на патот за село Фариш се наоѓа базилика во која се најдени неколку парчиња од архитектонска пластика.

24. С. Ореовец - *Црквиште*, лит: Н. В. 1937, 34.

Во "Бачкова Нива" на поголема површина се видливи траги од мермерна пластика, фрагменти од столбови и прозорско мено.

25. С. Пашино Руфци - *Св. Арангел*, лит: В. Л., В. И. 1997, 32, бр. 175; Б. Б., Б. К. 1996, 305 - 306.

1,8 км. северозападно од селото се наоѓа чука "Брамeница", каде се наоѓала доцноантичка населба. Се претпоставува дека во неа се наоѓала базилика, чии наоди се преместени во црквата *Св. Арангел* и тоа: четирилисен капител и доцноантичка база.

26. С. Подмол - *Селска Чешма*, лит: В. Л., В. И. 1997, 32, бр. 182; В. Л. 2002, 955.

Во центарот на селото, на селската чешма документиран е горен дел на столбец од олтарна преграда од ранохристијанска црква. Можно е да е донесена од црквата Св. Димитрија која е оддалечена околу 100 м. од чешмата. Претпоставуваме дека црквата е изградена врз темели на ранохристијанска црква.

27. С. Полчишта - *Манастир Мелница*, лит: I. М. TIR 1976, 85; I. М. 2002, 353-355.

Околу малата црква "Св. Димитрија" се наоѓаат темели од ранохристијанска базилика, позната под името *Манастир*, има остатоци од блокови мермер, делови од столбови, 4 базиси, 1 мермерен капител и мено.

28. Прилеп - *Баба*, лит: В Л., А. М. 1995, 148; В. Л., В. И. 1997, 33, бр. 184; А. М. 1997, 66, 68 - 70, 72.

5 км. североисточно од градот Прилеп во близина на карпата наречена "Баба" се наоѓа обѕидие во кое има една просторија на југоисток. Во внатрешноста има култна капела со плитка полукружна ниша.

29. Прилеп - *Варош, Св. Архангели, Св. Никола, Св. Атанас*, лит: В. Л., В. И. 1997, 22, бр. 28, 29; В. Л. 2002, 931 - 933.

Во дворовите на овие цркви лежи доцноантичка камена пластика и воглавно искористени како секундарен градежен материјал користен во објектите на средновековните цркви. Во *Св. Архангели* од камена пластика е пронајдено: јонски импост капител, мала база и столбови. Во *Св. Никола*, во дворот има импост за прозорско мено. Во *Св. Атанас*, во дворот, се наоѓаат неколку столпчиња кои потекнуваат од некоја доцноантичка базилика.




*Сл. 114 - Прилеӣ, Варош, Св. Арханḡели, Св. Никола, Св. Аѿанас, архиѿекѿонска камена ӣласѿика*




*Сл. 115 - Прилеӣ, Варош, Св. Боḡородица, олѿарен сѿолб*




*Сл. 116 - Слеӣче, Манасѿириш̄ѿе, архиѿекѿонска камена ӣласѿика*

30. Прилеп - *Варош, Св. Богородица*, лит: В. Л., В. И. 1997, 22, бр. 12, 30.

Во црквата и околу неа се среќава архитектонска камена пластика од ранохристијанска базилика.

31. С. Прилепец - *Црквиште, Св. Димитрија*, лит: В. Л. 1996, 43; В. Л., В. И. 1997, 33, бр. 185; В. Л. 2002, 955.

Во северозападниот дел на селото се наоѓа црква во урнатини, со мала должина. Се наоѓаат камени елементи кои укажуваат на постоење на ранохристијанска црква.

32. С. Прилепец - *Марков Ѕид*, лит: I. М. 1966, 71; I. М. TIR 1976, 99; I. М. 2002, 358.

Во околината на локалитетот, на 0,6 км. југоисточно (тераса манастир) имаме остатоци од ранохристијанска базилика, со градежна пластика од мермер, бази, столбови и импост капители.

33. С. Ракле - *Чаршија, Црква, Венци*, лит: I. М. TIR 1976, 106; В. Л., В. И. 1997, 33, бр. 191.

4 км. југоисточно од селото, јужно од патот на блага падина има ѕидови на ранохристијанска базилика работена во камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од тегули, имбрекси и големи мермерни блокови.

34. С. Сенокос - *Св. Атанас*, лит: Н. В. 1937, 41 - 42.

Во ѕидот на селската црква се чуваат 2 столбови и дел од архитрална греда што припаѓале на ранохристијанска базилика.

35. С. Слепче - *Манастириште*, лит: В. Л. 1984, 96; В. Л., В. И. 1997, 33, бр. 199; В. Л. 2002, 957 - 959.

Локалитетот се наоѓа 1,5 км. северозападно под селото, на ниско возвишение под железничката пруга. Се препознава ранохристијанска базилика. Во селото Слепче се чуваат наоди од камена пластика и тоа: два јонски импост капители од бел мермер, база за прозорско мено, три делови на сте-




*Сл. 117 - Слейче, Соколица, архитектонска камена пластика*

била од столбови. Во селото Костинци, во црквата е донесен еден импост за прозорско мено од овој локалитет.

36. С. Слепче - *Соколица*, лит: I. M. TIR 1976, 116; В. Л. 1984, 94 - 95; В. Л., В. И. 1997, 33, бр. 200; В. Л. 2002, 957; I. M. 2002, 358 - 359.

1 км. јужно од селото, на истоимениот врв, во западното подножје на ридот "Соколички Камен", во дворот на селската црква се наоѓаат: импост од јонски капител, дел од импост и долен дел од мермерен столб. Ова укажува дека во *Соколица* постоела ранохристијанска трокорабна црква.

37. С. Тројкрсти - *Св. Дух*, лит: И. Н. - С. 1952, 171, 173 - 175; И. Н. - С. 1957, 35; В. Л., В. И. 1997, 34, бр. 218; В. Л. 2002, 959.

На западната периферија од селото, поточно од левата страна на пругата Битола - Прилеп е селската црква каде што се наоѓа еден јонски импост капител со декорација и горен дел од столб, вѕидан во подот на црквата.

38. С. Царевиќ - *Чешма, Св. Недела*, лит: I. M. TIR 1976, 33 - 34; В. Л., В. И. 1997, 34, бр. 224.

1, 5 км. северно од селото има остатоци од темели, најверојатно од ранохристијанска базилика. Во ѕидот на чешма во селото, е вграден капител од мермерни колонети (столбови) од ранохристијанска црква.

39. С. Црнилиште - *Полези, Св. Атанас*, лит: Б. Б., Б. К., 1996, 315

Помеѓу селскиот пат Слепче - Црнилиште и железничката пруга Прилеп - Скопје каде што се формира остар агол, се гледаат темели од градба со камена пластика од мермер, капители, столбови, делови од архитрални греди кои ги чуваат селаните.




*Сл. 118 - Тројкрсти, Св. Дух*
*јонски импост капител*




*Сл. 119 - Конско, остров Голем Град,*
*базилика во источниот дел на островот*




*Сл. 120 - Конско, остров Голем Град,*
*базилика во централниот дел на островот*

**9. Ресенска регија**

1. С. Конско - *Голем Град*, лит: В. Б. - Г. 1989, 101 - 130; В. Б. - Г. 1988, 187-200; В. Б. - Г. 1989, 29 - 32; В. Л., В. И. 1997, 27, бр. 105, 106.

На островот *Голем Град*, во источниот дел била изградена еднобродна базилика со полукружна апсида и мозаик. Уште една полукружна базилика со наос и полукружна апсида од надворешната страна е пронајдена во централниот дел на островот.

2. С. Курбиново - *Св. Крстовден, Св. Спас,* лит: I. M. TIR 1976, 76 - 77; Б. А. 1983, 57 - 63; Б. А. 1976, 26; Б. П. 1996, 338; В. Л., В. И. 1997, 28, бр. 118; I. M. 2002, 377.

Во селската црква, на западната периферија, вградени се повеќе сполии кои докажуваат дека темелите на црквата биле од ранохристијанскиот период, а мермерите од архитектонската пластика им припаѓале на базилика со големи димензии. Се гледаат: четири импост капители од кои 2 декорирани, 2 меноа, 2 мермерни бази, мермерен постамент и др.



*Сл. 121 - Курбиново, Св. Крстовден, ранохристијански капители*

3. С. Подмочани - *Св. Богородица.*

Околу селската црквата пронајдена е камена пластика од ранохристијанска базилика.

4. С. Покрвеник - *Св. Атанасие*, лит: В. Б. - Г. 1986, 107 - 120; В. Б. - Г., Б. П. 1989, 29; В. Л., В. И. 1997, 32, бр. 183.

Во просторот меѓу старата и новата населба се наоѓа локацијата на оваа трибродна базилика со нартека и крстилница со кружна писцина. Од архитектонска пластика пронајдени се: столбови, меноа, бази и два капители, едно мено на бифора, а другиот јонски импост капител од колонади на наос.




*Сл. 122 - Покрвеник, Св. Аѿанасие, основа (лево) и каѿиѿел (десно)*

## IX. Некрополи со наоѓалишта од доцниот III до VI век

Покрај некрополите треба да се објаснат и гробовите. Во доцната антика тие се групирани по начинот на кој се градени. Разликуваме 4 типови на гробови кои ги сретнуваме во некрополите:

***1. Саркофази и ѕидани гробници.***

Саркофазите се гробови кои припаѓаат на повисоката, богата класа. Потврдени се со гробните дарови, кои од овој тип на гробови редовно биле ограбувани. Саркофаг, во нашата регија од овој период откриен е кај с. Прилепец, Прилеп.[541] Тој бил детски, пронајден во голема мермерна гробница, датиран во ран IV век.

Ѕиданите гробници се правоаголни комори, ѕидани од тули и однатре обложени со тенки мермерни плочи. Пример, гробницата во *Пештерица* кај Прилеп[542] каде била погребана една богата матрона од средината на IV век.

***2. Гробови во вид на тесен ров, со водорамен или двосливен покрив од тегули.***[543]

Овие гробови обично се припишуваат на население со италско или готско потекло.[544] Начинот на погребување бил со инхумација. Ако покривот е само со една низа тегули, велиме дека се водорамно сложени, што значи дека тегулите лежат директно на дрвениот капак. Гробовите се тесни. Овде се гледа христијанска симболика: "Од земја си створен, во земја те враќаме".

Сретнуваме и варијанта на гробови од двосливна кровна конструкција. Обично составите на двосливните тегули составени се со имбрекси. Ориентирани се запад - исток. Понекогаш има и мали отстапувања, запад - северозапад и исток - југоисток.

---

541 Н. Вулић 1931, 174 - 176.

542 Б. Бабиќ 1965, 131 - 133.

543 Е. Манева 1980/81, 64 - 74; истата 1981/82, 133 - 137; Л. Кепеска, Г. Л. Филиповска 1987, 200; В. Б - Грозданова 1988, 203 - 209; истата 1989, 101 - 112; Е. Манева 1989, 161 - 181.

544 Е. Манева 1980/81,74 б. 17; В. Б - Грозданова 1988, 205 б. 5.

***3. Гробови од кршен камен во вид на циста.***

Ваквите гробови биле направени од вертикално поставени кршени камења, набиени со земја. Одгоре бил капакот, направен од водорамно сложени камења. Дното, во некои случаи било наредено со ситни камења.[545]

***4. Засводени гробници.***

Правени биле за заслужни граѓани и богати поединци. Во пелагонискиот регион, најдени се во: с. Ракле, Прилеп,[546] *Хераклеја*,[547] северо - источно од *Хераклеја* кај старата фабрика на "Прогрес"[548], *Подградиште*, с. Слатино, М. Брод[549] и во *Пешна*, с. Девич, М. Брод.[550]

**1. Битолска регија**

1. С. Барешани - *Думаноец*, лит: I. M. TIR 1976, 21.

1,2 км. северозападно од селото откопани се многубројни римски гробови од камени плочи - цисти. Во некои од нив најдени се монети од IV век.

2. С. Беранци - *Женски Дол*, лит: I. M. TIR 1976, 24; I. M. 2002, 262.

Некропола од доцноантичко време. Неколку од нив со покуќнина (грнчарија, монети од IV век, Пробус, Константин I и Константиновото семејство). Во еден од гробовите е вградена надгробна стела од првиот период. Мала некрпола.

3. С. Беранци - *Ристов Кладенец*, лит: I. M. TIR 1976, 25.

Некропола од доцноантичко време на 2 км. западно од селото. Римски гробови, изградени од големи камени плочи (цисти). Некои од нив со прилози (бронзен накит, монети од Проб, Константин I и др.). Мала некропола.

4. С. Бистрица - *Стара Црква*, лит: I. M. 1966, 64; I. M. 2002, 262.

Североисточно од локалитетот се најдени гробови од камени плочи тип циста, без наоди.

5. Битола - *Хераклеја Линкестис*, лит: Е. М. 1980/81, 65 - 74; Е. М. 1981 - 1982, 133 - 139; Е. М. 1985/86, 161 - 181; Е. М. 1985/86/87, 35 - 39.

Во источниот дел на градскиот ареал на *Хераклеја* откопани се доцноантички гробови во редови југоисток - северозапад. Меѓу овие гробови има два типа гробни конструкции: облик на циста и повеќе варијанти на покривни, поретко градежни тегули. Некрополата е од IV, V и VI век. Од наоди: ѕвездолика наушница, ѓердан од муниста, железна белегзија, бронзени монети од доцноантичка продукција. На потегот Партизански гробишта пронајдена е некропола со покривна, двосливна конструкција со тегули и инбрекси, карактеристични за периодот од III и IV век. Покојниците се инхумирани, ориентацијата, во основа е исток - запад. Во суштина постојат де-

545 М. Ивановски 1988, 35 - 57.

546 Б. Бабиќ 1974, 71.

547 И. Микулчиќ 1974, на планот за Хераклеја, бр. 22

548 Е. Манева 1980/81, 70; В. Лилчиќ 1983, 104.

549 B. Babić 1980, 31 - 34.

550 П. Јовановић 1935, 312 - 313.




*Сл. 123 - Хераклеја, гробни конструкции од некрополата кај Партизански гробишта*




*Сл. 124 - Хераклеја, гроб од некрополата extra muros*

лови од некрополата од помлад период. Проблемот е во немање на прилози, а со пообемни истражувања би можело да се ревидира и ова мислење. Да ја споменеме и северната некропола, помеѓу Зоолошката градина и Буковски гробишта, каде се пронајдени три гроба засводени со тегули, од кои два се на деца и еден на возрасен. Пронајдени се парчиња на згура и мал метален крст. На локалитетот *Хераклеја* пронајдена е една покривна имбрекс тегула која стоела на гроб, декорирана е со брановидни линии а на неа е впишан крст. Иста таква е најдена и на островот Голем Град на гроб од доцна антика.



*Сл. 125 - Хераклеја, згура и крст, пронајдени кај северната некропола (Буковски гробишта)*



*Сл. 126 - Хераклеја, шегули од гробни консшрукции*

***- Засводени гробници во Хераклеја од доцнаша аншика:***

Една е пронајдена во двор на старата фабрика "Прогрес", со западната страна вкопана во карпа. Уништена е при градење на каналот кој ги собира водите на реката Курделец. Од наоди се сретнува луковичеста позлатена фибула со два лика.

Другата е пронајдена во близина на северозападната кула кај акрополата, која сега е затрупана.

6. С. Горно Српци - *Грмадишша*, лит: Т. Ј. 1968, 52

Сондажни ископувања во текот на 1966 и 1967 година потврдија на ова место остатоци од доцноантичка некропола. Наоди: голем број на фрагменти од ќерамички садови.

7. С. Граешница - *Кале*, лит: М. Г. 1954, 113; I. M. TIR 1976, 60; И. М. 1981/82, 180; Г. М. 1987, 180; Т.Ј., Г.Ф. 1996, 27; I. M. 2002, 275.

Во околината на локалитетот, на источниот дел, на почетокот на планината се наоѓаат гробови со плочи од тегули. Пронајдени се монети од бронза и садови од IV век.

8. С. Градешница - *Граишше*, лит: I. M. 1966, 65 - 67; I. M. TIR 1976, 59; I. M. 2002, 275.

На источната страна од локалитетот се откриени повеќе гробови од тегули и камени плочи.

9. С. Дедебалци - *Лудеи*, лит: А. К. 1996, 28.

Населба и некропола од доцноантичко време на околу два километри од селото. Се наоѓа на падините на Селечка Планина, во блокот на ЗИК "Пелагонија". Откриени се камени плочи од гробни конструкции, а по површината има фрагменти од ќерамички садови, тегули, тули и градежен материјал.

10. С. Долно Српци - *Бели камења*, лит: Т. Ј. 1976, 30.

Пронајден е гроб со дно од рамни тули, (42х27х4 см.), на ѕидовите: лаконски тип тегули (68х36х3 см.), капакот е од голема мермерна стела со релјеф (ковач) и грчки натпис, II - ран III век. Наоди: траги од скелет, една стомна со една рачка, неколку монети - ситна бронза на Константин I и некои од синовите.




*Сл. 127 - Долно Срйци,*
*ӣроб од Бели камења,*

11. С. Живојно - *Кале*, лит: I. M. 1966, 64; I. M. TIR 1976, 136; И. М. 1981/82, 180; I. M. 2002, 285.

На југозападниот дел од локалитетот се наоѓа исфрлена тераса на која се пронајдени многубројни гробови со тегули и камени плочи (цисти). Од наоди имаме монети од III и IV век.

12. С. Живојно - *Кералоӣ*, лит: I. M. TIR 1976, 136.

Во март 1956 год. во нивата на М. Марковски откопани се 4 гроба. По увид на Музејот од Битола (П. Мачкиќ) откопани се уште 2 гроба (број 5 и 6). Гроб број 1: Циста од убаво делкани камени плочи, јужната страна е *сӣолиум* - раноримска, надгробна стела со грчки натпис (излижан), капакот на надгробната стела (сполиум) со нечитлив грчки натпис (HPA ГА ...), фугирани се со варовен малтер, залиени. Гробницата лежела 0,80 м. под површината; длабока е 0,62 м. а внатре е голема 1,94x0,82 м. Наоди: еден голем ќерамички сад - стомна, n? Гр. 2, 3 и 4:? Гроб број 5: Четвртаста јама со рамно дно, поплочена со две тегули (лаконски тип), голем 1,13x0,34 м. На истиот крај траги од черепот, раце и ребра - детски. Наоди: железен торквес и бронзени белезици. Гроб број 6: Четвртаста јама во земја, без дно, плитка (0,25 м.), голема 1,90x0,60 м. Од скелетот само траги од рака. Во гробовите најдени се и голем број на монети од доцна антика.

13. С. Зовиќ - *Горна Црква, Горни Лозја* - лит: I. M. 1966, 65; I. M. TIR 1976, 137.

0,6 км. северно од селото, на нагорнина се среќаваат гробови од камени плочи - цисти. Пронајдени се монети од Максимилијан, Валенс, Константин I, Констанције и Јулијан.

14. С. Кравари - *Чукуӣ*, лит: А. К. 1996, 34.

Некропола од доцноантичко време, на околу 500 метри западно од селото. При обработка на земјата жителите откриле гробови градени од камен,

покриени со големи камени плочи. Плочите се правилно изделкани. Типот на гробовите е циста.

15. С. Маково - *Латинска Црква*, лит: I. M. TIR 1976, 83.

Воблизина на северната периферија на селото, околу црквата се наоѓа населба и некропола од доцноантичко време. Изградени од камени плочи - цисти (мермер). Некои со инвентар (бронзен накит и стаклени парчиња). Мала населба, утврдување, со доцноантичка некропола.

16. С. Маково - *Чкорје, Римски Гробишта*, лит: I. M. TIR 1976, 83.

На потегот "Завој", на југоисточниот долен дел на селото, најдени се парчиња од римска грнчарија од доцниот период. Големи питоси и монети. На местото викано *Римски Гробишта* се наоѓаат римски гробишта од доцниот период, изградени од мермерни плочи. Малата некропола припаѓала на мала населба (планинска - утврдување).




*Сл. 128 - Живојно, гробови од Кералот*

17. С. Могила - *Средсело*, лит: Д. С. 1987, 138.

На просторот источно од денешната пошта, северно од селскиот пат, откриени се вкупно 51 гроб, од кои 16 се примитивни и едноставни гробни конструкции од камени плочи, додека 35 се дрвени ковчези, слободно вкопани. Гробовите не формираат редови, но се со ориентација запад-исток, со мали отклони во правец на север или југ. Во гробовите откриени се токи, пафти и ѓердани од стаклена мониста. Датирани се во V век. Според карактерот на наодите прелеминарно се поврзуваат со Источните Готи.

18. С. Ношпал - *Латинска Црква*, лит: I. M. TIR 1976, 92.

Во рамнината, југозападно од селото, околу ранохристијанска црква, откриени се бројни римски гробови и една гробница. Гробовите биле изработени од камени плочи, цисти, некои од нив со гробен инвентар (бронзен накит и парчиња од стакло или стаклена паста) од доцноантички период.

19. С. Олевени - *Брце*, лит: I. M. 2002, 278.

На западниот дел во населбата се најдени гробови, свртени кон исток.




*Сл. 129 - Паралово, Мавер,*
*план на некрополата (лево) и изглед на два гроба (десно)*

20. С. Паралово - *Мавер, Срчак*, лит: Д. С. 1987, 136; А. Ѓ. 1988, 174 - 176; А. Ѓ. 1988, 23 - 26; А. Ѓ. 1996, 38.

При изградба на нов пат откриена е некрополата, околу 1,2 километри западно од селото. Откриени се 62 гроба, градени од големи камени плочи - циста. Ориентацијата е запад - исток, погребувањето е скелетно. Од наоди имаме: мониста од стакло различни по форма, бронзена тока, дел од бронзени фибули, ќерамички садови од доцноантички период и римски монети од IV и V век.

21. С. Рапеш - *Чуки*, лит: I. М. TIR 1976, 106.

Мало возвишување, на 2 км. североисточно од селото пронајдени се римски гробови, изградени од камени плочи (цисти). Некои од нив со погребен инвентар (вази и монети од IV век). Голема некропола.

22. С. Раштани - *Стари Гробови*, лит: Л. К., Г. Ф. 1987, 196, 199 - 201; I. М. 2002, 278.

Јужно од селото, на блага падина, источно и јужно од селската црква, откриени се повеќе доцноантички гробови, датирани во V век. Се наоѓаат на северозапад од локалитетот *Кале* - с. Раштани. Градени од камени плочи - цисти и гробови со конструкција од тегули на две води. Еден е карактеристичен. Од западната страна затворен е со фрагментирана тегула, а од источната со триаглеста тегула со кружен завршеток. На дното има две тегули од кои едната е украсена со орнамент на спирала. Гробот е без траги од скелет и

прилози - кенотаф. Од прилози имаме наоди од V век, доцноримска монета и фрагментирана фибула со шарнир.

23. С. Сливица - *Градиште*, лит: I. M. 2002, 279.

Во 1954 год. во близина на локалитетот, на југоисточниот дел откриени се 10 гробови од камени ковчези, со многубројни наоди, садови од глина со брановидни линии и многу монети од Константин I па сè до Јулијан.

24. С. Сливица - *Среден Рид*, лит: I. M. 2002, 279.

На една мала височинка, во близина на југозападната периферија на селото се наоѓале неколку римски гробови од доцниот период. Направени се од камени плочи тип циста со покуќнина: вазни од ќерамика, монети од бронза. Мала некропола.

25. С. Сливица - *Шипод*, лит: И.М. 1974, 109 - 143 сл. 68, 74, 79; I. M. 2002, 279.

Во тесна рамнина, кај реката Црна, југоисточно од селото во нивата на Р. Костовски, во април 1962 год. откопани се 2 гроба - цисти од камени плочи. Наоди: 2 стомни - доцноримски, со една односно 2 рачки, со висина 20/23 см., шоља со една ушка, со висина 6/8 см., широка 7/8 см., чинија (здела), мешеста, со две водорамни ушки, црвено печена и боена, со неа лежеле монети. Ширина 13,2 см. и висина 9,6 см. Стомна со една рачка, окер - црвено печена, со цилиндричен врат, висока 15 см. широка 12,5 см., 2 метални сада во вид на стомни едната во форма на ободот Оинохе, а другата со метална рачка (формата на ободот не се познава) и едно метално котле.

26. С. Стрежево - *Кале*, лит: I. M. TIR 1976, 121.

Во северозападниот дел, непосредно до тврдината кај локалитетот најдени се 8 гробови од камени плочи - цисти. Без датација.

27. С. Суводол - *Сланец*, лит: Ф. М. 1937, 76, 77; I. M. TIR 1976, 123; I. M. 2002, 283 - 284.

Североисточно од селото (кое денес не постои) се наоѓала некропола во ранохристијанска базилика. Откопани се гробови со природни камени плочи - цисти во близина на црквениот патос. Пронајдени се ќерамички тегови со пирамидална форма, бронзени прстени, белегзии од стакло, мали ситни пари (по форма византиски) и константинови бакарни монети.

28. С. Цапари - *Коношиште*, лит: I. M. 2002, 268.

Надвор од локалитетот, на северозападната страна се најдени гробови без датација.

29. С. Црнобуки - *Варварица*, лит: I. M. 1966, 80; I. M. TIR 1976, 37.

На блага падина, североисточно од селото се наоѓаат бројни римски гробови со инхумација и спалување. Најден е гробен инвентар. Некропола од доцноантичко време, можеби поврзана со утврдената населба *Градиште*.

30. С. Црнобуки - *Калуѓерски Рид*, лит: I. M. TIR 1976, 37.

1,6 км. северозападно од селото, во месноста наречена *Калуѓерски Рид* има повеќе римски гробови, направени од камени плочи (цисти) и мала некропола.

## 2. Прилепска регија

1. С. Алинци - *Бостаниште*, лит: Б. Б. 1971, 67; В. В. 1972, 23; Б. Б. 1981, 29; Б. Б., Б. К. 1996, 280.

Југоисточно од Прилеп, кај селото Алинци и патот за Битола, откопани се 14 гробови - цисти од камен и мермерни плочи со остатоци на кремирани покојници. Богати прилози од стаклени и ќерамички садови и накит од бронза (фибули, тока и др.) и монети.

2. С. Браилово - *Бојовица*, лит: I. M. TIR 1976, 29; Б. Б., Б. К. 1996, 382; I. M. 2002, 342.

Во непосредна близина на селото, од неговата западна страна, на околу 50 м. десно од патот што води за с. Слепче, во месноста викана "Петочна Вода", пронајдени се гробови со тегули и наоди од III и IV век.




*Сл. 130 - Варош, Маркови Кули, план на некропола 2*

3. С. Браилово - *Селски Гробишта*, лит: I. M. TIR 1976, 29; Б. Б., Б. К. 1996, 282.

На местото на сегашните гробишта биле откриени гробови со камени конструкции. Најдени се и стели со релјефна претстава, саркофаг и делови од архитектонска пластика, сите изработени од мермер. Исто така е најден епитаф од III век, вграден како сполија во гроб од IV век.

4. С. Варош - *Маркови Кули, Заград, Ташачица*, лит: Н. В. 1941 - 1948, 193 - 194; В. В. 1961, 99, 100; I. M. TIR 1976, 70; Б. А. 1996, 71 - 82; I. M. 2002, 362 - 364.

Во истиот простор пронајдени се три некрополи.

Локалитетот *Ташачица (Падарница)* била населба и некропола, западно од *Маркови Кули*. Ископани се 100 гробови со ориентација запад - исток. Во конструкцијата на гробовите преовладуваат два типа: гробови градени и покриени со камења - циста и гробови со двосливен кров од тегули и имбрекси. Во гробовите е пронајден остеолошки материјал, остатоци од иструлени коски, положени на грбот. Добар дел од гробовите се без прилози, а во некои се пронајдени фибули од бронза со позлата, тока од ремен, перли од стаклена паста, белегзии метални и од стаклена паста, ѓердани, прстени од бронза. Како поединечни наоди: коскен чешел, бронзен шестар, коскен рабуш. Пронајдени се и 8 бронзени монети од кои само три се дешифрирани: Константин I, Констанцие II.

Локалитетот *Заград* е лоциран на западната падина над *Маркови Кули*, над ареалот на месноста *Заград*. Некрополата со гробовите е дирекно вклесана во карпа. Испитани се вкупно 50 гробови од кои 22 се детски, а останатите на возрасни. Ориентацијата на гробовите е различна, запад - исток, север - југ. Остеолошкиот материјал е сочуван. Од наоди има муниста, белезици од бронза, доцноантички монети, оштетени, рановизантиски монети, некои од Јустин I.

5. С. Веселчани - *Горно*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 282.

На околу 350 м. југозападно од селската црква се гледаат голем број гробови.

6. С. Витолиште - *Задна Река Грмајте*, лит: I. M. TIR 1976, 132; И. М. 1981/82, 186; Л. К., К. К. 1986, 48 - 50; Л. К., К. К. 1989, 215 - 223; Л. К., К. К. 1990, 58; I. M. 2002, 364 - 367.

Населба и некропола. Се наоѓа околу 1,2 км. северно од селото, на благи терасести падини, од двете страни на коритото на Задна Река. Откриени се 5 гроба, од кои 3 од типот циста со големи камени плочи и два од типот со кровна конструкција на две води, од покривни тегули и имбрекси. Ориентација запад - исток. Од прилози: амфора со капак, доцноантичка керамичка, грнчарија, пар обетки од масивна бронзена жица, ѓердан со зрна од стаклена паста и монети од Диоклецијан и Јустинијан I.

7. С. Вранче - *Горна Корија*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 291.

Населба и некропола. 800 м. северозападно од селото и 400 м. лево од патот за с. Белополе, на поголема површина се срeќеваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, тегули, покривни ќерамиди, делови од воденички камења и надгробни стели од мермер и камен.

8. С. Гудјаково - *Градиште*, лит: Н. В. 1937, 27; И. М. 1967, 47 ф.; I. М. 2002, 352.

Во околината на локалитетот, од југоисточната, западната и северната страна има помала доцноантичка населба, во која имало гробови со камени плочи - цисти. Од наоди имаме предмети, чинии и монети од IV век.

9. С. Дабница - *Караташ*, лит: Б. Б. 1971; В. В. 1972, 23.

Во непосредна близина на селото, на југоисток, пронајдени се гробови со конструкција на тегули и инбрекси. Датирани се во IV век, ориентација запад - исток.

10. С. Дебреште - *Градиште*, лит: Б. Б. 1978, 211.

Во близината на источните порти, во внатрешната страна на рановизантиската тврдина откриени се гробови од различен период. Гробовите 65 и 66 се од доцната антика. Најдена е тока од два споени дела и златен профилиран прстен со раширена овална круна.

11. С. Десово - *Горно Поле*, лит: I. М. TIR 1976, 42; Б. Б., Б. К. 1996, 296.

2,5 км. североисточно од селото, покрај патот за село Габровник е откриена некропола со гробови од камени плочи - цисти.

12. С. Десово - *Киш*, лит: I. М. TIR 1976, 42; Б. Б., Б. К. 1996, 296.

2,5 км. југозападно од селото, непосредно до железничката пруга, селаните откриле повеќе гробови. Оттука потекнува надгробна стела со релјефни претстави на две женски, машка и детска фигура, а во калканот орел.

13. С. Забрчани - *Забрчки Рид*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 299.

1,2 км. југоисточно од селото, над патот за с. Горно Село, селаните откопале 9 гроба од камени плочи - циста, а во исфрлената земја се најдени неколку фрагменти од керамички садови.

14. С. Кален - *Кале, Градиште*, лит: I. М. TIR 1976, 47-49, 66; I. М. 2002, 352-353.

Во околината, западно од локалитетот се наоѓала населба со гробови во вид на камени плочи (камени кутии) - цисти, од III и IV век.

15. С. Манастир - *Плевење*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 304.

Околу 100 м. северозападно од селото, во нивите е откриен гроб од камени плочи - циста. Поставен во правец североисток - северозапад. Гробни конструкции од камен, фрагменти од керамички садови и питоси, растурени се по цела површина на теренот.

16. С. Небрегово - *Латинска Црква*, лит: I. М. TIR 1976, 90; I. М. 2002, 355.

1 км. јужно од селото, врз блага надолница - плато над долината - најдени се повеќе гробови со римска инхумација (доцен период). Изградени биле од камени плочи.

17. С. Никодин - *Нерезиње*, лит: I. М. TIR 1976, 91; Б. Б., Б. К. 1996, 305.

2,5 км. северозападно од селото, покрај патот за с. Извор откриени се гробови од камени плочи - цисти.

18. С. Ореовец - *Пештерица*, лит: Б. Б. 1965, 131 - 133; К. К. 1976, 143 - 149; К. К. 1976, 205 - 217.

Јужно од стариот пат што води за село Ореовец откриена е доцноантичка Villa Rustica. На далечина од 130 м. северозападно од вилата беа откриени 15

доцноантички гробови, со ориентација северозапад - југоисток и североисток - југозапад. Местото сега е потопено со вештачкото езеро Младост. Имало два вида на гробови: едни оградени со камени плочи - цисти, а други од тегули со кров на две води. Во нив е утврдена инхумација. Од наоди: ќерамички садови, стаклени садови, две обетки од злато, еден златен ѓердан, сребрени лажички (на една, на црпалката, во техника тореутика изгравирана е риба - веројатно служела за причест) и стриглиф. Од монети најдени се пари на Проб, Галериј, Максимијан, Лицијан, Константин II и Јулијан Отпадник.




*Сл. 131 - Ореовец, Пештерица, три гроба од локалитетот*

19. Прилеп - *Баба*, лит: К. К. 1977, 183-187; И. М. 1981/82, 187; Ј. К. 1986, 119-121.

Во околината на локалитетот, на југозападниот дел пронајдени се неколку гробови од камени плочи - цисти, во кои се пронајдени големи бронзени фибули од VII век, од типот "комани".

20. Прилеп - *Бакалица*, лит: В. В. 1961, 97 - 98.

2,5 км. северозападно од железничката станица во Прилеп и околу 120 м. јужно од патот Варош - Мало Коњари, ископани се 13 гробови со ориентација запад - исток. Во конструкција се издвојуваат три основни типови: гробови оградени и покриени со камени плочи - циста, гробови во облик на двосливен кров со тегули и имбрекси и комбиниран тип во кој гробовите од тегули имаат камени плочи. Сочуван е остеолошкиот материјал а на источниот дел од некрополата има гробови со кремација. Од наоди има: фрагменти од ќерамички садови, бронзени фибули тип armbrustfibel украсени со втиснати концентрични кругови, стаклени амфорети. Од монети најдени се бронзени од Константин I и Максимин II.

21. Прилеп - *Бончејца*, лит: I. M. TIR 1976, 104; Б. Б., Б. К. 1996, 308.

Населба и некропола од доцноантичко време. Околу 100 м. јужно од булеварот "Маршал Тито" со копање на темели за станбена зграда, откриен е доцноантички објект, неколку питоси и многубројни фрагменти од ќерамички садови. Во близината откриени се гробови со конструкција од тегули на две води.

22. Прилеп - *Тополка, Шилево*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 309.

1,5 км. јужно од Институтот за тутун, во непосредна близина на железничката пруга Прилеп - Скопје, при орање на нивите откриен е гроб со кремиран покојник. Во него се најдени два ќерамички садови, две ламби, фрагменти од стаклени садови и една монета од бронза.

23. С. Прилепец - *Безистен, Долиште*, лит: I. М. 1966, 70; I. М. TIR 1976, 99; I. М. 2002, 358.

2 км. западно од селото, во месноста *Долиште - Безистен*, има остатоци од населба, повеќе градби од III - IV век. При тоа се ископани и доцноримски гробови со златен накит и во мермер изработена статуа од IV век.

24. С. Прилепец - *Марково Стапало*, лит: I. М. 1966, 70; I. М. TIR 1976, 99; Б. К., Л. К., К. К. 1996, 309; I. М. 2002, 358.

2 км. западно од селото, во месноста викана "Безистен - Долиште", во нива што се наоѓа на десната страна од патот, откриени се 4 доцноримски гробови. Градени се од големи камени плочи - цисти. Пронајден е златен накит.

25. С. Слепче - *Кале*, лит: I. М. TIR 1976, 116; I. М. 2002, 358.

Југозападно од локалитетот, на работ на котлината има траги од доцноантичка населба со гробови и наоди од IV век.

26 . С. Смолани - *Гробишта*, лит: Б. Б., Б. К. 1996, 312.

1 км. западно од селото, на 100 м. од локалитетот, во лозје се констатирани гробови градени со камени плочи - цисти, ориентација запад - исток.

27. С. Старо Лагово, лит: К. К. 1978, 151 - 157.

Осамен гроб, направен бил од големи клесани плочи, шкрилести - циста. Правоаголна форма, делумно обработен. Се наоѓа околу 5 км. западно од Прилеп, во поранешната З. З. "Мирче Ацев", откриен при длабоко орање. Наоди: ќерамички садови - македонска сива, стаклени садови, луковичеста фибула, 2 бронзени игли. Монети, на број 13, од Далмациус и Константин II.

28. С. Трескавец - *Златоврв, Гумење*, лит: I. М. 2002, 359 - 360; Б. Р. 2002, 62.

Трескавец е на 6 км. северно од Прилеп и 2 км. јужно од Горно Село. На локацијата *Гумење*, на плато, се сретнуваат гробови со типолошка карактеристика за доцна антика.

29. С. Царевиќ - *Гробишта*, лит: I. М. TIR 1976, 33; Б. Б., Б. К. 1996, 315.

Јужно од локалитетот *Старо Село* се откриени гробови градени од камени плочи, со ориентација запад - исток. На површината се наоѓа оштетена стела од мермер со две едикули во кои има неколку фигури што стојат и два коња, обработени во плиток релјеф.

30. С. Царевиќ - *Стара Црква*, лит: I. М. TIR 1976, 33; Б. Б., Б. К. 1996, 315.

Населба и некропола, 800 м. северозападно од селото, покрај патот за Царев Даб, на површина од неколку стотици м$^2$ се наоѓаат неколку грамади од кршен камен, фрагменти од ќерамички садови, тегули и имбрекси. покрај патот од западната страна, во непосредна близина на локалитетот е откриена некропола. На неа е евидентиран дел од надгробна стела.

### 3. Регија на Демир Хисар

1. С. Брезово - *Каменец*, лит: Г. Г. 1980/81, 88; А. К. 1996, 134.

Источно од селото, околу 2 км. високо во планинскиот предел во нивата на Алексо Мирчевски биле откопани повеќе гробови градени од камени плочи со гробни прилози од белезици, крстови, монети кои не се зачувани.

2. С. Вардино - *Плоча*, лит: Г. Г. 1980/81, 89; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 135.

1 км. северно од селото, во полето, на десниот брег од Црна Река, обработувајќи ја земјата, мештаните откопале повеќе гробови.

3. С. Големо Илино - *Висој*, лит: Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 135.

Според кажувањата на мештаните, 1,5 км. северозападно од селото била откриена правоаголна гробница ѕидана од камен и варов малтер. Во неа немало остатоци од скелети ниту пак гробни прилози.

4. С. Големо Илино - *Присој*, лит: Г. Г. 1980/81, 90; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 182.

2 км. североисточно од селото, на површина од 1 ха. се среќаваат фрагменти од ќерамички садови и питоси, а според селаните биле откриени гробови на две води градени од тегули.

5. С. Граиште - *Градиште*, лит: I. М. 2002, 300 - 302.

Во околината на тврдината, на јужниот дел, откриени се повеќе гробови од камени плочи - цисти. Од наоди има садови и монети од Константиновото семејство.

6. С. Граиште - *Превалец*, лит: I. М. 1966, 65; I. М. TIR 1976, 60; Г. Г. 1980/81, 91; И. М. 1981/82, 182; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 135 - 136; I. М. 2002, 300.

На падините на Граишка Чука што се наоѓа 1,5 км. северно од селото, мештаните нашле повеќе гробови градени од камени плочи. И денес на површината се среќаваат камени плочи од гробни конструкции. Во гробовите се најдени садови и монети од Константиновото семејство.

7. С. Единаковци - *Граишка Тумба*, лит: I. М. TIR 1976, 51.

На југозападната периферија од селото, на еден рид најдени се римски гробови. Изработени биле од камени плочи - цисти. Најден е погребен инвентар, римска грнчарија од доцниот период.

8. С. Единаковци - *Стевано Лозје*, лит: I. М. TIR 1976, 51; Г. Г. 1980/81, 92; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 136.

Околу 100 м. источно од селото биле најдени гробови градени од мермерни плочи.

9. С. Жван - *Градиште*, лит: I. М. TIR 1976, 138; I. М. 2002, 304.

Во јужниот дел надвор од локалитетот, кај патот, пронајдени се повеќе гробови од камени плочи и тегули, со наоди од садови и бронзен накит од IV век.

10. С. Железнец - *Градиште*, лит: I. М. 2002, 302 - 303.

На источниот дел, надвор од локалитетот, евидентирани се повеќе гробови од камени плочи, со наоди од бронзен накит од IV век.

11. С. Журче - *Бачилиште*, лит: Г. Г. 1980/81, 93; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 137.

1,5 км. северно од селото откриени се гробови, а видливи се и грамади од градежен материјал. Според исказите, биле најдени кадилници и други материјали.

12. С. Журче - *Даблики*, лит: Г. Г. 1980/81, 94; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 137.

1,5 км. јужно од селото, според кажувањата на мештаните биле откопани неколку гробови градени од камени плочи, поставени во правец исток - запад. Покрај нив ископани се темели на црква и куќи. Денес на површината се гледаат парчиња од покривни ќерамиди.

13. С. Зашле - *Накуќишта - Навирон*, лит: Г. Г. 1980/81, 95; Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 138.

Околу 500 м. западно од селото, во нивите на Спасеновци и Теколовци откриени се гробови градени од камени плочи.

14. С. Мренога - *Бела Земја*, лит: Г. Г. 1980/81, 95; Д. Г. 1996, 139.

На падините на ридот, западно од локалитетот, пронајден е осамен гроб. Граден е од камена плоча. Од наоди имало садови, бронзени белегзии и прстени. Некропола од доцноантичко време.

15. С. Обедник - *Сува Река*, лит: Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 140.

Во подножјето на тврдината на локалитетот *Кале*, при изградба на патот за с. Бојишта, откриени се остатоци на црква и некропола. Североисточно од црквата откриени се гробови од камени плочи - цисти, а најдена е и надгробна стела од бел мермер со грчки натпис.

16. С. Сопотница - *Извор*, лит: Е. М., Т. Ј., Г. Ф. 1996, 141.

1,5 км. северозападно од селото се наоѓа грамада од градежен материјал (кршен камен, варов малтер). При копање на каналот за водовод, на овој локалитет е откриен гроб граден од камени плочи и во него е најден ќерамички сад.

**4. Крушевска регија**

1. С. Врбоец - *Стари Дол*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 200.

1 км. североисточно од селото, на левата страна од патот Кривогаштани - Крушево, на простор од 200 x 100 м. во нивата на Благоја Димовски, при орање се откриени тегули, фрагменти од ќерамички садови, камен и множество згура од топено железо.

2. С. Кочишта - *Грамаѓе - Зад Задел*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 201.

300 - 500 м. јужно од селото, во нивите, откриени се ѕидови од објекти градени од кршен камен и варов малтер. По површините на нивите се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, а откриени се и гробови со конструкција од камени плочи во кои биле најдени белезици од стаклена паста.

3. С. Подвис - *Бавчи*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 203.

500 - 700 м. западно од селото, во нивите, откриени се гробови градени од камени плочи во кои имало ќерамички садови.

4. С. Пресил - *Оīрада*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 203.

На источната периферија од селото, во нива, откриени се 4 гробови градени од камени плочи. Според кажувањето на сопственикот, во нив биле најдени ќерамички садови.

5. С. Пресил - *Св. Ѓорѓија.*

Во близина на црквата пронајдени се доцноантички гробови со наоди од грнчарија и предмети кои не се сочувани.

6. С. Растојца - *Кале*, лит: I. М. TIR 1976, 107; I. М. 2002, 302.

Во околината на локалитетот, во југозападниот дел од ридот евидентирани се гробови со камени плочи и тегули. Датирани се во III - IV век. Северно од тврдината, мала населба и повеќе гробови со камени плочи, датирани во IV век.

7. С. Растојца - *Синонец*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 203.

1 км. јужно од селото, во нивите, откриени се гробови градени од камени плочи. Во нив се најдени ќерамички садови и бронзени белезици.

8. С. Свето Митрани - *Манасширишше*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 203.

1 км. јужно од селото, на десната страна од патот за с. Милошево, на голем простор се забележуваат траги од стари објекти и грамади од градежен материјал. Според мештаните биле откриени повеќе камени конструкции од гробови.

9. С. Свето Митрани - *Рајчеица*, лит: Ц. К., Е. П. 1996, 203.

700 - 800 м. североисточно од селото, на нива, се забележани траги од градежен материјал. Биле откриени гробови од камена конструкција.

## 5. Регија на Порече

1. С. Белица - *Варница*, лит: А. К. 1996, 48

На еден мал простор што се наоѓа 3 км. јужно од селото се гледаат контури на десетина гробови, градени од камени плочи, поставени во правец исток - запад.

2. С. Горни Манастирец - *Црква*, лит: А. К. 1996, 49.

Во непосредна близина на училиштето, десно од патот што води кон с. Топлица, откриена е некропола. Гробовите биле градени од големи имбрекси.

3. С. Здуње - *Подīрадец*, лит: М. И. 1986, 123; М. И. 1988, 55 - 57.

Од север кон југ на локалитетот, при градење на селска продавница, ископани се 6 гроба. Изработени се од камени плочи - гранит. Плочите се поставени вертикално, од страните и одозгора. Остеолошкиот материјал покажува инхумација. Од прилози имаме наушници од бронза и наушници со полиедерски завршетоци (коцка).

4. С. Косово - *Долно Падишше*, лит: А. К. 1996, 50.

2 км. западно од селото, на мала тераса која лежи на левиот брег на Мала Река, при обработување на земјата откриени се гробови, градени од камени плочи.




*Сл. 132 - Здуње, Подградец,*
*план на некрополата (лево) и скици на гробовите (десно)*

5. С. Латово - *Латински Гробишта*, лит: А. К. 1996, 50.

Во близина на локалитетот *Гладница*, на десниот брег на Голема Река, при обработување на земјата, селаните откриле гробови градени од камени плочи.

6. М. Брод - *Грамади*, лит: А. К. 1996, 48.

На северниот раб на градот, каде што се проширувала населба, при изградба на новите куќи, откриени се темели од стари објекти. Се среќаваат голем број фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На северниот крај од теренот се најдени гробови градени од камени плочи.

7. М. Брод - *Рајчаница*, лит: М. И. 1986, 124; І. М. 2002, 291.

Во северозападниот дел на градот откриени се случајно 9 гробови од типот циста, со ориентација запад - исток. Остеолошки - инхумација. Од прилози најдена е една сребрена наушница "корпа".

8. С. Модриште - во селото, лит: А. К. 1996, 50 - 51.

На источната периферија на селото откриени се неколку гробови градени од големи камени плочи.

9. С. Ново Село - *Кале*, лит: І. М. 2002, 297.

Југозападно од тврдината, откриена е населба со камени гробови и наоди од IV век.

10. С. Самоков - *Кале*, во селото, лит: І. М. TIR 1976, 111; А. К. 1996, 51; І. М. 2002, 297.

Во северниот дел на селото, северно од *Калето*, во дворните места на куќите, откриени биле камени гробови во кој се пронајдени наоди од III и IV век: ќерамички садови, како и римски и рановизантиски монети.

11. С. Слатина - *Под Градиште*, лит: В. Л. 1987, 149; Б. Б., Б. К. 1996, 51

При изградба на патот, непосредно покрај левиот брег на реката Слатина, откриена е засводена гробница, ѕидана од камен, бигор и тули, а од внатрешната страна убаво малтерисана. Во неа имало 4 скелети, поставени во правец југоисток - северозапад. Од прилози сочувани се ќерамички сад и сребрени обетки од типот "кошничка".

12. С. Томино Село - *Старо Село*, лит: А. К. 1996, 51.

На местото меѓу с. Томино Село и с. Сушица на површината се среќаваат грамади од градежен материјал. Според жителите на ова село пронајдени се и монети. Некропола од доцноантичко време.




*Сл. 133 - М. Брод, Рајчаница, план на некрополата и скица на гроб 9*

13. С. Црешнево - *Камен Дол*, лит: А. К. 1996, 52.

На западната периферија на селото се наоѓаат гробови градени од камени плочи. Пронајдени се питоси и неколку римски и рановизантиски монети.

**6. Ресенска регија**

1. С. Долно Дупени - *Рот*, лит: С. С., В. С. 1996, 334.

Според кажувањата на мештаните во нивата на Крсте Калајџиевски била откриена гробница ѕидана од камен и варов малтер. Во неа биле најдени златни белезици.

2. С. Евла - *Кале*, лит: I. М. 2002, 377.

Во околината на локалитетот, на југоисточниот дел биле откопани гробови. Во нив се најдени монети од Константиновата царска куќа.

3. С. Конско - *Остров Голем Град*, лит: В. Б. - Г. 1983/84 d, 203 - 210, 107 - 120; В. Б. - Г. 1986 а, 107 - 120; В. Б. - Г. 1989 д, 29 - 41; В. Б. - Г. 1989 с, 101 - 134; I. М. 2002, 379 - 381.




*Сл. 134 - Конско, остров Голем Град,*
*скици на доцноантичките гробови од некрополата*

Северозападно од тврдината, на едно мало седло, во ареал опфатен со ѕид, во внатрешноста се наоѓа ранохристијанска црква. Ископани се гробови со наоди од IV и VI век и тоа: шипка (горен дел од готска торбица), повеќе сребрени обетки во форма на кошница, а од кремиран гроб: 6 златни обетки со кошара. Монети се најдени од: Теодосијус I, Аркадиус, Јустинијан I и Јустин II.

4. С. Курбиново - *Кулиште, Кула*, лит: I. M. TIR 1976, 77; I. M. 2002, 377.

Северозападно од локалитетот, покрај базиликата, откриени се гробови градени од мермер и тегули. Датирани се во IV век.

5. С. Љубојно - *Граишта*, лит: В. Битракова, Грозданова 1988, 187; С. С., В. С. 1996, 339.

1 км од селото, покрај патот за селото Брајчино, при обработка на земјата, мештаните раскопале повеќе гробови во кои биле најдени ќерамички садови.

6. С. Љубојно - *Кула*, лит: С. С., В. С. 1996, 339.

Во нивата на П. Пашариковски била откриена една мала населба од отворен тип. Во близина на населбата биле откопани гробови со конструкција од камени плочи, во кои имало ќерамички садови, метални предмети од IV век. Некрополата е датирана во доцна антика.




*Сл. 135 - Пре̄тор, Ко̄пачкӣте,*
*ḡроб со конс̄трукција цис̄та*

7. С. Претор - *Ко̄пачкӣте*, лит: В. Б. 1967, 118; В. Б., Г. 1988, 188.

Во нивата на Кире Илиевски со археолошко сондажно истражување биле откриени 2 гроба. Едниот од типот на две води граден од тегули, а другиот ѕидан од камен и варов малтер, поставени во правец југоисток - северозапад. Во гробот со камена конструкција е најден ќерамички сад, чаша и една белезица од доцна антика.

## X. Движни наоди

### 1. Монети од III до VI век

Сè уште не е направена нумизматичка карта на Пелагонија бидејќи неколку депоа не се обработени, пример монетите од Мокрино, на број 260 кои припаѓале на царот Галиен. По големите продори на Готите во 267 г. можеме да кажеме дека почетоците на доцната антика се со императорот Проб, Галијан од 270 год. бидејќи настанува обнова на тврдините кои Готите ги уништиле. Неговите монети ги сретнуваме во с. Мојно, с. Беранци, с. Стари Град, с. Граиште, с. Рапеш. Во крајот на III век пораснува важноста на војската во услови на непрекинати варварски напади. На парите преовладуваат паганските војнички божества: Херкул, Викторија, Јупитер, Гениј и синкретичкиот Сол кој ги соединува повеќето пагански божества и Митра... На почетокот на IV век на парите ги гледаме знаците на христијанството, како куриозитет на една монета за прв пат Констанцие II става војник кој држи во раката знаменце на кое имаме христограм, но сепак ова не докажува дека христијанството зафаќа некој поголем замав. Иако сè уште останувaат и понатаму различните персонификации. Со диоклецијановото време го снемува портретот како индивидуална слика на монетите, претставите на владетелите сличат еден на друг. Само во поедини црти можеме да ги идентификуваме. Во времето на V и VI век ликовите се идеализирани и правени по шаблон. Ова е време кога на реверсот Викторија се преобразува во Св. Михаил кој се јавува на монетите.

Обично во недостиг на пишувани документи, депоата на монети се интересни показатели на историските настани. Тие секојпат се одраз на некој ненадеен препад на непријатели или бегство па попатно криење на богатството. Сето тоа се случувало во одредени историски збиднувања, кои прецизно можат да се датираат. Во 40 кастели, укрепени села и збегови, откриени се монети од доцниот IV век што јасно зборува за ширината на градежната дејност. По овие монети го следиме продирањето на варварите, преку Дунав, во пелагониската регија и нивно времено задржување или трајно населување во овие делови на римската империја. Со нив се обновени дотраените градски обѕидија и доградени се нови тврдини.

Депоа со монети од средината на III век пронајдени се во с. Чепигово, на локалитетот *Стибера* и во с. Селце. Овие депоа се поврзуваат со продорот на Херулите и Готите.

Во нашата регија, од доцниот IV век, знаеме за неколку депоа на монети:

- с. Лисолај, Битола, локалитет *Калуѓерски Дол*. Во 1954 год. откриено е големо депо, од околу 1.500 бронзени монети, Константиј I, Константин I и неговите синови и наследниците до Гратијан.[551]

- с. Сливица, Битола, локалитет *Шипод*. Во 1962 год. во еден гроб се пронајдени 40 монети: Константиус II: 34 парчиња, Јулианус: 3 парчиња, Аркадиус: 1 парче и нечитки: 2 парчиња.

- с. Живојно, Битола, локалитет *Керало*. Во гробовите 1, 3 и 5 пронајдени се монети. Во гроб бр. 1 монети од бронза посребрена: ø20 мм.: Константин I, 4 парчиња, Крисп, 4 парчиња. Во гроб број 3 се најдени 7 монети: Лициниус I, ø22 мм. - 1 парче, Константинус I ø20 - 25 мм. - 3 парчина, Крисп, ø 20 мм. - 3 парчина. Гроб број 5: бронзени монети со траги од посребрување, во ø 18 - 25 мм.: Гал. Максиминус - 1 парче; Лициниус I - 3 парчиња; Константин I - 7 парчиња; Константинус II - 1 парче и Крисп - 1 парче.

- с. Вашарејца, Битола. Во 1959 год. пронајдени се 95 ситни, бронзени монети од крајот на IV век.

- с. Црнобуки, Битола, локалитет *Градиште*. Во околината е пронајдено депо со 1.500 бронзени монети, од Константинус I до Грацијан.

Во пелагониската регија, од VI век, регистрирани се 4 депоа на монети. Тие имаат историско значење, бидејќи се поврзани со инвазиите на Антите, Словените, Кутригурите или Аварите во внатрешноста на Балканот. Од времето на Јустинијан I и неговите наследници датирани се овие депоа:

- *Хераклеја*, куќите над римскиот театар. Во 1976 год. откриени се околу 200 бакарни монети од Јустинијан I до Маврикиј, закопани во 586 год.[552] Со оваа година се поврзува инвазијата на Словените и уривањето на градот?

- *Кастел Баба*, Прилеп. Во 1979 год. пронајдени се околу 100 бакарни монети од Јустинијан I до Маврикиј, заклучно со 585 год. Ова депо исто така се поврзува со продорот на Словените.[553]

- с. Селце, Прилеп, локалитет *Суви Ливади*. Во 1929 год. пронајдено е депо од рановизантиски бронзени монети, околу 600 фолиси и помали номинали од Анастасиј до Маврикиј.[554]

- с. Девич, М. Брод, пронајдени се околу 40 монети од Јустинијан I.[555]

Во надополнување на периодот од VI век, Г. Микулчиќ, направи каталог[556] на локалитетите од Македонија каде што се пронајдени монети од VI век, како поединечни наоди. Во овој каталог спаѓа и пелагониската регија.

551 И. Микулчиќ 1999, 392.
552 Т. Јанакиевски 1978, 189 - 203; V. Popović 1980, 242 - 243.
553 К. Кепески 1977, 183 - 193.
554 А. Керамитчиев 1961, 53 - 64.
555 Г. Микулчиќ 1987, 181.
556 Ibidem, 177 - 194.

**2. Метални делови од опрема, оружје и накит**
(фибули, украси за појаси, обетки и прстени)

Во доцната антика континуитет, на занаетчиство на овој простор имаме кај автохтоното население и нив лесно ги пратиме преку нивните наоди кои се од ромејско потекло на западното и источното царство.Со доаѓањето на различни народи со различни моди носат метални предмети во зависност од потеклото и културата на гледање на убавото. Понекогаш овие делови се дел од нивниот практичен и економичен инвентар. Но за разлика од Римското население ние преку нив можеме да ги разликуваме и Варварските народи, кои сите заедно придонесле за доцноантичкиот период како предвесник на средновековието. Расцутот на металниот инвентар настанува во првите децении на IV век за да до кулминација дојде до раното средновековие VII век.

**2. 1. Фибули**

**2. 1. 1. Луковичести фибули**



*Сл. 136 - Хераклеја, позлатена луковичеста фибула (фотографија и цртеж)*

Во 50-тите години, северно од *Хераклеја,* кај Буковските гробишта, во дворот на бившата фабрика "Прогрес" постоела засводена гробница[557] која сега е уништена со прокопување на каналот кој ги собира водите од некогашната река Курделес. Во оваа гробница е пронајдена луковичеста фибула, со големина 9,8 х 6,5 см. украсена со гравирање и позлата. Поради скршениот дел на средината, лакот е исполнет со гипс и таа е свртена малку кон лево со средишниот дел. На стопата се наоѓаат украси од гравирана трака свиткани во "C" спирали од двете страни по 5, а на краевите на ногата, лево и десно, по еден лик на млади мажи, најверојатно синовите на Теодосиј I (Хонориј и Аркадиј). Спрема типологијата на луковичести фибули која ја направил Е. Ке-

557 И. Микулчиќ 1974, 136, бел. 63; В. Лилчиќ 1983, 104, бел. 33.

лер припаѓа на типот 5.[558] Спрема тебелата датирана е помеѓу 370 - 400.[559] Ваквите фибули се делеле на заслужни лица по повод значајни прослави со цел да се афирмира царскиот дом и неговите членови.[560]

Да ја спомнеме и златната луковичеста фибула од с. Секирани.[561] Изработена е од сурово злато, трите луковичести завршетоци се затупени. Слична е со типот 3, а спрема Е. Келер, датирана е некаде 340 - 360 год.

Во Завод и Музеј - Битола има уште 3 бронзени фибули од с. Живојно. Првата е идентична на типот 4С датирана 360 - 370 год. спрема Келер, втората е идентична на типот 3В датирана 350 - 360 год. и третата е 4 А датирана 340 - 360 год.

Во локалниот музеј што се наоѓа во самиот локалитет *Хераклеја Линкестис* изложени се 4 луковичести фибули кои се најдени при ископување. Инвентирани се, но јас не можев да дојдам до податоци каде се најдени. Ние ги снимавме со фото апарат преку стакло така што немавме можност да ја измериме ширината, должината и тежината. Нумерирањето е дадено на сликата од 1 - 4. Фибулата бр. 1 има попречна греда со шестоаголен пресек завршува со мазни на врвот зашилени лукавици, на гредата се наоѓа украс со пластична лента свиткана во "S"спирала, лакот е полукружен



*Сл. 137 - Секирани, златна луковичеста фибула (фотографија и цртеж)*



*Сл. 138 - Живојно, три бронзени луковичести фибули*

558 E. Keller 1971, 34; М. Васиħ 2001, 149.
559 E. Keller 1971, 35.
560 А. Јовановиħ 1976, 48.
561 И. Микулчиќ 1974, 136, бел. 63.




*Сл. 139 - Хераклеја, луковичести фибули од локалниот музеј*




*Сл. 140 - Старо Лагово луковичеста фибула*

и помал од стопата. Стопата е украсена со два пара од по 5 кружни точки. Според Келер приближно е идентично 4А.[562] Фибулата под бр. 2 ја нема попречната греда на која стојат трите лукавици, но спрема лакот и стопата идентична е на фибулата бр. 1. Фибулата бр. 3 ја има попречната греда со три заоблени луковичести тапи делови (незашилени) гредата е со пластичен украсен на "S"спирали а стопата на крајот е скршена. Спрема Келер припаѓа на типот 3А.[563] Фибулата бр. 4 е деформирана на попречната греда, нема украси рамна е целата, вдлабнатинките кои завршуваат лукавичесто се само обележани и полукружно изведени, лакот е свиткан - физички оштетен, а стопата е поткината. Спрема Келер припаѓа на типот 1А.[564]

Сепак мораме да кажеме дека од сите овие луковичести фибули, повеќето се нови типови кои ние приближно ги датиравме спрема Е. Келер.

Во осамен гроб во село Старо Лагово, пронајдена е луковичеста фибула, со димензии 90x50x12 мм. која според Е. Келер, припаѓа приближно на типот 3В.[565]

Во музејот во Прилеп, се наоѓаат околу 15-тина луковичести фибули, главно од некрополите *Бакалица* и *Ташачица*.[566]

Стопа од луковичеста фибула откриена е и на островот *Голем Град*.[567] Датирана е во IV век.

562 E. Keller 1971, 34.
563 Ibidem, 34.
564 Ibidem, 34.
565 Ibidem, 34.
566 Б. Бабиќ 1961, 98, 99.
567 В. Битракова - Грозданова, 1989, 113.

Луковичестите фибулии не ги поседувале цивили, тие биле одлика на воени лица. Сите досега откриени во Македонија[568] укажуваат дека нив ги донесле излужени воени ветерани - офицери во доцната антика, кои за своите воени заслуги место пари, добивале имоти (пензии). Биле погребувани во мали некрополи или поединечни гробови, или во засводени гробници, како истакнати граѓани (заедно со потесното семејство) и со личните предмети (фибулите и др.). Иако во поедини, женски гробови се најдени фибули од овој тип, не припаѓале на умрената, тука биле ставени по наследен пат.[569] На мислење сме дека најверојатно, луковичестите фибули се првите воени, офицерски чинови.

Матично подрачје на овие фибули, несомнено е Средното Подунавје, односно Панонија.[570] Таму се откриени околу 100-тина вакви фибули, од кои може да се прати нивниот развиток од попрости форми кон посложени. Несомнено, оттаму, овие фибули се прошириле и на југ, на Балканот.[571]




*Сл. 141 - Хераклеја, фибула со подвиена нога*




*Сл. 142 - Кале Ижиште, лентеста фибула*

568 М. Ивановски 1984, 220.
569 М. Васић 2001, 196.
570 Ibidem, 191 - 195.
571 И. Микулчиќ 1974, 28.

## 2. 1. 2. Фибули со подвиена нога

Корените на овие фубули лежат во доцната Латенска култура, Средна Европа и Подунавјето. Во V век повторно се појавуваат и влегуваат во мода. Во VI век се раширилe низ целата римска империја. Формата продолжува да "живее" и во VI век што докажува дека византиската управа во Македонија во овој век не изгаснала. Спрема Сина Инце, овие фибули се поделени во 3 групи:[572]

- Фибула со подвиена, целосно лиена бронзена нога од подунавски тип, е пронајдена во *Хераклеја*.[573] Припаѓа на втората половина од VI век.

- Лентести фибули со едноставна глава. Во нашиот регион се пронајдени во *Кале*, Ижиште, с. Миокази, М. Брод.[574] Уште една фибула од овој тип е пронајдена во локалитетот *Кале*, с. Браилово, Прилеп.[575]

- Фибула со луковици. Под влијание на луковичестите фибули од доцноримскиот период, датирани во IV и почеток на V век, направена е нивна слична варијанта, со кружни завршетоци. Е. Манева ги споредува со Комани културата.[576] Фибули од овој тип пронајдени се во Прилеп.[577]

Сите овие фибули биле дел од војничка опрема.




*Сл. 143 - Хераклеја, појасно јазиче (Сучидава)*




*Сл. 144 - Аварски појасни токи (Сучидава)*

572 И. Микулчиќ, В. Лилчиќ 1995, 259.
573 Е. Манева 1988, 46 - 47; И. Микулчиќ, В. Лилчиќ 1995, 259.
574 В. Лилчиќ 1996, 82.
575 В. Лилчиќ 1992/93, 231, сл. 6.
576 Е. Манева 1992, 25 - 26, Т. 1 - 3.
577 J. Kovačević 1986, 121.

## 2. 2. Појасни украси

### 2. 2. 1. Токи и јазичиња од типот Сучидава

Овој тип продолжува и низ VI и VII век. Го користеле и "варварите" и "ромеите".[578] Со нив се занимавал Ј. Вернер и ние ќе ја користиме неговата типологија.

Во *Хераклеја*, 1973 год. е пронајдено појасно јазиче, за врв од ремен.[579] Формата му е со сложена изведба. На горниот дел има задебелување под агол, а краевите, од лево и од десно завршуваат со остри испакнувања, за да во внатрешниот дел се пробиени форми на крст како "нос" и полумесечина како "уста".

Во *Кале* Браилово (Десово), Прилеп,[580] пронајдено е јазиче од типот Сучидава. Формата му е издолжена, внатре има 4 отвори, како "очи, нос и уста".

Дека се антропоморфни формите на јазичето, најдобар пример ни е јазичето пронајдено во *Кале Столоатец*, с. Белица, Македонски Брод. Од двете страни на крстот постојат врежани "птичји очи", а на долниот дел има отвор во форма на "насмеана уста". На завршетокот, дното, има стилизирана "козја брада". Посебно е интересно јазичето пронајдено во *Градец*, с. Здуње, М. Брод.[581] Фактички, ова е тока за стегање на ременот. Комбинирана е со јазиче на завршетокот и бубрежна тока. Многу не потсеќа на готските токи. Овој пронајдок е уникатен. Се гледа и готско и аварско влијание. Јазичето е со антропоморфна форма.

Во с. Девич, М. Брод, пронајдени се две јазичиња.[582] Едното е скоро идентично со она пронајдено во с. Белица, а другото е доста оштетено. Се забележуваат строги аглести форми, со антропоморфна изведба.

Во околината на Битола се пронајдени уште две јазичиња од овој тип. Локалитетот е непознат. По форма се антропоморфни. На едното распознаваме три, а на другото седум отвори. Завршетокот им е со "козја брада".



*Сл. 145 - Битола, појасни јазичиња*

578 И. Микулчиќ 1995, 269.
579 Е. Манева 1988, 47; И. Микулчиќ, В. Лилчиќ 1995, 269.
580 В. Лилчиќ 1994, 47.
581 В. Лилчиќ 1996, 80.
582 В. Лилчиќ 2004, 2, сл. 12 и 13.

### 2. 2. 2. Бубрежни токи

Две вакви токи пронајдени се во *Хераклеја*.[583] Овие токи се од бронза со или без оков. Врвот е заоблен, во форма на "бубрег". Имаат готско потекло, а археолошки се поврзуваат со понтскиот културен круг.

Во с. Могила, Битола, *Средсело*,[584] во некропола, како прилог, пронајдени се неколку вакви токи. На островот Голем Град, во гроб бр. 49 откриена е посребрена железна тока, со јајцевидна форма, 4,5 см. Таа се поврзува со Источните Готи.[585] Датирани се во V и VI век.[586]




*Сл. 146 - Хераклеја,*
*бубрежни токи со и без оков*




*Сл. 147 - Хераклеја,*
*бронзена тока за ремен*




*Сл. 148 - Голем Град,*
*тока со јајцевидна форма*

583 Е. Манева 1988, 134.
584 Д. Симовска 1987, 138.
585 В. Битракова - Грозданова, 1988, 208.
586 И. Микулчиќ 1974, 132 - 141.









*Сл. 150 - Хераклеја, јазиче со зооморфна тематика (горе) и привезок од Нови Бановци (десно)*

*Сл. 149 - Хераклеја, јазиче со флорални мотиви*

### 2. 2. 3. Други типови на токи и јазичиња

Во *Хераклеја* е најдена бронзена тока за ремен во епископската резиденција. Датирана е во VI век, за време на селидбата на народите.[587]

Во истиот слој, во исто време, пронајдено е јазиче со кружна форма, внатре со флорален мотив. Задниот дел е геометриски. Украсено е во техника на ажурирање. Формата и изведбата е богата.[588]




*Сл. 151 - Хераклеја, јазиче погрешно именувано како "Сучидава"*

При копањето над театарската зграда во *Хераклеја*, откриено е јазиче со приказ на зооморфна тематика. Прикажано е животно, најверојатно куче во скок, како гризи друго, фантастично животно со шест краци на телото. Датирано е погрешно во VI век.[589] Приврзок со ист мотив е пронајден во Нови Бановци, Хрватска. Не е јазиче, го нема и "кучето", но фантастичното животно е истото, со шест краци, без отворот на кој виси приврзокот. Ова суштество е наречено

587 Е. Манева 1988, 47.
588 Ibidem, 47, сл. 5.
589 Т. Јанакиевски 2001, 256 - 257, Т. LXXX.

"Зоран" и е претставник на понтскиот животински стил, и припаѓа на VII век, по нему слични примероци од Нитра.[590]

Уште едно јазиче, откриено во *Хераклеја*, погрешно именувано како тип Сучидава.[591] Бидејќи погоре се објаснети и прикажани типовите на јазичина Сучидава, нема причина да ги коментираме. Само ќе кажеме дека ист ваков примерок на јазиче, објавен е кај Е. Келер.[592] Тој го има датирано во втора половина на IV век. Датацијата ја врши со помош на најдените пари во некрополата.

Во *Хераклеја* е пронајдено и едноставно, сребрено јазиче за колан.[593] Јазичето има три отвори, утилитарни, за прицврстување на врвот од колант.

Како импорт е бронзената тока, од типот Ланцета, пронајдена во тврдината *Кале*, помеѓу с. Миокази и с. Ижиште, во Порече, М. Брод.[594] Овој тип на тока му припаѓал на неромејско население, сигурно гот - федерат (наемник во римската војска), бидејќи локалитетот е гранична стража. Готот, иако романизиран, што значи христијанизиран, си зачувал некои карактеристики, типични за неговиот етнос.

Во с. Белица, на локалитетот *Кале*, забележана е железна тока, со издолжен носач и крстесто оформена глава, ажурирана.[595]

Во крајпатниот кастел *Кале* с. Дебреште, Прилеп, во горните станбени слоеви од доцен VI и VII век, ископана е бронзена појасна тока. Блиска е до типот Болоња, според Ј. Вернер.[596]

### 2. 2. 4. Апликации (украси заковани на кожа, за појасен колан)

Метални ребра, во форма на пропелер, пронајдени се во: с. Белица и с. Здуње, Порече, М. Брод; с. Железнец, Демир Хисар[597].

Во граничниот кастел кај с. Белица, М. Брод пронајдени се два поинакви окови за појасен ремен, исковани од железо.[598]

Во *Кале*, с. Зашле, Демир Хисар, пронајдени се 3 железни окови.[599]

Во *Хераклеја* е пронајдена петтоаголна апликација од полихромен стил, на подот од мозаик во епископската резиденција.[600] Датирани се во VI век.

Една кружна апликација пронајдена е во *Хераклеја*, јужно од епископската резиденција. Работена во бронза со траги од позлата, а украсена е со

---

590 Z. Vinski 1958, 15.
591 Т. Јанакиевски 2001, 258 - 259, Т. LXXXI.
592 E. Keller 1971, 46, сл. 18, р. бр. 11; 57, сл. 19.
593 Е. Манева 1988, 47, 48, сл. 6.
594 И. Микулчиќ 1995, 246, сл. 3.
595 И. Микулчиќ, В. Лилчиќ 1995, 270.
596 Ibidem, 270, сл. 11.
597 И. Микулчиќ, В. Лилчиќ 1995, 272, сл. 15 - 18.
598 Ibidem, 273, сл. 19, 20.
599 В. Лилчиќ 1999, 74.
600 Е. Манева 1988, 48 - 49.

техника на клоазонирање, специфично за полихромниот стил. Четирите отвори за заковки по страните ни кажуваат дека се работи за апликација. Се смета дека припаѓала на пондската работилница од VI век.[601]




*Сл. 152 - Хераклеја, обично јазиче*




*Сл. 153 - Миокази, тока од типот Ланцета*




*Сл. 154 - Белица, железна тока*




*Сл. 155 - Лера, тока од непознат тип*




*Сл. 156 - Дебреште, тока од типот Болоња*




*Сл. 157 - Белица, апликации*




*Сл. 158 - Железнец, апликација*




*Сл. 159 - Хераклеја, апликација*

601 Е. Манева 1988, 48;




*Сл. 160 - Хераклеја, кружна апликација*

## 2. 3. Обетки

Во некрополата, Базилика Д, во *Хераклеја*, пронајдени се две обетки со ѕвездолик приврзок и механизам за закопчување со цевче.[602] Припаѓаат во доцниот VI и ран VII век.

Обетки со октоедарска глава најдени се во рударскиот кастел во локалитетот *Подградец*, с. Здуње, М. Брод.[603] Се поврзуваат со Готите. Датирани се во VI и VII век.




*Сл. 161 - Хераклеја, обетки со ѕвездолик приврзок*




*Сл. 162 - Подградец, обетки со октоедарска глава*

602 E. Maneva 1986, 139 - 140; истата 1985/86/87, 35 - 39; истата 1988, 45 - 46.
603 М. Ивановски 1986, 123; истиот 1988, 55 - 57.

На локалитетот *Рајчаница*, Македонски Брод, пронајдена е сребрена обетка со корпа, датирани во VI век.[604] Сребрена обетка со корпа пронајдени се на локалитетот *Пешна*, с. Девич[605] и на локалитетот Подградиште, с. Слатино.[606]

Во локалитетот, на островот *Голем Град*, во некрополата, пронајдени се два пара обетки од типот Корпа. Изведени се со исчукување, со кое се оформува осмолисна чашка со цилиндричен завршеток и бела стаклена постава.[607] Во гробот бр. 78 на истиот локалитет пронајдена е уште една осамена обетка од овој тип.[608] Пронајден е и друг тип на обетки, лунулести, направени од подебела златна жица.[609]

Сите овие пронајдени обетки се од италско потекло[610] и биле користени од романизираното население во VI и ран VII век. Преку нив, го откриваме влијанието на римската култура врз староседелците.

Во доцноантички гроб, на локалитетот *Задна Река Грмајт̄е*, Прилеп, пронајдени се две обетки од бронзена жица со кружен пресек и по еден копец на долниот крај, со отворени краишта за навирање на увото.[611]

Во локалитетот *Пешт̄ерица*, Прилеп, пронајдени се обетки од златна масивна жица со кружен пресек, со залемена по една чаура, датирани во IV век.[612]




*Сл. 163 - Рајчаница, сребрена обет̄ка со корп̄а*




*Сл. 164 - Пешна, сребрена обет̄ка со корп̄а*

604 М. Ивановски 1986, 124.
605 I. Mikulčić 2002, 295.
606 Ibidem, 299
607 В. Битракова - Грозданова 1989, 107 - 109, сл. 6,7.
608 Ibidem, 109, сл. 8.
609 В. Битракова - Грозданова 1988, 196, сл. 9.
610 И. Микулчиќ 1999, 399 - 400.
611 Л. Кепески, К. Кепески 1990, 185 - 186, сл. 4.
612 К. Кепески 1976, 213.




*Сл. 165 -Подградиште*
*сребрена обетка со корпа*




*Сл. 166 - Пештерица,*
*обетки од златна жица*




*Сл. 167 - остров Голем Град,*
*обетки со кошница и лунулести обетки од златна жица*

## 2. 4. Белегзии

Меѓу студискиот материјал во *Хераклеја*, забележани се неколку видови доцноантички белегзии.[613] Според материјалот на изработка ги делиме на метални и стаклени. Бронзените белегзии се поделени на белегзии со краеви во вид на змиски глави, задебелени краеви и свиени со петтостран бронзен тељ, со јамка и копец. Железните белегзии, обично се без декорација. Стаклените белегзии се застапени со два типа: монохромни со имитација на тордирање и монохромни со неправилни кружни "D" форми, бездекорација.

613 Е. Манева 1990, 171 - 179.

Во гроб бр. 2 на локалитетот Копачки, с. Претор, откриена е бронзена белегзија со затворени краеви.[614]

Во женски гроб, од некрополата на локалитетот Маркови Кули, Прилеп, пронајдена е белегзија од бронзена жица со отворени краеви, декорирана со неколку врежани линии.[615]




*Сл. 168 - Хераклеја, белеѓзии*




*Сл. 169 - Прешор, белеѓзија*




*Сл. 170 - Маркови Кули, ошворена белеѓзија*

## 2. 5. Ѓердани

На островот *Голем Град*, во локалитетот, пронајдени се 3 доцноантички ѓердани. Направени се од килибар и стаклена паста, датирани во VI век.[616] Пронајден е и ѓердан од стаклени мониста, датиран во втора половина од IV век.[617]

Ѓердан од стаклени мониста пронајден е и во с. Могила, Битола, на локалитетот *Средсело*. Се поврзува со Готите. Датиран е во V век.[618]

Ѓердан од мониста и стаклена паста пронајден е во некрополата кај базилика Д - extra muros во *Хераклеја Линкесшис*.[619]

614 В. Битракова - Грозданова 1988, 189.

615 Б. Атанасовски 1996, 73.

616 В. Битракова - Грозданова 1989, 108 - 110, сл. 6, 7, 8.

617 В. Битракова - Грозданова 1988, 197, сл. 8.

618 Д. Симовска 1987, 138.

619 Е. Манева 1989, 169.







*Сл. 171 - Остров Голем Град, ѓердани од килибар (горе) и ѓердан од стаклени мониста (лево)*

Ѓердан од мониста и стаклена паста, пронајден е во с. Паралово, Битола, на локалитетот *Мавер*. Датиран е во доцен IV и почеток на V век.[620]

На локалитетот *Задна Река Грмајте*, Прилеп, пронајден е ѓердан со 18 зрна од стаклена паста и 6 зрна од коска. Датиран е во IV век.[621]

На крајот, најрепрезентативниот ѓердан од доцната антика е златниот ѓердан со 18 златни зрна, во облик на амфора. Пронајден е на локалитетот - некрополата *Пештерица*, Прилеп. Датиран е во прва половина на IV век.[622]

620 Д. Симовска 1987, 136 - 137.
621 Л. Кепеска, К. Кепески 1990, 181, сл. 2.
622 К. Кепески 1976, 213 - 215, т. 5.










*Сл. 172 - Хераклеја, ѓердан*

*Сл. 173 - Мавер, ѓердан*

*Сл. 174 - Пештерица, златен ѓердан*

### 2. 6. Прстени

Во доцната антика се среќавале различни типови на прстени. Ќе се задржиме само на прстените со мотив на крст на главата (ставро декорација). Вакви прстени, пронајдени во *Хераклеја*, имаме 3. Едниот е со златен украс на главата.[623]







*Сл. 175 - Хераклеја, прстени*

*Сл. 176 - Мавер, прстен*

623 Е. Манева 1993, 23.

На локалитетот *Мавер*, Паралово, во гробот 24 е пронајден бронзен прстен со крстови.[624]

Прстени со истакната глава, а мало тело на прстенот, носеле жените, а масивните прстени ги носеле мажите. Некојпат им служеле и како печат.

## 2. 7. Опрема и оружје

*Хераклејскиот* шлем со спојки.[625] Засега, единствен по својата декорација, светски типизиран - Балденхајм. Неговата уникатност е во тоа што челната лента се состои од фриз од 6 печати на нумизматични прототипови, со 8 лачни розети. Околу долниот раб на калотата има бронзена лента, украсена со најмалку 23 мали и поголеми медалјони, изведени со исчукување. Претставени се монети од времето на царот Анастасиј (492 - 518 год.) Се издвојува претставата на Христос на престол, опкружен со главите на апостолите. Датиран е во раниот VI век. Откриен е на насипот, под подот во крстилницата. Овој параден шлем бил изработен од железо во византиска работилница, а му припаѓал на германските народи.




*Сл. 177 - Хераклеја, шлем со спојки*

624 А. Ѓорѓиевска 1988, 174 - 175; А. Ѓорѓиевска 1988, 23 - 33.
625 Е. Манева 1986, 71 - 86.

Во *Хераклеја*, во епископскиот двор, пронајдени се 2 коскени плочи од оплата на краковите на рефлексен лак.

Уште една коскена плоча од оплата на рефлексен лак најдена е во *Хераклеја*, во т.н. "микростанбена целина".[626]

Во околината на Битола, на непознат локалитет е пронајден меч Спата (Spatha). Со се рачка е долг 60 см. Само рачката е долга 8 см. Широк е 5 см. Премногу е кородиран и распаднат на три дела. Овој меч се датира во IV век.[627] Иако Спатата е претежно коњанички меч и треба да е подолг за поширок замав во борба, кон крајот на IV век почнале да го носат и пешаците - војници. За нив тој бил направен помал по димензии, како прикажаниот. Мечот се носел на широк ремен, наречен balteus кој бил префрлен преку десното рамо а мечот висел на левото бедро. Впрочем, со употреба на Спатата од страна на пешаците настанува битна промена во пристапот кон блиските борби. Мечот бил искористен за прецизни убоди во виталните делови на телото.




*Сл. 178 - Хераклеја, делови од рефлексен лак и врвови од стрели*



*Сл. 179 - Непознат локалитет, мач Спата, фотографија и реконструкција*

626 Т. Јанакиевски 2001, 260, Т. LXXXII.

627 Radman Livaja, Katalog, 41 - 43.



*Сл. 180 - Хераклеја, клин од понтонски мост*

Во локалитетот *Кале* с. Браилово, Прилеп, најдено е скршено секирче, од кое е останато само сечилото.[628] Најверојатно вакво оружје noceле офицерите.

Во *Хераклеја* пронајдени се и два железни тро-ребрести врвови од стрели и уште еден таков врв од стрела на западните порти од базилика Д. Датирани се во VI век.[629] Ваквите врвови на стрели биле новина во доцноантичкиот период. Ги користеле номадските племиња. При исфрлување на стрелата од лакот, овие врвови ротирааат и при навлегување во телото на противникот пробивале и плетен панцир од алки. При вадење на стрелата од телото врвот останувал внатре.

Клин од понтонски мост. Во локалитетот *Хераклеја* во просторијата кај стражарската куќа пронајдов железен клин (со димензии 33x9 см), кој е пронајден во горните лозја во 1999 година, на запад од именуваниот локалитет. Пронаоѓачот му го дал на стражарот. Предметот е клин во вид на копје со расцветани краеви од кои двата краци се подолги, а двата се покуси за да го опфатат дрвото кое било насадено, набиено и стегнато со 4 чивии. Се користел за понтонски мост од привремен карактер, а понекогаш и за сталең.[630] Припаѓал на раната и доцната антика.

## 3. Други метални предмети

### 3. 1. Светилки

Меѓу движните материјали, пронајдени во *Хераклеја*, особено се карактеристични 2 железни светилки, датирани во V и VI век. На дршките има излиен латински крст[631] од кој на едната горниот крак е покус. Обликот им е крушковиден, а отворот за светење им е прстенест. На местото каде се налева маслото има капачиња со топчести завршетоци. Од внатрешната страна кај едната светилка капачето е вдлабнато и завршува во форма на морска школка. Светилките стоеле на кружно подножје. На два примероци имало синџир, што ни покажува дека светилките биле подвижни.

628 В. Лилчиќ 1992/93, 231. Ваков тип на мало секирче (томахавка) е пронајдено и во гроб во с. Таранеш, Дебар.

629 Е. Манева 1985/86/87, 50 - 51.

630 Во сите институции, заводи и музеи, кај што имаме библиотеки за стручна археолошка литература, книгите кои се со содржина посветена на оружје и попратни воени елементи како и градби од воен карактер во Македонија не постојат. За објаснување на клинот ми помогна Н. Чаусидис, и секако јас му благодарам.

631 А. Ѓорѓиевска 1998, сликата не е нумерирана, по наше броење е сл. 25.





*Сл. 181 - Хераклеја, железни свейилки, ѓорниѿе две се наоѓааѿ во Завод и Музеј - Биѿола, а леваѿа се наоѓа во Музејоѿ на Македонија - Скоӣје*

Една од двете бронзени светилки кои се наоѓаат во Музејот на Македонија[632] е од *Хераклеја*, според И. Микулчиќ. Тоа е светилката со срцевиден лист со вметнат крст. Нивната намена била за осветлување на базиликите, сакрална.[633]

### 3. 2. Стригил

Во локалитетот *Пешѿерица*, Прилеп,[634] во гробот бр. 16 пронајден е овој предмет. Иако гробот е од IV век, стригилот ни кажува дека е од времето на Јулијан Отпадник, кој сакал да ја врати старата, многубожна религија. Симболички бил ставен во гробот како знак на мажественост. Стригилот го користеле ефебите, (младинците - борачите) за чистење на телото од маслото.[635]

632 М. Шурбановска 2005, 244.
633 Ibidem, 244.
634 Д. Корачевиќ 1980, 101.
635 Неговата примена се гледа на античките скулптури со ефеби како ги чистат рацете од маслото.



*Сл. 182 - Пештерица, стригил*




*Сл. 183 - Пештерица, метални лажички*

Покрај другите наоди, пронајдени се и две сребрени лажички. Едната на црпалката има мотив на риба, направен со тореутика. Ова лажиче било лабис, за причесна.

### 3. 3. Игли за коса

Пронајдени се и две сребрени, украсни игли, од кои едната е со полигонална, а другата со биконусна глава, во локалитетот *Пештерица*, Прилеп.[636]

Во *Хераклеја* има само еден примерок од сребрена, украсна игла за коса, која завршува со конусна глава со валчести линии.[637]

Датирани се од IV до VI век.

636 Ibidem, 212.

637 Е. Манева 1988, 184.




Сл. 184 - Пештерица,
игли за коса




Сл. 185 -
Хераклеја,
игла за коса

### 3. 4. Клучеви




Од останатите метални предмети, да ги спомeнеме и двата железни, влезни клуча, пронајдени во *Хераклеја*. Имаат по два високи заба на ногата. Пронајден е и еден мал клуч со кружна глава.[638]

Мора да се каже дека исти клучеви се користеле и во раниот среден век, што е потврдено со локалитетот *Стрежево*, Битола.[639]




Сл. 186 - Стрежево,
клуч

Сл. 187 - Остров Голем Град,
метален дел од појасна торбичка

638 Ibidem, 231.
639 Т. Јанакиевски 1983, 101, Т. 2d.

### 3. 5. Појасни торбички

Овие торбички ги носеле германските воини. Се употребувале за носење на личниот прибор и парите. Направени биле од кожа и се закачувале на појасот со метален дел. Пронајдена е во локалитетот на островот Голем Град.[640] Преку овие торбички со сигурност знаеме за присуството на германските воини во нашата регија.

### 3. 6. Метални садови



*Сл. 188 - Сливица, метални садови*




*Сл. 189 - Хераклеја, релјеф во слонова коска*

Во локалитетот во с. Сливица, пронајдени се два метални ѓумови со форма на стомни, од кои едниот има долг врат со широка тролисна уста, фактички тоа е биконично ојнохе. Другиот сад има рачка зафатена за вратот а на врвот постои метален додаток кои ни укажува дека садот имал и капаче. По формите и местото на наоѓање, датирани се во доцната антика. Пронајдено е и едно метално котле со заоблена форма и рачка.[641]

## 4. Фигура од слонова коска

Во водичот за *Хераклеја Линкестис*, прикажан е дел од пиксида (кутија), украсен со релјеф од слонова коска. Претставена е танчерка, спрема подврзувањето на пеплосот,

640 В. Битракова - Грозданова 1988, 205.

641 Материјалот е отстапен од И. Микулчиќ, на кој му сум многу благодарен.

одма под градите. Наборите се спуштаат од под градите кон стомакот. Во десната рака држи марама, која најверојатно била фатена и со левата рака. Сметаме дека не е ангел, како што стои во текстот под сликата. Датирана е во V век.[642] Покрај ова, на релјефот се гледа и гола рака со прерамка на рамото која ги држи градите на танчерката. Затоа мислиме дека не станува збор за ангел, како дематеријално суштество.

## 5. Ќерамика

### 5. 1. Светилки

Светилките од предградието на *Хераклеја*, од втората половина на IV век се груби, од локална продукција неукрасени, имитација на антички типови.[643] Во обработката на светилките од локалниот музеј во *Хераклеја*,[644] Е. Манева




*Сл. 190 - Хераклеја, ќерамички свешилки*

642 А. Ѓорѓиевска 1998, страните и сликите не се нумерирани, по наша слободна нумерација е сл. 26.
643 Е. Манева 1978, 102.
644 Е. Манева 1979, 27; Е. Манева 1983/84, 50 - 54.

од доцноантичките светилки прикажува 10 примероци, со кои ни ја објаснува нивната припадност и нивниот круг на продукција. Со текот на време пронајдени беа уште неколку кои имаат ранохристијанска симболика на нераковорен крст (создаден од розети и палмети) вишан крст и симболика на риби, птици, крилести суштества (грифони - влијание од далечниот исток поврзани со култот на Гаруда - персиска митска птица која ги носи душите во небесата).

Уште 7 фрагменти на светилки се прикажани од ископувањето под театарот.[645] Покрај онаа карактеристична доцноантичка форма, забележителни се орнаментите во плиток релјеф како што се: латинскиот крст со концентрични кругови и геометриски форми (земени од стариот завет како континуитет на новиот); Христограми, карактеристични за времето на Константин и неговите синови; рамнострани триаголници (давидови ѕвезди - исто симболика од стариот завет); розета со десет листови, симбол на член на некое здружение; птица со стилизирано тело; и стилизирана форма на риба - знак за препознавање на Христијаните во раниот период.

### 5. 2. Македонска сива грнчарија



*Сл. 191 - Хераклеја, сива г̄рнчарија*

Во науката прв ја презентирал J. W. Hayes, нарекувајќи ја како "македонска сива терасигилата".[646] Садовите од овој тип се изработени од добро прочистена глина, со додавање на ситни парчиња лискун (момирок) и се премачкува со тенок слој сиво - маслинеста боја. Типична форма е печатењето декорации на работ од надворешната ивица или ивицата е брановидно аглеста. Со присуството на Готите во IV век во овие краишта се претпоставува дека се појавила оваа грнчарија која е слична со галската сива терасигилата.[647] Во *Хераклеја*,[648] и двата примерци на садови се со печатена декорација на борду-

645 Т. Јанакиевски 1987, 22 - 93.
646 М. Ончевска - Тодоровска 2003, 49.
647 И. Микулчиќ 1999, 201.
648 Е. Манева 1979, 198, Т. XVII; Т. Јанакиевски 1987, 91, Т. VII. инв. бр. 2898.

рата: кај Елица е чинија каде декорацијата е од две низи со косо поставени канелури, а кај Томе е исто дел од чинија со пет жига од четирилистен цвет, геометриски украсен со точки. Иако тој смета дека е осум страна ѕвезда што воопшто не личи.[649]

Во локалниот музеј во *Хераклеја* има два сада на овој тип грнчарија. Една е мала чинија, а другата е поголема чинија.

Во доцноантичка просторија јужно од Базиликата Д, пронајдена е трпезна ќерамика од македонска сива терасигилата со брановидни бордури на кои се гледаат вдлабнатинки.[650]




*Сл. 192 - Старо Лаīово, сива īрнчарија*

Во Старо Лагово - Прилепско пронајдена е плитка голема чинија од типот македонска терасигилата, кујнска длабока чинија, бокал со хоризонтални канелури на вратот и еден мал сад со две лентести држалки. На ободот има орнаменти со коси зарези. Бојата на садовите е светло сива.[651]

## 5. 3. Доцноримска црвена ќерамика




*Сл. 193 - Хераклеја, шрӣезна īрнчарија*

649 Т. Јанакиевски 1987, 91, Т. VII 1.2.
650 Е. Манева 1988, 182а.
651 К. Кепески 1978, 152 - 153, сл. 1 ,2, 3, 4.; Д. Корачевиќ 1980, 95 -96, р.бр. 535, 536.

Нема да се повторуваме за поделбите на оваа грнчарија бидејќи сето тоа е добро објаснето.[652] Ќе се задржиме само на наодите од оваа грнчарија во нашиот регион.

Во *Хераклеја*, во глобала, припадноста на црвената керамика е од африканска грнчарија со црвен премаз.[653] Имаме форми на чинии со биконични тела, плитки и длабоки. Бојата им е интензивна црвена, малку прелива на портокалова. Тоа се премази, а се работени од убава чиста глина. Во локалниот музеј во *Хераклеја* има два примероци од оваа керамика. Тоа се две чинии, едната е помала, а другата е поголема.

Ќерамика за кујнска употреба најдена е и во локалитетот *Задна Река Грмајѿе*, Прилеп и цилиндричест сад, долг 45 см. со рачка, украсена во три зони со кружни линии.[654]




*Сл. 194 - Задна Река Грмајѿе, керамички садови*

652 М. Ончевска - Тодоровска 2003, 45 - 48.

653 Е. Манева 1979, 46 - 48, Т. XV, XVI.

654 Л. Кепеска, К. Кепески 1990, 185 - 186, сл. 4, 5.

Во *Хераклеја*, од доцноантичка ќерамика за кујнска употреба, имаме садови кои се користеле на оган.[655] Претежно се крушковидни садови, а се наоѓаат во локалниот музеј. Има и две анфори, мали чинии, шоли без рачки и капаци од питоси.

Во локалитетите *Срчак - Мавер*, с. Паралово, Битола, пронајдени се еден цел бокал и дел од некој сад.[656] Со подоцнежните ископувања пронајдени се уште два бокали и еден кујнски сад со нагласено задебелување и две рачки.[657]

Ист бокал најден е во с. Претор, Преспа и една чаша со нагласен мев.[658]




*Сл. 195 - Срчак - Мавер, ќерамички садови*




*Сл. 196 - Претор, ќерамички бокал и чаша*

---

655 Е. Манева 1988, 182, сл. 8б, 8в.
656 Д. Симовска 1987, 136 - 137.
657 А. Георгиева 1988, 174 - 175; истата, 1988, 23 - 33.
658 В. Битракова - Грозданова 1988, 189, сл. 2.



*Сл. 197 - Шийош, с. Сливица,*
*доцноаншичка грнчарија, добиена на црно-бели фошографии,*
*шака шшо не знаеме на кој ший шриџаѓа*

## 5. 4. Словенска ќерамика

Во локалниот музеј во Хераклеја се наоѓаат 2 сада кои се ставени во периодот на доцната антика а припаѓаат на Словените. Фактички тоа е средновековна ќерамика која е пронајдена во некрополи. На двата сада површината на ободот е изгорена, едниот е поголем другиот е помал, а поради стаклото не можат да се прецизираат димензиите.[659]



*Сл. 198 - Хераклеја, словенска ќерамика*

659 Д. Минић 1978, 88-94 сл. 1.










*Сл. 199 - Кале,*
*с. Рашт̄ани*
*фраг̄мент̄и*
*од ќерамика*

### 5. 5. Фрагменти од трпезна и кујнска ќерамика

Ќерамиката е најдобриот показател за еден локалитет, на кое време припаѓа, на кој период е, или која "мода" ја застапува, тешко е да се определи со крајна прецизост.

Некои фрагменти од доцноантичка ќерамика кои се прикажани во трудот "Доцноантичка микростанбена целина"[660], сметам дека се погрешно датирани како ќерамика од доцна антика, а припаѓаат во средниот век:[661] стр. 111, табла VII; стр. 121, табла XII; стр. 127, табла XV; стр. 131, табла XVII; стр. 167, табла XXXV; стр. 169, табла XXXVI; стр. 183, табла LII; стр. 185, табла XLIV; стр. 213, табла LVIII; стр. 223, табла XIII; стр 237, табла LXX, стр. 241, табла XXXI; и стр. 255, табла LXXIX. Фрагментите лично не ги имам видено, новото датирање е направено по техничките цртежи и фотографиите, објавени во гореспоменатиот труд.

Фрагменти од доцноантичка ќерамика имаме и во локалитетот *Кале* с. Раштани, Битола.[662] Иако некои автори сметаат дека тоа се средновековни фрагменти, во суштина, некои од нив не се, бидејќи сум имал прилика лично да ги разгледам и простудирам, при припремата на мојот магистерски труд. Истите се поставени во збирката на ЗМГ - Битола, а се пронајдени во и околу базиликата на локалитетот.

### 5. 6. Печати

Пинтадер печати, работени од печена глина, пронајдени се: еден во *Хераклеја* и еден од непознат локалитет. Датирани се во доцна антика. *Хераклејскиот* е со орнамент од кантарос, а другиот има византиски двоглав орел, кој е симбол на средновековието.[663]

## 6. Стакло

Стаклото први го измислиле Вавилонците 3.500 пр.н.е. (стаклени предмети се најдени во гробовите на нивните владетели). Од нив го превзеле Египјаните. Во доцната антика стаклото се правело од грутки сода, кварцен песок, лужина од пепел (особено од дрво) и вар и сето тоа се иситнува во прав, се меша и топи во посебни печки, на температура од максимално 1300°C. Растопеното стакло се стврднувало со дување. Во доцната антика немало калапи, така што формата на балонот ја правеле со помош на железни

660 Т. Јанакиевски 2001.

661 Д. Минић 1978, 87 - 94; М. и Ђ. Јанковић 1990, 69 - 83, 94 - 117; М. Јанковић 1981, 29 - 37, 47 - 55; М. Б. - Хаџи Пешић 1993/94, 32 - 36; В. Бикић 1993/94, 43 - 56; истата 1994, 7 - 118; M. Popović 1999, 142 - 149, 188 - 192, 220 - 235; Л. Д. - Петкова 1999, 64 - 82; Б. Ристевски 2004, 49 - 71.

662 Г. Филиповска, П. Србиновски 1983, 116, Т. I, III, IV.

663 Т. Јанакиевски 1998, 37.




*Сл. 200 - Пинтадер печати, лево од непознат локалитет, десниот пронајден во Хераклеја*




*Сл. 201 - Старо Лагово, доцноантички стаклени садови*

предмети, рачно со притискање и така создавале агли и оформувале обод и врат на садот. Во зависност од потребата некои садови биле и кружни (балони), некои со агли. Во суштина тоа сè уште било грубо обработено стакло, дебело, во почетна фаза на обработка. Во средниот век, на островот Мурано, во близина на Венеција, се усовршила технологијата на обработка на стаклото. Со помош на валци правеле вдлабнатини и испакнатини, така наречено релјефно стакло со орнаменти. За изработка на стакла во боја уште тогаш се знаело дека во течното стакло се додаваат метални соединенија. Кога се додава хром проѕирноста на стаклото е жолто-зелена, а ако се додаде соединение на железо бојата ќе биде плаво-зелена или жолта. Кобалтот дава убава модра боја. Мало количество на злато помешано со стаклената течна маса дава рубиново црвено стакло. Со додавање на манган се добива црвено - виолетова боја, а со калциум плаво - виолетова боја. Бакарните соединенија даваа плава боја, ураново жолта или зелено флуоренцентна, а со додавање на никел се добива жолта, сива и виолетова.

Во осамениот гроб во с. Старо Лагово, Прилеп пронајдени се два четири аголни стаклени сада, сочувани цели, и фрагменти од три други сада. Од нив три се со зеленкаста боја и датираат од втората половина на IV век.[664]

Во *Хераклеја*, во локалниот музеј се наоѓа еден стаклен сад без обод и врат со зеленикава боја, идентичен на двата гореопишани садови.

Во "источното доцноантичко предградие" на *Хераклеја* откриени се фрагменти од стаклени садови: од светло зелено стакло; светло маслинесто со вметнати темно сини дамки; и стакло со темно модри бои со релјефна површина.[665]

664 К. Кепески 1978, 153 - 154, сл. 1, 2, 3, 4 и 5.
665 Е. Манева 1988, 182.




*Сл. 202 - Пештерица, стаклени садови*

Во гроб бр. 4 на локалитетот *Пештерица*, Прилеп, пронајдени се три фрагментирани стаклени садови, два со зелена боја и еден бел, со заоблени форми. [666]

Интересно е и стаклото кое се користело за кандило во ранохристијанскиот период, со сивкаста боја, чии фрагменти можат да се видат во локалниот музеј на *Хераклеја*. Тие имаат крушковидна форма и најверојатно лежеле или виселе во корпа пред иконите.

Четирите фрагменти од стакло, пронајдени при расчистување на театарот во *Хераклеја*, зборуваат за еден голем импорт и културно ниво на граѓаните на *Хераклеја*.[667]

## 7. Епиграфија

Во доцната антика љубоморно се чувало грчко-римското наследство во книжевноста и образованието. Сè до Јустинијановото време студентите учеле латински, како и грчки. Меѓутоа, римскиот дух повеќе ја практикувал реториката, а не филозофијата. Оттука доаѓа користењето на грчкото писмо во овој период, а не заради доминантноста во судирот на двете култури. Грчката и римската култура се асимилирале и заемно се надградиле, влегувајќи во западната и источната култура на римското царство.

Во нашата регија имаме голем број на доцноантички натписи, како што се:

- Натписите на градската фонтана.[668] Фонтаната е градена од Епископ Јован, кој ја посветил на царот Јустинијан со императив дека бил "најпобожен", што е и точно бидејќи неговата побожност се гледа во поистоветеноста на работата и неговите дела кои тој ги создал во неговото време.

- Мермерната стела, од која едниот дел е изгубен, а другиот е во музејот на Битола.[669] Со овој натпис се занимавал Хан[670] од кого Димица[671] го превзел

666 К. Кепески 1976, 209, 212.
667 Т. Јанакиевски 1987, 96 - 97.
668 Т. Јанакиевски 2003, 199 - 202.
669 Ф. Папазоглу 1970, 97 - 99.
670 G. von Hahn 1867, 352 - 353.
671 H. M. Dimitsas 1896, бр. 233 и 227.




*Сл. 203 - Хераклеја, нашūис од градскаша фонтана*




*Сл. 204 - Бишола, нашūис за војникош Сūуркиј*

текстот. Хан овој натпис го видел во куќата на Британскиот конзул во Битола. На натписот пишува за војникот Спуркиј кој бил христијанин.

- Плочата на комесот Вененатос.[672] Натписот зборува за луѓе наредбодавци со финансиска должност, владин повереник, народен пратеник, кој сигурно ги штител интересите на беспомошните во некое собрание на градот.

- Натписот во големата Базилика во *Хераклеја*.[673] Домаќинот - економ на црквата, Виника за да му се простат гревовите наредил да се направи мозаик во големата базилика и со тоа сакал да се искупи пред бога.

- Трите плочи од с. Крстоар, Битола.[674]

672 П. Мачкиќ, И. Микулчиќ 1961, сл. 102.
673 Цветковиќ - Томашевиќ 1975, II.
674 M. Δήμητσας 1896, 239 - 240, 241.



*Сл. 205 - Хераклеја,*
*натписот на презвитерот*




*Сл. 206 - Хераклеја,*
*ексагија - стаклен тег*




*Сл. 207 - Хераклеја,*
*монограм на Епископот Јован*

- Натписот со дел од латински крст, кој стои во кругот на локалитетот *Хераклеја* и во кој се спомнува некој презвитер кој бил "овенчан" уште на земјата.[675]

- Изгубениот натпис во гимназијата "Ј. Б. Тито" во Битола. Пишувало за "чтеецот" и архивар Василие[676] (тоа било негово работно место, но всушност тоа се институции кои постоеле во градот *Хераклеја*) како црковен пејач, псалт и архивар - обично во тоа време единствена институција која имала таква личност била црквата, во смисла ги чувал документите од црквените случки, потреби, задолжувања и слично.

- Арата од бел мермер, најдена во с. Суводол, Битола, испишана од три страни со посвета на божицата Пасикрата, заштитничка на робовите.[677] Натписот претставува лична карта на ослободените робови, фактички таа била гаранција во јавноста за нивната лична слобода.

Од натписите дознаваме за примање меѓу "светии". Во ова време не се нарекувале "светии" оние кои имаат заслуга за верата, туку сите оние кои веруваат во Христа. Сретнуваме и презвитер, сигурно во раното христијанство немало свештеници, туку презвитери - старешини, проповедници, кои не биле над обичниот народ, туку изедначени.

Опусот на епиграфиите ни дава голема можност за изучување и откривање на социологијата на времето и просторот во V и VI век.

675 В. Калпаковска, А. Георгиева 2003, 93.
676 Ibidem, 89.
677 N. Vulić 1937, 42 - 44.

## Заклучок

Пелагонија е најголемата македонска рамница, густо населена од предисториските времиња до ден денес. Со развојот на археологијата кај нас се појави потреба за покомпактно испитување на оваа регија, како целина, заедно со најблиските периферни делови. Во оваа област се откриени (од периодот на антиката) 600 камени споменици. Во доцната антика на овој простор се регистрирани близу 100-тина укрепени места, исто толку ранохристијански цркви и огромен број на отворени населби заедно со некрополи. Доцната антика ја подразбираме од крајот на III до крајот на V век, време прифатено од најголем број историчари, истражувачи на културната историја. Овој период уште се нарекува и доцноримски *(времето на Диоклецијан и крајот на Јустинијан)*. Низ целиот период се зборувал римскиот административен јазик, а по VI век почнало да се зборува и грчкиот јазик.

Рано византискиот период ја опфаќа втората половина на V и VI век. И двата периоди во нашите краишта се исполнети со исти основни вредности во материјалната култура, меѓутоа во доменот на духовното творештво тие се различни.

Доцноримскиот период е сè уште во знакот на паганската идеологија и традиционалното вреднување, макар што христијанството фаќа корени кај нас во почетокот на V век. Доцната антика е време со кое се означува една нова ера. Со неа престанува старото, доаѓа христијантсвото како нов начин на живеење со нови морални правила, манифестиран во социјалниот и духовниот живот. Новиот поглед на светот битно влијае и во материјалното секојдневие, потребите ги поттикнуваат промените.

Состојбата на истражувања во доцната антика во пелагониската регија има свои почетоци уште од крајот на XIX век. Првите учени доаѓаат од западниот свет, иако изложени на разни опасности во тогашната турска империја. Тие ги направиле првите археолошки ископувања на овој терен. Благодарение на Битола која станала град на конзулските претставништва од европските и балканските земји, нивото на култура во однос на откривањето старини било позабележително. Мотивите денес ни се познати, но сепак тие оставиле еден почеток во собирањето на артефактите. Со текот на времето се појавуваат интелектуалци од самата средина, кои систематски ги забележале старите натписи напишани на камења. Таков пример е Маргарит Димица, кој патувајќи од село до село ги забележал, а ги објавил во Атина. Веќе во почетокот на XX век се создаваат археолошки школи во соседна Грција, водени од западни стручњаци, кои перманентно ја крстарат пелагониската регија.

Во времето на Првата светска војна, во текот на борбените дејствија, бугарскиот археолог Гаврил Кацаров врши ископувања во прилепско - мариовскиот крај и остава забележителни податоци, пример митреумот во Прилеп. Првиот репер за посолидно истражување го направил Никола Вулиќ кој од 1924 до 1936 година го пропатувал овој регион каде што фотографирал и опишувал значајни наоди. Плод на неговиот труд претставува првата археолошка карта на пелагониската регија со наслов AKJ. BLATT. PRILEP - BITOLA, Belgrad 1937. Во 1976 година во Љубљана излезе томот K34 на Tabula Imperi Romani (TIR) во која Б. Јосифовска, И. Микулчиќ и Ј. Шашељ претставија неколку стотини локалитети од овој регион. Во 1976 година излезе книгата на Сигрид Дил GÖTTER KULTE NORD MAKEDONIENS, München 1976. Овие изданија придонесоа широката светска јавност да се запознае со археологијата на ова подрачје, што стана придонес за самата наука. Во 1999 год. се појавуваат нови гледишта кон античките богови во книгата на В. Битракова- Грозданова "Религија и уметност во антиката во Македонија". Следуваа во 2001 и 2002 год. двотомните изданија на В. Лилчиќ "Македонскиот камен за боговите, христијаните и за животот по животот" каде е обработен поголем дел од пелагониската регија во доцната антика. Истиот автор во 2003 год. ја издава книгата "Ранохристијанска црква" каде за прв пат е објавено значението и почетоците на црквата.

Во овој труд *Пелагониската регија во доцната антика* систематски е проучен целиот регион, обработени се сите локалитети и локации каде се сретнуваат наоди од доцната антика заедно со недвижниот материјал.

Географски, го опфаќаме регионот на Битола, Прилеп, Мариово, Порече, Крушево, Демир Хисар и Преспа. На база на научна основа, време-

нските границите на доцната антика ги помрднуваме и сметаме дека овој период започнува со императорот Проб во 276 година. Тоа е времето кога германскиот народ од племето Готи врши еден од многуте разурнувачки продори во Пелагонија.

Во доцната антика се нарушува комодитетот на Ромеите и тие мораат од офанзивни дејствија да преминат во дефанзива за да го сочуваат и спасат она што може да се спаси, а тоа била традицијата, навиките, начинот на живеење и нивниот свет.

Општо, во тогашната Европа, настануваат големи превирања, пред званичната "Преселба на народите". Во Шпанија се затворени рудниците, бидејќи таму господарат Вандалите, така што единствено место кое има каква таква руда е областа Пелагонија со околната регија. Империјата нема избор, металот мора да се обработува, бидејќи, во основа, со оружје државата се чува. Огромна маса на народ ја видела шансата за опстанок, покрај автохтоното македонско население и римјаните, тука се населуваат и народи од Блискиот исток кои културно се идентични на првите. Тоа добро го следиме преку наодите од нивниот секојдневен живот, накитот и предметите. Со нивното доаѓање се сменува културата на живеење, особено духовната. Ориентот одсекогаш го создавал духовниот развој, тука се судираат културите и се филтрираат есенцијалните вредности на боговите, за да се достигне совршеното.

"Дојденците" го донесоа христијанството во почетокот на V век (тоа се прифаќа како време на градење на огромен број ранохристијански базилики во ова подрачје). Христијаните со текот на времето доминирале, но сепак културата на автохтоните многубожци преживеала и во доцната антика, па така едните со другите направиле компромис и номинално победило христијанството. Зад неговиот плашт добро се сокрила старата паганска религија.

Уште од старите македонци, пелагониската регија имала добра патна мрежа. Со доаѓањето на римјаните таа само била проширена и подобро одржувана, патиштата за нив биле мир. Преку нив војската стигнувала и го оджувала редот. Во доцната антика Егнатиевиот пат го задржува приматот како најадекватен и најбрз пат до Блискиот исток. По него оделе луѓе кои сакале да ги посетат светите места во Израел, војници, освојувачи, трговци и сè она што го водело тогашниот свет напред. Источната империја на ромеите се трудела да биде сосед на своите непријатели. Од нив ги црпела позитивните материјални и духовни вредности.

Патната мрежа од локален карактер, како споредни ракави на главните патишта, била развиена заради рударството. За раниот период, III и IV век,

пишани извори ни се итинерариите *(распореди за попатните станици кои се користеле за пренесување пошта, поштарот јавал коњ кој го менувал од станица до станица).* На нив биле ставени скоро сите станици. Со текот на времето, низ вековите овие итинерарии до нас стигнале со грешки од страна на препишувачите, но во суштина се значајни извори за сообраќајните артерии. Како друг извор ќе ја спомнеме картата на Конрад Поинтингер, Хиеракловиот Синегдем каде се споменуваат три градови во пелагонискиот регион, поточно во Македонија I. Градот Пелагонија е ставен во Македонија II. Во истиот Синегдим се наоѓаат и градовите кои ги сменале имињата, меѓу кои е и градот Хераклеја.

За други извори, ги земаме делата на доцноантичките автори како Зосим, Малхо и Јорданес со неговото дело GETCA ET ROMANO. Навлегувањето на Готите преку границата во источното римско царство од 235 до 284 год. се зема како прво разорување во нашата регија. Во 447 година продираат Хуните. Нивниот продор го следиме преку нивното оружје и опрема во нашите локалитети. Во Хераклеја, најдени се два рефлексни хунски лакови кои кажуваат дека градот бил од нив нападнат. Во 479 година, знаеме дека готскиот крал Теодорих Амал со своите Готи стигнал пред вратите на Хераклеја и го уценувал хераклејскиот епископ да го храни со вино и жито, а кога овој одбил Теодорих градот го разорил.

Во 517 година продираат Кутригурите, а последен е продорот на Аварите и Словените од 586 година. Овој налет е добро датиран со пронајдените депоа од овој регион. Со присуството на овие народи се јавила потреба, во доцниот V век, за засилување на кастелите за поефикасна одбрана. Воедно овде се измислиле нови фортификациски елементи за одбрана и тоа како најбитни градежни објекти биле кулите. Од нив се дејствувало на непријателот, а преку нив се бранело обѕидието на градот. Населените места од раната антика, кои преживеале и во доцната антика, останале со исти имиња, на пример: *Хераклеја Линкестис, Алкомена, Бријанион, Кидрае, Персеида, Пелагонија, Керамије, Писаион, Линкос, Антанија* и други, што го дознаваме преку пишани извори.

Некрополите од раната антика се надоврзуваат на доцната, по бројност се помалку, што докажува за демографијата на населението *(раѓање и умирање).* Во нашата регија заедно со гробниците во карпа на број се 61 некропола од раната антика.

Во времето кога христијанството зајакнува, паганските храмови сè уште постојат и кога христијаните комплетно победуваат, натписите на идолите не ги уништиле, што ни кажува дека сеуште ги почитувале. Таков е примерот со

натписот на *Аполон* кој се наоѓа во манастирот Трескавец. Него продолжиле да го почитуваат под ново име - *Илија*.

На почетокот на доцната антика почнале превирањата во римската империја, најпрво територијата била поделена на четири владетели, а главен бил биде Диоклецијан *(времето на тетрарсите, кои сметале дека полесно ќе ја контролираат територијата)*. Иситнувајќи ја административно, го зголемиле чиновничкиот апарат, така што покрај четирите цезари се јавиле и други помали цезари. Многу христијани ја виделе шансата за пробивање во системот. По нив, на власт доаѓа Константин со неговиот пресврт во ликот на рескрипта од 313 година. Со овој документ религиозните интереси и црковниот живот на неговите наследници застанале во прв план. Тогаш настанува една злоупотреба на религијата и употреба на терминот црква - држава која за демократските земји и денес е проблем во сферите на интересите на политиката. Сега веќе контрадикторниот термин константинизам е сè уште присутен во традициите на источната и јужната црква *(ако земеме во предвид дека западна Европа е поделена на јужна католичка и северна протестантска)*. Ваквиот став на поединците во христијанството му трасирал пат на царот Јулијан Отпадник и повторно заживување на паганската религија, во ликот на неоплатонистичкото училиште од Атина кое било забрането дури во VI век. Во оваа училиште учеле и неколкумина од т.н. свети отци. Како и да било, позитивната струја меѓу христијаните сепак победила, Јулијан владееше малку време, а враќањето на паганизмот ние материјално го следиме преку гробот од *Пештерица*, монетата на Јулијан и стригелот.

Христијантсвото, иако како религија во прво време била насочена кон зборот што значи дека Христос јасно зборува за духот, а не за телото, подоцна при нејзино интерпретирање почнуле да се бараат предмети, садови, симболи, скулптури и друго. На нив се втиснувале христијански знаци. Се стремело кон сеопфатност, со тоа што било занемарено крштевањето на зрели, возрасни луѓе кои самоволно ја примале оваа религија, туку се прифатило крштевањето на мали, штотуку родени деца. Крштевањето на возрасните, во раниот период, го следиме од крстилниците, пример во *Хераклеја* каде што се гледа дека била наменета за возрасни луѓе.

За археологијата денес е корисно тоа што преку предметите од ранохристијанскиот период ние ја пратиме социологијата на доцната антика низ времето. Потребата на христијаните за собирање, по излегувањето од катакомбите, како и другите религии била на точно определено место наречено молитвен дом. Таа функција подоцна ја превзема базиликата која станала главна градежна форма во доцната антика, а оттаму е извлечен и терминот

ранохристијанска базилика или црква. Низ нашата регија ги има 90 на број. Основата им е со базиликална форма, единствена разлика е тоа дали се еднокорабни, двокорабни или трокорабни во основите. Сите овие базилики материјално се поткрепени и со архитектонска, декоративна, мермерна пластика.

Сето ова се надоврзува со доцноримското градежииштво и начин на градење кое се сведувало на користење на материјали од природата. Тие добро се обработувале и прилагодувале на потребите на луѓето. Релативно до скоро време, луѓето живееле надвор од куќите, нив ги користеле само како место за заштита од природните околности, така што во основа куќите се граделе со цокле, ред камења во висина на еден метар поврзани со кал некогаш со малтер или кал пломбиран со малтер, а одозгора се ставале тули - плитар направени од кал и слама поврзани со греди - бондрук. Обѕидијата во населбите биле изградени со поквалитетен материјал, кршен камен поврзан со варов малтер изгаснет на лице место. Ѕидовите биле високи до шест метра а и повеќе, за заштита на животите на заедницата која живеела зад обѕидието, каде што се чувало приватното и државното добро. Овде, интересот на државата и поединецот бил заеднички, што значи интересите се поклопуваале. Градбите еволуирале со цел да се сочуваат сите вредности кои ги носи цивилизацијата. Новите фортификациски промени ги гледаме во кулите пред ѕидовите, насипите и рововите; сето тоа претставувало новина во градежништвото. Се случувало дури некои кули кои биле на високи доминантни места да преминат во систем за чување на вода; примерот со северната кула во *Хераклеја,* на калето. Доцната антика е период кога нашата регија била загрозена од константните напади на "варварите" и новите фортификации биле тука измислени за потоа да бидат прифатени и во другите региони. Во VI век, главен во градовите бил епископот, а во помалите градови биле неговите помошници, бискупите. Ова право им било дадено со царска наредба, царот Јустинијан, сметајќи дека сето добро на светот дошло од христијаните нивните лидери ги става нив на прво место; покрај духовниот живот тие го воделе и политичкиот. Денес градовите ги класифицираме како каструми и кастели, селата како утврдени села, местата за прибежиште ги нарекуваме збегови, местата каде што државата имала свои рударски интереси ги нарекуваме рударски населби, тврдините за војска се војнички тврдини; сите овие обѕидија си имаат своја карактеристика и функција, така полесно ги препознаваме на теренот. Некои од нив имале и двојна функција, што значи дека низ времето се менувале, добивале друга задача, но едно е карактеристично за сите нив: служеле за заштита на животот и материјалните добра.

Во рамките на империјата, за експлоатирањето на рудниците се грижела државната администрација и нејзините застапници - императорските прокуратори. Пелагониската регија имало голем број на рудници заедно со рударски населби, тие го снабдувале царството и имале витален интерес за опстанокот на државата. Државата е систем на кој му треба материја, и тоа во големо количество, да може да се модифицира од еден во друг вид, а такво нешто во тоа време бил металот, всушност државната каса била богата кога имало метал. Многу топоними во нашата регија зборуваат за рударството, пример: Железник, Ковачево, Мелои, Штелни, Српци и др.

Со доаѓањето на Аварите и Словените на ова подрачје настана "темнина" за автохтоното население, научно кажано комплетна демографска промена на населението. Голем број од староседелците бегаат кон приморјето. Словените ги запоседнуваат просторите на Стара Грција до Пелопонез и таму ги создаваат своите склавинии во близина на ромејските населби, од кои културно биле воодушевени. Гледајќи опасност во нив, Ромеите решиле најпрво духовно да ги потчинат. Со тоа сакале насила да го наметнат византиското културно влијание. Меѓу Словените, по овие дејанија, настанува една општа меланхолија, отсуство на чувства.

За докажување на тезите во оваа докторска дисертација најбитни се материјалните наоди, кои нив ги докажуваат или оспоруваат:

1. ***Опремата - предметите*** кои биле користени во секојдневниот живот ќе ги оправдаат историските податоци во пелагонсиката регија во доцната антика:

1.1. *Лукавичестите фибули* кои ги сретнуваме во одделни гробови и гробници ни зборуваат дека ги населе странци, луѓе со воено минато, најверојатно ветерани кои добиле пензија во земја како награда за нивната воена служба. Една златна фибула од овој тип пронајдена е во Секирани и уште една, позлатена, пронајдена е во Битола (кај стариот "Прогрес", близу Буковски гробишта, во засводена гробница во карпа).

1.2. *Фибули* со подвиена нога, како дел од војничка опрема пронајдени се во *Хераклеја, Браилово, Ижиште, Миокази.*

1.3. *Токи* со јазичина од типот Сучидава, кои имаат антропоморфен лик со очи, нос и уста, пронајдени се во *Хераклеја, Белица, Десово, Браилово* и други локалитети. Знаеме дека се дел од аварска опрема, поточно од завршетокот на ременот.

1.4. *Бубрежните и кружните токи,* се смета дека се дел од готски ремен поврзани со пондскиот културен круг, што значи дека ромејски занаетчии работеле опрема за естетиката на странците. Пронајдени се во *Хераклеја*, Могила и островот Голем Град на Преспанското Езеро.

1.5. *Апликации* за колани. Биле користеле како украси, а припаѓале во воената опрема.

2. ***Обетки*** - како накит, ни го одредуваат потеклото, кој ги носел и на кој период му припаѓаат .

3. ***Белегзии*** - поделени се на метални и стаклени.

4. ***Ѓердани*** - наредени биле со килибар и стаклена паста. Еден од најуникатните наоди, кој заслужува да се спомне посебно, е герданот со 18 златни зрна во облик на амфора, пронајден во *Пештерица*, датиран во првата половина на IV век.

5. ***Прстени,*** со мотиви на главата во вид на крст *(ставро декорација).*

6. ***Оружје*** - шлем со спојки од *Хераклеја* засега единствен по својата декорација.

6.1. *Делови од рефлексен хунски лак*, работени во коска. Во *Хераклеја* се пронајдени два примероци.

7. ***Метални светилки*** - три метални светилки од *Хераклеја.*

8. ***Стригил од Пештерица*** - предмет кој го користеле ефебите да го исчистат маслото од телото.

9. ***Игли за коса*** - женски реквизит. Пронајдени се вкупно четири во нашата регија.

10. ***Клучеви за отворање на врати.*** Три се пронајдени во *Хераклеја* и еден во Стрежево.

11. ***Фигура од слонова коска*** со приказ на танчерка. Фигурата служела како украс на женска кутија (пинакс).

12. ***Ќерамика*** - работена на грнчарско колце. Ни служи за датирање, било да се цели садови или фрагменти. Поделена е на црвена - доцноримска и сива македонска тера сигилата.

12.1. *Ќерамички ламби* - на нив се сретнуваат мотиви од христијанската религија: риба или крст. Пример со неракотворениот крст создаден од розети и палмети од *Хераклеја.*

12.2. *Печати пинтодери* - работени во керамика.

13. ***Стакло*** - од доцната антика пронајдени се стаклени предмети во осамениот гроб во *Старо Лагово, Хераклеја и Пештерица.* Во зависност од додавањето на металните соединенија било обојувано стаклото.

14. ***Епиграфија*** - натписите на камените споменици претставуваат вреден документ за социологијата на средината. Натписите зборуваат за луѓе со разни професии, преку нив ние ги пратиме општествените потреби на градот, нивото на културата и државните функции. Тие ни ја доловуваат сликата на минатото, затоа епиграфијата е единствен историски податок меродавен да

го објасни времето со кое се поврзуваат историските настани. За нас крајно поучно.

Се надеваме дека нашите истражувања и сознанија, објавени во овој труд, ќе поттикнат нови студии, нови подетални и поспецифични истражувања концентрирани на потесни региони, поконцизни во избирањето на темите и материјалот.

На крајот да кажеме дека, трагајќи по вистината, намера ни беше да направиме колективно добро и да реконструираме дел од македонското минато за добробит на сегашноста. Со надеж сме дека нашите сознанија ќе донесат поука за иднината. Заборавените принципи на вредности кои се развивале спонтано, по природен пат, ќе излезат на површината и ќе го воздигнат минатото во сегашноста, стремејќи се утре да тргнеме во посветла иднина, рамо до рамо со европските културни народи кои ја изградија денешната цивилизацијата, поучени од минатото.

## Скратеници

Автори на каталошки единици

| | |
|---|---|
| А.М. | Александар Митковски |
| А.Ѓ. | Аница Ѓоргиевска |
| А.К. | Апостол Керамитчиев |
| Б.А. | Блага Алексова |
| Б.К. | Благоја Китановски |
| Б.П. | Бојан Пупалески |
| Б.Ј. (B.J.) | Борка Јосифовска |
| Б.Б. (B.B.) | Бошко Бабиќ |
| Б.Р. | Бранислав Ристевски |
| Б.А. | Бранко Атанасовски |
| В.Б.-Г. | Вера Битракова - Грозданова |
| В.К. | Весна Калпаковска |
| В.Л. | Виктор Лилчиќ |
| В.С. | Викторија Соколовска |
| В.Х. (V.H.) | V Hensel |
| В.С. | Војислав Санев |
| Г.Т. (G.T.) | Гордана Томашевиќ |
| Г.Ф. | Гордана Филиповска |
| Г.Г. | Горица Гагиќ |
| Г.М. | Горица Микулчиќ |
| Д.С. | Драгица Симоска |
| Ѓ.С. | Ѓорѓе Стричевиќ |
| Е.П. | Елеонора Петрова |
| Е.М. | Елица Манева |
| Е.Н. | Енгин Насух |
| И.М. (I.M.) | Иван Микулчиќ |
| И.Н.-С. | Иванка Николајевић-Стојковић |
| Ј.Р. (J.R.) | Јадвига Раухут |
| Ј.К. | Јован Ковачевић |
| К.К. | Костадин Кепески |
| Л.К. | Лилјана Кепеска |
| Љ.Џ. | Љубинка Џидрова |
| М.И. | Милан Ивановски |
| М.М. | Миле Медиќ |
| М.Ч-М. | Милка Чанак - Медиќ |
| М.Г. (M.G.) | Миодраг Грбић |
| Н.П. | Нивес Петров |
| Н.В. (N.V.) | Никола Вулић |
| Н.Ч. | Никос Чаусидис |
| П.С. (P.S.) | Пеце Србиновски |
| П.Ј. | Петар Јовановиќ |
| Р.Г. | Р Грујић |
| С.С. | Саржо Саржоски |
| С.А. | Степан Антољак |
| С.Т. | Стевче Тодоровски |
| Т.Ј. | Томе Јанакиевски |
| Т.Т. | Томо Томовски |
| Ф.П. | Фанула Папазоглу |
| Ф.М. | Франце Месеснел |
| Ц.К. | Цоне Крстевски |

Автори на цртежи и планови

| | |
|---|---|
| A.G. | Аница Ѓоргиевска |
| B.A. | Бранислав Атанасовски |
| B.R. | Бранислав Ристевски |
| V.B. | Вера Битракова - Грозданова |
| V.L. | Виктор Лилчиќ |
| G.F. | Гордана Филиповска |
| D.S. | Драгица Симоска |
| E.M. | Елица Манева |
| I.M. | Иван Микулчиќ |
| J.R. | Јадвига Раухутова |
| J.R. | Јержи Ростовски |
| K.K. | Костадин Кепески |
| M.I. | Милан Ивановски |
| N.Č. | Никос Чаусидис |
| P.S. | Пеце Србиновски |
| T.J. | Томе Јанакиевски |
| F.P. | Фанула Папазоглу |
| | Стевче Тодоровски |

Кратенки

| | |
|---|---|
| АД | Археолошко Друштво |
| АЕИ | Археолошки, Етнолошки, Историски |
| АИ | Археолошки Институт |
| AI | Archaeologia Iugoslavica |
| AKJ | Археолошка Карта на Југославија |
| АМ | Археолошки Музеј |
| АП(АР) | Археолошки Преглед |
| VAMZ | Vjesnik Arheološkog Muzeja u Zagrebu |
| ВИ | Византиски Институт |
| ГГБ | Годишњак Града Београда |
| ГЗФФ | Годишен Зборник на Филозофски Факултет |
| ГСНД | Гласник Скопског Научног Друштва |
| ЖА | Жива Антика |
| ЗАМ | Зборник на Археолошкиот Музеј |
| ЗНМ | Зборник Народног Музеја |
| ЗРВИ | Зборник Радова Византолошког Института |
| ЗТ | Зборник на Трудови |
| ИНИ | Институт за Национална Историја |
| JC | Јужна Србија |
| КН | Културно Наследство |
| МАА | Macedoniae Acta Archaeologica |
| МАНУ | Македонска Академија на Науки и Уметности |
| MBVF | Münchener Beiträge zur Vor-und Frühgeschichte |
| МН | Македонско Наследство |
| МЦ | Македонска Цивилизација |
| НД | Научно Друштво |
| САДЈ | Савез Археолошког Друштва Југославије |
| САН | Српска Академија Наука |
| СГЗ | Сојуз на Географското Здружение |
| TIR | Tabula Imperii Romani |

# Цитирана литература


Алексова Б. 1958 - Извештај за истражувањата на средновековните гробови во Стоби, Гласник на ИНИ бр. 1, Скопје 1958, 247 - 254

" 1983 - Курбиново, Преспа, архитектонска декоративна пластика, ЗТ Лихнид 5, Охрид 1983, 57 - 70.

" 1995 - Loca Sanctorum Macedoniae, култ на мартирите во Македонија од IV до IX век, ЗТ Скопје 1995, 1 - 384, колор табли 1 - 35.

" 2003 - Старохристијански црковни центри во Македонија, МАНУ Старохристијанска археологија во Македонија, Прилози од научен собир, Скопје 2003, 7 - 21.

Алексова Б. и Лилчиќ В. 1997 - Ранохристијански цркви во Македонија, МН бр. 5, Скопје 1997, 11 - 20.

Alexander D i P 1989 - Biblijski priručnik Zagreb, 1989.

Арсић В.Т 1930 - Црква Св. Великомученика Димитрија у Битољу, Битољ 1930.

Атанасоски Б. 1996 - Три некрополи од рановизантискиот период, ЗТ Balkanoslavika 13/15, Прилеп 1996, 71 - 82.

Аџиевски К. 1990/91 - Пелагонија во VI и VII век, ГЗФФ кн. 17-18, Скопје 1990/91, 21-36.

" 1994 - Пелагонија во средниот век (од доаѓањето на Словените до паѓ ањето под турска власт), Скопје 1994.

Бабамова С. 2005 - Епиграфски споменици од Република Македонија датирани според македонската провинциска ера, Скопје 2005, 106 - 121.

Бабиќ Б. 1961 - Bakalica, Prilep - Nekropola; Tašačica, Varoš, Prilep - Nekropola, AP Beograd 1961, 97 - 98; 99 - 100.

" 1965 - Pešterica, Oreovec, Prilep - kasnoantička vila i nekropola, AP 7, Beograd 1965, 131 - 133.

" 1971 - Период на доцноримско царство и раната Византија, во монографијата Прилеп и прилепско низ историјата, кн. 1, Прилеп 1971, 61 - 71.

" 1972 - Arheološki tragovi iz antičkog i srednjevekovnog perioda u prilepskom kraju, ZT AD materijali IX, Beograd 1972, 21 - 23.

" 1974 - Период на доцноримско царство и раната византија, Прилеп и прилепско низ историјата кн. И, 4 Прилеп 1974, 71.

" 1978 - Извештај за македонско - полските археолошки истражувања на локалитетот "Градиште" кај село Дебреште - 1976 година, МАА 4, Прилеп 1978, 205 - 215.

" 1981 - Општ преглед на спомениците од минатото на Прилеп и прилепскиот крај, Скопје 1981, 25 - 31.

" 1986 - Материјалната култура на македонските Словени во светлините на археолошките истражувања во Прилеп, Прилеп 1986, 9 - 15.

" 1976 - Археолошки истражувања на локалитетот Градиште кај село Дебреште, МАА 2, Прилеп 1976, 251 - 261.

" 1980 - Um Tombean paleobyzantin des envizons de Makedonski Brod avec annex de boucled' orielle avec corbeillon, Raports dux III$^{e}$ Congres International d' Archeologie Slave, Tom 2, Bratislava (1975) 1980, 31-34.

Бабиќ Б., Hensel W. и Rauhutowa J. 1979 - Југословенско - Полски археолошки ископувања на локалитетот Градиште кај с. Дебреште во 1977 г., МАА 5, Прилеп 1979, 141 - 148.

Babelon J. 1970 - Antička numizmatika, Beograd 1970, 100 - 125.

Bitrakova V. 1967 - Pretor, Prespa - kasnoantička arhitektura, A.P. 9, Beograd 1967, 118

Бикић В. 1994 - Средњовековна керамика Београда, Београд 1994.

" 1993/94 - Средњовековни укоп из источног подграђа Београдске тврђаве, ГГБ кн. XL/XLI, Београд 1993/94, 43 - 56.

Битракова - Грозданова В. 1988 - Ископувањата во Голем Град во 1980 година, МАА 9, Скопје 1988, 203 - 209.

" 1988 - Археолошките истражувања во Преспа во 1967/68 година, МАА 9, Скопје 1988, 187 - 201.

" 1989 - Ископувања на Голем Град од 1981 - 1986, МАА 10, Скопје 1989, 101 - 131.

" 1999 - Религија и уметност во антиката во Македонија, Скопје 1999.

Битракова - Г. В. и Пупалески Б. 1989 - Ранохристијанска сакрална архитектура во Преспа. Лихнид бр. 7, Охрид 1989, 29 - 41.

Бјаловић - Х. П. М. 1993/94 - Унутрашње утврђење Београдског града, ГГБ кн. XL/XLI, Београд 1993/94, 32-36.

Borovac I. 2004 - Opća povjest umjetnosti, Zagreb 2004.

Бошковић Ђ. 1976 - Архитектура средњег века, Београд 1976, 7 - 9.
Братож Р. 2000 - Ранохристијанската црква во Македонија и нејзините односи со Рим, МН 13, Скопје 2000, 3 - 82.
Васић М. 2001 - Осврт на налаз IV века из Старчева, ЗНМ VVII-1, Београд 2001, 175-200.
Vasiljev S. 1928 - Slovenska mitologija, Beograd 1928, 11 - 197.
Велков В. 1959 - Градът в Тракия и Дакия през късната античност IV - V в., София, 1959
Vinski Z. 1958 - O nalazima 6 i 7 stoljeća u Jugoslaviji s posebnim obzirom na arheološku ostavštinu iz vremena prvog avarskog kaganata, Opuscula Arheologica III, Zagreb 1958, 1 - 28.
" 1971 - Rani srednji vek u Jugoslaviji od 400 do 800 godine, VAMZ, Zagreb 1971, 61-67.
Vlahović P. 1984 - Narodi i etničke zajednice sveta, Beograd 1984.
Вулић Н. 1931, 1933, 1934, 1948 - Антички споменици у нашој земљи, Споменик САН књ. 71, Београд 1931, 75; 1933, 77; 1934, 98; 1941, 48.
" 1937 - AKJ Blatt Prilep - Bitolj, Beograd 1937, 3 - 51.
" 1961 - Римско позориште код Скопља, неколико питања из античке историје наше земље и римске старине, САНУ пос. изд., књ ССС XLVI Београд, 1961, 3-23.
Вучковић Д. 1958 - Остава грчког новца из с. Прилепец код Прилепа, Гласник МКД. I, 12, Скопје 1958.
" 1963 - Стибера, античное поселемие в окреснастях Прилепа AI VI, Белград 1963, 99 - 101.
Гагиќ Г. 1981 - Извештај од археолошкото рекогносцирање во Демир Хисар, ЗТ бр. 2 - 3, Битола 1981, 85 - 110.
Герасимовска Д. 1996 - Антички куќи во Македонија, Скопје 1996.
Grafenauer B. 1955 - Kronološka vprošanja selitve južnih Slovanov podatkih spisa Miracula S. Demetrii, ZFF II, Ljubljana 1955.
Грбић М. 1937/38 - Откопавања у Хераклеји, материјали 30, II, III Скопље, 1937/38
" 1939 - Откопавање у Хераклеји Линкестис код Битоља, Уметнички преглед, Београд 1939/40, 231 - 235.
Грбић М. и др. 1954 - Археолошка карта на СР Македонија, Скопје 1954, 114.
Група автори 1997 - Археолошка карта на Р. Македонија, том II, Скопје 1997.
Dimitrova E. 2006 - In trough the inner door (the mosaic in the nartex of the large basilica in Heraclea Lyncestis), ЗТ Ниш и Византија IV, Ниш 2006, 179 - 189
Dimitsas M. 1896 - Η Μακηδονια εν λιθοισ φθεγγομενοις, Athen 1896
Düll S. 1977 - Die Götterkulte Nordmakedoniens in römisher Zeit, Münchener archäologische Studien Bd. 7, München 1977, 1 - 453.
Ѓоргиевска А. 1988 - Мавер, Паралово, АР Београд 1988, 174 - 176.
" 1988 - Аплика од типот "Sučidava" во Heraclea Lynkestis; Извештај за заштитните археолошки истражувања на локалитетот Мавер кај село Паралово - Битола, ЗТ Битола 1988, 15 - 18; 23 - 36.
" 1998 - Водич низ Хераклеја Линкестис, Битола 1998.
Ѓоргиевска А. и Насух Е. 2005 - Археолошки истражувања во Хераклеја - 1998 г. МАА 16, Скопје 2005, 225 - 240.
Eliade M. 1985 - Šamanizam, Novi Sad 1985.
Замуровић А. 1998 - Митолошки речник Београд 1998, 3 - 463.
Златарски В. 1970 - История на Българската дръжава презь средните векове, I - III, София, 1970.
Зоговиќ С. 1986 - Краток преглед на етногенезата на Словените од првите вести за нив па сè до денес, Зборник посветен на Б. Бабиќ, Прилеп 1986, 91 - 96.
Зотовић Љ. 1973 - Митраизам на тлу Југославије, Београд 1973.
Ивановски М. 1984 - Еден доцноантички гроб од Таранеш, ЖА 34, Скопје 1984, 219 - 226.
" 1987 - Рајчаница, Брод и Подградец, Здуње, АР 27, 1986, Љубљана 1987, 123 - 124.
" 1988 - Рановизантиска некропола "Подградец" кај Здуње, КН Скопје 1988, 55 - 57.
Јанакиевски Т. 1966 - Ramenska tumba, Bitola - kasnoantička bazilika, AP 8, Beograd 1966, 145 - 146.
" 1968 - Антички наоѓалишта и наоди кај цапарско поле, прилози 9, НД Битола 1968, 49 - 55.
" 1975 - Краток осврт врз резултатите од археолошките ископувања на римскиот театар во Хераклеја Линкестидска во периодот од 1968 - 1972 година, МАА 1, Прилеп 1975, 165 - 172.
" 1976 - Прилог кон прашањето за убикација на античката населба Nicea - станица на Via Egnatia, МАА 2, Прилеп 1976, 189 - 203.
" 1978 - Наоди на византиски монети од микростанбена целина врз римскиот театар во Хераклеја, МАА 4, Прилеп 1978, 189 - 203.

" 1979 - Археолошки комплекс Суводол од локалитет Керамидница и прашање за убикација на античката населба Пелагонија, МАА 5, Прилеп 1979, 75 - 82.
" 1980 - Кале, Стрежево - Битолско, МАА 6, Скопје 1980, 97 - 110.
" 1980 - Мозаикот на подот во централниот брод на ранохристијанската базилика кај локалитетот "Суви Ливади", с. Доленци - Битола. Во: христијански мозаици во Југославија, симпозиум Битола, 1978, материјали САДЈ 18, Београд 1980, 67 - 75.
" 1987 - Театарот во Хераклеја, Битола 1987.
" 1989 - Доцноантички градби од речни мазни камења поврзани со кал, ЗТ Лихнид 7, Охрид 1989, 65 - 67.
" 1998 - Земјени печати - пинтодери од Битолско, Печатарството и издаваштвото во Битола, том I, Битола 1998, 29 - 38.
" 1998 - Антички театри во Македонија, Битола 1998.
" 1999 - Прилог кон прашањето за убикација на градот Пелагонија во античкиот период, МАА 15, Скопје 1999, 183 - 192.
" 2001 - Доцноантичка микростанбена целина над театарот во Heraclea Lyncestis, Битола 2001.
" 2003 - Heraclea Lyncestis - Фонтана, МАНУ Старохристијанска археологија во Македонија, Прилози од научен собир, Скопје 2003, 191 - 205.
" 2003 - Убикација на средновековна Битола (VI - XIV век), Битола 2003.

Јанковић М. 1981 - Средњовековно насеље на Великом Градцу у X-XI века, Београд 1981.

Јанковић М и Ђ. 1990 - Словени у југословенском подунављу, Београд 1990.

Јовановић А. 1976 - Опроблему фибула са портретима, ЗФФБ књига XIII - 1, Београд 1976, 43 - 51.

Јовановић П. 1935 - Порече, Насеља и порекло стanивништва, СКА LI. кн. 28 Београд, 1935.

Јосифовска Б. 1961 - Водич низ Лапидариум, Скопје 1961.
1976 - Повеќе единици во: Tabula Imperii Romani, K-34, Ljubljana, 1976.

Калпаковска В. и Ѓоргиева А. 2003 - Животот во Heraclea Lyncestis преку епиграфските споменици, Битола 2003.

Kanlif R. 1980 - Римско царство, народ и цивилизација, Београд 1980.

Кацаров Г. 1924 - Археологически издирвания въ Мариовско и Прилепско, весник Зора, No. 1377, София 1924.

Keller E. 1971 - Die spätrömischen Grabfunde in Südbayern, MBVF 14, München 1971.

Кепеска Л. 1992/93 - Словенска некропола кај с. Дуње - Мариово, МАА 13, Скопје 1992/93, 245 - 251.

Кепеска Л. и Кепески К. 1986 - Грмајте - Задна Река, античка и словенска некропола, АР 25, Beograd Ljubljana 1986, 48 - 50.
" 1989 - Двојна некропола - Задна Река, МАА 10, 1985/86, Скопје 1989, 215 - 223.
" 1990 - Доцноантичка градба од Задна Река - Прилепско, МАА 11, Скопје 1990, 181 - 190.

Кепеска Л., Кепески К. и Китановски Б. 1986 - Мариово - рекогносцирање, АР 25, Beograd Ljubljana 1986, 115 - 123.

Кепеска Л. и Филиповска Г. 1987 - Резултати од истражувањето во село Раштани, Битолско, МАА 7 - 8, Скопје 1987, 195 - 203.

Кепески К. 1976 - Villa Rustica во Пештерица кај Прилеп; Северозападната некропола во вилата рустика во Пештерица кај Прилеп, МАА 2, Прилеп 1976, 143 - 149; 205 - 217.
" 1977 - Рановизантиска остава на бронзени монети од местото Баба кај Прилеп, МАА 3, Прилеп 1977, 181 - 192.
" 1978 - Еден доцноантички гроб од село Старо Лагово - Прилепско, МАА 4, Прилеп 1978, 151 - 157.
" 1987 - монети на македонските кралеви во збирката на прилепскиот музеј, МАА 7 - 8, Скопје, 1987.
" 2005 - Ранохристијанска базилика кај Дуње, Мариово, МАА 16, Скопје 2005, 247 - 257.

Керамитчиев А. 1961 - Новооткриени споменици од с. Браилово - Прилепско, ЗАМ (1959 - 1960), Скопје 1961, 45 - 64.
" 1976 - За старото рударство во Мариово I, МАА 2, Прилеп 1976, 237 - 248.
" 1977 - Старо рударство и металургија на Македонија, Водич, Скопје 1977, 5 - 18.
" 1977 - Извори за рударството и металургијата во античка Македонија, МАА 3, Прилеп 1977, 103 - 114.
" 1978 - За старото рударство во Мариово II, МАА 4, Прилеп 1978, 113 - 126.
" 1983 - Рударството во Порече, Гласник на ИНИ XXVII-1-2, Скопје 1983, 105-122.
" 1987 - Експлоатација на мермерите во античко време, МАА 7-8 1981-1982, Скопје 1987, 109 - 124.

Кернс Е. 1998 - Християнството през вековете, София 1998.

Киселков С. В. 1921 - Презвитер Козма, беседа против богомилите, Карнобад 1921.
Ковачевић Ј. 1961 - О тагмама из царичиног града и сонти, Старинар XII АИ, Београд 1961, 1-9.
" 1977 - Аварски каганат, Београд 1977.
" 1986 - Βάβασ, Зборник посветен на Б. Бабиќ, Прилеп 1986, 119 - 121.
Кокић М. 1929 - Извештаји о проучавању Јужне Србије на терену, Античко насеље код Прилепца, ГСНД V/2, Скопље 1929.
Корачевић Д. 1980 - Каталог од археолошкото богатство на СР Македонија, Скопје 1980.
Костић З. 1996 - Осврт на административне поделе Македоније крајем антике, ЗРВИ књ. XXXV, Београд 1996, 77 - 92.
Костовски В. 1960 - Железник, спелеолошки изучувања, положба и големина, Прилози I, Битола 1960, 71 - 81.
Курбатов Г. Л. 1972 - Основые проблемы внутреного развития византийского горада в IV - VII в., Ленинград, 1972.
Leže L. 1984 - Slovenska mitologija, Beograd 1984.
Liv. - - - - Titi Livii Ab urbe condita libri, ed. Weissenborn - M. Müller, Lipsiae 1906.
Livaja R. I - - - - - Militarija Sisciencia nalazi rimske voene opreme iz Siska u funtusu arheološkog muzeja u Zagrebu (katalog)
Лилчиќ В. 1983 - Ранохристијански засводени гробници во Македонија ЖА год. 33/св. 1, Скопје 1983, 95 - 108.
" 1984 - Нови ранохристијански наоди околу Прилеп, ГЗФФ кн. 11 (37), Скопје 1984, 87 - 108.
" 1994 - Античка патна мрежа, АК на РМ, МАНУ том I, Скопје 1994, 112 - 117.
" 1996 - Античка градежна керамика во РМ, Скопје 1996.
" 1996 - Научно истражувачки проект: Северозападна Македонија во доцната антика и средниот век, Полог, Кичевија, Порече, МН 2, Скопје 1996, 53 - 84.
" 1996 - Потрага по градот Пелагонија, центар на Македонија IV, МН бр. 1, Скопје 1996, 36 - 44.
" 1997 - Fauces Pelagoniae, МН бр. 4, Скопје 1997, 31 - 51.
" 1999 - Protection and safeguarding of the cultural heritage in the F.Y.R.O.M., Center for archaeological research, Скопје 1999.
" 2002 - Виа Егнатиа Лихнид - Ресен, МН 18, Скопје 2002,
" 2002 - Македонскиот камен за боговите, хриситијаните и за живот по живот, том II, Скопје 2002.
" 2003 - Ранохристијанска црква, Скопје 2003.
" 2005 - ΔΟΣΤΩΝΕΟΝ ΤΟ ΚΟΙΝΟΝ-убикација, МН бр. 23, Скопје 2005, 3-19.
" 2006 - Патот Аударис - Неапол, МН бр. 29, Скопје 2006, 48 - 68.
Лилчиќ В. и Илјоска В. 1997 - Каталог на ранохристијански цркви во РМ, МН бр. 5, Скопје 1997, 21 - 38.
Лилчиќ В. и Кебакоски Д. 2006 - Историја на истражувањето и убицирањето на античкиот и средновековниот град Пелагонија, МН бр. 27, Скопје 2006, 22 - 28.
Лилчиќ В. и Митковски А. 1995 - "Баба" Прилеп, ЗТ 1, АММ, АЕИ, Скопје 1995, 147 - 149.
Лилчиќ В. и Спасеска - М. К. 1992/93 - Неколку доцноантички градишта во Пелагонија, МАА 13, Скопје 1992/93, 227 - 243.
Лисичар П. 1954 - Нашата македонска антика, Современост, Скопје 1954, 583 - 620.
Максимовић Љ. 1980 - Северни Илирик у VI веку, ЗВИ 19, Београд 1980, 17 - 53.
Мано - Зиси Ђ. 1959 - Пролегомено уз проблеме касноантичког мозаика у Илирикуму, РТ НМ том II, Београд 1959.
Манева Е. 1979 - Неколку типови и форми на елениситичка и римска керамика од Хераклеја, Битола 1979.
" 1980/81 - Резултати од заштитното ископување на локалитетот "Партизански гробишта" кај Хераклеа, ЗТ 2 - 3, Битола 1980/81, 65 - 74.
" 1983/84 - Светилки од музејската збирка од Хераклеја, ЗТ 4 - 5, Битола 1983/84, 47 - 57.
" 1985/87 - Коскени окови за рефлексен лак и троребрести стрели од номадско потекло од Хераклеја, ЗТ 6 - 8, Битола 1985/87, 49 - 60.
" 1986 - Шлем со спојки од Хераклеја, ЖА 36, Скопје 1986, 71 - 88.
" 1986 - Некропола од крајот на антиката од Хераклеја Линкестис, МАА 10, Скопје 1985/86, 161 - 181.
" 1987 - Casque a fermoir d Heraclee, AI 24, Ljubljana 1987, 101 - 111.
" 1987 - Резултати од заштитните ископувања extra muros во Хераклеја, МАА 7 - 8, 1981/82, Скопје 1987, 125 - 142.
" 1988 - За карактерот и времетраењето на доцноантичкото подградие во Хераклеја, МАА 9, Скопје 1988, 175 - 186.
" 1988 - Неколку видови накит од крајот на антиката од Хераклеја, КН XII - XIII, Скопје 1988, 45 - 49.
" 1989 - Базилика Де од Хераклеја Линкестис, ЗТ Лихнид 7, Охрид 1989, 51 - 57.
1993 - Хераклеја во раното христијанство, КН 16, Скопје 1993, 17 - 24.

Мачкиќ П. и Микулчиќ И. 1961 - Каталог на антички предмети од Хераклеја (камена пластика), Хераклеја I, Битола 1961, 45 - 67.

Медиќ М. 1965 - Ископувањата и работите на конзервацијата на мозаикот во базиликата "А" во Хераклеја Линкестидска, Хераклеја II, Битола 1965, 67-71.

Медиќ - Чанак М. 1965 - Ансамбл на базиликата "А" од рановизантискиот период, Хераклеја II, Битола 1965, 35 - 61.

Месеснел Ф. 1932 - Ископавања у мариовском срезу, ГСНД XI, Скопје 1932, 202 - 212.

" 1935 - Извештаји о проучавању Јужне Србије на терену, једна гробница код села Суводола, ГСНД. књ. XIV, Скопје 1935, 201 - 205.

" 1937 - Старохришћанска базилика у Суводолу код Битоља, Годишњак музеја ЈС 1, Скопје 1937, 69 - 96.

1940 - Са наших језера на југу, Путник бр. 3, Нови Сад 1940, 67 - 70.

Микулчиќ Г. 1987 - Монетни наоди од 6. век во РМ, МАА 7-8, Скопје 1987, 177 - 194.

Микулчиќ И. 1962 - Некои археолошки податоци за првото готско пустошење во Пелагонија, Стремеж I од VIII бр. 4, Прилеп 1964, 37 - 41.

" 1966 - Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza, Diss. Iug. III, Skopje - Beograd 1966.

" 1967 - Старо рударство кај Витолиште, Стремеж г. XIII, 7, Прилеп 1967, 46 - 53.

" 1970 - Непознат антички град кај Мојно, ГЗФФ Т. 22, Скопје 1970, 324 - 347.

" 1974 - За големината на доцноантичките градови во Македонија, ИНИ X, Скопје 1974, 347 - 368.

" 1974 - Доцноримски гробови од Скупи, Г.З. на Филозофски факултет кн. 26 Скопје, 1974, 109 - 143.

" 1976 - Tabula Imperii Romani, K-34, sectio Naissus - Serdica - Scupi - Thessalonike, Ljubljana 1976 (околу 900 единици).

" 1983 - Античко светилиште и кастели на Клепа, ГЗФФ т.36, Скопје 1983, 193-206.

" 1984/86 - Kasnoantička utvrđenja u SR Makedoniji (pokušaj klasifikacije), Odbrambeni sistemi, Novi Sad 1986, 101 - 123.

" 1995 - Варвари во Македонија во доцната антика, ГЗФФ Т. 48, Скопје 1995, 239 - 253.

" 1996 - Средновековни градови и тврдини во Македонија, Скопје 1996.

" 1999 - Антички градови во Македонија, Скопје 1999.

" 2002 - Spätantike und Frühbyzantinische Befestigungen in Nordmakedonien, München 2002.

Микулчиќ И. и Лилчиќ В. 1995 - Фибули и појасни украси од 6. и 7. век во Македонија, ГЗФФ Т. 48, Скопје 1995, 255 - 274.

" 1996 - Објекти издлабени во карпа од Прилепско, МАА 9, Скопје 1988.

Миниħ Д. 1978 - Керамичке посуде као гробни прилози на средновековним некрополама у Србији, Годишњак града Београда. књ. XXV, Београд 1978, 87 - 94.

Митковски А. 1997 - Објекти издлабени во карпа, Депоа за реликвии, МН 5, Скопје 1997, 64 - 77.

Нидерле Л. 1954 - Rukověet Slovanské archeologie (превод од Чешки), Нови Сад 1954.

Николаевиħ И. 1957 - Рановизантиска архитектонска декоративна пластика у Македонији, Србији и Црној Гори, САН, посебна издања књ. CCLXXIX, ВИ књ. 5, Београд 1957, 1 - 112.

Николаевиħ - Стојковиħ И. 1966 - Ранохришћанске крстионице у Југославији, ЗРВИ књ. IX, Београд 1966, 223 - 255.

Ончевска - Тодоровска М. 2003 - Доцноантичка грнчарија од Скупи (втора половина на IV - VI век), Скопје 2003.

Острогорски Г. 1970 - Византија и Словени, Београд 1970.

Панов М. 1976 - Географија на СР Македонија, кн. I, Скопје 1976.

Папазоглу Ф. 1954 - Хераклеја и Пелагонија, ЖА 4, Скопје 1954, 308 - 343.

" 1957 - Македонски градови у римско доба, Скопје 1957.

" 1961 - Хераклеја Линкестидска во светлината на книжевните и епиграфските текстови, Хераклеја I, Битола 1961, 7 - 42.

" 1970 - Ранохришћански натписи из Хераклеје, ЗФФ Београд, XII - 1, Београд 1970, 92 - 99.

" 1988 - Les cites macedoniennes al' epoque romaine, Ecole francais d'Athenes 1988, 1-527.

Петров К. 1956 - Смешано ѕидање во неколку згради во Македонија од III до VI век; Еден нов податок за Хераклеја Линкестис, ЗТ АМ Скопје (1955 - 1956), Скопје 1956, 71 - 77; 108 - 110.

Петрова Е. 1992 - Прилози за историјата на Македонија од архајскиот период до доцната антика (доаѓањето на Словените), Прилози XXIII - 2 МАНУ, Скопје 1992, 67 - 80.

Петровиħ - Спремо Н. 1971 - Пропорцијски односи у базиликама Илирске префектуре, Београд 1971.

Петрушевски И. 1986 - Битола и Прилеп на географски карти, СГЗ Географски разгледи кн. 23 и 24, Скопје 1986, 180 - 185.

" 1992 - Македонија на стари мапи, Скопје 1992.

Plin. --- - Die geographischen Bücher der Naturalis Historia des Plinius Secundus, ed. D. Detlefsen, Berlin 1904.

Поповић В. 1980 - Au origines de la Slavisation des Balkons: la constitution des premieres Sclo- vinies Macedoniennes vers la fin du Vie siecle CRAI, Paris 1980, 230 - 265.

" 1981 - Једна непозната инвазија Словена у време Јустинијана II, Нумизматичар бр. 4, Београд 1981, 111 - 126.

" 1986 - Кувpaт, Кувер и Аспарух, Старинар НС XXXVII, Београд 1986, 103 - 126.

Поповић Р. 1995 - Ранохришћанство на Балкану пре досељења Словена (Србија, Повардарје, Црна Гора), Београд 1995.

Проева Н. 1994 - Римски период. Археолошка карта на Р. Македонија I, МАНУ Скопје 1994, 119 - 126.

Radman - Livaja I. --- Nalazi rimske vojne opreme iz Siska u tuntusu AM u Zagrebu, Zagreb ---, 41 - 43.

Ристевски Б. 2002 - Ранохристијанска камена пластика од манастирот Трескавец кај Прилеп, МН бр. 20, Скопје 2002, 61 - 70.

" 2002 - Раносредновековни наоди од Скупи, МН 19, Скопје 2002, 71 - 81.

2004 - Средновековна керамика од Скопје, МН 21, Скопје 2004, 49-71.

Ристовска - Јосифовска Б. 2000 - Мавро Орбини за борбите на Словените со Византија во VI и VII век и за нивните врски со античките Македонци, Гласник 44 1, Скопје 2000, 109-119.

" 2001 - Кралството на Словените од Мавро Орбини како извор за македо- нската средновековна историја, Прилеп - Скопје 2001.

Rroadbent E. H. 1989 - Jedna povjest crkve, Zagreb 1989.

Сарија Б. 1937 - Позориште у Стобима, ГМЈС 1 Скопље, 1937.

Симоска Д. 1965 - Монети најдени во Хераклеја Линкестидска за време на археолошките ископувања и конзерваторски работи во годините 1959 - 1961, Хераклеја II, Битола 1965, 77 - 80.

" 1987 - Срчек - Мавер, Паралово; Средсело Могила, АР Beograd - Ljubljana 1987, 136 - 137; 138.

Србиновски П. 1978 - Подните мозаици во Пелагонија, Ranohrišćanski mozaici u Jugoslaviji, Materijali XVIII, Bitolj 1978, 47 - 64.

" 1979 - Резултати од ископувањата во 1976 година, МАА 5, Прилеп 1979, 99 - 110.

Срејовић Д., Цермановић К. А. 1987 - Речник грчке и римске митологије, Београд 1987.

Стерјовски А. 2001 - Довлеџик, Битола низ вековите, Битола 2001, 43 - 54.

Strab. ---- - Strabonis Geographica, ed. A. Meinecke, Lipsiae, 1877 - 1913.

Стричевић Ђ. 1961 - Археолошки ископувања во Хераклеја 1936 - 38, Хераклеја I, Би- тола, 35 - 43.

Тодоровски С. 2002 - Археолошки наоди од среден век во ареалот на Битола, Скопје 2002.

Угриновска Соколовска Р. 1969 - Панонски легенди, Скопје 1969, 5 - 80.

Филиповска Л. Г. 1999 - Словенска материјална култура во Битола и битолско, Российская Академия Науки, Институт Археологии, История и культура древних и средневековых Славян т. 5, Москва 1999, 121 - 130.

Филиповска Л. Г., Србиновски П. 1983 - Резултати од истражувањата на локалитетот „Кале" Битола во 1977/78 год. МАА Скопје, 1983, 111-120.

Franzen A. 1968 - KleineKirchen Geschichte, Freiburg 1968.

Foster J. 1986 - Crkvena povijest 1, Novi Sad 1986.

Hahn J.G. 1867 - Reise durch die Gebiltc Drin und Wardar, Denkschi. d.k. Akad. d. Wiss: Wien, Phil. - hist. KI. XV 1867, 352-553.

Hamm J. 1958 - Staroslovenska gramatika, Zagreb 1958.

Hier. Syn. --- - Hieraclis Synegdemus, rec. A. Burckhardt, Lipsiae, 1983.

Hughes G. и Travis S. 1985 - Biblija u vremenu i prostoru, Zagreb 1985.

Цетковић - Томашевић Г. 1965 - Портик со почесни и вотивни споменици, Хераклеја II, Битола 1965, 9 - 29.

" 1974 - Хераклеа Линкестис, водич, Одбор за Хераклеја, Битола 1974.

" 1978 - Рановизантиски подни мозаици, Београд 1978.

" 1978 - Osvrt na rezultate istraživanja u Herakleji Linkestis od 1959. do 1974. godine, Materijali XV, Београд 1978, 31 - 45.

" 1987 - Упоредно испитивање вишеслојних археолошких налазишта у Хе- раклеји Линкестис, Улпијани и Сингидунуму/Београду, Саопштење XIX, Београд 1978, 9 - 19.

" 1998/99/00 - Portik occidentale de la grande basilique et residence episkopale mona- stere a Heraclee Lynkestis, Саопштења XXX-XXXI, Београд 1998/99/00, 19-35.

" 2002 - Рановизантијски подни мозаици у епископском двору у Хераклеји Линкестис, Археолошка ископавања изнад и испод мозаика, Београд 2002.

Цветковски П. Р. 1974 - За бабарските обичаи во Демирхисарско, Развиток 4/5, Битола 1974, 329 - 344.

Чаусидис Н. 1992/93 - Неколку доцноантички градишта во Мариово, МАА 13, Скопје 1992/93, 213 - 226.

Цидрова Љ. 1999 - Heraclea Lyncestis и проблемот на хронологијата и интерпретацијата, МАА 15, Скопје 1999, 269 - 290.

Шкриванић Г. 1974 - Путеви у средњевековној Србији, Београд 1974.

Шурбаноска М. 2005 - Светилки со ранохристијанска симболика од збирката на Музејот на Македонија МАА бр. 16. Скопје 2005, 241-246.

Yamauchi E. 1985 - Svijet prvih kršćana, Zagreb 1985.

Werner J. 1983 - Neue Aspekte zum Awarischen Schatzfund von Vrap, Iliria, XIII - 1, Tirana 1983, 191 - 201.

" 1984 - Der Grabfund von Malaya Preščepina und Kuvrat Kagan der Bulgaren. Bayerische Akademie der Wissenschaften, Philosophisch - Historische Klasse, Abhandlungen Neve Folge, Heft 91, München 1984, 5 - 45.

" 1986 - Der Schatzfund von Vrap in Albanien, Beitragerur Archaologie der Awarenzeit im mittleren Donauzaum, OAW Bd. 184, Wien 1986.

**Прилози:**




*Карта 1 - Продорите на "варварите" во Источното римско царство*